**УНИВЕРЗИТЕТ "СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ"**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ (1918-1941)

**(ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)**

**МЕНТОР:** **ИЗРАБОТИЛ:**
**проф. д-р Даринка Петреска** **м-р Никола Жежов**

**Скопје, 2006 година**

# СОДРЖИНА

**ПРЕДГОВОР** .......... **4**

**ВОВЕД** .......... **9**

**ГЛАВА ПРВА: ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ 1918-1923 ГОДИНА** .......... **13**

1.1. Македонското прашање на Версајската мировна конференција 1919 година .......... 13

1.2. Македонското прашање во политиката на владата на Александар Стамболиски .......... 18

1.3. Нишката спогодба помеѓу Кралството на СХС и Бугарија и нејзиниот одраз врз македонското прашање .......... 39

**ГЛАВА ВТОРА: МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1923 ДО 1926 ГОДИНА** .......... **48**

2.1. Заострување на југословенско-бугарските односи по однос на македонското прашање во 1923 година .......... 48

2.2. Македонското прашање во југословенско-бугарските односи во втората половина на 1923 година .......... 64

2.3. Македонското прашање во југословенско-бугарските односи во 1924 година .......... 70

2.4. Македонското прашање во југословенско-бугарските односи во 1925 година .......... 82

2.5. Погранични вооружени инциденти во делот кон Македонија и реакциите на државните органи на Бугарија и Кралството на СХС во 1925 година .......... 94

**ГЛАВА ТРЕТА: МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ 1926-1929 ГОДИНА** .......... **107**

3.1. Дипломатските контакти и преговори на Кралството на СХС и Бугарија околу македонското прашање во 1926 година .......... 107

3.2. Српско-бугарските ставови околу македонското прашање во 1927 година .......... 120

3.3. Ставовите на Кралството на СХС и Бугарија кон Македонија и македонското прашање во 1928 година .......... 137

3.4. Погранични вооружени инциденти во делот кон Македонија и реакциите на државните органи на Кралството на СХС и Бугарија .......... 140

**ГЛАВА ЧЕТВРТА: МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ ДО БАЛКАНСКИОТ ПАКТ 1934 ГОДИНА** .......... **148**

4.1. Одразот на југословенско-бугарските односи врз македонските организации во Бугарија .......... 148

4.2. Обиди на Југославија и Бугарија за формулирање на карактерот на македонското прашање .......... 154

4.3. Македонското прашање во дипломатските односи меѓу Југославија и Бугарија во периодот 1929-1934 година .......... 160

4.4. Македонското прашање во југословенско-бугарските односи од 1931-1934 година ....... 171

**ГЛАВА ПЕТТА: МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ ОД СРЕДИНАТА НА 30-ТИТЕ ГОДИНИ ДО 1941 ГОДИНА ....... 183**

5.1. Македонското прашање во односите помеѓу Кралството Југославија и Бугарија по превратот на 19 мај 1934 година ....... 183

5.2. Југословенско-бугарските дипломатски договори и контакти околу македонското прашање од 1934 до 1937 година ....... 199

5.3. Југословенско-бугарските односи и македонското прашање од 1937 до 1941 година ..... 207

**ГЛАВА ШЕСТА: ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ И НИВНИОТ ОДРАЗ ВРЗ МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ ....... 222**

6.1. Обиди на Југославија и Бугарија да го претставаат македонското прашање како српско односно бугарско малцинско прашање ....... 224

6.2. Обиди за бугарско државно влијание врз организации во македонското револуционерно и ослободително движење од 1919 до 1924 година и нивниот однос кон македонското прашање ....... 242

6.3. Одразот на српско-бугарските односи на ВМРО и другите македонски организации во периодот од 1919 до 1924 година ....... 251

6.4. Српско-бугарското влијание врз македонските организации и нивните ставови по македонското прашање од 1924 до почетокот на 30-тите години ....... 264

6.5. Македонски национално-државни пројави на поединци и организации во македонското национално ослободително и револуционерно движење ....... 277

6.6. Српско-бугарското влијание врз расцепот во ВМРО 1928 година и ставовите на протоѓеровистите и михајловистите кон македонското прашање ....... 285

**ЗАКЛУЧОК ....... 312**

**ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА ....... 323**

Необјавени извори ....... 323

Објавени извори ....... 324

Литература ....... 324

Периодика ....... 328

# ПРЕДГОВОР

Македонскиот народ низ својата историја поминал низ многу тешки периоди и премрежија кои му се заканувале да го уништат, претопат или денационализираат. Годините помеѓу двете светски војни се едно од најтешките раздобја во поновата историја на Македонија. Македонската историографија од најразлични причини, многу малку или само делумно се занимаваше со проучувањето на таа проблематика. Најчесто причините за таквиот приод биле од идеолошка природа, особено во периодот на едноумието кога македонските историчари се наоѓале под силен политички притисок на тогашното државно раководство и кога научните истражувања биле вршени во прилог и согласност на актуелната власт. Историски научни истражувања на тема "Македонското прашање во југословенско-бугарските односи 1918-1941 година" во СР Македонија како интегрална тема речиси и воопшто да не биле направени. Поголемо внимание на прашањето се посветува во една монографија што го опфаќала меѓународниот аспект на македонското прашање (Воислав Д.Кушевски, *Македонскоѿо ӣрашање во Друшѿвоѿо на Народиѿе*, Скопје, 2001) и која е објавена постхумно пред неколку години. Со одделни делови од македонското прашање се занимавале повеќе македонски историчари кои имаат напишано монографии и статии што обработуваат таква проблематика (Иван Катарџиев, Македонија спроти Втората светска војна (Летопис за политиката на денационализација на македонскиот народ), Скопје, 1999; *Време на зреење* 1, Скопје, 1977; *Соседиѿе и Македонија, вчера, денес, уѿре,* Скопје, 1997; Надежда Цветковска, *Македонскоѿо ӣрашање во југословенскиоѿ ӣарламенѿ меѓу двеѿе свеѿски војни*, Скопје, 2000). Македонската историографија има обработувано и теми што се однесуваат на одделни организации во македонското национално ослободително и революционерно движење меѓу двете светски војни како сегмент од македонското прашање (Зоран Тодоровски, *ВМРО 1924-1934,* Скопје, 1997; зборник *Злаѿна книга-100 години ВМРО*, Скопје, 1993; Даринка Пачемска-Петреска, *ВМРО(обединеѿа),* Скопје, 1986). За дејствувањето на различните македонски организации во македонското национално

ослободително и револуционерно движење, поновата македонска историографија има издадено и зборници на документи ( *ВМРО (обединета) документи и материјали,* кн.1и2, избор и редакција Иван Катарџиев, Скопје, 1991; Тодор Александров-*Сè за Македонија, документи 1919-1924*, предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2005; *Македонија во меѓународните договори (1913-1940)*, том први, редакција Михајло Миноски, Скопје, 2006.). Околу тој аспект на македонското прашање публикувана е и мемоарска граѓа на македонски дејци-членови на македонските организации (*Петар Шанданов, Спомени*, предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2002; *Премрежијата на македонското револуционерно движење, Спомени, Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков*, предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2003; Верољуб Андоновски, *Сто години сегашност*, Скопје, 2003;).

Парцијален интерес кон тој дел од македонската историја бил пројавен од некои автори од поранешните југословенски републики, од кои некои и со македонско потекло, кои извршиле сегментарни проучувања на прашањето (*Živko Avramovski, Makedonsko pitanje u jugoslovensko-bugarskim odnosima od 1918 do 1925 godine,* Jugoslovensko-bugarski odnosi u XX veku, zbornik radova I, Beograd; Desanka Todorović, *Jugoslovensko-bugarski odnosi u drugoj polovini 1923-Kriza u septembru,* Jugoslovensko-bugarski odnosi...). Некои историчари во поранешна Југославија го обработувале проблемот преку анализа на надворешната политика на балканските народи (Desanka Todorović, *Jugoslavija i balkanske države 1918-1923*, Beograd; Bogdan Krizman, *Vanjska politika jugoslovenske države 1918-1941*, Diplomatsko-historijski pregled, Zagreb, 1975) Во овие статии и монографии, со употреба на тогаш достапната архивска граѓа, авторите успеале да разјаснат некои сегменти од проблематиката, согласно југословенските државни интереси. Поставените тези, ако се исклучат идеолошките моменти, имаат научна основаност. Во некои други монографии или научни статии, проблемот на македонското прашање во југословенско-бугарските односи меѓу двете светски војни се споменувал многу воопштено и тоа во контекст на некои сегменти од балканските дипломатски контакти и преговори.

По распаѓањето на југословенската федерација и падот на комунизмот на овие простори, се отворија можности за истражување на историски теми

што претставувале табу теми во стариот систем. Достапноста на архивските материјали овозможија зголемување на интересот кон оваа проблематика и како резултат на тоа во Република Србија во 2002 година беше објавена монографија која делумно го проучува и македонското прашање во српско-бугарските меѓувоени односи (*Vladan Jovanović, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929. Makedonija, Sandzak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS*, Beograd ????). Авторот со користење на обемна документација и монографски трудови и статии се обидува да ги напушти "традиционалните" српски ставови кон карактерот на македонското прашање, иако во самиот наслов и натаму провејува негаторскиот поглед на историографијата на нашиот северен сосед кон националната компонента на истото.

Од другите балкански историографии, македонското прашање најголем простор зазема во рамките на бугарската историска наука. Бугарските историчари со децении наназад, му припишуваат бугарски национален карактер на македонското прашање, иако во денешни дни се прават некои скромни обиди за напуштање на таквите националистички гледишта. Сепак и покрај тоа што бугарската историографија, на сегменти од македонското прашање му обрнува огромно внимание и научен интерес, за карактерот на таа проблематика во меѓувоениот период, не е направена некоја интегрална монографија. Во историската наука на нашиот источен сосед и понатаму остануваат актуелни монографиите од 80-тите и 90-тите години што делумно го тангираат македонското прашање во југословенско-бугарските односи меѓу двете светски војни (Костадин Палешутски, *Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918-1941*, София, 1983; Васил Василев, *Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения,* София, 1991; Димитър Тюлеков, *Обречено родолюбие-ВМРО в Пиринско 1919-1934*, Благоевград, 2001; Кръстьо Манчев, *Югославия и международните отношения на Балканите 1933-1939*, София, 1989; *История на балканските народи*(1918-1945), София, 2000). Во овие монографии интересот на бугарските историчари се простира до онаа точка, каде што тие врз основа на внимателно селектирани документи се обидуваат да го потенцираат наводниот бугарски карактер на Македонија и македонскиот народ.

Од сите овие наведени причини се решив да извршам опсежни архивски истражувања кои всушност и го одредија насловот на мојата докторска дисертација "Македонското прашање во југословенско-бугарските односи 1918-1941 година". Истражувањата најпрвин ги започнав во Република Македонија при што претежно ги проучував архивските фондови во Државниот архив (ДАРМ), каде користев неколку десетици збирки на документи. Поради недостаток на граѓа од дипломатска провиниенција, понатамошните научни истражувања ги продолжив во Република Бугарија и тоа во Централниот државен архив во Софија (ЦДА). Таму своето внимание го насочив кон проучување на лични фондови и најобемниот со архивска документација за македонското прашање-фондот Министерство за надворешни работи. Во овој фонд македонското прашање најмногу е застапено во актите и документи кои сведочат за југословенско-бугарските дипломатски средби и контакти.

Научната архивска работа околу оваа сложена проблематика ја продолжив во Архивот на Србија и Црна Гора во Белград (АСЦГ). Таму, покрај анализата на архивските материјали од фондот Министерство за надворешни работи на Кралството Југославија, се задржав на проучување на материјалите од фондовите на српските безбедносни служби, пред сè фондот Министерство за внатрешни работи. Тие фондови изобилуваат со документи кои го третираат односот на Југославија кон сите субјекти што го одредуваат карактерот на македонското прашање. По неколкугодишни истражувања во сите овие архивски институции, успеав да ја изработам мојата докторска дисертација за која сметам дека ќе даде придонес во расветлувањето на некои аспекти од македонското прашање во дипломатските односи помеѓу Југославија и Бугарија. Во текот на текстуалното изложување на дисертацијата потребно е да истакнам дека најголемо внимание обрнувам да дипломатскиот момент на македонското прашање поради тоа што се задржувам на третманот на истото во меѓудржавните односи на Југославија и Бугарија, на највисоко ниво-контакти на министри за надворешни работи и претседатели на влади. Всушност и главната тенденција е да ги обработувам оние аспекти на македонското прашање коишто воопшто или многу малку се обработени во македонската и балканската историографија. Сегментите на

прашањето што се обработувани од некои историчари ги споменувам и обработувам во контекст на дообјаснување на некои историски настани и личности што се поврзани со дипломатско-државните контакти помеѓу владите на Бугарија и Кралството на СХС односно Југославија. Во однос на методологијата на користењето на архивската граѓа и литературата во текот на изработката на докторската дисертација, најмногу ја употребувам компаративната метода, без заземање пристрасни ставови и коментирање на одредени настани.

На крајот би сакал да се заблагодарам на сите вработени во ДАРМ во Скопје, ЦДА во Софија и АСЦГ во Белград кои ми овозможија стручна помош при мојот престој и истражувања во тие институции. Исто така би сакал да ја изразам и својата посебна благодарност до мојот ментор проф. Д-р Даринка Пачемска-Петреска, за научните совети и стручна помош при оформувањето и изработката на докторската дисертација, како и на другите професори и колеги кои ме поддржуваа во оваа работа.

# ВОВЕД

Кон крајот на 19 век завршил процесот на осамостојување на повеќе балкански држави кои се ослободиле од суверенитетот на отоманската империја и се здобиле со независност. Со таквите процеси се забрзало создавањето и засилувањето на концептот на национални држави коишто бил основна тенденција уште во нивниот зародиш. Кревките балкански држави, Србија, Бугарија и Грција по првобитното стабилизирање започнале со подготвување на планови за нивното проширување на други територии што сеуште се наоѓале под власта на турското царство. Нивните државни стратегии ги насочиле кон териториите на Албанија, Македонија и делови од Тракија. Особено со својата поволна географска и геостратегиска положба, новите држави своите погледи ги насочиле кон Македонија која во нејзините етногеографски граници го зафаќала централните и јужни делови на Балканскиот полуостров. Поради важноста и значењето на македонската земја и "Болниот од Босфор" со сите расположливи средства се обидувал да ја задржи во свој посед, што е можно подолго. Подготовките за поделба на Македонија помеѓу балканските држави започнале уште во тој временски период и се одвивале во различни форми и етапи во зависност од воено-политичките услови.

Околу остварувањето на влијание и договори за Македонија, најмногу контакти како најзаинтересирани држави имале Србија и Бугарија. Овие две балкански држави во почетокот на 20-век како најприоритетно прашање во надворешната политика го поставиле статусот на Македонија. Помеѓу државно-политичките фактори на двете страни биле остварени многубројни средби, од кои повеќето заткулисни, на кои се разговарало за нивните сфери на влијанија и евентуалната поделба на етногеографската територија на Македонија. И покрај тоа што тогаш Србија и Бугарија го издигнале на пиедестал македонското прашање, сѐ уште не се осмелувале по пат на војна да го решат истото во полза на нивните национални каузи. Нивното дејствување, особено бугарското, во периодот до Илинденското востание, се насочило кон остварување на влијание врз македонското национално ослободително и

револуционерно движење што тогаш започнувало организирана борба против турската власт. Двете балкански држави користеле најразлични механизми и институции за да го зацврстат своето влијание во Македонија и на тој начин пред големите светски сили да му дадат бугарски односно српски карактер на прашањето. По неуспешниот крај на Илинденското востание од 1903 година, и Србија и Бугарија ја засилиле својата пропаганда во Македонија при што поради разединетоста и слабоста на македонското револуционерно движење, се почесто било и вооруженото настапување и дејствување. Четничките и пропагандни форми на дејствување имале за задача по насилен пат да извршат асимилација и денационализација на македонскиот народ. Засилените дипломатски контакти помеѓу владите во Белград и Софија околу македонското прашање продолжиле и по завршувањето на Младотурската револуција во Отоманската империја која не успеала да ги реши националните прашања во многународносното царство.

Во предвечерието на Балканските војни 1912/13 година под изговор дека се подготвуваат за ослободување на своите "христијански браќа" во Македонија, Србија и Бугарија започнале интензивни преговори за статусот на овој дел од Балканот. Разговорите завршиле со потпишување на официјален договор и т.н. таен анекс кој предвидувал поделба на Македонија помеѓу Бугарија и Србија доколку таа не добиела автономен или државен статус. Овој договор помеѓу владите во Белград и Софија уште еднаш докажал дека во надворешната балканска политика, приоритетно место зазема прашањето поврзано со конечниот статус на Македонија. Токму околу тоа настанал и судирот помеѓу довчерашните сојузници веднаш по завршувањето на Првата балканска војна во 1912 година. Незадоволни од поделбата на етногеографската територија на Македонија, балканските сојузници и особено Србија и Бугарија, завојувале помеѓу себе со основна цел за нова прераспределба на македонската земја. На Букурешкиот мировен договор во август 1913 година била верификувана новата поделба на Македонија при што Србија го добила делот на Вардарска Македонија, додека Бугарија го окупирала Пиринскиот дел на Македонија. И двете држави не ги зеле во предвид барањата на различните организации во македонското национално ослободително и револуционерно движење за остварување на државно-правен

статус на Македонија како најцелосно и најправедно решавање на ова балканско прашање. Во интерегнумот помеѓу Балканските и Првата светска војна, бугарските и српските државно-политички фактори се обидувале да ги докажат своите наводни "историски" права врз Македонија пред тогашните релевантни европски и светски сили.

Додека во Европа во 1914 година започнале жестоките вооружени судири и Првата светска војна се наоѓала во полн ек, спротивставените воено-политички блокови за да ги придобијат Србија и Бугарија на своја страна, повторно го актуелизирале македонското прашање. Бугарската и српската влада ги поставиле територијалните побарувања кон Македонија како услов за влегување во војната. Големите сили знаејќи ги српските и бугарски апетити кон Македонија, тактизирале со македонското прашање при што во истовреме на владата во Софија и ја нуделе целата македонска етногеографска територија, додека на Србија и гарантирале суверенитет врз Вардарската долина како важно геостратегиско подрачје за претензиите на Белград кон Егејското море. Во такви услови, двете балкански држави повторно се нашле на спротивни страни и нивните интереси и сфери на влијание пак се судриле на територијата на Македонија.

Од 1915 до 1918 година поголемиот дел од Македонија се нашол под бугарска окупација и како таков бил уреден и управуван како посебна административна област со тенденција во управувачкиот апарат да бидат вклучени македонски дејци од различните струи во македонското револуционерно движење, а се со цел да се докажи божемниот бугарски карактер на македонското прашање. Србија која била окупирана од војските на Централните сили, своето егзистирање како легитимен државен фактор се обидувала да го прикаже преку учеството на нејзината војска во борбите на Македонскиот (Солунски)фронт на страната на силите на Антантата. Затоа српското влијание се чувствувало на јужната страна на фронтот, на територијата на Егејска Македонија. Тоа подоцна претставувал и основниот адут со кој Србија се повикувала на реализирање на нејзината кауза околу идниот статус на Македонија.

По завршувањето на Првата светска војна во 1918 година, Македонија и македонскиот народ се нашле пред нови драматични настани кои значеле

вовед во преформулирање на нови граници и нова внатрешна прераспределба на македонската етногеографска територија. Србија во рамките на новоформираната државна творба Кралство на СХС, се здобила со доминантна позиција во однос на Бугарија околу решавањето на македонското прашање. Владата во Белград од позиција на земја-победник во Првата светска војна, на Версајската мировна конференција започнала офанзивна дипломатска политика во корист на српската кауза во Македонија. Бугарија на оваа мировна конференција, во улога на поразена земја од Првата светска војна се согласувала дури и на автономен статус на Македонија, надевајќи се дека во догледно време таа ќе се присоедини кон нејзината државна територија. Во тој правец бугарската дипломатија се обидела да изврши притисок и кај дел од македонското револуционерно движење и македонската емиграција во Бугарија, да застанат на таквите државни ставови на владата во Софија.

Версајската мировна конференција од 1919 година не ги остварила стремежите и барањата на македонскиот народ за државно-правно решавање на македонското прашање, но не ги задоволила ниту плановите на Србија и Бугарија кои секогаш се чувствувале "оштетени" околу претензиите и завојувачките намери кон Македонија. Тргнувајќи од тие востановени позиции, владите во Белград и Софија во периодот меѓу двете светски војни, во нивните национални програми и државни стратегии околу надворешната политика, постојано како приоритет го истакнувале македонското прашање во сите негови форми и облици. Тоа прашање, од географски, национален, државен и малцински аспект ќе ги одбележи српско-бугарските односи во периодот од 1918 до 1941 година. Во сите официјални преговори и тајни дипломатски средби, двете балкански држави ниту еднаш не ја оставиле отворена можноста македонскиот народ сам да се произнесе за статусот на Македонија.

# ГЛАВА ПРВА

# ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ И МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ 1918-1923 ГОДИНА

## 1.1. Македонското прашање на Версајската мировна конференција 1919 година

Крајот на борбените дејствија од Првата светска војна во есента 1918 година веќе бил извесен и затоа големите светски сили, претежно победничките земји од Антантата, се подготвувале за одржување на една мировна конференција. Повоената мировна конференција започнала во јануари 1919 година во предградието на Париз, Версај и траела речиси половина година. На Версајската мировна конференција доминантна улога имале земјите победнички во војната-Англија, Франција, САД, Италија и Јапонија. Нивната позиција на конференцијата ја обезбедувале и конституираните тела кои им овозможувале да ги наметнуваат решенијата што тие ги предлагале. Во тој поглед особено значајно било влијанието на овие земји во одредувањето на границите и решавањето на многубројните национални прашања, посебно во Европа, каде состојбата околу тоа била сложена. По Првата светска војна дошло до распаѓање на Австро-уУнгарија, со што на конференцијата во Версај, големите светски сили морале да се соочат со фактот од создавањето на нови држави во Средна и Југоисточна Европа, а како приоритетни се поставувале и решавањата на националните прашања на помалите народи.

Во однос на воспоставувањето на границите и формирањето на нови држави, состојбата на Балканот била особено специфична. На 1 декември 1918 година било прогласено создавањето на Кралство на Србите, Хрватите и Словенците Тија делегација учествувала и на Версајската мировна конференција и имала голема поддршка од Англија и Франција. Троименото

кралство требало да ги реши националните прашања на тој дел од Балканот, но наместо тоа, новата држава создала предуслови за конфликти и нови судири на интереси. Во Кралството на СХС најмоќна позиција имала Србија, а тоа особено се покажало на Версајската мировна конференција каде делегацијата предводена од Никола Пашиќ, особено се ставила во заштита на српските национални интереси. Тоа дошло до израз кога некои од делегациите на конференцијата се обиделе да го постават на дневен ред статусот на Македонија, на што Пашиќ во одбрана на српската кауза одговорил дека "одлучно одбиваме да влегуваме во разговор по тие прашања".[1] Со вака изразените ставови, овој српски политичар само најавил дека особено тешко ќе биде решавањето на македонското прашање кое со својата сложеност повторно се наметнало на разгледување пред владите на големите светски сили.

Делегациите на Кралството на СХС и Грција како заинтересирани страни за проблемот, настојувале да издејствуваат македонското прашање воопшто да не се поставува како државно или национално прашање на пленарните сесии на Версајската мировна конференција. Никола Пашиќ како водач на српската делегација и Елефтерос Венизелос на грчката делегација, лобирале кај големите сили во правец на тоа дека македонското прашање не постои во било каква форма на нивните државни територии. Бугарската делегација која на конференцијата настапувала како поразена држава во Првата светска војна, се обидувала да си создаде подобри можности околу македонското прашање, со тоа што дејствувала во правец на барање автономија за Македонија, но повеќе од тактички, а не од принципиелни позиции.[2] Официјална Софија на пленарните заседанија на Версајската мировна конференција барала македонското прашање да се разгледува како бугарско национално прашање и во тој правец ако не биде возможна автономијата како форма на уредување на Македонија, во деловите од Македонија под грчка и српска власт да им се даде соодветни национални права на "бугарското малцинство".

---

[1] Христо Андонов-Полјански, *Македонското прашање*, Скопје, 1990, стр.162.
[2] Види поопширно: Георги Генов, *Ньойският договор и България*, София, 2000.

Во однос на македонското прашање, големите светски сили не планирале нова промена на границите, што значи дека барањето за создавање на независна македонска држава, за нив било неприфатливо решение. Таквиот негативен став околу државниот статус на Македонија, особено го бранела Франција која како традиционален сојузник на Србија се залагала за статус кво кон македонското прашање. САД како резултат на прокламираните 14 точки на претседателот Вудро Вилсон имале попустлив став кон националните прашања на Балканот, но биле против создавањето на една автономна македонска држава, иако тоа не била децидна политика. Англија под притисок на јавното мислење и интелектуалците околу т.н. Балкански комитет се обидувала да заземе правилен став по македонското прашање, но исто така и се обидувала да не ги загрози своите сфери на влијанија во тој дел од Европа. Барањата на Балканскиот комитет биле во правец на создавање на автономна македонска држава, но во поглед на националниот карактер и етногенезата на македонскиот народ, тој бил под влијани на пробугарските гледишта. На крајот на мировната конференција и владата во Лондон не покажала интерес за решавање на македонското прашање во било каква негова форма. Од сите претставници на големите светски сили на Версајската мировна конференција, единствено Италија покажувала интерес да се заложи за правилно решавање на статусот на Македонија. Предлозите на владата во Рим оделе во правец на поставување на неколку решенија за конечниот статус на Македонија. Таквиот став на Италија бил од причина што таа била заинтересирана за слабеење на Кралството на СХС кое како нова држава била главна пречка за ширењето на италијанското влијание на Балканот и Југоисточна Европа. Затоа италијанската влада, особено по доаѓањето на Мусолини на власт, во меѓувоениот период ги помагала сите организации и движења кои биле ревизионистички насочени кон уставниот поредок и границите на Кралството на СХС.

Евентуалното принципиелно решавање на македонското прашање преку создавање на посебна македонска држава, било во спротивност на интересите на балканските држави кои владееле со делови од Македонија, но ги тангирало и сферите на влијанија на големите светски сили кои во нивните агенди не предвидувале создавање на независна македонска држава што би

зафаќала централно место на Балканскиот полуостров. Затоа и била донесена одлука македонското прашање на конференцијата во Версај да се разгледува во т.н. Комитет за нови држави и за заштита на малцинствата.[3] На пленарните седници на ова тело главна улога имале предлозите на Англија и Франција кои биле прифатливи за делегациите на Кралството на СХС и Грција кои во никој случај не сакале да се постави на разгледување статусот на Македонија под српска и грчка власт. Италијанската делегација на неколку пати се обидувала да достави предлози според кои се предвидувал барем некаков облик на регионална автономија и локална самоуправа во Вардарска Македонија под српска власт. Но, и таквите минимални и парцијални решенија на македонското прашање биле одбивани од Пашиќ и Венизелос, во што најголема подршка имале од Франција која се залагала за статус кво на овој дел од Балканот.

На крајот од Версајската мировна конференција, српската и грчката делегација, по многу притисоци и дипломатски надмудрувања, ги потпишале мировните договори, со клаузула во која се обврзале да ги заштитат националните малцинства на нивните државни територии. Согласно меѓудржавните договори, македонското прашање било третирано како српско односно бугарско малцинско прашање и било употребено од дипломатиите на Кралството на СХС, Грција и Бугарија како средство за докажување на нивните наводни историски права врз Македонија. По верификувањето на договорите, етногеографската територија на Македонија била поделена на тој начин што Вардарска Македонија со Струмичката област била во состав на Кралството на СХС, Егејска Македонија во рамките на Грција и Пиринска Македонија потпаднала под бугарска власт.[4]

По конечното верификување на повоените мировни договори помеѓу балканските држави биле воспоставени граници за кои големите светски сили-победнички во војната, сметале дека ќе претставуваат основа за долготраен мир. Новата држава Кралство на Србите, Хрватите и Словенците била создадена како основа за конечно решавање на некои национални прашања на

---

[3] Хр. Андонов-Полјански, *Македонскошо йрашање*...op.cit., 170.

[4] Види: *Македонија во меѓународнише договори (1913-1940)*, том први, редакција Михајло Миноски, Скопје, 2006.

одделни балкански народи, но и како обид за создавање на една регионална сила која би воспоставила рамнотежа на Балканскиот полуостров. Кралството на СХС во суштина претставувало вештачка државна творба која уште на самиот почеток од нејзиното постоење ги покажала своите слабости и противречности. Троименото кралство ниту од далеку не ги оправдало надежите дека ќе се затворат балканските национални прашања, затоа што во него влегле повеќе народи чиешто егзистирање било вештачки избришано од државно-правните акти. Статусот на Македонија и македонскиот народ претставувал едно од најсложените прашања, кое иако владеачките структури на Кралството на СХС, особено српските, не го признавале како постоечко, постоело и ги обременувало односите со соседните држави и најмногу со Бугарија. Во првите повоени години, особено помеѓу 1920 и 1924 година, на политичката сцена на Кралството на СХС, најмоќна политичка партија била Радикалната на чело со Никола Пашиќ и таа имала целосен негаторски став кон македонското прашање од национална и државна гледна точка. Во согласност со таквата политика на Пашиќ и територијата на Вардарска Македонија под српска власт била административно присоединета кон Србија и била третирана како "новоослободена земја" или "Јужна Србија". Според статистичките податоци од пописот и одредбите на Видовденскиот устав, во Вардарска Македонија не постоело население од македонска националност.

Од друга страна во Бугарија во 1919 година на власт дошла левичарската земјоделска партија на Александар Стамболиски која го презела управувањето на државата во една тешка меѓународна позиција на изолираност и сложена внатрешна економска состојба. Поради таквата констелација на односите, Стамболиски уште на самиот почеток се обидувал во надворешната политика да се насочи кон подобрување на односите со Кралството на СХС. Владата на Кралството на СХС го искористила тој момент да и ги наложи на официјална Софија своите ставови околу македонското прашање кои биле исклучително неповолни за Бугарија. Под притисок и на многубројната македонска емиграција во Бугарија, претседателот на владата Александар Стамболиски се обидувал да одржи рамнотежа која што била главна карактеристика на периодот на неговото владеење.

## 1.2. Македонското прашање во политиката на владата на Александар Стамболиски

Периодот на владеењето на Земјоделската влада на премиерот Александар Стамболиски бил тесно поврзан со активноста на македонските емигрантски организации во Бугарија. Врз основа на политиката што владата ја водела кон овие организации и кон македонското прашање се засновувала, пред се, надворешната ориентација на бугарската држава. Фактот што Бугарија по завршувањето на Првата светска војна, како земја од таборот на поразените Централни сили, била во тешка внатрешно-економска ситуација и надворешно-политичка инфериорна положба, ја принудувал новата левоориентирана земјоделска влада да бара патишта за излез од таквата ситуација. Стамболиски на внатрешен план се обидувал да ја подигне уништената од војна бугарска економија, а на надворешен план се стремел да ги подобри односите со соседите и да ги увери, пред сé Кралството СХС, дека Бугарија се откажала од нејзината ревизионистичка политика во однос на територијалното проширување. Во тој правец оделе напорите на бугарскиот премиер за подобрување на односите со Кралството на СХС.

Кралството на СХС, од своја страна, затоплувањето на односите со Бугарија во овој повоен период го условувало со забрана на македонските емигрантски организации, пред сé ВМРО, кои со своето дејствување и постојано актуелизирање на македонското прашање, претставувале отворена закана за воспоставувањето и на така кревката власт на Кралството во Вардарска Македонија. Наоѓајќи се во многу неповолна надворешна политичка ситуација, Бугарија и нејзината земјоделска влада започнале да попуштаат пред овие барања. Незавидната положба на надворешен план ја потврдил и самиот бугарски премиер Александар Стамболиски, според кој, во внатрешните работи на Бугарија започнале да се мешаат и владите на Англија и Италија, чијашто цел била да биде симната земјоделската власт со преврат и Бугарија да биде распарчена.[5] Италија вложувала големи напори за да ја привлече земјоделската влада на Стамболиски и да ја сврти надворешната

---

[5] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.5, 1.1240.005.0308, М-ръ Външ. Работи, София, стр.632.

политика на оваа левичарска бугарска влада кон Рим. Од друга страна, спротивно на таквата италијанска политика, Франција се обидувала да издејствува зближување на владите на Кралството на СХС и Бугарија. Одредени француски дипломатски кругови ја предупредувале официјална Софија дека Италија не била доволно моќна за да ги поткрепи бугарските територијални аспирации кон некои балкански држави. Затоа француската надворешна политика инсистирала дека тоа зближување помеѓу Кралството на СХС и Бугарија можело да се случи дури и на база на создавање на "автономна Македонија".[6]

Паралелно со овие дипломатски иницијативи за приближување на двете соседни балкански држави, продолжувал антагонизмот околу македонското прашање кое претставувало главна пречка за остварување на таквата политика. Особено засегнато се нашло Кралството на СХС чии државни граници во делот кон Македонија биле загрозени од постојаните напади на комитските чети на ВМРО. Поради тоа во политичките кругови во Белград растела нервозата која се заканувала да иницира и вооружен конфликт со Бугарија со несогледиви последици. Антибугарската кампања во Кралството на СХС ја подгревале и режимските весници кои ја повикувале владата да преземе поенергични мерки околу четничкото прашање. Во тој правец се одело до тој степен што се повикувало на окупација на градовите Ќустендил и Софија со забелешка да не се оспорува бугарскиот државен суверенитет, така што сознанието за присуството на "српски трупи и топови" би го спречило навлегувањето на комитските чети на ВМРО.[7] На ваквата агресивна српска политика, бугарската влада на Стамболиски се бранела со одговор дека од нејзина територија немало никакво загрозување на територијалниот интегритет на Кралството на СХС. Иако и самата била свесна дека на нејзина територија постоела и дејствувала организациската мрежа на ВМРО, владата на Стамболиски постојано се обидувала да ја увери владата на троименото Кралство во нејзината пројугословенска политика. Впрочем, поради лошата меѓународна положба на Бугарија и нејзината инфериорна положба како

---

[6] *История на Българите, Българската дипломация от древността до наши дни*, том IV, София, 2003, стр.360.

[7] Živko Avramovski, *Makedonsko pitanje u Jugoslovensko-bugarskim odnosima od 1918 do 1925 godine*, Jugoslovensko-Bugarski odnosi u XX veku, zbornik radova I, Beograd, str.158.

поразена земја во Првата светска војна, таа и не можела да води поинаква политика кон нејзиниот западен сосед.

Во согласност со политиката за подобрување на односите меѓу Бугарија и Кралството на СХС започнале и обидите за преследување и уништување на дел од македонските емигрантски организации, пред се ВМРО, кои претставувале најголема опасност за територијалната целовитост на Кралството на СХС. Оваа македонска организација веднаш по своето возобновување во 1919 година излегла со паролите за создавање на автономна македонска држава и во тој правец започнале и нејзините подготовки за четничко дејствување. Околу четничкиот начин на борба, ВМРО веднаш наишла на спротивставување од владата на Стамболиски која се обидела да го спречи создавањето на нејзината организациска мрежа во Пиринска Македонија. Тодор Александров како член на ЦК на ВМРО таквиот чин го сфатил како акт на непријателска политика на бугарската влада. За да се спречат евентуални отворени судири помеѓу четите на ВМРО и бугарските воено-полициски формации, започнале преговори за надминување на затегнатите односи.

Од страна на ЦК на ВМРО во 1920/21 година, Тодор Александров, во својство на преговарач и посредник го испратил Владимир Манев лично да му предаде едно писмо на претседателот на бугарската влада, Александар Стамболиски. Во Софија Манев бил примен од секретарот во владата, кој му го побарал писмото, на што првиот инсистирал на тоа лично да му го предаде на Стамболиски, кажувајќи му на секретарот дека бил испратен од "Македонската организација". Стамболиски откако го прочитал писмото, наредниот ден испратил повратно писмо до Тодор Александров. Подоцна во врска со оваа преписка, Владимир Манев дознал дека во писмото Александров му се жалел на бугарскиот премиер дека неговиот министер за внатрешни работи Александар Димитров ги прогонувал и апсел четниците на ВМРО и ги вооружувал федералистичките чети за борба против Организацијата.[8] Но и покрај ваквите забелешки на ВМРО по однос на политиката на владата на Стамболиски околу македонското прашање, чекорите што ги преземала

[8] ДАРМ, фонд Тодор Александров, кут.1, Спомени за Тодор Александров од Владимир Манев декември 1983 г., стр.323/324.

земјоделската власт биле во правец на подобрување на односите со Кралството на СХС и преследување на комитските чети. Во согласност со таквата политика, на 30 мај 1921 година бугарскиот министер за надворешни работи Александар Димитров го посетил Белград и имал средба со претседателот на владата на Кралството на СХС, Никола Пашиќ. Разговорите што се воделе помеѓу двајцата политичари, во суштина се однесувале на односите помеѓу владите во Белград и Софија и одразот што врз нив го имало македонското прашање. Александар Димитров го уверувал Пашиќ дека бугарската власт била цврсто решена да го забрани "македонското движење" во Бугарија и согласно тоа да се залага за исполнување на клаузулите на актуелните меѓународни договори.[9]

Никола Пашиќ на таквите тврдења на бугарскиот министер за надворешни работи му одговорил дека бугарскиот народ постојано требало да продолжи да дава докази во потврда на таквата политика. За таа цел Пашиќ на средбата со Димитров уште еднаш испратил охрабрувачка порака до бугарските државни фактори да ја продолжат својата борба против комитските чети во Македонија.[10] Во однос на четничкото прашање, Пашиќ и Димитров настојувале и да се прецизираат точните активности на двете држави кои би биле насочени во превентивна насока. Така Никола Пашиќ нагласувал дека бугарските граничари морале многу повнимателно да ја чуваат границата за да се намали можноста од премин на комитски чети, на што Александар Димитров му одговорил дека бугарската армија немала доволно моќ и капацитет поради ограничувањата што и ги наметнувале меѓународните мировни договори. Сепак, бугарскиот министер за надворешни работи му предочил на Пашиќ дека владата во Софија се обидела преку српскиот полномоштен пратеник во Бугарија, Тадиќ да издејствува соработка на обласниот окружен управител во Штип со неговиот бугарски колега во Ќустендил. Таквата соработка требала да биде во правец на размена на информации со цел заеднички да се дејствува против четите на ВМРО. Како доказ за искреноста на бугарските намери за решавање на македонското

---

[9] Костадин Палешутски, *Македонското освободително движение след Първата световна война (1918-1924)*, София, 1993, стр.127.

[10] Ibidem, 128.

четничко прашање, Александар Димитров гарантирал дека секој фатен "разбојник проникнат во Бугарија" ќе биде ликвидиран на лице место.[11]

Разговорите Пашиќ-Димитров добиле широк публицитет во Бугарија. Во политичките кругови се повеќе се коментирало дека посетата на бугарскиот министер за надворешни работи на Белград имала за цел да го официјализира создавањето на една југословенско-бугарска федерација. Против таквите политички тенденции својот глас го кренале многубројните македонски емигрантски организации во Бугарија кои тоа го сметале за непријателска политика во однос на македонското прашање. Поради ваквите постапки на бугарскиот министер за надворешни работи се појавило големо незадоволство особено кај раководните структури на ВМРО. Чашата на незадоволството се прелеала кога на 30 јули 1921 година започнало апсењето на некои војводи на Организацијата, со што Александар Димитров и отворено и "објавил војна на ВМРО". Како контрамерка, на советувањето од 1-4 август 1921 година во Ќустендил, војводи на ВМРО им изрекле смртни пресуди на министерот Александар Димитров и на бугарскиот премиер Стамболиски.[12]

Подоцна, на 22 октомври 1921 година врз министерот за внатрешни работи Александар Димитров бил извршен атентат од страна на ВМРО, токму поради обидите за подобрување на односите на релација Белград-Софија. И по отстранувањето на министерот Димитров од бугарската политичка сцена, владеачките кругови во Кралството на СХС сметале дека Бугарија не презема доволно енергични мерки против ВМРО и нејзиното четничко дејствување во Вардарска Македонија. На 1 јуни 1922 година владата во Белград публикувала коминике до големите сили во кое се жалела дека комитски чети преминувале од Бугарија на територијата на Кралството и повторно се враќале назад без да бидат попречени или задржани од бугарската власт. Во тој документ исто така се нагласувало дека министерот за надворешни работи му го соопштил протестот на владата на Кралството на СХС на бугарскиот дипломатски претставник во Белград со нагласување дека таа нема да биде одговорна за евентуалните сериозни последици од таквите настани. Таквото укажување до бугарскиот дипломат од владините претставници на Кралството на СХС му

---

11 Ibid.

12 Ib., 129.

било доставено на 2 јуни.[13] Бугарската влада, пред се министерот Рајко Даскалов, реагирал на тоа што ваквиот документ и бил предочен на официјална Софија дури 24 часа подоцна откако со него биле запознаени владите на големите сили, што според него било дипломатски и протоколарно неисправно и од своја страна ги покажувало намерите на владата на Кралството на СХС да создаде намерно испланирани вербални напади против Бугарија. Таквите постапки од официјална Софија се отценувале како непринципиелни и биле против искрената желба да се создаде една нормална состојба на границата. Министерот Рајко Даскалов сметал дека бугарската влада водела транспарентна политика по однос на четничкото прашање и се залагала за прекин на вооружените акции на четите на ВМРО, а како доказ за тоа било убиството на министерот Димитров, кој бил еден од водечките политичари на земјоделската власт. Затоа Бугарија ги отфрлувала сите обвиненија што за четничкото прашање доаѓале од владата на Кралството на СХС и како потврда на нејзината добрососедска политика таа, според Даскалов, била спремна и согласна да се формира една меѓународна комисија, која ќе може да направи неутрална анализа на прашањето.[14]

Притисокот врз Бугарија што го правело македонското четничко прашање го чувствувал и претседателот на владата Александар Стамболиски. Тој на 9 јуни 1922 година го задолжил секретарот во владата Добрев по однос на ова прашање да разговара со дипломатскиот претставник на Кралството на СХС во Софија и да му предложи создавање на заедничка српско-бугарска комисија која ќе работи на неговото решавање. Ополномоштениот српски дипломат во Бугарија Милан Ракиќ веднаш изјавил дека бил против таква заедничка комисија од причина што немало што да се констатира бидејќи, според него, очигледно било формирањето на чети во Бугарија и нивното преминување на територијата на Кралството на СХС, како и нивното повторно враќање назад под притисок на српските воено-полициски формации. Српскиот дипломат Ракиќ сметал дека бугарската влада немала никакво учество во подготвувањето на четите на ВМРО, но бил уверен дека

[13] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Министерство на Външните Работи, Шифрована телеграма, изх.н.663, стр.208.

[14] Ibidem, 208а.

таа го толерирала нивното постоење и дејствување.[15] На таквото тврдење на Ракиќ секретарот Добрев му рекол дека бугарската власт не била целосно уверена во вистинитоста на таа теза и затоа барал конкретни докази во врска со тоа. Како аргумент од страна на Ракиќ на бугарскиот државен службеник му биле покажани сознанија за лечење на ранети македонски четници во пограничните бугарски болници, му било посочено скорешното убиство на војводата на федералистичките чети Крум Зографов, а Милан Ракиќ му посочил и запленет примерок од изјава што комитите ја давале при нивното стапување во четите. На крајот од разговорот секретарот Добрев го истакнал ставот на бугарската влада за нејзината подготвеност да се надмине проблемот со четничките акции и нејзината спремност да се прифати секоја предложена мерка од владата на Кралството на СХС која би била во тој правец. Ракиќ од своја страна му ветил дека ќе го пренесе бугарскиот предлог во Белград и самиот тој ќе предложи мерки кои требало да бидат заеднички преземени од двете влади. Во врска со четничкото прашање претседателот на бугарската влада Александар Стамболиски веднаш издал наредба до министерството за војна и за внатрешни работи да ги преземат неопходните мерки за спречување на илегалните преминувања на границата.[16]

По ваквите разговори во Софија, во полза на остварување на ваквиот бугарски предлог, владата на Стамболиски продолжила со својата дипломатска офанзива, а се со цел да го увери Кралството на СХС дека ќе бидат преземени жестоки мерки против комитските чети на ВМРО. Истиот ден, на 9-ти јуни 1922 година, додека уште се воделе разговори со Ракиќ во Софија, бугарскиот дипломатски претставник во Белград, Коста Тодоров му предложил на министерот за надворешни работи на Кралството на СХС, Момчило Нинчиќ да се формира една заедничка комисија во која требало да влезат по тројца претставници од двете држави. Согласно предлогот, задачата на таа меѓудржавна комисија ќе била да презема радикални мерки против четничката активност во делот на границата кон Македонија.[17]

---

[15] ЦДА, фонд 176, Министерство на Външните Работи, Шифрована телеграма отъ Министъръ Стамболийски за Белградската Легация, изх.н.687, стр.210.

[16] Ibidem, 210а.

[17] Костадин Палешутски, *Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918-1941,* София, 1983, стр.124.

По однос на четничкото прашање, посебно македонското, премиерот на бугарската влада Стамболиски во текот на месец јуни 1922 година се нашол во навистина незавидна меѓународна положба. Владата на Кралството на СХС го отфрлила бугарскиот предлог за создавање на заедничка бугарско-српска комисија, која требала да бара решение за ова прашање. На владата во Белград и се приклучиле и Романија и Грција кои исто така ја обвинувале официјална Софија дека "комитациски банди" ги загрозувале безбедноста и мирот и на нивните држави. Тие заеднички и се заканиле на Бугарија дека доколку не преземе радикални мерки против овие вооружени формации, таа ќе биде изложена на сериозни последици. Поради ваквиот развој на настаните што Бугарија ја ставал во неповолна меѓународна положба, претседателот на бугарската влада Стамболиски ги овластувал бугарските дипломатски претставништва во најголемите европски држави да ја запознаат јавноста со основните правци по однос на четничкото прашање. Според Стамболиски, бугарската влада никогаш не ја подржувала "четничката политика", зошто тоа би било целосно одрекување на целата негова државна програма.[18]

Доказ за бескомпромисната борба против четите на ВМРО била, според бугарскиот премиер, и жртвата на министерот за внатрешни работи Димитров, како и други функционери од пониските структури на власта, кои загинале во атентатите извршени врз нив. Ако и покрај сите тие мерки, четништвото продолжило да постои во пограничните реони, тогаш ставот на Стамболиски бил дека причините за тоа морале да се побараат надвор од Бугарија. Александар Стамболиски затоа предлагал формирање на една меѓународна комисија која во такви услови требало да докаже дека четничките акции биле многу посилно организирани во другите балкански држави, отколку во Бугарија и покрај фактот што тие располагале со поголеми воено-полициски вооружени сили. Македонското четничко движење според претседателот на бугарската влада имало свои длабоки, пред се, политички корени кои датирале од многу поодамна, а во многу случаи тоа се развивало поуспешно надвор од границите на Бугарија, за што последната не сакала да се смета за одговорна.

---

[18] ЦДА, фонд 176, Министерство на Външните Работи, Шифрована телеграма отъ Министра на Външните Работи Стамболийски за Легациите въ Парижъ, Лондонъ, Римъ и Бернъ и за сведение на другите Легации, изх.н.715, стр.213.

За четничките акции на ВМРО во Македонија, Стамболиски сметал дека тие биле најраспространети во Кратовско, Штипско, Кочанско и Радовишко, иако Кралството на СХС преземало опсежни воено-полициски безбедносни мерки. Ваквиот развој на четничката борба во овие делови на Македонија под српска власт, Стамболиски го објаснувал со полувековната револуционерна традиција и сметал дека тие центри се наоѓаат во "положбата на вулкани во период на ерупција".[19] Таа состојба во Македонија можела да се надмине само со помош на големите сили и Друштвото на Народите кои за таа цел требало да формираат меѓународна анкетна комисија под нивно покровителство.

Напорите што владата на Стамболиски ги вложувала за елиминирање на четничкото прашање биле недоволни за владеачките кругови во Белград. Владата на Кралството на СХС започнала и самата да презема дипломатски чекори за превенирање на четничките акции во Македонија. За ова прашање официјален Белград ги известил владите на големите сили и пред се Англија, од каде стигнал одговор дека вооружените акции на ВМРО се должеле на неисполнетите обврски од меѓународните договори што Кралството на СХС ги потпишало и презело во однос на "бугарското" малцинство во Македонија. Покрај оваа мерка, во текот на јуни 1922 година Кралството на СХС испратило и протестна нота до бугарската влада, која на 19 јуни одговорила дека не може да го прифати предлогот на Белград, од причина што кај неа и понатаму останало уверувањето за тоа дека четничкиот проблем може да се реши само во содејство на двете држави. На ваквиот одговор, владата на Кралството на СХС реагирала со нова нота која на бугарскиот дипломатски претставник во Белград му била врачена на 17 јули истата година. Во неа се предлагало, оддалечување од граничната зона на сите бугарски чиновници кои биле по потекло од Македонија под српска власт за да не го помагаат преминувањето на четите преку границата и второ, во Бугарија да бидат расформирани сите македонски организации кои, според сознанија на Белград, го потпомагале организирањето на чети за Македонија.[20]

Иако бугарскиот премиер Стамболиски постојано бил опоменуван од владата во Белград за нерешеното македонско четничко прашање, тој не се

[19] Ibidem, 214.
[20] К. Палешутски, *Македонският въпрос*...op.cit., 124.

откажувал од контактите со српските државни фактори. Приоритет во надворешната политика на Бугарија и понатаму останувале добрите односи со Кралството на СХС. Така во октомври 1922 година, на враќање од Прага, Стамболиски настојувал да остане во Белград и да се сретне со премиерот Никола Пашиќ и министерот за надворешни работи Нинчиќ, но поради политичката криза во владата на Кралството средбата била одложена за подоцна.[21] Ваквата политика на затоплување на односите на релација Белград-Софија во текот на 1922 година создавала силна опозиција против бугарскиот премиер Александар Стамболиски, посебно помеѓу македонските емигрантски кругови во Бугарија кои сметале дека на тој начин била "жртвувана Македонија". Како таков антимакедонски чин била протолкувана и посетата на бугарскиот премиер на Букурешт и Белград во есента 1922 година.

Стамболиски во интервјуто што го дал за српските новинари истакнал дека бугарската власт ги презела сите неопходни енергични мерки за запирање на четничките акции на ВМРО во Вардарска Македонија. Според новинарите на белградскиот "Раднички весник", бугарскиот премиер во однос на македонското прашање ја дал следната констатација: "Што се однесува до **македонствујушчите** , тие се со поголема тежина на нас...Ние се бориме енергично против нив, но ништо особено не можеме, зошто нивниот штаб е во вашата држава. Фатете ги и сте го решиле тоа прашање. Ние не ја сакаме **Македонија**. Нека ви е алал. Само земете ги **Македонците**, коишто ни дојдоа до гуша и направете, ако можете, од нив чесни и мирни граѓани".[22] Изјавите од овој тип на Александар Стамболиски посебно непријателски биле дочекани од раководството на ВМРО кое се наоѓало во непријателски односи со бугарската земјоделска власт.

Ваквите обиди на актуелната бугарска власт за пресметка со вооружените чети на ВМРО и обвинувањата што на нејзина адреса доаѓале од Белград за недоволните напори за справување со четничкото прашање, создале услови за една полувоена состојба, особено во Пиринскиот дел на Македонија кон границата со Кралството на СХС, и покрај обидите за прикривање на таквата ситуација од страна на органите на власта. Сребрен

[21] Ibidem.
[22] Ibid, 127/128.

Поп Петров, учесник во македонското национално-ослободително движење и тогашен окружен управител на Петрич, во својот извештај до централната власт состојбата во овој округ ја опишал како хаотична, поради вооруженото дејствување на разни македонски организации. Тој истакнал дека ако еден државен службеник извршел една широка анкета во овој крај ќе се откриеле многу работи против редот и мирот и против уставниот поредок на Царството.

Според Поп Петров, тие лица и групи откако увиделе дека владата презела сериозни и соодветни мерки за воведување на ред во тој крај, ги ставиле своите услуги на оние организации кои не сакале мир, спокојство и ред и "бесно дејствуваат" против државата и народот.[23]

Сребрен Поп Петров испратил и друг извештај до владата во кој исто така од позиција на окружен управител на градот Петрич го информирал министерот за внатрешни работи дека воено-административните мерки давале резултат. Состојбата тој ја опишал во неколку точки: 1. Многу луѓе од нелегалните чети го оставиле оружјето и почнале да се прибираат во своите домови и да се враќаат на своите занаети. Во таа смисла тоа го сториле и многу војводи; 2. Заплашените селани и граѓани почнале слободно да се групираат и да се приготвуваат за претстојните избори; 3. Некои нелегални чети го напуштиле Петричкиот крај и исчезнале во непознат правец; 4. Со мал исклучок сите нелегални почнале да се подготвуваат во случај да се даде амнестија; 5. Нелегалните чети кои пред тоа придобиле многу селани и граѓани започнале да се ориентираат кон животните прашања; 6. Окружниот управител и неговите органи се почитувале и уважувале од сите граѓани и селани без разлика на вера и народност и 7. Имало изглед чиновниците што не работеле исправно да тргнат по законски пат.[24]

Овој "идиличен" извештај на Поп Петров, кој датирал од почетокот на 1923 година воопшто не соодветствувал со вистинската состојба на теренот, бидејќи токму во тој временски период земјоделската влада на Стамболиски се наоѓала во "војна" со четите на ВМРО, при што за таа цел несебично ги помагала т.н. федералистички чети, кои претставувале главна вооружена сила

[23]ДАРМ, фонд 1246, Сребрен Поп Петров, кут.1, а.е.440 "До Г-на министра на вътрешните работи и народно здраве въ София, Г-не Министре", стр.51.

[24] Ibidem, Окр.управление (тайно-лично) до господина министра на вътр.работи и на народното здраве в София, Господине Министре, стр.52/53.

за уништување на четничкиот институт на ВМРО. Настаните отишле до тој степен што од страна на ВМРО била преземена акција за разбивање на организационите јадра на федералистите во Неврокоп (Гоце Делчев) и Ќустендил во октомври и декември 1922 година, во која овие два града биле буквално заземени од страна на чети и селската милиција на ВМРО, при што со голема подршка на месниот офицерски кадар на бугарската војска и некои раководители на полицијата, федералистичките чети биле отстранети од овие градови.

Вооружените судири помеѓу четите на ВМРО и државните бугарски воено-полициски единици внимателно биле разгледувани од највисокото раководство на ВМРО. Водечките личности на оваа македонска организација биле свесни дека било можно проширување на конфликтите, за што главен генератор претставувало прашањето на Македонија. Во едно писмо до членот на ЦК на ВМРО, Александар Протоѓеров, во контекст на овие настани било споменато и самото македонско прашање во констелацијата на односите на балканските држави. Испраќачот на писмото осврнувајќи се на Ќустендилските и Неврокопските настани, истакнал дека ВМРО не смеела да презема дејствија од поголем размер, бидејќи и при "евентуално објавување на автономијата или независноста тоа ќе ги принуди Србите да испратат не помалку од 20 000 души".[25] Сите показатели оделе во прилог на тоа дека голема била и опасноста од навлегување на српски војници на бугарска територија по тој повод. Воената разврска и евентуален поширок вооружен конфликт исто така ја потхранувал надешта дека при поголем заплет на работите во Југославија(Кралство на СХС б.м.), нејзините власти би можеле да преговараат со Организацијата (ВМРО б.м.) по однос на признавањето на Македонија.[26] Таквиот развој на настаните им одговарал на водечките личности во ВМРО, бидејќи во тој случај тие би можеле да се наметнат како значаен фактор околу преговорите за државно-правниот статус на Македонија.

Во тие почетни денови на 1923 година состојбата на границата помеѓу Кралството на СХС и Бугарија во делот на Македонија не била воопшто за

[25] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.5, "Драги Ангелъ", стр.558.
[26] Ibidem, 559.

потценување и можела да доведе до вооружени инциденти што можеле да предизвикаат и воен конфликт. Затоа од владата на Кралството на СХС веднаш биле преземени дипломатски мерки кои имале за цел да ја зацврстат безбедноста во граничните области. Од владата на Кралството на СХС во Белград му биле издадени упатства на дипломатскиот претставник во Софија, Луковиќ веднаш да се сретне со премиерот Стамболиски и да разговара за безбедноста на границата. Кон крајот на јануари 1923 година српскиот дипломат Луковиќ остварил средба со Стамболиски и членовите на т.н. мешовита српско-бугарска комисија, која била формирана токму со цел да се грижи за безбедноста на границата. Во разговорот бугарскиот претседател на владата поради стравот од новите дипломатски притисоци од Белград, му предложил на Луковиќ, самиот тој да назначи бугарски офицери кои би влегле како нови членови во составот на комисијата. На куртоазното одбивање на Луковиќ кој побарал Стамболиски да си назначи свои луѓе во комисијата, бугарскиот премиер одговорил дека тоа било многу тешка работа поради фактот што офицерите биле заразени од "комитаџилук", што од своја страна било наследство од стариот режим.[27]

Александар Стамболиски се оправдувал пред српскиот дипломатски претставник дека требало да и се верува на бугарската власт затоа што се преземале нови мерки за средување на состојбите во граничните реони кон Вардарска Македонија. Како една од мерките Стамболиски ја издвоил обуката на околу 500 бугарски полицајци за кои се спроведувала посебна едномесечна подготовка по што требало да бидат испратени во "Петричко"за да повторно го вратат редот и мирот во тој дел од државата. Во спроведувањето на тие енергични мерки Стамболиски барал подршка од Белград со уверување дека до крај ќе останел верен на "својата словенска политика".[28] Според отценката на Луковиќ, за време на разговорот се чувствувал голем страв кај Стамболиски од некоја нова протестна нота на Кралството на СХС по однос на четничкото прашање. На крајот од разговорот Луковиќ ја изразил довербата на претседателот на владата на Кралството на СХС во

---

[27] Архив Србије и Црне Горе(АСЦГ), фонд 334-политичко оделење, кут.бр.8, а.е.28, стр.77.

[28] Ibidem, 77/78.

Стамболиски, но со напомена дека биле потребни нови енергични мерки на бугарската власт за решавање на тоа прашање. Претседателот на бугарската влада ветил дека ќе го разреши до пролет прашањето со комитските чети.[29]

Но, и покрај таквите декларативни настапи на Стамболиски заради подобрување на односите со Кралството на СХС, по однос на ова прашање бугарската земјоделска власт ја немала подршката дури и кај нејзиното членство. Во доверливиот извештај на Сребрен Поп Петров испратен до бугарската влада на 29 јануари 1923 година, иако од позиција на окружен управител, веќе кај него започнале да провејуваат нишки на симпатии кон дејствувањето на вооружените чети на ВМРО, што се косело со официјалниот владин став по ова прашање. Во извештајот Поп Петров ги разгледал причините за хаотичната состојба во Петричкиот округ. Тој опишува дека бегалците и месните жители во округот, родени во Македонија, повторно го зеле оружјето во рака и сега се бореле, против "лошиот поредок и хаосот" во овој крај. Бидејќи тие настани се совпаѓале со засилувањето на ВМРО во српска и грчка Македонија тие луѓе се заколнале:" да подадат рака на борците оттаде границата за независна Македонија и 2. Да ги употребат сите сили и својот живот за избавување од ноктите на лошата власт во Петричкиот округ".[30] Во понатамошниот извештај, Сребрен Поп Петров со тонови на симпатија истакнал дека Организацијата (ВМРО н.ж.), почнала со смрт да ги казнува локалните моќници, вооружени разбојници и несовесните и алчни чиновници, со што злоупотребите на власта значајно се намалиле. Понатаму тој констатирал дека "тоа натерало голем дел од населението да даде клетва дека ќе ги следи и подржува ѝ Организацијата во Округот се обрна на Царство во Царство-на власт над власта".[31]

И покрај непријателските односи помеѓу владата на Стамболиски и ВМРО постоеле и контакти кои имале за цел да ги помират двете спротивставени страни, за што сведочи и извештајот од Поп Петров од 6 март 1923 година упатен лично до претседателот на бугарската влада. Во него тој му

---

[29] Ibid, 78.

[30] ДАРМ, фонд 1246, Сребрен Поп Петров, кут.1 "Лично-тайно, истинска картина за положението в Петричкия окръг", Петричко окр. Управление до Господина министра на вътрешните работи-София, стр.62.

[31] Ibidem, 63.

ги образложил на премиерот инструкциите што му биле дадени од министерот Рајко Даскалов во врска со нивните односи со ВМРО. Тие односи Сребрен Поп Петров ги објаснил во неколку точки: 1. Се ставало на знаење дека бугарскиот народ и бугарската влада не се и не можеле да бидат против автономијата на Македонија. Во врска со тоа Даскалов изјавил дека "и ние сме револуционери".[32] 2. Да се изберат за околиски началници способни и чесни луѓе. 3. Да се отстранеле сите што со своето дејствување создавале омраза меѓу владата и Комитетот (се мисли на ВМРО н.ж.). 4. Да се врателе во домовите сите нелегални кои не биле замешани во крупни атентати и убиства, без да чекаат амнестија и 5. Не се предвидувало помилување само на убијците на министерот за внатрешни работи Александар Димитров.[33]

Во контактите што Сребрен Поп Петров ги направил со раководителите на ВМРО, 3-та точка не била наполно договорена, бидејќи во Организацијата, според него, уште имало групи и луѓе несвесни за државните интереси, но за која што точка Македонскиот комитет ќе се залагал да се оствари. Точките 2 и 3 биле прифатени. Според мислењето на С.П. Петров исти биле идеите и на владата и на ВМРО "крајната цел за иднината на Бугарија и Македонија е една и иста во двете земји".[34] Според него сега бил моментот кога требало да се покаже мудрост и далекувидост. Сребрен Поп Петров се задржал и на една интересна констатација, според која, пречка за создавање на една широка југословенска заедница во која би влегле Хрватска, Црна Гора, Бугарија, Македонија и Шумадија, било токму македонското движење. Затоа "Македонците, пак, за да не се посрби македонското население, не можат да се откажат од својата революционерна работа. Тука е принципиелниот конфликт".[35] На крајот од извештајот Петричкиот окружен управител заклучил дека треба да дојде до спогодба меѓу ЦК на ВМРО и земјоделската влада и да се надминат сите нивни недоразбирања.

Само четири дена подоцна, со уште еден пристрасен извештај до централната власт, П. Петров уште еднаш ја покажал својата наклонетост и приврзаност кон ВМРО, иако тој бил државен службеник, кој што релативно

[32] Ibid, 95.
[33] ДАРМ, фонд 1246...op.cit., 95.
[34] Ibidem, 96.
[35] Ibid.

добро котирал во тогашната бугарска државна хиерархија. Во извештајот тој го поставил прашањето: дали имало повеќе полза од Комитетот за Царството или не? Тешко можело, според него, да се одговори на тоа прашање, но како окружен управител истакнал неколку работи, за да можел премиерот Стамболиски да донесе заклучоци за состојбата на односите помеѓу земјоделската влада и ВМРО. Тоа било следното: 1. По појавувањето на Комитетот (ВМРО н.ж.) до најнизок степен биле сведени контрабандата, разбојништвото и развратот во округот; 2. Раководните тела и лица од Комитетот усно и писмено им наредиле на луѓето да се потчинуваат на сите чиновници и закони, а наредиле и да не се нанесува никакво зло на Бугарија, така што во округот владеел ред, мир и потчинување на власта.[36] Револуционерниот комитет, како што С.П. Петров јаословува ВМРО, им пречел на оние кои сакале хаотична состојба во округот, бидејќи истиот ги преследувал разбојничките чети. Комитетот искрено жалел за недоразбирањата помеѓу ВМРО и земјоделската влада на Стамболиски и пропагирал за независноста на Бугарија, а против непријателствата меѓу двете страни.[37] Обидите за помирување на ВМРО со претседателот на бугарската влада донекаде биле и од тактичка природа затоа што оваа македонска организација во меѓувреме преговарала и со други воено-политички фактори во државата. Тоа нормализирање на односите, од страна на ВМРО било условувано со отстапки на нејзина сметка во Пиринскиот дел на Македонија и дистанцирање на Стамболиски од надворешната политика на зближување со Кралството на СХС.

За контактите помеѓу владата на Стамболиски и ВМРО сведочи и писмото испратено од членот на Задграничното Претставништво на Организацијата, Наум Томалевски, до Александар Протогеров, во кое ги отсликал тие односи. Томалевски се задржал на силата и значењето на ВМРО, како и на нејзината издржливост со оглед на непријателствата што таа ги имала со земјоделската влада, бидејќи, според него, во јавноста владеело убедување дека потпората на ВМРО "до сега била во бугарската влада и без

---

[36] Ibidem, До Г-на Министер председателя-управителю министерство на войната бр.1698, стр.109/110/111.
[37] Ibid, 111.

неа следствено Организацијата е осудена на уништување".[38] Понатаму во писмото Томалевски му пишувал на Протоѓеров дека било непотребно да му изнесува аргументи за борбите на ВМРО против турското и српско-грчкото ропство, за да се истакне убедувањето дека Организацијата има свои корени внатре и дека таа била сега посилна од било кога и покрај спротивставувањето на бугарската влада.[39]

Во уште едно писмо адресирано до Протоѓеров на 11 јуни 1923 година од Берлин на уште подетален начин бил опишан односот на ВМРО кон земјоделската влада на Александар Стамболиски. Меѓу другото по однос на ова прашање било истакнато дека движењето против владата на Стамболиски е реакција против неговата диктатура од сите класи на народот, а во тој поглед и на "македонската организација", којашто му објавила војна на Стамболиски и се борела против него со "револуционерни средства", иако, како што се нагласувало, таа немала ништо општо со извршувањето на 9-то јунскиот преврат во 1923 година. Во понатамошното пишување се потенцирало гледиштето дека Организацијата стоела на став за немешање во внатрешните работи на Бугарија, иако "бугарите од Македонија нема да ги прекинат своите културни врски со бугарскиот народ, но тие не сакаат да имаат никаква политичка заедничка сопственост со Бугарија сознавајќи, дека македонскиот товар е многу тежок за силите на Бугарија денес и од друга страна чувствувајќи, дека помошта на Бугарија е непотребна на Организацијата, зошто таа е доста силна во Грција и Србија поради тиранијата на тие власти, којашто ги обединува сите народности околу Организацијата и поради слабоста на тие власти да се справат со нас".[40] И покрај изразувањето на бугарско национално чувство кај дел од припадниците на ВМРО, во однос на политичко-државните ставови недвосмислено правеле дистинкција на македонското прашање од бугарските државни интереси. За таквите нивни ставови големо влијание имал фактот што тие живееле и дејствувале во емигрантски услови каде пресудна била пропагандната бугарска национална идеологија околу Македонија, на која не биле имуни и различните македонски

---

[38] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.4 "Др.бр. Сандре", стр.448.
[39] Ibidem.
[40] Ibidem, кут.2 "Др.бр. Сандре", стр.567.

дејци во Бугарија. Оттука и нивното инсистирање за постојани контакти со различните бугарски влади и координација со нив околу заземањето став по македонското прашање.

Поради таквите интензивни контакти, бугарската влада на Александар Стамболиски била речиси целосно запознаена со потезите што биле преземани од раководните структури на ВМРО. Вмешаноста на Стамболиски во внатрешните работи на ВМРО му овозможувала да ги следи сите нејзини активности за што секако драгоцена му била помошта и од членови-поединци што постојано го информирале. Во врска со релацијата ВМРО-земјоделска влада на Стамболиски, многу дискутабилно и покриено со превез на таинственоста е писмото од извесниот Точков, човек од бугарските офицерски воени кругови, испратено до членот на ЦК на ВМРО, Александар Протоѓеров. Според содржината на писмото се создава впечаток дека секој потег, секој чекор што бил преземан од страна на ВМРО бил целосно контролиран од страна на бугарската власт. Писмото отвора и една дилема во поглед на тоа дали планот за убиството на членот на ЦК на ВМРО, Тодор Александров, не започнал во континуитет да се подготвува во некои бугарски военo-политички кругови уште во времето на владата на Александар Стамболиски. И уште нешто, дали Протоѓеров воопшто го запознал навремено Александров со овие сознанија?

Во преписката Точков му укажал на генерал Протоѓеров дека од Даскалот (не е познат неговиот идентитет, н.ж.) добивал негови и писма на Тодор Александров, коишто му биле давани на увид на Стамболиски, што јасно укажува дека земјоделската влада била директно запознаена со внатрешните организациони работи на ВМРО и можела да ги предвиди сите нејзини активности. Горенаведениот Точков исто така му навел на Протоѓеров дека Даскалот, кој очигледно бил наклонет кон ВМРО, го замолил да им пренесе на него и на Александров, да преземат мерки за **своја заштита**, бидејќи имало наредба од министерот Димитров да соопшти на **едно место** дека ќе "имате скоро конгрес во село Саса...".[41] Во понатамошниот дел од преписката Точков вели дека од страна на тогашната власт му било прочитано писмо од

[41] Ibid., кут.4 "Уважаеми Г-нъ Генералъ", стр.355/356.

Тодор Александров во кое тој барал содејство за уништување на една разбојничка чета, која преку Ќустендил требало да помине во Кралството на СХС. Точков истакнал дека тоа содејство му создало големи непријатности кај земјоделците.[42] (се мисли на земјоделската влада н.ж.)

Понатаму Точков истакнал дека му бил даден нему препис од едно писмо на Тодор Александров, а тој препис од негова страна му бил лично предаден на Стамболиски, кое пак станало "со согласност на **некои луѓе**, коишто тогаш ми ги кажа Даскалот".[43] Сите овие постапки и настани, според Точков, имале за цел да се фрли клевета врз македонското прашање, за кое тој работел од чисто идеалистички побуди, како Началник на штабот на Армијата. На крајот од преписката Точков изјавил дека Даскалот тој го немал запознаено со Стамболиски, а дали Даскалот преку некој друг имал врски со Стамболиски, за тоа немал сознанија.[44] Иако останал непознат идентитетот на некои од личностите што ги ставале на увид писмата од архивата на ВМРО на бугарскиот премиер, јасна била длабоката вмешаност на бугарската држава во внатрешните работи на македонското револуционерно движење. Оттука несомнено и сигурно било дека плановите за убиство на раководните личности на ВМРО, меѓу нив и Александров, се подготвувале со директно знаење на највисоките бугарски државни функционери.

По 9-то јунскиот преврат од 1923 година, кога владата на Стамболиски по насилен пат била сменета со владата на професорот Александар Цанков, уште во неколу писма на раководни личности на ВМРО се споменуваат односите на последната со владата на Стамболиски. Така во писмото на "Скромни" ( Иван Михајлов) до Александар Протоѓеров се изнеле сознанија дека постоеле контакти помеѓу војводата на ВМРО, Милан Ѓурлуков и самиот премиер Стамболиски. Според тврдењето на Михајлов, Ѓурлуков многу добро се познавал со Стамболиски и често го посетувал неговиот кабинет, каде што бил пречекуван многу љубезно. Стамболиски барал информации од Ѓурлуков за Богдан(Тодор Александров) и Ангеле(Александар Протоѓеров). Во една прилика за Александров и за неговото престојувалиште, отворено споменал

[42] Ibid.
[43] Ib.
[44] Ib.

име на семејство и го прашал Ѓурлукова "да не му се таму и парите".[45] На тоа Ѓурлуков му одговорил дека и ако некогаш имал организациони пари, самиот Александров не решавал за нивното трошење. Според информацијата на Михајлов, Милан Ѓурлуков му го признал само тој факт на Стамболиски и важно било тоа што истиот бил пријател со бугарскиот премиер, по свое признание.[46] Во тие непријателски односи помеѓу ВМРО и бугарската земјоделска власт, Стамболиски се обидувал да придобие и свои сојузници помеѓу членовите на "македонствујушчите", што тој сакал да го искористи и за лична дискредитација на Тодор Александров кој важел за неоспорен авторитет.

Во писмото пак од Ванчо Михајлов до Протоѓеров што опишува една битка кај местото Страцин, помеѓу комитска чета на ВМРО и српска војска и жандармерија, се побивале тврдењата на некои српски весници дека Стамболиски лично ги испраќал комитските чети во Македонија. Според Михајлов и да успеале тие весници да дојдат до некои сознанија, овие тврдења за поврзаноста на земјоделската власт со комитските чети биле апсурдни измислици, кои имале за задача да ги убедат во вистинитоста на таа теза и земјоделската влада во Бугарија, а и надворешниот свет.[47] Тезите за некаква поврзаност на организацијата ВМРО со владата на Стамболиски немале никаква реална основа затоа што во суштина тие односи биле крајно непријателски. Главна причина за тоа бил обидот на земјоделската влада во Софија да воспостави подобри односи со Кралството на СХС што претставувало целосно неприфатлива политика не само за ВМРО, туку и за поголемиот број на македонски емигрантски организации во Бугарија. Оттаму останал впечатокот дека вестите за некаква евентуална поврзаност на релација ВМРО-бугарска земјоделска влада биле намерно пласирани од српски државно-безбедносни фактори за да се зголеми притисокот на Стамболиски во правец на уништување на оваа македонска организација.

Таквите постапки на владата на Александар Стамболиски биле и главниот мотив дел од вооружениот четнички потенцијал на ВМРО да

[45] Ibidem, кут.3 "Г-н Ангеле", стр.367.
[46] Ibid.
[47] Ibidem, Уважени г-н Вълчане, стр.421.

учествува во јунскиот државен превrат од 1923 година. Тоа учество на ВМРО во 9-то јунските настани го констатирал и српскиот дипломатски претставник во Софија кој по само еден ден ја известил владата на Кралството на СХС за тоа како се случил државниот превrат во Бугарија. Од страна на офицерите-заговорници многу вешто било искористено името на ВМРО во планот за извршување на превратничката акција. Генералот Лазаров кој бил еден од главните заговорници, го известил министерот за војна дека Тодор Александров со голем број на четници тргнал кон Софија за да ја собори владата. Таа диригирана информација предизвикала издавање на наредба од воениот министер за распоредување на бугарската војска во околината на Софија и тоа во состојба на целосна борбена готовност.[48] Ваквата ангажираност на војската со евентуален вооружен напад од четите на ВМРО ја искористиле членовите на Воената лига за непречено дејствување според нивниот предвиден план. Речиси без никакви човечки загуби, заговорниците ги уапсиле министрите од земјоделската влада и ги разоружале припадниците на т.н. Оранжова гарда која била главната потпора на Стамболиски во Софија, со што превратот во бугарската престолнина бил успешно завршен. Дури потоа, откако целата операција била завршена, во Софија влегле војводите Панчо Михајлов и Иван Јанев-Брло со неколку стотина четници на ВМРО.[49]

Во овој период на владеењето на бугарската земјоделска власт, македонското прашање се нашло во една многу специфична положба. Тоа произлегувало од фактот што и двете најзаинтересирани страни за неговото решавање, Бугарија и Кралството на СХС т.е. Србија покажале отворено расположение да го решат статусот на ова комплексно балканско прашање. Тоа секако требало да се случи на штета на интересите на македонскиот народ, затоа што создавањето на македонска држава, во било каква форма и облик, воопшто не било предвидено во политичките стратегии на владите во Белград и Софија. Поради инфериорната положба на Бугарија, условите за решавање на македонското прашање ги поставувало Кралството на СХС и неговиот главен составен дел-Србија. Оттаму на нестабилната бугарска влада на Стамболиски и биле извршени големи притисоци од официјален Белград за

---

[48] АСЦГ, фонд 334-политичко оделење, кут.бр.8, а.е.28, Телеграм, стр.83.
[49] Ibidem, 83.

да се пресмета со организациите на бројната македонска емиграција во Бугарија кои со своето дејствување на еден или друг начин го оставале отворено решавањето на македонското прашање. Режимот на Кралството на СХС во Вардарска Македонија особено се нашол засегнат од навлегувањето на четите на ВМРО кои отворено се бореле и повикувале за промена на границите и отстранувањето на српската власт од овој дел на Македонија. Затоа и оваа македонска организација се нашла во фокусот на вниманието и на двете балкански држави и била прашање број еден во нивната надворешна политика во периодот од 1919 до 1923 година. Владата на земјоделскиот водач Александар Стамболиски и покрај обидите да ја уништи организациската мрежа на ВМРО, во согласност со барањата на Кралството на СХС што постојано и биле упатувани со доза на закана, не успеала во тие обиди. Непријателските односи на бугарската влада и ВМРО резултирале со отворено вклучување на оваа организација во внатрешните политички борби во Бугарија на страната на опозициониот блок се до моментот на јунскиот државен преврат во 1923 година.

## 1.3. Нишката спогодба помеѓу Кралството на СХС и Бугарија и нејзиниот одраз врз македонското прашање

Дипломатско-политичките односи на Балканот по Првата светска војна во голем степен биле одредувани и зависеле од односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија. Заеднички именител во релациите меѓу овие држави бил еден нерешен национален и правно-политички проблем што се заканувал да предизвика нови вооружени судири-македонското прашање. Главна закана за кревкиот мир претставувале комитските чети на ВМРО кои користејќи ја слабоста на бугарската држава ја претвориле Пиринска Македонија во организациона база за подготовка, навлегување и борба против уставниот поредок на Кралството на СХС во Вардарска Македонија. Поради таквата состојба властите на Кралството вршеле голем притисок врз бугарската влада за да се спречат вооружените упади на четите на ВМРО на нејзина територија, а и да се уништи нејзината мрежа во Пиринска Македонија под бугарска власт. Земјоделската влада на претседателот Александар Стамболиски се согласила

со српските барања, бидејќи Бугарија како поразена земја по војната имала многу неповолен меѓународен углед и затоа била принудена да прави отстапки. Но од друга страна и самиот Стамболиски сакал тоа да го искористи како изговор за да ги уништи различните илегални и полулегални македонски организации во Бугарија кои постојано го отвораle и актуелизирале македонското прашање. Резултат на ваквите напори на двете соседни држави биле одржаните преговори во Ниш коишто траеле од 1 до 17 март 1923 година. Преговорите се воделе во рамките на една заедничка мешовита комисија составена од претставници на двете држави. Бугарската делегација била составена од високи воени лица, со чинови полковник: Стефан Нојков и Јосиф Петров биле членови на бугарскиот генералштаб, додека Александар Давидов покрај таа функција бил и инспектор на пограничната стража. Делегацијата на Кралството на СХС ја сочинувале: Жика Лазиќ, началник на државната безбедност, Драгутин Ристиќ, началник на пограничната војска, Богољуб Илиќ, началник на штабот на 3-та армиска област во која влегувала и Македонија, Велимир Прелиќ, инспектор во министерството за внатрешни работи и Миливој Миличиќ секретар во дипломатското претставништво на Кралството на СХС во Софија.[50]

Нишките преговори иако и двете држави уште на почетокот се обиделе да ги постават во функција на подобрување на меѓусебните односи, сепак во фокусот на вниманието го поставиле решавањето на проблемот со четите на ВМРО, како составен дел на прашањето поврзано со Македонија што и бугарската и српската страна сакале да биде затворено во нивна полза. Како и да е, работата на оваа бугарско-српска комисија започнала со изрази на надеж од двете страни дека ќе дојде до надминување на сите проблеми што ги обременувале односите меѓу владите во Белград и Софија. Во исто време комисијата констатирала дека досегашното гранично обезбедување помеѓу двете држави било недоволно и затоа заеднички се препорачувало зголемување на бројниот состав на пограничните стражи од обете страни на граничната линија.

---

[50] Васил Василев, *Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения*, София, 1991, стр.257.

Членовите на оваа комисија и на заседанието одржано на 3 март 1923 година имале идентични ставови по однос на преземањето на одредени мерки за заштита на границата: гранично обезбедување со заеднички воени патроли, поголема комуникација помеѓу пограничното обезбедување од двете страни, сечење на шумските површини во простор од 100 метри околу граничниот појас, како и регулирање на сите отворени прашања поврзани со т.н. двовласнички имоти.[51] Но вистинската конфронтација помеѓу делегацијата на Кралството на СХС и бугарската се појавила кога започнала расправата околу тоа од чија територија доаѓаат вооружените групации кои ја загрозуваат граничната безбедност. На заседанието на комисијата на 3 март, шефот на државната безбедност на Кралството на СХС, Жика Лазиќ, го посочил југозападниот дел од Бугарија како територија каде владата во Софија немала никаква контрола врз ситуацијата и каде во суштина се наоѓале базите за подготовка на комитските чети на ВМРО и согласно тоа барал поголема ангажираност на бугарската власт во нивното сузбивање. На ваквите обвинувања одговорил водачот на бугарската делегација Нојков, којшто нагласил дека генезата на македонското прашање и македонското револуционерно движење била многу посложена, бидејќи тоа како такво постоело и во минатото и иако понекогаш било помагано од одредени бугарски влади "неговата вистинска сила била секогаш внатре во **Македонија**".[52] Шефот на бугарската делегација во Ниш во одбрана на државната политика на земјоделската влада во Софија по ова прашање истакнал: "Денес бугарската влада не дава никаква поткрепа на македонската акција, таа не ја прави македонската кауза, своја кауза. Значи со право би можеле да кажеме дека и денес тоа движење црпи сила од Македонците; согласно тоа за неговото премавнување се налага да се преземат мерки и од двете страни".[53]

Токму околу ваквата бугарска констатација започнале несогласувањата на членовите на заедничката комисија во Ниш. Веќе на наредното заседание

---

[51] Величко Георгиев, *Протоколите от заседанията на смесената българско-сърбо-хърватско-словенска комисия в Ниш 1-17 март 1923 година*, Известия на държавните архиви 67, София, 1994, стр.275.

[52] Ibidem, Протокол бр. 4, Известия на държавните архиви...op.cit., 277.

[53] Ibid.

членовите на делегацијата на Кралството на СХС и пред се Жика Лазиќ, уште еднаш конкретно го посочиле регионот на Пиринска Македонија под бугарска власт за "вистинска комитска република" каде воопшто не функционирала бугарската власт и каде постоеле скривалишта и магацини за оружје и облека со која се снабдувале четите на ВМРО пред нивното заминување во Вардарска Македонија.[54] За ваквите тврдења началникот на државната безбедност Лазиќ пред присутните покажал и низа документи, како и разузнавачки сознанија поткрепени со посочени личности и конкретни населени места во овој дел од Бугарија. Затоа тој како и другите членови на делегацијата на Кралството сметале дека од белградските власти се преземени сите можни активности и мерки за обезбедување на границата, посебно во делот кон Македонија и согласно тоа не била еднаква одговорноста на двете држави кон македонското четничко прашање. Бугарија, според српската делегација, била таа што ја сносела најголемата одговорност за нарушувањето на граничната безбедност во делот кон Македонија.

Работата на мешовитата комисија во Ниш продолжила на 10 март со нови разговори околу надминување на проблемот со четничките акции. Бугарската делегација се обидувала да докаже дека и територијата на Вардарска Македонија под српска власт претставува поволна почва за создавање на вооружени чети и како такви од членот на бугарската делегација Петров биле посочени четите предводени од Коста Пеќанец, Стојчо Добрев и Крсто Трговишки кои се наоѓале во служба на Кралството на СХС. Членовите на делегацијата на Кралството на СХС ги негирале ваквите бугарски тврдења и навеле голем број примери на нарушување на граничната линија во делот кон Македонија од страна на чети што навлегувале од бугарската државна територија. Затоа делегацијата на Кралството на СХС предложила да се усвои заклучок од двете страни во кој требало да се истакне дека е потребно поголемо гранично обезбедување во реоните на Ќустендил, Горна Џумаја и Петрич, а со цел да се спречи понатамошното дејствување на вооружените чети.[55] Поради ваквата офанзивна српска дипломатска политика по однос на овој дел од македонското прашање, бугарската делегација во Ниш се

[54] Ibid, Протокол бр.5, Известия...cit., 280.
[55] Ibid, Протокол бр.6, Известия...cit., 282-287.

обидувала да тактизира за да добие во време и да се избори за што поповолна ситуација пред потпишувањето на завршниот документ.

На 11 март бугарската делегација добила инструкции од самиот Александар Стамболиски за тоа во кој правец да бидат насочени натамошните преговори. Стамболиски ги советувал бугарските претставници во Ниш да го избегнат усложнувањето или можното прекинување на преговорите, но од друга страна исто така им наложил да ја наметнат формулата и становиштето за взаемноста меѓу двете држави околу македонското четничко прашање. Претседателот на бугарската влада понатаму им посочил на членовите на делегацијата во Ниш дека тие треба да ги уверат српските државни фактори во бугарската спремност за преземање на неопходни мерки против комитските чети, но и да истакнат дека владата во Софија поради тоа морала да внимава на внатрешната состојба и расположениeто на "крајните **македонски елементи**". Ако ваквите бугарски барања не се оствареле тогаш Стамболиски барал бугарската делегација да го одложи понатамошниот тек на преговорите заради добивање нови инструкции.[56]

Завршните разговори на двете делегации се случиле на 12 и 15 март 1923 година кога бил направен уште еден обид за усогласување на различните интерпретации на Кралството на СХС и Бугарија околу македонското четничко прашање. Најпрвин во име на бугарската делегација, Стефан Нојков уште еднаш ја изразил подготвеноста на владата во Софија за надминување на овој проблем, но и решеноста да се остане на истите ставови што биле застапувани по однос на четничкото прашање уште од првиот ден на разговорите во Ниш. Од страна на бугарската делегација уште било побарано и да се даде амнестија на сите политички затвореници во Кралството на СХС како и дозвола на властите во Белград за слободно враќање на македонската емиграција од Бугарија на нејзините родни огништа во Македонија.[57] Жика Лазиќ, во својство на шеф на делегацијата на Кралството на СХС покрај веќе повторените ставови на официјален Белград околу комитските чети и нивното навлегување во Вардарска Македонија, предложил усвојување на конкретни

---

[56] В. Василев, *Правителството на БЗНС*...cit., 262.

[57] В. Георгиев, *Протоколите от заседанията на смесената българско-сърбо-хърватско-словенска комисия в Ниш 1-17 март 1923,* Протокол бр.7, "Известия на държавните архиви, София, 1994, стр.291.

мерки од страна на двете држави за дополнително обезбедување на границата, посебно во делот кон Македонија. И во ваквиот предлог на Лазиќ било нагласено дека најголеми предуслови за создавање и активност на комитските чети на ВМРО постоеле во југозападниот дел на Бугарија односно во Пиринска Македонија. Во врска со бугарскиот предлог за амнестија, шефот на делегацијата на Кралството на СХС истакнал дека тоа прашање било внатрешна работа на државата и нема никаква врска со заштитата на границата. И покрај несогласувањата околу различните формулации во текстовите и заклучоците што се донесувале после секоја сесија помеѓу двете државни делегации, сепак на крајот од тие преговори биле потпишани сите писмени документи кои го регулирале прашањето на четничките акции, а била потпишана и усвоена и заедничка изјава на двете страни. Според заедничката изјава комисијата се согласила од страна на двете држави да се преземе заштита на граничната линија од незаконско преминување на сомнителни лица и комитски чети и да се преземат неопходните мерки за засилување на државната власт во заднината на загрозениот граничен дел, особено областите околу југоисточната граница на Кралството на СХС, каде таквото засилување на власта ќе ги оневозможело вооружените четнички напади. Во врска со ова секоја од двете влади се обврзувала да преземе самостојни мерки.[58]

Меѓутоа и по склучувањето на овој договор помеѓу двете држави не дошло до решавање на проблемите во нивните меѓусебни односи. Иако безбедноста на границата од бугарска страна била засилена, четничките акции на ВМРО во Вардарска Македонија само привремено биле прекинати. Тие со намален интензитет продолжиле и во текот на 1923 година. Ваквиот развој на настаните предизвикал жестока реакција на владата на Кралството на СХС, која се заканила дека ќе изврши вооружен напад и окупација на дел од територијата на Бугарија од каде навлегувале комитските чети. На опасноста од напад на војската на Кралството укажувале и извештаите на бугарските околиски и окружни управители што се наоѓале на служба во близина на границата. Така во извештајот на петричкиот окружен управител Сребрен Поп Петров испратен до владата во Софија на 31 март 1923 година се истакнувала вознемиреноста кај населението во округот по најавите дека ќе

[58] Ibidem, 293-294.

пристигне бугарска војска што ќе ги преследува комитските чети на ВМРО. Особено, според Поп Петров, вознемирувачки биле гласините дека заедно со бугарската, во длабочина од 30 км. требало да влезат и српски војски со истата цел.[59] Затоа тој барал од бугарската власт да го успокои населението во Округот.

Во понатамошниот дел од извештајот, петричкиот окружен управител, исто како и централната бугарска власт искажал позитивно мислење по однос на Нишката спогодба. Според него на Бугарија имало потреба да и помагаат и големите сили поради нивните економски и политички интереси. Затоа во Ниш не се разговарало само по четничкото прашање " а и по добрата иднина на Југославија(тогаш Кралство на СХС н.ж.) и Бугарија со оглед кон добрата иднина на Словенството воопшто и кон успокојувањето на Македонците".[60] Во врска со склучениот договор во Ниш, според ваквото мислење, македонската организација(ВМРО, б.м.) при "братска" спогодба меѓу Бугарија и Југославија, ќе се откаже од борбата против последните и ќе се стави крај на непријателствата "после кое **задолжително** ќе огрее нешто убаво за Македонија".[61]

По потпишувањето на Нишкиот договор во март 1923 година се создале услови кои можеле да предизвикаат ескалација на вооружени судири помеѓу Кралството на СХС и Бугарија. Тоа доаѓало пред сé од фактот што со одредбите на овој српско-бугарски договор не била задоволна организацијата ВМРО, која всушност била и најзасегната од мерките што ги предвидувал истиот. Поради сето тоа раководството на оваа македонска организација во април 1923 година издало наредба до сите свои организациони структури да се спротивставаат на донесените решенија на Нишката спогодба. Според циркуларното писмо отпорот на ВМРО кон новонастанатата состојба се одвивал во неколку насоки; 1. Ако се појават српски војски во Македонија под бугарска власт, да се уништуваат од страна на нелегалните чети на Организацијата; 2. наредба да се уништуваат и федералистичките чети доколку се појават во тој регион; 3. Ако бидат испратени

[59] ДАРМ, фонд Сребрен Поп Петров, кут.1, Петричко Окр. управление бр.2091 до господина министра на вътрешните работи-София, стр.124.

[60] Ibidem.

[61] Ibid, 125.

оранжевогвардејци(вооружени единици на бугарската земјоделска влада, б.м.) требало да се опоменат да се вратат или разоружаат, а во спротивно да се убиваат и 4. Доколку земјоделската влада објавела воена состојба во Петричкиот округ и се одложеле изборите таму, му се наредувало на тамошното население да престане да плаќа данок и да не ги извршува наредбите на бугарската влада.[62]

Неколку месеци по 9-то јунскиот превrat во Бугарија дел од атентатите што ВМРО ги извршила врз поранешните министри во владата на Стамболиски, ги оправдувала токму заради фактот што тие отворено застанале зад спроведувањето на Нишката спогодба. Во едно писмо испратено до Александар Протоѓеров на 20 ноември 1923 година се образложувале причините за извршениот атентат врз поранешниот земјоделски министер Рајко Даскалов. Според тврдењата во писмото, ВМРО му изрекла смртна казна на Даскалов од неколку причини: напуштање на фронтот за време на Првата светска војна во 1918 година, извршени убиства над Македонци, склучување на Нишката конвенција со цел, како што се истакнува, **да ги прогонува Македонците, заедно со Србите** како и поради дозволата на разни разбојнички банди, со негов благослов, да вршат грабежи и терор во Македонија.[63] Во прилог на таа теза за вмешаноста на Рајко Даскалов во сите дадени обвинувања од ВМРО тие ги посочиле имињата на поранешните припадници на ВМРО, Илија Пандурски, Стојче Добрев, Стојан Мишев, Славе Иванов-и истакнале дека "тоа се сите негови луѓе, а сега орудие на Србите".[64]

Договорот во Ниш од 1923 година имал за цел да ги стабилизира односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија. Затоа во неговите одредби се предлагало решавање на проблемот со четничкото дејствување на ВМРО во Вардарска Македонија како еден крупен сегмент од македонското прашање. И бугарската и српската делегација на Нишката конференција настојувале да изнајдат најпогоден модул за долгорочно решавање на македонското четничко прашање. Меѓутоа, исто така била присутна и тенденцијата да се докажи дека генезата на проблемот не потекнувала од територијата на едната или другата

[62] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.6, Циркулар-строго поверљиво шефовима округа, среским војводама и нелегалним трупама помоћне организације ВМРО(превод од руски), стр.3.
[63] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.2, Мили чичо Ангеле, стр.266.
[64] Ibidem, 267.

држава, со што владите во Софија и Белград се обидувале да се оградат од нивната вмешаност во дејствувањето и организирањето на ВМРО. Од решенијата на овој меѓудржавен договор најмногу била засегната токму оваа македонска организација која се спротивставила и ја продолжила својата активност со вооружени методи на борба. Бугарската влада на Стамболиски во суштина се обидела да ги спроведе одлуките од Нишката спогодба со преземање на поопсежни мерки против ВМРО и другите македонски емигрантски организации, но во тоа само делумно успеала. Земјоделската власт со таквата внатрешна политика само уште повеќе ја поттикнала опозицијата против неа, а во однос на надворешната политика и понатаму не се ослободила од обвинувањата на Кралството на СХС за поддршка на четите на ВМРО. Тоа ја ставило во прашање стабилноста на бугарската земјоделска влада на Стамболиски која се нашла пред опасност од нејзино соборување од страна на воено-офицерските кругови кои ја обвинувале за попустливост и сервилност кон Кралството на СХС.

# ГЛАВА ВТОРА

# МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1923 ДО 1926 ГОДИНА

## 2.1. Заострување на југословенско-бугарските односи по однос на македонското прашање во 1923 година

Со промената на власта во Бугарија на 9-ти јуни 1923 година се создале услови за да дојде до влошување на односите помеѓу неа и Кралството на СХС. Главен проблем во меѓусебните односи на двете држави повторно станало македонското прашање. Новата бугарска влада на чело со претседателот Александар Цанков постојано била обвинувана од српска страна дека ги подржува македонските емигрантски организации во Бугарија, посебно ВМРО, кои во своите програмски определби и дејствување биле насочени против територијалниот и уставен поредок на Кралството на СХС. Во тој поглед владеачките кругови во Белград особено и забележувале на официјална Софија затоа што не успеала да го реши прашањето со навлегувањето на комитските чети на ВМРО од бугарската државна територија на таа на Кралството на СХС. Насилната промена на власта во Бугарија на 9-ти јуни 1923 година ги изненадила политичките кругови во Кралството на СХС. И додека во Белград сеуште имало недостаток на информации за тоа што навистина се случувало кај нивниот источен сосед, новата бугарска влада побрзала и успеала да издејствува свое меѓународно признавање. Дури два дена по превратот, министерот за надворешни работи Момчило Нинчиќ ги известил пратениците во Народната Скупштина на Кралството на СХС дека во Бугарија дошло до вооружена промена на власта со помош на воено-офицерските кругови и "револуционерните македонски организации". Нинчиќ и покрај тоа ја повикал јавноста во неговата држава да остане ладнокрвна и мирно да го чека развојот на понатамошните настани во

Бугарија.[65] Од друга страна опозицијата во Кралството на СХС барала од соодветните државни институции и од министерот Нинчиќ да не бидат рамнодушни кон настаните во Бугарија и во најмала рака, ако не воена интервенција, да се направи демонстрација на воена сила во пограничниот реон со цел да се спречи прогонувањето на Стамболиски, за чија судбина уште ништо не се знаело во Белград. Голем број на српски политичари во тие моменти барале владата во Белград да му помогне на соборениот бугарски премиер Стамболиски, бидејќи на тоа, според нив, ја обврзувале одредбите на Нишката спогодба од март 1923 година.[66] На таквите барања се спротивставил Нинчиќ кој предупредил дека тоа можело да ги внесе двете држави во војна, а за таква една ситуација, според министерот за надворешни работи, биле потребни поопсежни војнички и дипломатски подготовки.[67]

Набргу по јунските настани од 1923 година и по суровата егзекуција на Стамболиски, дошло до стабилизирање на превратничката власт. Новата бугарска влада на Александар Цанков се обидувала да го прикрие учеството на четите на ВМРО во државниот преврат. За таа цел новиот бугарски премиер изјавувал дека неговата влада воопшто не ги нарушила одредбите на Нејскиот мировен договор и негирал било каква поврзаност со организацијата ВМРО. Овие обиди за успокојувачки изјави не добивале позитивен одглас кај владеачките структури на Кралството на СХС. Белградската влада на чело со премиерот Никола Пашиќ сметала дека новата бугарска власт ги суспендирала одредбите на Нејскиот мировен договор и пред сé, Нишката спогодба и затоа се готвела да издаде наредба за навлегување на војската во Бугарија, доколку биде загрозена српската власт во Вардарска Македонија.[68] Во тој правец и министерот за надворешни работи на Кралството на СХС, Момчило Нинчиќ му предочил на бугарскиот министер за надворешни работи дека Вардарска Македонија била поважна за Србите, отколку териториите на стара Србија, бидејќи Јадранското море било затворено море и излезот на Кралството на

---

[65] Vladan Jovanović, *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija 1918-1929. Makedonija, Sandzak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS,* Beograd, 2002, str.152.
[66] Ibidem, 153.
[67] Ibid.
[68] Костадин Палешутски, *Македонският въпрос в буржоазна Югославия*, София, 1983, стр. 135.

СХС требало да биде во правец на Егејското море.[69] За таквите српски претензии подршка доаѓала од Франција која од секогаш се спротивставувала на идејата за создавање на независна македонска држава и била традиционален сојузник на Србија односно на Кралството на СХС. Англија како една од големите светски сили по однос на македонското прашање во тој период се поставила малку понеутрално поради нејзиното спротивставување за ширењето на Малата Антанта што се наоѓала под француско влијание. Од друга страна Италија целосно ги подржувала сите ревизионистички барања на различните организации и ослободителни движења на Балканот, а согласно тоа и стремежите за создавање на автономна или независна Македонија.

Во таква констелација на односите на големите европски држави и меѓудржавните односи помеѓу Белград и Софија, по 9-јунскиот преврат 1923 година македонското прашање повторно добило на својот интензитет и актуелност. Прашањето за национално-државниот статус на Македонија повторно ги заземало насловните страници на весниците во западноевропските држави што ги држело отворено тензиите помеѓу владите во Белград и Софија. Во септември 1923 година, овој проблем ескалирал до таа мерка што се заканувал да предизвика и директен вооружен судир помеѓу двете држави. Острите писма, телеграми и преписки што се упатувале на највисоко државно ниво оставиле впечаток дека нерешеното македонско прашање се заканува да го дестабилизира кревкиот мир воспоставен на Версајската мировна конференција од 1919 година.

Обидите на различните фактори на политичката сцена во Кралството на СХС да иницираат решавање на внатрешната криза во Бугарија не доаѓале поради некаква безрезервна подршка на поранешниот режим на Стамболиски, туку поради стравот во српската јавност од повторното загрозување на безбедноста на границата во делот на Македонија. За несогласувањето и протестот на Кралството на СХС од вооружените четнички акции на ВМРО, претседателот на бугарската влада Цанков на 3 септември 1923 година лично бил известен од српскиот ополномоштен пратеник во Софија, Ракиќ. Тој му изјавил на Цанков дека српската власт знаела дека "Македонците

[69] Ibidem.

подготвувале во блиска иднина некаква акција, насочена против Србија".[70] Во разговорот Ракиќ му укажал на бугарскиот премиер дека доколку тоа се случело тогаш Бугарија ќе претрпела најсериозни последици. Од своја страна пак Александар Цанков од името на бугарската влада му соопштил на српскиот претставник дека Бугарија не била способна за такво нешто и затоа непотребно било преувеличувањето на некои незначајни настани, на кои официјален Белград сакал да им даде голем публицитет. Но како и да е, бугарскиот премиер се обврзал пред српскиот дипломат Ракиќ дека од нивна страна ќе бидат преземени сите неопходни мерки за да се спречи таква вооружена акција. За таа цел министерот за војна Русев добил задолжение да замине во областите на државата што гравитирале кон границата со Кралството на СХС, каде исто така требало да бидат распоредени и поголеми воени единици задолжени да ја обезбедуваат границата.[71]

Таквите мерки на бугарската власт не оставиле никаков смирувачки белег кај владата на Кралството на СХС. Напротив од нејзина страна се погласни биле тврдењата дека токму во месец септември се подготвувало вооружено востание од страна на ВМРО во Вардарска Македонија. Српските разузнавачки информации говореле дека оваа македонска организација најпрвин планирала да прогласи степен на автономија во Пиринска Македонија, а потоа да се спроведе слична акција и во Егејска и Вардарска Македонија.[72] Бугарската влада на Цанков упорно ги отфрлувала ваквите обвинувања и негирала дека такво нешто се подготвувало на нејзината државна територија. По повод најавеното септемвриско востание на ВМРО разговарале и министрите за надворешни работи на двете држави. Српскиот министер Нинчиќ истакнал дека соработката на двете држави можела да се оствари единствено врз основа на бугарското признавање на "неприкосновениот" српски карактер на вардарската долина која претставувала природен излез кон Егејското море. Во разговорот на бугарскиот министер Калфов му било предочено дека "македонската

[70] ЦДА, фонд 176, оп.21, а.е.2316, Шифрована телеграма отъ Министерството на Външните Работи и на Изповедъанията, стр.1.

[71] Ibidem.

[72] Desanka Todorovic, *Jugoslovensko-bugarski odnosi u drugoj polovini 1923.*(Kriza u septembru), Jugoslovensko-bugarski odnosi u XX veku, zbornik radova I, Beograd, str.185.

организација е поопасна за Бугарија отколку за Србија, бидејќи Бугарија е слаба и ако продолжи да ја подржува нејзината работа може да дојде до воена интервенција".[73] За да обезбеди подобри дипломатски позиции на својата држава и да издејствува бугарска акција против ВМРО, министерот Нинчиќ уште истакнал дека тој лично верувал во политиката на добрососедски односи, но немал доверба во "македонската организација", која во југозападна Бугарија забрзано се подготвувала за опсежни воени операции во Македонија.[74] Во тој случај Нинчиќ остро ја предупредил Бугарија дека Кралството на СХС ќе биде принудено да окупира неколку бугарски градови кои се сметале за центри на комитските чети.

Меѓудржавните односи уште повеќе се комплицирале со најавите во српските весници дека можен датум за почеток на вооружените акции на ВМРО во Вардарска Македонија би бил 15 септември. За да се демонстрира надмоќност над Бугарија, владата на Кралството на СХС се решила токму на тој ден да ја прослави годишнината од пробојот на Солунскиот фронт при што централната прослава била закажана во градот Битола.[75]

Дипломатските контакти и "војната на нерви" по однос на овој сегмент од македонското прашање продолжиле и во наредните денови. Соочена со тешка економска ситуација и слаба вооруженост на нејзината армија, Бугарија се обидувала да добие во време и спорот во врска со четничките акции на ВМРО да го разреши по мирен пат. Во тој правец претседателот на бугарската влада Цанков на 5 септември 1923 година остварил средба со високи воени и политички функционери, генерал Влков и министрите Моллов и Русев, а со цел да се анализира новонастанатата состојба на западната граница. Како превентивна мерка, Русев заедно со началникот на пограничните единици заминал во реоните блиски до границата со Кралството на СХС, додека, според убедувањето на бугарската влада, "од македонска страна ни се даваат уверувања дека ќе бидат мудри и не ќе преземат ништо, коешто би можело да се искористи како изговор од Србите".[76] На 6 септември претседателот на

[73] Ibidem, 188.
[74] Ibid.
[75] Ib., 189.
[76] ЦДА, фонд 176, оп.21, а.е.2316, Шифрована телеграма отъ Министъръ-Претседателя, Управляющъ Министерството на Външните Работи-София до Българската Делегация въ Женева, стр.4.

бугарската влада му остварил возвратна посета на српскиот дипломат во Софија, Ракиќ, при што му посочил дека српските сознанија за евентуални комитски напади од бугарска територија биле неосновани и затоа тој не ја разбирал жестокоста на српските весници по тој повод. Таквите попустливи настапи на Цанков не биле воопшто случајни, бидејќи во случај на војна Бугарија немала доволно војнички капацитет да ја брани својата територија од нејзиниот западен сосед, кој бил многу помоќен во тој поглед. Во разговорот, за разлика од првиот пат, и самиот Ракиќ бил малку поумерен и истакнал дека впечатокот на властите во Белград кон новата бугарска влада постепено се подобрувал, при што и од двете страни се апелирало на надминување на недоразбирањата.[77]

Влошувањето на односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија по однос на македонското прашање се заканувало да се случи уште повеќе во наредните денови на септември и поради настаните поврзани со Септемвриското востание на БКП. Затоа посетата на искусниот дипломат Ракиќ кај Александар Цанков на 12 септември 1923 година немала само куртоазен карактер и изрази на благодарност на српската власт за бугарските честитки по повод роденденот на српскиот претстолонаследник. Откако завршил протоколарниот дел од разговорот помеѓу двајцата дипломати, Ракиќ му ги истакнал српските сознанија на бугарскиот премиер според кои "меѓу 15 и 25 септември **Македонците** проектирале голема акција и имајќи го предвид тоа српската власт ги засилувала гарнизоните покрај целата граница".[78] Согласно таквите сознанија, ополномоштениот претставник на Кралството на СХС(Србија, н.ж.) уште еднаш му ги изрекол веќе искажаните закани од неговата влада на адреса на Цанков дека доколку навистина се оствареле таквите намери на четите на ВМРО, последиците за Бугарија ќе биле многу сериозни. Претседателот на бугарската влада Александар Цанков на таквите обвинувања се бранел со констатации дека во Бугарија се подготвувал државен преврат на 17 септември, подготвен од комунистите и приврзаниците на убиениот земјоделски лидер Стамболиски, кои според него имале намера

[77] Ibidem, 4a-5.

[78] Ibidem, фонд 176, оп. 21, а.е. 2316 Шифрована телеграма отъ Министерството на външните работи-София вхн. 45, стр.8.

да предизвикаат надворешно мешање на други држави за да се зголемат шансите за нивен успех. На крајот на разговорот Цанков уште еднаш се обидел да го убеди српскиот дипломат дека Бугарија како држава нема да дозволи никакви вооружени акции од нејзина територија што би предизвикале евентуално нарушување на внатрешниот поредок на Кралството на СХС односно Србија. По разговорот со Ракиќ, бугарскиот премиер Александар Цанков веднаш побрзал да изврши притисок врз разните струи и организации во македонското револуционерно движење да се откажат од секакви форми на вооружено навлегување и дејствување во Вардарска Македонија под српска власт. Притоа, според него, "македонските фактори" му дале најсвечени уверувања дека тие немало да преземат ништо што би ги загрозило интересите на бугарската држава.[79]

Ваквите тензии по однос на македонското четничко прашање што се заканувале да предизвикаат војна помеѓу Кралството на СХС и Бугарија се обидел да ги смири и францускиот ополномоштен министер во Софија, Пико. Со него одржувале контакти и двете страни, така што тој бил целосно запознаен со проблемот. Францускиот дипломат му потврдил на претседателот на бугарската влада Цанков дека претставникот на Кралството на СХС, Ракиќ и пред него се заканил дека при првото преминување на чети на ВМРО во Вардарска Македонија, властите во Белград ќе пристапат кон окупирање на дел од бугарската државна територија.[80] Од своја страна Пико заради сериозната ситуација предложил повеќе мерки што требало да придонесат за намалување на затегнатите односи помеѓу двете држави. Според него најпрвин било потребно од бугарска страна да се назначи една делегација, која требало да ги продолжи преговорите со Кралството на СХС по економските прашања. Втората мерка за попуштање на затегнатоста што ја предложил францускиот ополномоштен во Бугарија била да се забрани печатењето на сите македонски весници кои и покрај ветувањата на владата во Софија, продолжиле да излегуваат. Исто така за надминување на таквата состојба од бугарска страна бил даден предлог да се направи анкета за да се проверат српските сознанија

[79] Ibid, 8-9.
[80] Ibidem, Шифрована телеграма отъ Министерството на външните работи-София вхн.46, стр.10.

по однос на четничкото прашање, на што Ракиќ изјавил дека неговата влада немала да даде согласност.[81]

И покрај ваквите обиди за надминување на противречностите, кон средината на септември 1923 година кризата во односите меѓу Кралството СХС и Бугарија се продлабочувала. Претседателот на бугарската влада Цанков на 14 септември со телеграма ги известил дипломатските претставништа на неговата држава во Париз, Лондон и Рим дека продолжило стационирањето на српска војска во близина на границата со Бугарија. Властите на Кралството ги објаснувале тие мерки со тврдењата дека во периодот од 10 дена, помеѓу 15 и 25 септември, македонски чети требало да навлезат на српска територија. Во исто време Ракиќ и министерот на Кралството на СХС, Нинчиќ го предупределе бугарскиот министер за надворешни работи Калфов дека преминувањето макар и на еден македонски четник во Вардарска Македонија од српска страна ќе било проследено со окупирање на еден дел од бугарската држава.[82]

На ваквите повторени обвинувања министерот Калфов и премиерот Цанков одговориле дека српските тврдења и сознанија не биле точни и во голем дел биле преувеличени. Тие уште еднаш го потенцирале нивното уверување до властите во Белград дека нема да дозволат никакви чети да се уфрлуваат на територијата на Кралството, за чија што потврда биле спремни да се согласат да се формира мешовита српско-бугарска или дури и меѓународна анкетна комисија. Незавидната положба во која се нашла Бугарија поради навлегувањето на чети на ВМРО од нејзина територија на таа на Кралството на СХС, Александар Цанков како претседател на владата се обидувал да ја надмине со меѓународна подршка. На дипломатскиот прием што претседателот на бугарската влада го организирал на 13 септември, тој ги замолил оплономоштените министри на големите сили да им соопштат на своите влади дека Бугарија како држава во скоро време би можела да биде подложена на окупација на еден дел од својата територија од нејзиниот сосед Кралството на СХС, односно Србија. Според Цанков, мотивите на Србија биле

[81] Ibid.
[82] ЦДА, фонд 176, оп.21, а.е.2316, Шифрована телеграма отъ Министерството на външните работи-София вхн.48., стр.13.

да се искористи внатрешното востание на комунистите и земјоделците во Бугарија за да се изврши државен удар, што му давало за право на бугарскиот премиер да се сомнева дека постоела директна врска помеѓу најавената српска вооружена акција и внатрешното востание на бугарските левичарските сили. Во такви околности, според претседателот на владата, Бугарија не била во можност да изврши внатрешна стабилизација на нејзините државни институции и оттаму бил и апелот до големите светски сили да не дозволат нарушување на територијалниот интегритет на државата, која не била во можност да се одбрани од евентуална окупација.[83]

Во правец на барање на меѓународна подршка поради отворените воени закани од Кралството на СХС биле и инструкциите што премиерот Цанков им ги дал на бугарските дипломатски претставници во Советот на Друштвото на Народите. Тие пред светското јавно мислење требало да ја истакнат немоќноста на Бугарија да го зачува, според Цанков, мирот на Балканскиот полуостров. Во интерес на придобивање на јавното мислење на бугарска страна, претседателот на владата Цанков апелирал до дипломатите во Женева јавно да декларираат дека Бугарија нема да дозволела никакви чети да ја поминат границата, освен ако од спротивната страна, од територијата на Кралството не се организирала некоја вооружена провокација.[84] Напоредно со дипломатската офанзива во Друштвото на Народите, претседателот на бугарската влада Цанков се обидел да ги придобие на своја страна и странските дипломати во Бугарија во врска со овој дел од македонското прашање. На 12 септември тој повторно остварил средба со францускиот ополномоштен министер во Бугарија, Жорж Пико кого го запознал со бугарските сознанија дека огромна српска војска се позиционирала во близина на границата кај Цариброд, со што се создавале сериозни сомневања дека Кралството на СХС подготвува вооружена акција против Бугарија. Александар Цанков уште еднаш му дал цврсти уверувања на францускиот дипломат за неговата решеност спорот во врска со четничкото прашање да се разреши на мирен начин. Тој го запознал Жорж Пико со мерките што

[83] Ibidem, 13-14.

[84] ЦДА, фонд 176, оп.21, а.е. 2316, Шифрована телеграма отъ Министерството на външните работи-София вхн.50, стр .15.

гарантирале дека бугарските државни органи нема да дозволат никаква опасност од бугарска територија што би го загрозила внатрешниот уставен поредок во Србија.[85] Во натамошниот дел од разговорот Цанков го запознал Пико со фактот дека по склучувањето на Нејскиот мировен договор, Бугарија, согласно неговите одредби била воено ослабена, така што доколку не била гаранцијата на големите сили таа не била во состојба да спречи воено посегнување по нејзиниот територијален интегритет. По овој разговор со Александар Цанков, францускиот ополномоштен министер се обврзал дека во интерес на мирот ќе му ги пренесе ваквите бугарски ставови на самиот Ракиќ.[86]

И во текот на наредните денови продолжиле дипломатските чекори, пред сé на бугарската држава, се со цел да докаже дека таа не ги подржувала четите на ВМРО во нивните обиди за дестабилизација на Кралството на СХС односно Србија. На 15 септември 1923 година Александар Цанков испратил дипломатска нота до српскиот претставник Ракиќ, во која што му дал категорички уверувања дека никакви чети немало да поминат од територијата на Бугарија во Србија односно Кралството на СХС. Спротивно на ова, претседателот на бугарската влада му посочил сознанија на Ракиќ дека чети се организирале од територијата на Србија и тоа со цел да предизвикаат погранични инциденти, кои неможеле да се сметаат за "дело на Македонците".[87] Цанков дури сметал дека тие чети во Србија можеле да бидат формирани и без знаење на властите и затоа апелирал до официјален Белград да ги спречи нивните "злобни замисли". За да се повлечат големите воени сили на Кралството од регионите во близина на границата со Бугарија, премиерот Александар Цанков изразил спремност да се формира и анкетна комисија која би ги регулирала сите недоразбирања по ова прашање. На тој начин би се отстранил стравот за територијалната целост што во Бугарија постоел поради нејзината незаштитена граница.[88]

Веќе следниот ден, на 16 септември, во врска со истиот настан, Цанков имал поинаков став, кој го објаснил во телеграмата испратена до бугарските

---

[85] Ibidem, Шифр. Телеграма отъ министър-претседателя вхн.54, стр. 18.
[86] Ibid, 18а.
[87] ЦДА, фонд 176, оп.21, а.е.2316, Шифр. т-ма отъ министър-претседателя-София вхн 51, стр..16.
[88] Ibidem.

пратеници во Друштвото на Народите во Женева. Според него, додека српската власт тврдела дека во тие септемвриски денови се очекувало навлегување на **македонски чети** од бугарска територија во Србија, бугарските сознанија оделе во правец на тоа дека такви вооружени чети се подготвувале на српска територија, со цел да се прикаже пред меѓународната јавност дека истите доаѓале од Бугарија. На тој начин властите во Белград, според Цанков, сакале да ја оправдаат евентуалната окупација на дел од бугарската државна територија. Заканите од воени дејствија на војската на Кралството на СХС против Бугарија веќе се чувствувале со самото тоа што покрај војска, во реонот на Босилеград се утврдувале српски четници под водството на Коста Пеќанец, како и федералистите на Григор Циклев кои преминале во српска служба и имале задача да оперираат во Ќустендилско.[89] Бугарската официјална политика повторно се оградила од било какво навлегување на вооружени чети од нејзината територија и од своја страна сметала дека концентрирањето на огромна воена сила од српска страна немало никакво реално оправдување.[90] Дека заканите за вооружен судир имале реална основа сведочел и разговорот помеѓу еден бугарски пограничен офицер со командантот на третиот српски пешадиски полк кој му кажал дека и "најмалиот напад од страна на комитациите, дури и во Македонија, ќе биде предизвик за окупирање на југозападна Бугарија, вклучително и Софија".[91]

По повод српско-бугарскиот конфликт околу македонското четничко прашање, Бугарија на 16 септември преку својот пратеник во Рим, Радев, побарала помош и од водачот на фашистичка Италија-Мусолини. Откако бугарскиот дипломат му ја објаснил моменталната состојба во врска со тој проблем, Мусолини ветил дека ќе и помогне на Бугарија во спорот со Кралството на СХС околу овој дел од македонското прашање. Тој му ветил на бугарскиот дипломат дека и покрај неповолните италијанско-англиски односи ќе испрати телеграма во Лондон за да се предизвика една колективна постапка по однос на прашањето што ги оптоварувало српско-бугарските односи. Исто така Мусолини му укажал на Радев дека бил запознаен од блиску со

---

[89] Ibid, Шифрована телеграма отъ Министерството на външните работи-София вхн.59, стр.22.

[90] Ib., 22а.

[91] Ib., вхн.60, стр.23.

затегнатите односи меѓу Кралството на СХС и Бугарија, истакнувајќи ги неговите сознанија дека во еден од пограничните реони кон Бугарија властите во Белград стационирале околу 15 000 војници.[92]

За состојбата на српско-бугарската граница, претежно во делот кон Македонија била известена и Унгарија од страна на бугарското дипломатско претставништво во Будимпешта. Заплашувањата од властите на Кралството на СХС упатени до Бугарија во врска со прашањето на четите во Унгарија исто така било пречекано со голема вознемиреност при што тамошните весници известувале за затегнатата положба на границата. Од бугарска страна се барала поддршка за проблемот и кај унгарските власти.[93]

На 18 септември 1923 година претседателот на бугарската влада Александар Цанков преку телеграма испратил нови вознемирувачки вести до дипломатското претставништво во Женева во врска со алармантната состојба на бугарско-српската граница. Според разузнавачки податоци од бугарските погранични власти во градот Босилеград на територија на Кралството на СХС биле сместени два пешадиски полка на војска, 36 машински пушки, 16 артилериски орудија, четири ескадрони, додека во местото Власина имало 7 авиони од кои еден на 17 септември го надлетувал градот Ќустендил на бугарска територија. Големи воени единици на Кралството биле сместени и во Крива Паланка. Според бугарски сознанија, српските војници зборувале дека "ќе навлезат во Бугарија да ловат комити".[94] Во Босилеградско еден од командирите на полкови им држел говор на војниците во кој истакнал дека на 17 септември во Бугарија требало да избие револуција и дека нивната задача била да ја задушат и да ја окупираат бугарската државна територија што било однапред испланирано.[95]

По повод испратената нота од бугарската влада до Кралството на СХС, а во врска со затегнатите односи меѓу двете држави, Цанков добил писмен одговор од ополномоштениот министер на троимената држава со констатација дека се отфрлувало како неосновано бугарското тврдење за создавање на чети

[92] Ib., Шифрована телеграма отъ легацията-Римъ вх.61, стр.24-24а.
[93] Ib., Шифрована телеграма отъ легацията-Будапеща вх.65, стр.27.
[94] ЦДА, фонд 176, оп.21, а.е.2316, Шифрована телеграма отъ Министерството на външните работи-София вх.69, стр.31.
[95] Ibidem.

на српска територија. На 19 септември пристигнала уште една нота од властите на Кралството на СХС до претседателот на бугарската влада во која се истакнувало дека војската што била донесена на границата имала за задача само да ја заштитува нивната територија од евентуален напад на "комитаџиски чети" и тие како такви немале никаков агресивен карактер.[96]

За намалување на тензиите меѓу двете држави по однос на прашањето на комитските чети, Бугарија презела мерки и преку својот дипломатски претставник во Белград, Вакарелски. Тој се обидел да оствари средба со претседателот на владата на Кралството на СХС, Никола Пашиќ, но до неа не дошло. Бугарскиот дипломат успеал да се сретне со министерот за надворешни работи Гавриловиќ, кој во разговорот му предочил дека засилувањето на пограничната војска се вршело заради претпазливост и тоа немало агресивен карактер. Од српска страна на Вакарелски му биле дадени уверувања дека одредени ситни погранични инциденти немало да послужат како повод за вооружен напад врз територијата на Бугарија. Доколку од страна на бугарската власт се преземеле мерки против "движењето на **Македонците**", на таквиот чин со најголема симпатија ќе се гледало во Белград и тоа требало да послужи како повод за едно поголемо разбирање.[97] И покрај ваквите декларативни смирувачки пораки од властите на Кралството, фактичката состојба на теренот се влошувала. Продолжило концентрирањето на српска војска во регионите кон бугарската граница, а се слушале гласини за прегрупирање на поголем број поранешни бугарски функционери од земјоделската влада во Кралството на СХС, како и тоа дека српски четници на чело со Коста Пеќанец оперирале во некои погранични села на бугарска територија.[98]

Септемвриското востание на БКП во Бугарија исто така било искористено од двете држави за да биде доведено во корелација со четничките акции на ВМРО. За таа цел бугарскиот дипломатски претставник во Париз, Морфов, се обидел да ја запознае и француската јавност со настаните што се случувале во неговата земја. Според него, комунистите во Бугарија,

---

[96] Ibid, ВХН.73, стр.34.

[97] ЦДА, фонд 176, оп.21, а.е.2316, Шифрована телеграма отъ Легацията-Белградъ вхн.75, стр.35.

[98] Ibidem.

поттикнати од Советскиот Сојуз се обиделе да извршат државен превrat на 16 септември 1923 година и за да добијат поддршка тие распространиле гласини дека во тоа време се подготвувала "**македонска акција** против Србите".[99] Морфов им објаснил на француските државни власти дека Бугарија немала намера со никакви постапки да ја предизвикува Србија односно Кралството на СХС и дека ќе бидат преземени сите соодветни мерки да се спречи било какви чети да ја преминуваат границата. Бугарскиот дипломатски претставник во Франција уште ја истакнал и опасноста од победата на комунизмот во Бугарија, а за да биде дополнително влошена состојбата во државата, голем придонес давала и бројната српска војска на границата која претставувала поттикнувачки фактор за антивладините елементи во бугарската држава. Претставниците на Франција гарантирале дека со сигурност војската на Кралството на СХС нема да навлезе во Бугарија, ако **македонски чети** не се појавеле во Вардарска Македонија под српска власт. Франција се обидувала искрено да верува во декларацијата на бугарската влада за добри односи со Кралството на СХС, но исто така им верувала и на српските информации за постоење на македонски чети кои Бугарија не можела да ги уништи. Затоа Франција барем декларативно инсистирала спорот по ова прашање да се реши меѓу владите на двете држави и не била согласна со предлогот на Бугарија да побара помош од Друштвото на Народите.[100]

Во тие критични мигови кои можеле да доведат до војна помеѓу Кралството на СХС и Бугарија околу состојбите поврзани со македонското прашање, најактивен во дипломатските преговори за надминување на кризата бил бугарскиот ополномоштен претставник во Белград. На 20 септември 1923 година Вакарелски ја известил бугарската влада за тоа дека приврзаниците на соборениот земјоделски режим од Бугарија што се наоѓале во Кралството на СХС се надевале дека комунистичкото востание ќе ја симне владата на Цанков и според нивните планови тоа требало да се случи на 25 септември. Во врска со влошените односи меѓу двете држави, јавното мислење во Белград и останатиот дел од државата очекувале да продолжат преговорите за остварување на одредбите од Нишката спогодба, која била склучена најмногу

---

99 Ibid, Шифрована телеграма отъ Легацията-Парижъ вхн.79, стр.36.
100 Ib., 36.

за да го реши проблемот со четничките акции на ВМРО. Во тие денови, според Вакарелски се очекувало да се отвори расправа за бугарско-српските односи во Народната Скупштина. Тоа се наметнало како потреба поради барањата на јавното мислење и на опозицијата, владата да го објасни концентрирањето на војска на границата со Бугарија и прекумерната тревога што во државата се создала поради граничните вооружени инциденти и упадот на вооружени чети на ВМРО.[101]

На 21 септември 1923 година, бугарскиот дипломатски претставник во Рим, Радев, испратил известување до претставништвото во Женева за францускиот став по спорот меѓу Бугарија и Кралството на СХС, а кој му бил пренесен од италијанските власти. Според него бидејќи и двете страни меѓусебно се обвинувале за влошувањето на меѓудржавните односи, потребно било бугарската власт да даде доказ дека таа ќе се придржува кон одредбите од Нишката спогодба. Во Србија односно Кралството на СХС, според францускиот став, постоело мислење дека Италија ја подржувала Бугарија во нејзиниот конфликт против Кралството на СХС и дека од своја страна Бугарија се обидувала да го искористи судирот помеѓу Кралството на СХС и Италија околу некои нерешени територијални прашања. Затоа за да се отстранат сите сомневања се наметнувала потребата и двете страни да се придржуваат кон принципите и начелата од Нишката спогодба. Бугарскиот дипломат Радев во телеграмата го истакнал ставот на официјалната италијанска државна политика дека во сите овие настани поврзани со граничните инциденти и македонското четничко прашање, Бугарија можела да смета на подршката на владата во Рим. Од италијанска страна сепак и било укажано на Бугарија дека поради фактот што претходниот бугарски премиер Стамболиски ја регистрирал Нишката спогодба во органите на Друштвото на Народите, таа како држава тешко можела да се откаже од нејзините одредби.[102]

Истиот ден, на 21 септември, француските весници цитирале дел од изјавите на бугарскиот премиер Цанков кои се однесувале на затегнатите

---

[101] ЦДА, фонд 176, оп.21, а.е.2316, Шифрована телеграма отъ Легацията-Белградъ вхн.80, стр.37.

[102] Ibidem, Шифрована телеграма отъ Легацията-Римъ вхн.86, стр.39-40.

односи помеѓу Бугарија и Кралството на СХС околу статусот на Македонија. Според изјавите, Цанков признавал дека Вардарска Македонија веќе претставувала српска провинција и затоа се што барала Бугарија било во тој дел од Македонија да се спроведува законот за заштита на малцинствата кој бил одреден со потпишаните договори за мир. Тоа, според бугарскиот премиер Цанков претставувало услов за пријателски односи помеѓу неговата држава и Кралството на СХС. Претседателот на бугарската влада исто така потенцирал дека останувал на неговото тврдење според кое македонската организација ВМРО не учествувала во јунскиот државен преврат во Бугарија и воопшто не се мешала во внатрешните работи на владата и државата. Александар Цанков за француските весници изјавил и дека од моментот кога тој станал претседател на владата ниту една чета на ВМРО ја немала преминато српско-бугарската граница во делот кон Македонија.[103] Со тоа бугарската влада поради нејзината инфериорна позиција кон Кралството на СХС се обидувала да ги нормализира односите со западниот сосед што од своја страна значело дека македонското прашање привремено треба да го изгуби своето примарно значење.

Во месец септември 1923 година, односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија биле доведени до најголем степен на усвитеност и тоа повторно поради судирот на интересите околу македонското прашање. Меѓутоа овојпат кризата се заканувала да премине во директен воен судир што можел да предизвика сериозно нарушување на границите помеѓу балканските држави што биле востановени во Версај 1919 година. Звецкањето со оружје во граничниот регион кон Македонија ги алармирало и владите на големите сили кои биле сојузници на Бугарија и Кралството на СХС. Официјална Софија добила директна дипломатска подршка од фашистичка Италија која била ревизионистички расположена кон границите на Кралството на СХС. Од друга страна Србија како најглавна компонента на троименото Кралство ја добила помошта од своите традиционални сојузници Франција и Англија. Во една таква констелација на силите започнало дипломатско-воено надмудрување и тактизирање околу прашањето на навлегувањето на четите на ВМРО во Вардарска Македонија. Сложената ситуација во крајграничниот регион каде

[103] К. Палешутски, *Македонският въпрос*...op.cit., 140.

бугарско-српската гранична линија ја делела етногеографската карта на Македонија, секојдневно се менувала од попуштање на затегнатоста до состојба на вооружен судир. Играта на нерви била придружена од постојаните преписки, ноти и писмени закани помеѓу двете влади во кои се нагласувало македонското прашање и се барале форми за неговото решавање, особено на сегментот со четите на ВМРО. По септемврискoто комунистичко востание во Бугарија, дипломатијата на големите европски сили се насочила уште поинтензивно кон надминувањето на кризата во односите помеѓу Белград и Софија. Кон крајот на септември 1923 година, барем привремено била надмината воената криза, пред се благодарение на превентивните дипломатски мерки на Франција, Англија и Италија. Надмудрувањата околу македонското прашање пак се префрлиле на дипломатско ниво и во заткулисните игри на Кралството на СХС и Бугарија.

## 2.2. Македонското прашање во југословенско-бугарските односи во втората половина на 1923 година

По падот на земјоделската влада на бугарскиот премиер Александар Стамболиски кој покажувал интерес да ги подобри односите со Кралството на СХС, настапил еден период што се заканувал дека ќе предизвика повторно влошување на истите. Во Бугарија на власт дошле крупно граѓански партии со помош на воената организација во државата и на чело на владата бил поставен професорот Александар Цанков. Во Кралството на СХС, власта се наоѓала во рацете на големосрпските партии, Радикалната и Демократската, а на чело на владата се наоѓал Никола Пашиќ- застапник на централизмот и српската доминација во троимената држава. Ваквите околности во двете држави повторно на површина го покажале македонското прашање кое постојано претставувало проблем околу кој се судирале интересите на Бугарија и Кралството на СХС. Тоа се случило од причина што со промената на власта во Бугарија повторно се засилило навлегувањето на комитските чети на ВМРО од нејзина територија на таа на Кралството, претежно во Вардарска Македонија. Македонското прашање повторно станало главна тема во меѓусебните односи на Бугарија и Кралството на СХС.

Политичките кругови во Белград особено стравувале дека повторно ќе биде возобновена организациската мрежа на ВМРО во Пиринска Македонија како компензација за нејзиното учество во 9-то јунскиот преврат. Во однос на прашањето за комитските чети на ВМРО, во септември 1923 година била надмината една тешка криза која можела да предизвика војна со несогледиви последици. Новата бугарска власт на почетокот од нејзиниот мандат навистина водела попустлива политика во однос на ВМРО и го толерирала нејзиното дејствување. Таквата состојба ја констатирале и дипломатските претставници на големите сили во Бугарија кои со насилната промена на власта во Софија очекувале влошување на нејзините односи со Кралството на СХС. Британскиот дипломатски претставник во Софија, Ерскин, веднаш забележал дека по превратот во Бугарија биле повлечени сите воено-полициски сили од Пиринска Македонија, со што организацијата ВМРО повторно имала можност за непречено дејствување. Сепак бугарскиот министер за надворешни работи Калфов ги уверувал странските дипломати дека ВМРО не се мешала во внатрешните политички работи на Бугарија и дека тоа не би можело да биде причина за влошување на односите со Кралството на СХС. Тој дури тврдел дека "поради своите добри односи со Македонците може да влијае на нив да ја изменат својата политика кон Југославија".[104] Таквите констатации на бугарскиот министер за надворешни работи не можеле да ја разубедат владата во Белград дека била избегната претстојната опасност по територијалниот суверенитет врз Вардарска Македонија од страна на четите на ВМРО.

За српските владеачки кругови особено значаен сегмент од овој дел на Македонија била Вардарската долина која и понатаму претставувала неопходен географски простор за неизживеаните планови за излез на Егејското море. Министерот за надворешни работи на Кралството на СХС, Момчило Нинчиќ, околу тоа прашање, по државниот преврат во Бугарија, ги отфрлил барањата на опозиционите партии во Народната Скупштина за цврсти гаранции на српскиот суверенитет врз Вардарска Македонија, потврдени од бугарската страна. Нинчиќ тоа го сторил затоа што воопшто не сакал да разговара за српското владеење со Вардарска Македонија и тоа да го

[104] Ž. Avramovski, *Makedonsko pitanje u jugoslovensko-bugarskim odnosima od 1918 do 1925 godine.* Op. cit.,167.

постави како приоритет во разговорите со новата бугарска влада. Прашањето за тој дел на Македонија, министерот за надворешни работи го сметал за завршена работа, со напомена дека границите на Кралството на СХС, согласно меѓународните договори, биле непроменливи. Околу таа изјава српскиот државен функционер веднаш се демантирал кога истакнал дека Вардарската долина за Србите била позначајна и од самата територија на Кралството Србија поради тоа што државата тежнеела за излез на Егејското море. Затоа владата во Белград по секоја цена настојувала да ја задржи територијата на Македонија.[105]

Наскоро по ваквите изјави дошло до значително влошување на односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија. Состојбата ескалирала до степен на вооружен судир. Предвоената атмосфера ја подгревале и извештаите на српските безбедносни служби од Бугарија кои известувале за голема мобилизација во државата што не била во согласност со одредбите од мировните договори што ги потпишала владата во Софија. Извештаите од Бугарија исто така алармирале и за кадровски промени во армијата при што се заменувал старешинскиот состав лојален на Стамболиски со офицери кои учествувале во 9-то јунскиот преврат. Од сите тие настани, владата на Кралството на СХС најмногу била засегната од огромното количество на оружје што започнало да им се доделува на приврзаниците на новата бугарска влада на Александар Цанков. Антибугарското расположение во Кралството на СХС се поттикнувало и со сознанијата дека гарнизоните на бугарската војска што порано учествувале во прогонувањето на четите на ВМРО, сега биле повлечени од теренот на Пиринска Македонија и вратени во своите касарни.[106] Бугарскиот премиер Цанков се обидувал да ја увери владата во Белград во своите пријателски намери со тоа што го забранил излегувањето од печат на весниците на македонската емиграција ,"Независна Македонија" и "Илинден", но од српска страна тоа било протолкувано како обид за пресметка со противниците на Тодор Александров, внатре во македонското револуционерно движење.[107] Таквиот развој на настаните во Бугарија и

[105] Ibidem, 168.
[106] Desanka Todorovic, *Jugoslovensko-bugarski odnosi u drugoj polovini 1923.*(Kriza u septembru), op. cit.,.181.
[107] Ibidem.

односот на владата на Цанков кон македонските емигрантски организации не претставувал само одговор на барањата на официјален Белград, туку и обид на владата во Софија да отстрани дел од тие организации. Особено мерките биле насочени против Илинденската организација, но и ВМРО, чии раководни личности започнале да доаѓаат во судир со ставот на бугарската влада по македонското прашање. Во суштина, загриженоста на владата на Кралството на СХС околу нејзините државни граници не доаѓала од насилната промена на власта во Бугарија, туку од повторното засилување на организацијата ВМРО. Особено опасноста по уставниот поредок на Кралството на СХС доаѓала од се почестите најави дека оваа македонска организација ќе го замени лозунгот за автономија со политичкиот концепт за независност на Македонија. Тоа значело дека напоредно со градењето "држава во држава" во Пиринска Македонија, ВМРО се подготвувала да ја отцепи територијата на Вардарска Македонија од српска власт и тоа "преку методи на герилска војна".[108]

Меѓусебната кампања на взаемни обвинувања продолжила и во наредните денови и месеци при што македонското прашање добивало се поголема актуелност. Во почетокот на август 1923 година, македонските емигрантски организации во Софија, во чест на годишнината на Илинденското востание одржале голема манифестација на која учествувале неколку илјади Македонци во бугарскиот главен град. Владата на Кралството на СХС таквиот чин го отценила како бугарска подршка на ревизионистичката политика на македонските емигранти кон Вардарска Македонија под српска власт. Министерот за надворешни работи Момчило Нинчиќ бил уште попрецизен и пред меѓународната јавност истакнал дека "илинденските манифестации на Македонците ги сметаме како предизвикување и спротивни на Нишката спогодба и миролубивите уверувања на претседателот на бугарската влада и министерот за надворешни работи во духот на таа спогодба...".[109] Тие настани

---

[108] Штефан Троебст, *ВМРО+ 100=ПЈРМ*? Зборник Македонската историска наука-достигнувања и проблеми, Прилози од научниот собир одржан во Скопје на 17-19 ноември 1998 година, Скопје, 2000, стр.135.

[109] D. Todorovic, *Jugoslovensko-bugarski odnosi*...cit.,182/183; Прославувањето на 20 годишнината од Илинденското востание 1903 година било широко прифатено од големата македонска емиграција во Бугарија. Манифестации со таква содржина имало во сите бугарски градови, а Илинденската организација била еден од главните носители на тие активности. Владата на Кралството на СХС, прославата на Илинден ја сметала како непријателска чин и обид на Бугарија, преку македонските организации да побара ревизија на европските версајски

претставувале вовед во кризата што настанала во септември и која успешно била надмината благодарение на интервенцијата на големите сили кои во тој момент се залагале за неменување на границите воспоставени во Версај 1919 година.

По привидното завршување на напрегнатата предвоена состојба во септември 1923 година, кон крајот на годината повторно се случил еден настан што се заканувал да предизвика ново радикализирање на состојбите во релациите меѓу двете држави. Имено, во декември 1923 година претседателот на бугарската влада Александар Цанков во Народното собрание отворено го поставил прашањето за граѓанските права на "бугарското население" во Македонија под српска власт. На таквото бугарско барање, министерот за надворешни работи на Кралството на СХС, Момчило Нинчиќ, во Народната Скупштина во Белград ја обвинил владата во Софија за обид за нарушување на Нејскиот мировен договор.[110] Поради тоа, состојбата помеѓу двете држави се влошила до тој степен што во тој временски период било тешко воопшто и легално да се помине границата помеѓу Кралството на СХС и Бугарија. Поради спорот околу овој сегмент од македонското прашање, најмногу на удар се нашле Македонците и од двете држави, кои многу тешко добивале документи за легален премин на границата, бидејќи биле третирани, претежно од српска страна, за припадници на комитските чети на ВМРО. Заради ваквиот однос на властите на Кралството на СХС, реагирале македонските емигранти во Бугарија пред соодветните бугарски државни органи. По повод жалбите и поплаките заради тешкотиите со визирање на пасошите на Македонците од Кралството на СХС што сакале да патуваат во Бугарија, еден дел од македонските емигранти во Бугарија барале од соодветните министерства да реагираат на процедурата за визирање на пасошите во бугарското дипломатско претставништво во Белград. И бидејќи немало бугарско претставништво во Скопје, дел од македонските емигранти во Бугарија барале да се изнајде поповолен начин за регулирање на таа постапка за да не се, како

граници. Прославата на годишнината од Илинденското востание, Македонците во Бугарија ја искористиле како можност да се посочи нерешеното македонско прашање пред меѓународната јавност.

[110] *История на Българите, българската дипломация от древността до наши дни*, том IV, София, 2003, стр.373.

што се велело, "огорчува нивното народно бугарско чувство при стапувањето на територијата на Царството (Бугарија, н.ж.)".[111] Тие се жалеле дека српските власти им ја отежнувале постапката за визирање на пасошите на нивните сонародници од другата страна на границата, при што покрај вообичаената такса биле принудени да се служат и со поткуп. Ако и на таков начин не се успеало тогаш биле принудени да ги испраќаат пасошите на визирање во бугарското дипломатско претставништво во Белград. Но таквиот чин, "испраќање писмо од **македонец** (во оригиналот стои така, н.ж.) до Бугарската Легација во Белград е повеќе од ерес и престап кон Српската Држава. Заради тоа, освен што никој **македонец**, особено бугарин, не ќе го направи тоа, и ако некој би се решил да го испрати пасошот до Бугарската Легација во Белград, ќе си навлече некоја несреќа".[112] Имајќи го предвид тоа овој дел од македонската емиграција барал визата на пасошите на Македонци да им се дава на бугарската граница од страна на бугарските власти.[113]

До крајот на 1923 година, македонското прашање повторно било ставено на дипломатска маса, така што и Бугарија и Кралството на СХС се обидувале да претставаат свои "аргументи" во корист на докажувањето на нивните каузи во Македонија. Српските државно-политички фактори се обидувале да го негираат постоењето на ова прашање од национална и државна гледна точка, а дури и како географски поим не го употребувале името Македонија за најјужниот дел од Кралството на СХС. Официјалната бугарска политика во овој период се вратила на познатите тези и барала давање на "малцински" права на "бугарското население" во Вардарска Македонија. Сепак значајно обележје за македонското прашање кон крајот на 1923 година бил фактот што се избегнала неговата воена разрешница што се заканувала да го дестабилизира кревкиот мир на Балканскиот полуостров.

---

[111] ЦДА, фонд 176, оп.9, а.е.3279, До Господина Министра на Външните Работи и Изповеданията(консулско отделение)вхн.4026, стр.2.

[112] ЦДА, фонд 176, оп.9, а.е.3279, До Господина Министра на Външните Работи и на Изповеданията(консулско отделение)вхн.4895, стр.1.

[113] Ibidem.

## 2.3. Македонското прашање во југословенско-бугарските односи во 1924 година

По драматичниот развој на настаните есента 1923 година што се заканувале да предизвикаат војна меѓу двете држави, во почетокот на 1924 година состојбата варирала во зависност од степенот на поставувањето на македонското прашање. Во јануари 1924 година, во Бугарија се позачестено се слушале гласини дека ВМРО на Тодор Александров подготвува големо востание во Македонија и поради опасноста од евентуална интервенција на Романија во полза на Кралството на СХС, се подготвувало исто такво востание и во областа Добруџа.[114] Поради таквиот развој на настаните бугарската влада се обидувала да ги негира овие информации и преземала постапки кои имале за цел да ги подобрат односите меѓу двете соседни балкански држави. Во тој контекст била и телеграмата од министерот за надворешни работи Калфов испратена до бугарското дипломатско претставништво во Париз на 19 февруари 1924 година. Во неа Калфов го потенцирал решението на бугарската влада за развивање на добрососедски односи со Кралството на СХС и нејзиното уверување дека ќе дојде до зближување на двете држави. Бугарската влада на Александар Цанков, според него, уште со преземањето на власта во свои раце работела во таа насока.

Таа политика на зближување меѓу двете држави добила подршка од бугарскиот народ, но исто така, според министерот за надворешни работи, била одобрена и усвоена и од бугарското народно собрание.[115] Заради подобрување на односите меѓу двете држави, бугарската влада вложила напор да го уреди и прашањето со реквизицијата што и се наметнало на Бугарија како обврска по завршувањето на Првата светска војна. Исто така за да се избегнат било какви погранични инциденти, од страна на бугарската влада биле издадени строги наредби за заштита на српско-бугарската граница и прочистување на пограничните реони во согласност со Нишката спогодба. Ваквите мерки и биле соопштени и на дипломатските претставници на Кралството на СХС во Париз. Во тој правец бугарската влада презела строги

---

[114] *Историја на Българиūе*...op.cit., 373.

[115] ЦДА, фонд 369, оп.1, а.е.758, Шифрована телеграма отъ г.Министъръ Калфовъ за Българската Легация въ Парижъ изх.н.70-вх.н.149, стр.3.

мерки и против некои елементи кои под плаштот на разни патриотски организации се обидувале да собираат пари од населението во Бугарија. Меѓутоа, и покрај сите овие постапки на бугарската влада, од официјален Белград не доаѓале позитивни одгласи. Според министерот Калфов, наместо да се дојде до подобрување на односите меѓу двете соседни држави, ситните постапки на некои неодговорни лица во Бугарија, се користеле од српска страна да се создаде една напната состојба во меѓудржавните односи. И покрај сето тоа бугарската влада на Цанков се надевала дека нејзините постапки правилно ќе бидат сфатени од владата на Кралството на СХС, во што се очекувало придонес да дадат и владите на големите сили.[116] Сепак, владата во Софија не криела дека и во Бугарија постоеле сили кои не се согласувале со подобрување на односите со Кралството на СХС, но министерот Калфов изјавувал дека со нив можеле да се справат. Меѓутоа, такви сили, според Калфов, постоеле и во Кралството, а тоа биле пребеганите од Бугарија земјоделци (приврзаници на поранешниот бугарски премиер Стамболиски, н.ж.) и комунисти коишто невознемирувани од властите го попречувале зближувањето на двете држави, при што се подготвувале да предизвикаат и погранични инциденти. Бугарскиот министер за надворешни работи, Калфов изразил оптимизам дека ќе дојде до надминување на сите пречки и односите меѓу двете држави ќе се нормализираат.[117]

На ваквите напори на Бугарија за нормализирање на односите со Кралството на СХС по однос на Македонија реагирал официјален Белград кој сметал дека таквите постапки биле неискрени, бидејќи по однос на македонското прашање, бугарските политичари давале двосмислени изјави. Така на споменувањето на прашањето за "бугарска Македонија" од страна на претседателот на владата Александар Цанков, бурно настапил министерот Нинчиќ кој испровоциран од самото употребување на името Македонија изјавил дека Македонија не постои, но постои Јужна Србија која била "колевка и средиште на нашата стара држава".[118] Во врска со ваквиот потег на бугарскиот премиер Цанков, белградската влада испратила и ноти до владите

[116] Ibidem, 3-3а.
[117] Ibid, 3а.
[118] Vladan Jovanović, *Jugoslovenska drzava i Juzna Srbija*...cit.,154.

на големите сили, а својата загриженост ја изразил и српскиот крал Александар Караѓорѓевиќ кој на францускиот дипломатски претставник во Белград му се обратил метафорично со најава дека тој "како добар забар ќе влезе во Бугарија и ќе ги ликвидира комитите".[119] Токму во врска со комитскиот проблем во 1924 година, владата на Кралството на СХС имала подготвено план за негово целосно решавање, но поради невнимателноста на нејзиниот дипломатски претставник во Париз, планот бил обелоденет и пропаднал.[120]

И покрај обидите за нормализирање на односите меѓу Бугарија и Кралството, во почетните месеци на 1924 година нивниот интензитет варирал и тоа во моментите кога на било каков начин повторно се споменувало македонското прашање. На 20 февруари 1924 година таква информација до бугарските дипломатски пратеништва во Париз, Лондон и Рим испратил министерот за надворешни работи Калфов. Според неговите сознанија, српската дипломатија си поставила за задача да ја претстави состојбата во Бугарија како многу несигурна. Таа пред европското јавно мислење го истакнувала податокот дека "**Македонските Организации** биле семоќни и отворено подготвувале на пролет една вооружена акција против соседното Кралство, а Владата (бугарската, н.ж.), било зошто не сакала, било зошто не можела, не им се спротивставувала".[121] Бугарската власт ги негирала таквите изјави на српските власти и потсетувала дека такви гласини од Кралството и претходно биле распространувани, но сепак ништо драматично не се случувало, а таков мир на границата се предвидувал и во текот на 1924 година. Спротивно на ова, во Бугарија постоело убедување дека владата на Кралството на СХС подготвувала некаква акција против бугарскиот државен суверенитет. Затоа бугарската влада изјавувала дека ќе ги преземе сите можни мерки за да се спречи повод за преземање на вооружена акција од страна на воените сили на Кралството на СХС, заради што министерот Калфов барал и од бугарските дипломатски преставништва во Европа да испратат

119 Ibidem, 155.
120 Ibid.
121 ЦДА, фонд 369, Шифрована телеграма отъ г.Министъръ Калфовъ за Българските Легации въ Парижъ, Лондонъ и Римъ изх.н.71, стр.4.

помирителни сигнали до Белград.[122] Токму во таа насока биле конкретните мерки што бугарската влада во месец март 1924 година ги презела против организациската мрежа на ВМРО. Во почетокот на март по преземените акции бугарската власт уапсила над 300 припадници на оваа македонска организација. На 3 март владата на Александар Цанков со вербална нота ја известила владата на Кралството на СХС за преземените акции против ВМРО, но не го постигнала посакуваниот ефект среде државно-политичките фактори во Белград. Српскиот полномошен пратеник во Софија, Милан Ракиќ дури и ја обвинил бугарската влада дека во апсењата на членовите на ВМРО таа задржала второстепени лица и дека всушност целата акција претставувала обична фарса.[123] По овие настани кризата во односите помеѓу Бугарија и Кралството на СХС не била надмината, иако релациите меѓу ВМРО и владата на Цанков значително се влошиле.[124]

Во пролетта 1924 година македонското прашање и покрај сите обиди на Белград и Софија за нормализирање на состојбата и понатаму ги оптоварувало односите меѓу двете држави. Затоа по иницијатива и на двете влади започнале државнички контакти на се повисоко ниво. Така во март 1924 година, Милан Ракиќ го посетил претседателот на бугарската влада Александар Цанков. Бугарскиот премиер имал многу високо мислење за српскиот дипломат Ракиќ, кого го сметал за добар политичар и пријателски расположен кон Бугарија, иако на таа средба доаѓал од името на официјалната надворешна политика на Кралството на СХС. Цанков имал таков позитивен став кон Милан Ракиќ и поради тоа што последниот покажал голема воздржаност во првите денови по извршувањето на 9-то јунскиот преврат во Бугарија, со единствената забелешка на искусниот српски дипломат дека новата бугарска влада требала

[122] Ibid.

[123] Под притисок на владата на Кралството на СХС и големите сили, бугарската влада решила да преземе апсења против членови на ВМРО. Кон крајот на февруари и почетокот на март 1924 година, министерот Русев испратил наредба до окружните управители на Петрич, Ќустендил и Софија во која потенцирал да се уапсат сите сомнителни "македонствујушчи" за кои се сметало дека можат да го загрозат уставниот поредок на Бугарија и Кралството на СХС. Таквите апсења биле навистина преземени при што биле лишени од слобода второстепени и третостепени членови на ВМРО, за што со нота било известено и Кралството на СХС. Тодор Александров и Александар Протоѓеров се наоѓале во Софија и не биле преземени мерки против нив од страна на бугарската полиција. На 10 март 1924 година, ЦК на ВМРО испратила протест кон претседателот на бугарската влада по повод апсењата на нејзиното членство.

[124] *Историја на Българите*...op.cit., 373/374.

да се дистанцира од ВМРО кон која не само официјална Србија, но и српскиот народ биле непријателски расположени.[125] Како и да е, во разговорот Ракиќ го предупредил претседателот на бугарската влада дека официјален Белград имал сознанија за префрлување на чети од страна на ВМРО во Македонија под српска власт. Во таков случај Кралството на СХС според српскиот дипломатски претставник во Софија било принудено да се вмеша во внатрешните работи на Бугарија. На таквите предупредувања Александар Цанков одговорил со уверување дека бугарската влада нема да дозволи преминување на границата на било какви чети и го замолил Ракиќ да ја информира владата во Белград дека ќе бидат преземени сите неопходни мерки во тој правец. Веднаш по разговорот со Милан Ракиќ, претседателот на бугарската влада Цанков го повикал кај себе водачот на ВМРО, Тодор Александров и го известил за неговите одговори по однос на четничкото прашање. Од Александров добил дипломатски одговор и уверување дека ВМРО нема да преземе никаква авантура со четнички вооружени акции.[126]

Во мај 1924 година дошло до извесно подобрување на односите меѓу Кралството на СХС и Бугарија поради посмирените разговори што се воделе околу решавањето на македонското прашање. Тогаш била остварена кратка средба помеѓу бугарскиот ополномоштен министер во Белград и претседателот на владата на Кралството на СХС, Љуба Давидовиќ, кој многу кратко време се задржал на премиерската позиција. И покрај недостатокот на време поради големите обврски на Давидовиќ и особено сложената внатрешна состојба во Кралството, двајцата политичари отвориле дискусија за односите меѓу двете држави и посебно за тековните проблеми што ги оптоварувале тие односи. Во разговорот, бугарскиот дипломатски претставник истакнал дека пограничните стражи на српско-бугарската граница се засилувале со доброволци за да можело да се обезбеди поефикасно нејзино обезбедување. Сепак тој му предочил на претседателот на владата на Кралството дека и покрај сите безбедносни мерки, возможно било поединечно преминување на границата од четници на ВМРО. Во врска со тоа бугарскиот дипломат го замолил премиерот Давидовиќ на таа, како што ја нарекол, непријатност, да

[125] Александър Цанков, *България в бурно време-спомени,* 1998, стр.198.
[126] Ibidem, 199.

гледа пошироко и да се "подзаборави **Македонија** и да се работи за повисок и по општ идеал".[127] Од двете страни исто така била изразена надеж дека за македонскиот проблем ќе се сретнат и разговараат и министрите за надворешни работи, Маринковиќ и Калфов, а таа средба требало да биде остварена во најблиско време во Женева. Од страна на бугарскиот дипломат како најсоодветно решение за тоа прашање на Давидовиќ му било посочена старата идеја за балканска федерација, идеа која би ги закопала надежите на сите деструктивни елементи во двете држави и според бугарското мислење, би овозможила меѓусебно зближување на Бугарија и на Кралството на СХС.[128]

Паралелно со дипломатските преговори што се воделе со Бугарија околу Македонија, владата во Белград се обидувала да направи една сериозна анализа за вистинските состојби на југот од државата. Затоа во Вардарска Македонија бил испратен еден владин чиновник кој по извршените испитувања во неколку сфери на живеењето, во мај 1924 година им доставил извештај на соодветните државни служби. Содржината на извештајот во најголем дел територијата на Вардарска Македонија ја дефинирала како подрачје каде се судирале интересите на српската и бугарската пропаганда. Според него ако реално се согледувале работите, моментално во тој временски период бугарската пропаганда имала поголем успех меѓу населението што се должело на силното влијание на бугарските училишта и црква во претходните години. Тоа, според ова тврдење, можело да се толкува како производ на бугарската пропаганда во Македонија по Балканските војни која не била сузбивана од соодветната пропаганда од Србија и семејните врски помеѓу Македонија и Бугарија што ги создавала огромната македонска емиграција во оваа балканска држава. Како пример за тоа можеле да послужат фотографиите од војници, службеници, трговци и офицери во секоја селска куќа во Македонија, а кои живееле и работеле во Бугарија.[129] Заклучно со тоа, констатирал владиниот повереник, не можело да се бара ништо повеќе освен таа "бугарофилска генерација" да биде лојална кон власта на Кралството на СХС

[127] ЦДА, фонд 369, оп.1, а.е.567, Поверително бр.1083, Господине Министре Председателю, стр.1.

[128] Ibidem, 2.

[129] Архив Србије и Црне Горе, фонд 334, кут.бр.8, а.е.28, Анкета у Јужној Србији, извештај бр.5-Становништво Јужне Србије. Хришћани, стр.125.

и да не врши влијание во тој правец врз помладите генерации. Авторот на оваа анкета барал од владата во Белград да преземе мерки за "посрбување" на овие "видни бугарофили" кои би можеле во тој момент да претставуваат важен столб за српската кауза во Вардарска Македонија. Во суштина поголемиот дел од тие "бугарофили", според српскиот анкетар, чувствувајќи ја цврстата власт на Кралството СХС, станувале неутрални, но со напомена дека нивните стари симпатии кон Бугарија можеле да се појават во некој погоден општествено-политички момент.[130]

Во врска со ова интересна е констатацијата на чиновникот од Белград кој реално согледал дека тие луѓе неможеле да се претворат во "добри српски патриоти" и затоа нетребало да им се замери, туку да се влијае што е можно повеќе да се приближат до институциите на државата за да тие увидат дека Србија се грижела за нив. Ваквите тези кај високиот српски владин функционер во однос на состојбите во "Јужна Србија" само го потврдуваат заклучокот дека официјален Белград во своите тајни извештаи признавал дека пропагандите-српската и бугарската, се најглавните мерки што влијаеле на обезличување на македонскиот етнички карактер на овој дел од Балканот. Како потврда на тоа е неговата препорака до српската влада дека "има уште многу да се стори во Македонија".[131]

За посебна опасност се сметала слабоста на државната власт која можела да предизвика намалување на довербата на Македонците во нејзините институции. Затоа цврсто се препорачувало на централната власт да ги амнестира само оние Македонци што насилно биле земани во бугарската администрација и војска во периодот 1915-1918 година, но не и тие што доброволно застанале на бугарска страна, а против српските интереси во Македонија. Во одредувањето на националната припадност на населението, авторот на анкетата дефинирал уште една категорија на луѓе-"бугараши" кои не биле во голем број, но во однос на своите ставови останале доследни "србофоби".[132] За оваа група на луѓе во Македонија, српскиот државен чиновник искажал голема недоверба и покрај фактот што еден дел од нив биле

[130] Ibidem, 126.
[131] Ibid.
[132] Ib., 127.

активни членови на режимските, Радикална и Демократска партија. За да биде конфузијата на детерминација на овие луѓе уште поголема на властите во Белград им се сугерирало дека не би требало да се има доверба "воопшто кога Македонци, бивши бугараши, приоѓаат кон политичките партии".[133]

Српскиот државен чиновник околу општата состојба во Вардарска Македонија ја критикувал владата во Белград која неколку години ја заборавила својата пропагандна активност во оваа "српска земја" и со тоа создала услови за развивање на антидржавна активност. Тој го цитирал мислењето на еден српски учител од околината на Берово кој му предочил дека државата со нејзиното неангажирање во образовниот процес, испуштила можност од создавање на нова "српска генерација". Меѓутоа и покрај таквиот развој на настаните, авторот на оваа анкета испратил оптимистички пораки до владата на Кралството на СХС и известувал дека дури и тие пробугарски определени генерации, во мнозинство се уште се"аморфни и почнуваат да се чувствуваат српски".[134] Услов за да се пробие српската пропаганда во Вардарска Македонија, според српскиот државен службеник, било отворањето на поголем број на училишта, донесување на учители и професори кои би работеле во полза на српската кауза и нивна поголема финансиска поткрепа која би ги поттикнала да останат и да работат во тие краишта на државата. Исто така во поглед на македонските студенти се барало да им се овозможи нивно полесно универзитетско образование на факултетите во државата, бидејќи во услови кога тие заминувале на западноевропските универзитети, постоела опасност да бидат подложни на бугарската пропаганда.

На 6 јуни 1924 година, овој српски чиновник близок до тогашната влада во Белград испратил уште еден извештај за состојбата во Македонија под српска власт. Тој, декларирајќи се како голем српски патриот, се чувствувал како повикан да и ја предочи на централната власт вистинската состојба во "Јужна Србија", со сите нејзини недостатоци и добри страни. Според него во однос на "националната политика" бил постигнат извесен напредок, особено во Брегалничката област како "најзагрозена област во Македонија".[135]

[133] Ibid, Анкета у Јужној Србији...op.cit., 128.
[134] Ib., 129.
[135] Ib.,159.

Меѓутоа, според составувачот на анкетата, тој постигнат напредок би бил сосема некорисен доколку не се надминеле слабостите на српската политика во овој дел од државата. Како најглавен проблем се посочувала партиската борба околу прашањето "да создаде од Македонците свои приврзаници, а не српски патриоти".[136] Токму таа партиска политика во државата, според анкетата, овозможила во тие краишта да се испратат неспособни чиновници кои успеале да отуѓат голем дел од македонското население од целите владата во Белград. Затоа се апелирало до најповиканите државни органи да се ангажираат околу тој сегмент од националната политика со што би се овозможило решавање на тие проблеми и Македонија би се претворила во "најубава и најбогата српска покраина". Во врска со македонското прашање, српскиот анкетар препорачувал обединување на сите политички сили во Кралството на СХС. Понатаму како втора мерка за зацврстување на српската власт во Македонија тој барал решителна административна реформа со која од служба би се отстраниле сите српски чиновници кои немале никакви познавања за општите состојби во тој дел од државата. За најприфатливо решение за решавање на сите тековни проблеми, овој српски чиновник предлагал создавање на една т.н. "Комисија за Јужна Србија" во која би влегле чиновници од сите министерства во владата, но под услов да имаат големи познавања за "македонската земја".[137] Членовите на оваа комисија требало да имаат постојани контакти со "Јужна Србија", а владата во Белград ќе имала широки овластувања околу нејзината работа и дејствување. Ваквите истражувања во Вардарска Македонија само и ги потврдувале сознанијата на српската влада дека таа има несигурни позиции во овој дел од Кралството на СХС.

Прашањето за Македонија со сите негови придружни елементи било поставено на дневен ред и во Народната Скупштина на Кралството на СХС во месец јуни 1924 година. Најпрвин, министерот за надворешни работи Момчило Нинчиќ им се спротивставил на тврдењата на пратеникот Маринковиќ дека во соседна Бугарија немало комунистички акции. Фактите, според министерот за надворешни работи, говореле дека по атентатот во катедралната црква во

[136] Ib.
[137] Ib., 161.

Софија постоела реална опасност за такви акции и на територијата на Кралството. Нинчиќ констатирал дека и покрај тоа, според убедувањето на властите во Белград, Бугарија немала потреба од зголемување на армијата. Министерот за надворешни работи на крајот од неговото излагање додал дека вистинската пречка за искреното пријателство меѓу двете држави се состоела во постоењето на **Македонската Организација**, која и понатаму ја користела бугарската територија за да подготвува вооружени напади на територијата на Кралството на СХС. Од друга страна, провладиниот весник "Политика" објавил вест во која тврдел дека Бугарија се стремела да се ослободи од задолженијата на договорот(веројатно Нишката спогодба, н.ж.) со Кралството на СХС и се подготвувала за реванш кон својот западен сосед со помош на поранешните сојузници.[138] И покрај тоа што комитските чети на ВМРО биле главен проблем околу кој се судирале интересите на двете држави, изјавите во некои весници само дополнително ја влошувале состојбата и кревкиот мир. За ваквиот развој на настаните сведочело и писмото што на 18 јули 1924 година било испратено до членот на ЦК на ВМРО, Александар Протоѓеров. Во писмото "Сабри" (псевдоним, н.ж.) го известил Протоѓеров за сознанија дека дипломатскиот претставник на Кралството на СХС во Бугарија, Ракиќ му предал нота на бугарскиот министер Калфов токму по однос на четничкото прашање. Нотата, според сознанијата на ВМРО за прв пат била потпишана од самиот претседател на владата на Кралството Никола Пашиќ и се однесувала на вооружениот судир кај селото Смолари и навлегувањето на комитските чети од Бугарија. Поради ова "Сабри" му препорачувал на Протоѓеров да се откаже од подготовките за вооружени судири во Струмичко и да ја раздели четата во 2-3 групи со распоредување во разни насоки.[139] За српско-бугарските преговори околу прашањето за четите на ВМРО биле запознаени и раководителите на оваа нелегална организација кои во зависност од информациите преземале и различни мерки за задржување на конспиративноста.

[138] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.373, Шифрована телеграма Легацията въ Белградъ до Министерството на Външните Работи изх.н.706, стр.43-43а.
[139] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.1, Драги Илия, стр.518-519.

Есента 1924 година бугарската влада прва презела дипломатски чекори околу македонското прашање. На 14 ноември 1924 година бугарскиот дипломатски претставник во Белград, Вакарелски остварил нова средба со министерот за надворешни работи на Кралството-Нинчиќ со задача од бугарската влада повторно да разговара за четничкиот сегмент од македонското прашање. Разговорот меѓу нив започнал со разгледување на однесувањето на бугарските емигранти во Србија односно Кралството на СХС. Момчило Нинчиќ му ставил на знаење на Константин Вакарелски дека нема да се дозволи револуционизирање на српската територија и ќе се дадело заповед за чистење на српско-бугарската граница од комунистички елементи. Вакарелски притоа му објаснувал на српскиот министер за надворешни работи дека тоа биле луѓе блиски до поранешниот земјоделски режим во Бугарија. Таквите тврдења на Нинчиќ всушност биле вовед во главниот проблем што сакал да го постави пред бугарскиот дипломат. Тој му се пожалил на Вакарелски дека Кралството на СХС уште имало голем број на непријатности со **Македонците** и затоа се сакало нивно отстранување од границата. Со таквиот начин на поставување на проблемот, министерот Момчило Нинчиќ, според бугарскиот дипломатски претставник Вакарелски "навлезе во **македонското прашање** по коешто искажа желба да се постигне разбирање на основа Солун за Србија".[140]

Поради зголемениот интерес на Кралството на СХС за излез на Егејското море, министерот Нинчиќ сега прикажал еден квалитативен пресврт на правците на српската надворешна политика, каде прашањето за Македонија зазело едно сосема поинакво место и веќе не претставувало толку голема пречка за подобрување на односите со Бугарија. Не навлегувајќи во тоа каква е националната припадност на населението од Егејска Македонија, Нинчиќ изразил жалење што поради српско-бугарското недоразбирање Грција и Турција со договор ги исчистиле приморските делови на Македонија од словенско население. Затоа тој пред Вакарелски се заложил за цврсти односи и добрососедство помеѓу Кралството на СХС и Бугарија. Во однос на внатрешното уредување на двете држави, министерот за надворешни работи

[140] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.373, Шифрована телеграма отъ Българската Легация въ Белградъ за Министерството на Външните работи изх.н.1335-вх.н.1360, стр.62.

на Кралството се изјаснил дека не би сакал Србија да биде сосед или во федерација со бугарска држава од републикански карактер. Договорот за создавање на заедничка федерација меѓу двете држави тој го сметал за прашање на договор, додека евентуалниот излез на Кралството на СХС на Солун, како сегмент од македонското прашање, требало да се случи со концесија од бугарска страна.[141] На крајот од овој разговор и во интерес на добрососедските односи, министерот Нинчиќ искажал желба да го повика српскиот дипломатски претставник во Софија, Милан Ракиќ, за да разговара по детално за проблемите што ги оптоварувале релациите меѓу официјален Белград и Софија. Од своја страна Вакарелски го замолил министерот за надворешни работи да даде една поширока амнестија за Македонците со цел враќање на нивните родни огништа, на кој што начин односите на двете држави би биле олеснети барем во тој поглед.[142]

Во текот на 1924 година, организацијата ВМРО и нејзиното четничко дејствување во Вардарска Македонија повторно станале најзначаен сегмент од македонското прашање. Дипломатските контакти помеѓу Кралството на СХС и Бугарија биле многу интензивни и се насочиле кон изнаоѓање на нови методи и мерки за решавање на ова комплексно прашање. Стравувањата на владата во Белград биле дека е можно едно масовно вооружено востание во Македонија под српска власт кое би било организирано од четите на ВМРО. Бугарската дипломатија се обидувала да ја разубеди српската власт во ваквите тврдења со преземање на паралелни мерки против организациската структура на ВМРО во Пиринска Македонија. Апсењата на некои членови на ВМРО од вториот ешалон не го постигнале посакуваниот ефект кај властите на Кралството на СХС кои барале решителна акција за уништување на четничкиот институт на оваа организација. Напоредно со овие мерки и активности, српската власт се повеќе се соочувала со фактот дека нејзиното владеење во Вардарска Македонија било загрозено, а нејзината пропаганда во најголем дел отфрлена од страна на македонскиот народ. Таквата состојба во Вардарска Македонија била согледана и преку истражувањата на јавното мислење во овој дел на Кралството, каде српските државни чиновници реално констатирале судир на

[141] Ibidem.
[142] Ibid, 62a.

сферите на влијанија на српската и бугарската државна пропаганда. Поради неповолниот развој на српската кауза околу македонското прашање, владата на Кралството на СХС започнала да води попустлива политика кон Бугарија, правејќи и значителни отстапки во корист на српските планови за излез на Егејското море и солунското пристаниште. Бугарија тоа го искористила за да побара признавање на "бугарските малцински права" во Вардарска Македонија под српска власт.

## 2.4. Македонското прашање во југословенско-бугарските односи во 1925 година

Ако кон крајот на 1924 година постоело извесно приближување на ставовите на владите на Бугарија и Кралството на СХС по однос на проблемите кои ги оптоварувале нивните односи, во тој склоп и македонското прашање, 1925 година започнала со надолна линија во меѓудржавните односи. Весниците во Кралството на СХС започнале да известуваат за нови четнички акции на ВМРО во Вардарска Македонија кои се вршеле од бугарска територија. Тие исто така соопштиле дека по повод нападите се очекувала постапка на српскиот дипломатски претставник Ракиќ пред бугарските власти во Софија. Од бугарска страна повторното српско наметнување на проблемот со комитските чети се толкувало како последица на неуспехот на политичките договори на Пашиќ со претставниците на ХРСС на Стјепан Радиќ и неуспехот на Кралството на СХС да добие економски концесии од Грција во Солунското пристаниште и железничката линија Гевгелија-Солун, како и делови од западниот дел на Егејска Македонија.[143]

Заради подобра координација на дипломатските постапки, бугарскиот ополномоштен претставник во Белград, Вакарелски, барал известување од владата во Софија дали српскиот претставник Ракиќ имал направено постапки по повод последните настани. Од страна на властите во Белград на бугарските државни институции повторно им се забележувало дека не се придржувале до одредбите од Нишката спогодба од 1923 година. Сега приговорот на

---

[143] ЦДА, фонд 176 оп.5, а.е.373, Шифрована телеграма отъ Българската Легация въ Белградъ за Министерството на Външните Работи изх.н.637-вх.н.662, стр.37.

Кралството се однесувал на делот од таа спогодба што го опфаќал чувањето и обезбедувањето на јужната граница, за што бугарската влада истакнала дека тој дел од границата засилено се обезбедувал, а за што била спремна да се создаде една заедничка комисија што требала да ги утврди евентуалните пропусти.[144]

Во месец март 1925 година во Софија повторно се сретнале дипломатскиот претставник на Кралството на СХС, Ракиќ и бугарскиот премиер Александар Цанков. Разговорите што тие ги воделе се однесувале на степенот на развој на односите помеѓу Бугарија и Кралството на СХС и граничните инциденти што во голем дел го загрозувале добрососедството меѓу двете држави. На оваа средба Милан Ракиќ го поканил премиерот Цанков да направи официјална посета на Белград која требало да придонесе за надминување на противречностите и подобрување на меѓусебните односи на двете влади. Александар Цанков се согласил со таквиот предлог, бидејќи според него посетата била неопходна за да се "стопи мразот", иако самиот тој не си правел никакви илузии за некаков дипломатски успех.[145]

Цанков во насока на подобрување на српско-бугарските односи заминал во посета на Кралството на СХС. Веста за посетата на Белград во Бугарија одекнала како вистинска сензација и на неа и бил даден голем публицитет поради заладените односи меѓу двете држави. Претседателот на бугарската влада во Белград најпрвин се сретнал со министерот за надворешни работи Момчило Нинчиќ со кого насамо разговарал за потребата од надминување на сите меѓусебни проблеми што претставувало интерес и на двете држави. Цанков добил ветување од министерот за надворешни работи на Кралството на СХС дека ќе дојде до подобрување на односите меѓу Белград и Софија и дека неговата влада нема да се меша во внатрешните работи на Бугарија и покрај фактот што троименото кралство го сметало за свој сојузник соборениот земјоделски лидер Стамболиски. Според протоколот Александар Цанков остварил средба и со претседателот на владата на Кралството на СХС, Никола Пашиќ, којшто му предочил на бугарскиот премиер дека тој и неговата влада немале никаква одговорност за односите меѓу двете соседни

[144] Ibidem, 37-37а.
[145] Ал. Цанков, op.cit., 206.

држави. И по завршената посета на Кралството на СХС, претседателот на бугарската влада Цанков заклучил дека јазот и големите непријателства меѓу Белград и Софија останале да постојат, а политиката на неговата влада и понатаму била под двоен удар: од една страна Македонците и опозицијата во Бугарија го сметале за србофил, а српските политички кругови за експонент на ВМРО.[146]

Во тој период српско-бугарските односи и нивните дипломатски преговори и разни комбинации околу македонското прашање имале одраз и врз политичките интереси на земјите од регионот на Југоисточна и Централна Европа. За состојбите кој директно или индиректно се однесувале и на Македонија се заинтересирале и земјите од Мала Антанта-Кралството на СХС, Романија и Чехословачка. Во врска со овој проблем, од 9-11 мај 1925 година во Букурешт разговарале министрите за надворешни работи на овие држави и заклучиле дека честите "бугарски" напади на териториите на Кралството на СХС и Романија и вршењето на саботажи и атентати од страна на четите на ВМРО, претставувале сериозен проблем за овие две членки на Малата Антанта, но и за одржувањето на нивните добрососедски односи со Бугарија.[147]

Бугарско-српските односи уште повеќе се влошиле по најавите за можни атентати врз претседателот на владата на Кралството, Никола Пашиќ и други политичари, во месец јуни 1925 година. Како можен осомничен за таквиот насилен акт од страна на српските власти бил уапсен еден бугарски државјанин, додека неговиот соучесник успеал да побегне. Веднаш по настанот реагирал бугарскиот дипломат во Белград, Константин Вакарелски, кој од името на бугарската влада осудил секакви форми на насилно дејствување и пред органите на власта на Кралството изјавил дека зад плановите за атентати било можно да стоеле бугарски комунистички емигранти. Во непосредниот разговор меѓу Вакарелски и претставникот на владата во Белград, Марковиќ, бугарскиот ополномоштен министер бил известен дека уапсениот Бугарин во распитот открил како во некои средини во Бугарија се прифатила идејата за атентати во Кралството на СХС. Според тие искази, главна цел претставувал

146 Ibidem, 211.
147 Milan Vanku, *Mala Antanta 1920-1938*, Titovo Uzice, 1969, 29-30.

Никола Пашиќ. За извршување на планираната акција, според српски сознанија, биле подготвени околу 60 луѓе под раководство на Панче Михајлов, војвода на ВМРО. Истите извори посочувале дека од таа група веќе биле упатени тројца атентатори, чијашто цел освен Пашиќ бил и министерот за надворешни работи Момчило Нинчиќ.[148]

Поради целата оваа ситуација, српскиот претставник Марковиќ го замолил Вакарелски да ја извести владата во Софија да преземе соодветни мерки за да не дојде до тие немили случувања. Во спротивен случај, ако се случела некоја несреќа, официјален Белград ќе ја изгубел вербата во уверенијата од бугарска страна за добрососедски односи. По тоа, според тврдењето на Марковиќ, властите на Кралството имале намера да преземат најстроги репресивни мерки и пред се да се формираат погранични стражи составени од бугарски емигранти кои покрај чувањето на границата би имале право да работат и за себе си како што правеле, според српскиот дипломат, и Македонците.[149] Од страна на Вакарелски биле отфрлени тврдењата дека во Бугарија се подготвувале атентати против претставниците на власта на Кралството, а се негирала и евентуалната вмешаност на Панче Михајлов и други личности од ВМРО во тие настани. Бугарскиот ополномоштен претставник во Белград сметал дека сите тие постапки и гласини за атентати биле иницирани од привржаниците на поранешниот земјоделски водач Александар Стамболиски и истите ги посочил како главни виновници за повторното влошување на српско-бугарските односи.[150]

Реакциите на владата во Белград што се однесувале на вмешаноста на некои кругови на ВМРО во можните евентуални атентати врз високи државни функционери на Кралството на СХС ја принудиле бугарската влада да дејствува во тој правец. Така во текот на 1925 година официјална Софија извршила притисок врз ВМРО со цел да се создаде впечаток кај нејзиниот западен сосед дека оваа македонска организација се дистанцира од внатрeuполитичките состојби во Бугарија. На конгресот на ВМРО во 1925 година меѓу другите решенија се предвидувало оваа организација да има што

---

[148] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.373, Шифрована телеграма отъ Легацията въ Белградъ за МВРИ изх.н.661-вх.н.668, стр.39-39а.

[149] Ibidem, 39a.

[150] Ibid, 40-40a.

понезависно дејствување за да се отстранат сомневањата во белградските политички кругови за поврзаноста со официјалната бугарска политика по однос на македонското прашање. Затоа за односите со официјална Бугарија раководните кругови на ВМРО планирале да останат "колку е возможно подалеку од неа". Ставот на раководството на ВМРО бил дека доколку никој не влегувал во конфликт со неа, таа да се однесува неутрално, но со забелешка дека се задржуваат ставовите на истата по однос на "големите прашања", без оглед на тоа дали тие им се допаѓале или не на пооделни бугарски државни раководители.[151]

Влошените односи меѓу Белград и Софија уште повеќе се комплицирале со статиите што биле објавени во весникот "Политика" на 24 јуни 1925 година. Тие натписи соопштувале дека зачестиле преминувањата на чети и атентатори од Бугарија во Вардарска Македонија, а пречка во развојот на меѓусебните односи станале и неколкумината уапсени српски поданици по повод атентатот во катедралната црква во Софија. Поради сето тоа властите на Кралството презеле некои дополнителни мерки против Бугарија. За почеток тие се ограничиле со откажувањето визи за Бугарија, како и забраната за добивање визи на бугарски државјани, за и преку Кралството на СХС.[152] За ваквата мерка Кралството на СХС ги известило и владите на големите сили како и Друштвото на Народите во Женева. Покрај ваквите постапки, министерот за внатрешни работи на Кралството и српскиот дипломатски претставник во Софија пред бугарските власти најавиле уште порадикални и поостри мерки, за чијашто содржина ништо не соопштувале. На бугарскиот дипломат во Белград, Вакарелски, по тој повод од страна на властите на Кралството му било покажано соопштението и официјалното коминике што требало да го издаде Министерството за надворешни работи. Во текстот на тој документ, според Вакарелски, се подржувале сите преземени мерки на владата во Белград поради откажувањето на Бугарија да го образложи апсењето и задржувањето во затвор на српскиот државјанин што се поврзувал со атентатот во катедралната црква во Софија. За навлегување на

[151] Кирил Пърличев, *36 години във ВМРО, София*, 1999, стр.136.

[152] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.373, Шифрована телеграма отъ Българската Легация въ Белградъ за Министерството на Външните Работи изх.н.761-вх.н.756, стр.47.

комитските чети и атентатори од ВМРО воопшто ништо не се споменувало. Српскиот претставник од владата Марковиќ, и покрај тоа што во овој официјален документ не се поставило како проблем македонското прашање, пред Вакарелски истакнал дека тоа недоразбирање меѓу двете држави ќе се надминело доколку "се преземеле посериозни мерки против преминувањето на **Македонците** и се спречат подготвените од нив атентати".[153]

Веќе на 26 јуни 1925 година, по однос на истото прашање средба оствариле Вакарелски и министерот за надворешни работи Момчило Нинчиќ. Министерот веднаш му покажал фотографии на бугарскиот претставник на кои се гледале траги од физичко малтретирање на грбовите на тројцата српски државјани обвинети за атентатот во Софија. Веднаш после тоа Нинчиќ ја сменил темата на разговор и извадил нови фотографии и доказен материјал за преминување на комитски чети во Вардарска Македонија. Во врска со тоа Нинчиќ заклучил дека четничките преминувања зачестиле и покрај превземените мерки и дека опасноста од нивните акции толку се зголемила што дури му создале непријатности и на Кралот при неговата посета на Македонија. Но најважното нешто кое од српскиот државен функционер му било предочено на Вакарелски било сознанието дека четите на ВМРО, според властите во Белград, биле поткрепени од многу важни фактори во Бугарија, што веќе како податок станувало неподносливо.[154]

Поради сето тоа Нинчиќ се нашол во многу незгодна ситуација и притисокот на јавноста во Кралството се вршел врз него, бидејќи се барала порешителна акција на властите против овој проблем. Токму од тие причини министерот му се заканил на бугарскиот дипломат дека доколку навистина не се преземат сериозни мерки од бугарска страна против преминувањето на четите, од српска страна ќе следувало нешто посериозно.

Укинувањето на визите за патување во Бугарија и задржувањето на српски државјани на границата повеќе било изговор, додека главното внимание на државните институции во Кралството било насочено кон "засилените дејствија на **македонскиот комитет**, коишто биле очигледни, како

[153] Ibidem, 47a.
[154] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.373, изх.н.769-вх.н.772, стр.48.

во Софија, така и во целата **бугарска Македонија**".[155] Во разговорот Нинчиќ му набројал и други докази и сознанија на Вакарелски во врска со четничкото прашање кои биле утврдени од заробени комити, а му посочил и редица имиња на "**македонствујушчи**" кои дејствувале и работеле во **ВМРО** и парично или морално ја помагале оваа организација. Сите овие податоци, сознанија, но и активности, според министерот Нинчиќ, многу добро и биле познати на властите во Софија, но од нивна страна не биле преземени никакви превентивни мерки. Доколку и понатаму се толерирале четничките акции, Србија односно Кралството на СХС немало да го трпи тоа и ќе преземело соодветни чекори. Последното укажување и закана на министерот Нинчиќ од страна на Вакарелски било разбрано многу сериозно за што ја известил и бугарската влада.[156]

Ваквото повторно заострување на српско-бугарските односи по однос на македонското прашање станало предмет на расправа и во Друштвото на Народите во Женева во јули 1925 година. Забраната за издавање визи на бугарски државјани кои патувале за или преку Кралството на СХС, од страна на раководните органи на Друштвото било безрезервно осудено. Таквата постапка се осудувала како чин против напорите на големите светски сили за траен мир во односите меѓу разните држави. Во Женева се изразувало уверение дека властите во Белград ќе ја повлечат таа непопуларна мерка, уште повеќе од причина што прашањето можело да добие во интензитет, бидејќи се приближувала сесија на Годишното Собрание на Друштвото на Народите.[157] Во однос на постапките на Кралството на СХС по македонското четничко прашање, според бугарските дипломати во Женева, постоела една вознемиреност и мислење дека тој проблем може повторно да стане точка на дневен ред на седниците на Д.Н., како и во летото 1922 година.

Од страна на големите сили не постоело расположение да се разгледува четничкиот проблем, бидејќи тоа значело дека пред оваа меѓународна организација треба да се постави **македонското прашање** со целата негова сложеност и комплексност. За ова прашање воопшто не постоел интерес кај

[155] Ibidem, 48a.
[156] Ibid.
[157] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Legation de Bulgarie en Suisse N.446, ПОВЕРИТЕЛНО, Господине Министре, стр.19.

големите светски сили, не само поради кревкиот мир што владеел во Европа, туку и поради стравот од одговорноста што требала да се преземе при неговото решавање.[158] Како и да е, органите на Друштвото на Народите и релевантните фактори во него биле заинтересирани со енергични средства да дојде до подобрување на односите меѓу Кралството на СХС и Бугарија и тоа да биде на една долготрајна основа. Според бугарските овластени претставници во Женева, во тие услови на влошени односи, владите на големите сили го почитувале умерениот одговор од бугарска страна, кој бил во насока на разбирање и добрососедство со Кралството, што претставувало првенствен интерес на бугарската држава. Политичката секција на Друштвото на Народите исто така ги осудила репресивните методи на властите во Белград кои до скоро биле толерирани од владите на големите сили, посебно Франција, и зазела став дека односите меѓу овие две држави биле на една неправедна основа-односи меѓу еден силен и еден слаб сосед.[159]

Колку и да се обидувала Бугарија во тие моменти да се дистанцира од навлегувањето на четите на ВМРО од нејзина територија во Кралството на СХС, останувал фактот дека тој проблем постоел и дека бугарската државна територија била базата за нивно подготвување. На 10 септември 1925 година бугарското претставништво во Лондон до Министерството за надворешни работи испратило една статија што била напишана од белградскиот кореспондент на весникот "Морнинг пост". Текстот во неа се однесувал на актуелните проблеми поврзани со Македонија и македонското прашање. Според авторот на статијата **македонското прашање** заедно со нелегалното дејствување на **македонските чети** против Кралството на СХС бил извор на вечен натпревар помеѓу Бугарија и Кралството, со застрашувачка можност да предизвика нови воени конфликти на Балканот. Истиот известувал дека во тој временски период се одржал годишен собор на **Македонската Револуционерна Организација** во Горна Џумаја, на кој присуствувале околу 10 000 делегати и тоа не само **Македонци**, туку и претставници на бугарската интелегенција и бугарската власт. Конгресот започнал со заедничко поклонение на гробот на, како што се вели, поранешниот македонски водач Тодор Александров, кој бил

[158] Ibidem, 19-19a.
[159] Ibid.

убиен пред една година. Дописникот на "Морнинг пост" од Белград исто така големо значење во статијата отстапил и на податокот дека на Конгресот дошло до помирување на двете спротивставени струи во ВМРО. Во однос на решенијата на Конгресот, авторот забележал дека и покрај противењето на некои месни македонски организации кои се залагале за целосна **независност на Македонија**, повеќето од учесниците се изјасниле за една соработка помеѓу **Македонското движење** и бугарската власт, кое било становиште и на членот на ЦК на ВМРО, Александар Протогеров. Исто така се усвоило и решение да се испрати делегација во Женева која имала за задача да го постави **македонското прашање** пред Друштвото на Народите.[160] Одржувањето на Конгресот било проследено со засилена четничка дејност на македонските чети во Вардарска Македонија и судири со вооружените формации на Кралството на СХС во пограничните области. Властите на Кралството поради тоа протестирале во Софија, меѓутоа бугарската власт отфрлила секаква одговорност за нападите и истакнала дека од нејзина страна било невозможно да ги засили пограничните стражи. Од друга страна, српската влада тврдела дека располага со цврсти докази за соучесништвото на официјална Софија во комитските акции на територијата на Кралството. Поради веројатноста дека бугарската власт нема да преземе репресивни мерки против четите, српската власт имала намера да бара "1 милион динари обезштетување за секој југословенски поданик коишто ќе биде убиен од **Македонците**".[161]

Постојаните обвинувања на владата на Кралството на СХС за поврзаноста на бугарската влада со четничките акции на ВМРО ја принудиле официјална Софија на поенергични мерки кон овој сегмент од македонското прашање. Во септември 1925 година бугарската влада се занимавала со разгледување на прашањето за поткрепата што таа и ја давала на оваа македонска организација. Според задграничниот претставник на ВМРО, Кирил Прличев, бугарската влада презела една "морална офанзива" против ВМРО, која имала за цел да ги спречи револуционерните методи на дејствување на оваа организација. Таквата акција на бугарската влада според

---

[160] Ib., Legation Royale de Bulgarie N.940 до Министерството на Външните Работи и на Изповеданията-София, стр.49.
[161] Ib.

мислењето на Прличев имала за цел да ги подготви уште порадикалните мерки со кои се предвидувало да се издадат тајни заповеди до пограничните власти. Во нив бугарската влада издала строги наредби кои ги обврзувале пограничните служби да отвораат оган кон комитските чети на ВМРО во случај тие да се обидат да ја преминат бугарско-српската граница, а нелегалните четници и војводи на бугарска територија се наредувало да се уапсат.[162] За да ја проверат информацијата за евентуалните апсења на членови на ВМРО од името на раководството на оваа организација кај министерот Влков отишол Кирил Прличев, на кого му биле потврдени ригорозните мерки што бугарската влада имала намера да ги спроведе за да ги спречи четничките акции во Вардарска Македонија.

Во тие денови бугарската влада навистина презела мерки за апсење на поголем број на четници и војводи на ВМРО како и на нејзини видни раководители, но сите тие активности привремено биле прекинати поради огромната заслуга што четите и селската милиција на ВМРО ја одиграле при одбраната на Петрич од нападите на грчката армија во 1925 година. Во однос на тој настан унгарскиот дипломатски претставник во Бугарија, Шандор де Киш во контактите со челниците на ВМРО изразил отворено сомневање дека зад вооружените судири околу градот Петрич стоела токму оваа македонска организација. Унгарскиот дипломат во разговорот со Прличев меѓу другото се интересирал и за тоа дали ВМРО би се согласила со една бугарско-српска спогодба, на што добил одговор дека тоа било возможно доколку договорот не се правел на штета на Македонија.[163]

Намерно или не, во обидите за искористување македонското прашање се вклучил и унгарскиот дипломатски претставник Де Киш и тоа на тој начин што на задграничниот претставник на ВМРО му предложил дека Бугарија треба да и ја отстапи Горна Џумаја на Кралството на СХС за сметка на нејзиниот излез на Егејското море. Кирил Прличев иако во улога на претставник на една нелегална македонска организација, пред унгарскиот дипломат се претставил како бранител на бугарските државни интереси, истакнувајќи дека Бугарија би изгубила со тоа, затоа што на неа и се

[162] К. Прличев, op.cit., 139.
[163] Ibidem, 140.

гарантирал излез на Егејското море со постоечките мировни договори и согласно тоа не била потребна нова "жртва" од нејзина страна. За предлогот Петричко да биде составен дел на Кралството на СХС, високиот претставник на ВМРО се изјаснил негативно, додавајќи дека доколку тоа се случи и тој дел на Македонија ќе се "револуционизирал". На крајот од разговорот со Шандор Де Киш, Прличев истакнал дека при преговорите меѓу балканските држави никој не бил ополномоштен да зборува од името на **Македонија**, освен **ВМРО**. Таа организација следејќи ги обидите за бугарско-српско зближување, според Прличев ги знаела сите слабости на бугарската политика и затоа прашањата од внатрешната и надворешната политика ги решавала од своја гледна точка и во **македонски интерес.**[164]

За надминување на кризата во односите меѓу двете држави што се заканувала да го достигне нивото од септември 1923 година, во октомври 1925 година бугарска државна делегација остварила средба со претседателот на владата Никола Пашиќ. Во разрешување на проблемот се вклучил и Стјепан Радиќ, кој наскоро требало да биде назначен за министер во владата на Пашиќ, а требало да ја врши и функцијата помошник на претседателот на владата. Радиќ изразил уверување дека разбирањето и заедничкиот јазик за проблемите се интерес и на двете страни. Овој хрватски политичар решението на македонското прашање го гледал на тој начин што **Македонија** требало да остане пред се во рамките на Кралството на СХС. Тој исто така се надевал дека во најскоро време Бугарија и Југославија односно Кралството на СХС ќе можат да имаат една заедничка економска, надворешна политика и царинска унија.[165]

Состојбата со односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија била внимателно следена и од другите балкански држави, кои директно или индиректно зависеле од тие односи и зависеле од конечниот исход на македонското прашање. Така бугарското дипломатско претставништво во Атина го известило Министерството за надворешни работи дека грчките весници ја разгледувале можноста од зближување на Бугарија и Кралството на СХС и заклучиле дека додека бугарската влада на Александар Цанков била на

[164] Ibid.
[165] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.373 изх.н.1087-вх.н.1085, стр.56.

власт, поради подршката од "Македонскиот Комитет", зближувањето било невозможно.[166]

И покрај сите обиди за решавање на проблемот со четите на ВМРО, владата на Кралството на СХС кон крајот на 1925 година констатирала дека тоа прашање не било решено во српска корист. Околу односите со Бугарија било заклучено дека во таа 1925 година нивното ниво не било задоволително, иако тие биле подносливи, со забелешка дека заладувањето на релација меѓу двете влади се случило поради промената на режимот во Бугарија. Од тие причини власта во Белград решила да го промени пристапот кон четничкиот сегмент од македонското прашање. Владеачките политички фактори во Кралството започнале да остваруваат контакти со блиски луѓе до претседателот на бугарската влада Цанков, а сé со цел да ги придобијат за разузнавачка дејност во српска полза. Со таква задача кон крајот на 1925 година во Белград од Софија бил повикан Македонецот Стојан Тирков без знаење на ВМРО, дискретно и откако претходно се сретнал со бугарскиот премиер Цанков и министерот Русев.[167] Ваквиот начин на дејствување на властите на Кралството на СХС особено бил практикуван во годините што доаѓале и се покажал како успешен во однос на нивните планови што ги имале кон македонското прашање и неговото решавање во полза на српската кауза.

Периодот од 1923 до 1926 година го карактеризирал зголемениот интерес на Бугарија и Кралството на СХС по македонското прашање. Вниманието не било насочено само кон четничките акции на ВМРО, туку и кон статусот на Македонија во нејзините етногеографски граници. Српската и бугарската влада настојувале на своја страна да привлечат и одредени македонски дејци кои добро ја познавале суштината на македонското прашање, со што се обидувале да ги заштитат своите интереси околу Македонија и пред меѓународните институции и фактори.

Дипломатиите на двете држави како најпогодна меѓународна институција за остварување на своите планови по македонското прашање го сметале Друштвото на Народите во Женева. Во тој поглед тие не настапувале

[166] Ibidem, фонд 176, оп.5, а.е.218, Шифрована телеграма отъ Българската Легация въ Атина за Министерството на Външните Работи изх.н.278-вх.н.1485, стр.7.
[167] Vl. Jovanović, op.cit., 155.

сами, но имале голема поддршка од нивните традиционални сојузници кои користејќи ја својата моќна меѓународна позиција, се обидувале да му дадат српски односно бугарски карактер на македонското прашање. Во тие дипломатски преговори за статусот на ова балканско прашање, Англија која во најголем дел ја познавала неговата суштина, понекогаш имала разбирање за потребата од посебна државност на Македонија, но околу националниот аспект постојано агитирала во правец на наводниот бугарски карактер на македонскиот народ. За таквите гледишта на големите светски сили кон македонското прашање, пресудно влијание имале и српската и бугарската пропаганда, но и глобалните интереси и исцртаните граници на сфери на влијанија.

## 2.5. Погранични вооружени инциденти во делот кон Македонија и реакциите на државните органи на Бугарија и Кралството на СХС во 1925 година

Пограничните вооружени инциденти на границата предизвикани од четите на ВМРО во 1925 година претставувале сериозен дел од македонското прашање што ги загрозувал односите меѓу Кралството на СХС и Бугарија. Официјалните реакции на соодветните органи на двете држави во голем степен биле одредени од тенденциите на Белград и Софија да му дадат српски односно бугарски национален белег на македонското прашање. Српските државни институции во телеграмите, преписките, извештаите и вербалните ноти овие инциденти ги препишувале на дејствувањата на "бугарски чети" и "бугарски комити" и за нивната подршка како одговорна ја сметале Бугарија. Спротивно на ова, владата во Софија со исти такви документи се бранела дека не ги подржува четите на ВМРО и дека пограничните инциденти се дело на вооружени групи и поединци кои биле организирани од спротивната страна на границата, на територијата на Кралството на СХС. Постојаните меѓусебни обвинувања и престрелките на разните вооружени формации во граничниот појас создавале напната атмосфера, која имала тенденција да прерасне во директен воен судир меѓу двете држави.

Состојбата во пограничните реони во делот кон Македонија започнала да се влошува во пролетта 1925 година. На 8 март пограничните служби на Кралството на СХС успеале да фатат двајца "бугарски" комити кои се обиделе илегално да ја поминат границата кај селото Игуманци, во месноста Шарена Црква. Едниот од уапсените бил на 35 годишна возраст и се викал Јане Митев, а другиот Серафим Михајлов. Двајцата фатени комити биле од Петричкиот округ и имале бугарско државјанство. Според нивните искази тие добиле оружје и воена опрема и требало да се приклучат во четата на војводата Милан Петров. Поради ваквиот настан дипломатското претеништво на Кралството на СХС во Софија протестирало пред бугарските власти со молба ваквата повреда на границата од страна на "бугарски" комити да не се повтори во иднина за што се барало од соодветните бугарски државни служби да преземат одредени превентивни мерки.[168] На 19 април 1925 година комитска чета на ВМРО од бугарска територија се префрлила во Кралството на СХС, во Кратовско, каде според српските државни органи го нападнала селото Лушково. Поради тоа српските дипломати во Софија уште еднаш се обратиле до бугарското министерство за надворешни работи со молба да се стави крај на нападите на четите во Вардарска Македонија.[169]

По повод известувањата од државните органи на Кралството на СХС за дејствијата на четите на ВМРО, во јуни 1925 година со свое видување на работите се појавиле и бугарските власти. Сознанијата од бугарските разузнавачки служби покажувале дека на 19 април во Кратовско навистина се случил судир помеѓу жандармеријата на Кралството на СХС, од една страна и вооружена група, од друга страна при што имало убиени и ранети и на обете страни. Бугарија се оградувала од податоци и не знаела дали таа вооружена група се оддала на грабеж и разбојништва или тоа биле "**Македонски четници**, кои се борат за слободата на својата родина", што требало, според неа да и биде познато на српската власт, бидејќи судирот се случил на нејзина територија.[170] Бугарската погранична стража сметала дека околу датумот на

[168] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Legation du Royaume des Serbes, Croates et Slovenes N.334 Краљевском Министарству Иностраних Дела, Софија, стр.2.

[169] Ibidem, Legation du Royaume des Serbes, Croates et Slovenes N.414 Краљевском Министарству Иностраних Дела, Софија, стр.5.

[170] Ibid, Министерство на войната Н.907, Погранична стража до Министерството на Външните Работи и Изповеданията(Отделение Политическо), стр.12.

судирот тој дел од границата што одел по Осоговските планини бил покриен со снег и српските и бугарските летни караули околу Калиманци и Руен немале војничка постава, така што не се исклучувала можноста комитската чета незабележано да се провлекла покрај граничното обезбедување. Затоа во интерес на добрососедските односи Бугарија сметала дека ако се забележи присуство на вооружена чета треба веднаш да се извести соседната погранична стража и да се преземат заеднички мерки и од двете страни за нејзино уништување. Од српска страна, бугарските погранични служби тврделе дека немале добиено никакво известување за таков настан. Бугарското министерство за војна на крајот не ја испуштило можноста да ги обвини властите на Кралството на СХС дека го толерираат постоењето на српски контрачети во пограничните региони, претежно составени од поранешни четници и војводи на ВМРО.[171]

Илегалните преминувања на чети на ВМРО преку границата продолжувале и покрај нотите и писмените реакции на властите на Кралството на СХС упатени до бугарската влада. По тој повод на 28 јуни 1925 година дипломатското претставништво на Кралството на СХС писмено се обратило до бугарското министерство за надворешни работи. Во обраќањето се нагласувало дека и покрај настојувањата на владата во Белград да се стабилизира политичката состојба во Бугарија за што постоеле многу докази, од бугарска територија на таа на Кралството на СХС, за краток временски

[171] Ibid, 12а. Во организацијата ВМРО од различни причини во 1919/20/21 година и понатаму се создале разногласија и поделби. Од ЦК на ВМРО биле осудени и отстранети од организацијата голем број на војводи и четници кои се оддале на пљачкања и самоволија врз цивилното македонско, влашко и турско население. Дел од нив подоцна, биле помилувани со одлука на ЦК на ВМРО, како што бил штипскиот војвода Иван Јанев-Брло, но останатите во најголем број преминале во српска служба која ги искористила во создавање на т.н. контрачети. Нивната главна задача била да се борат против четите на ВМРО. Најпознати контрачетници биле: Григор Циклев, Мите Стојанов-Суџукаро, Ване Арсов, Пано Ефтимов, Пано Жигански, Санде Пеливанов, Христо Умленски, Илија Пандурски и други. Тие со своите контрачети дејствувале во близина на границата со Бугарија и постојано се судирале со четите на ВМРО при што особено страдало и цивилното население. Владата на Кралството на СХС за потребите за зацврстување на својата власт во Вардарска Македонија решила да создаде и една полувоена организација која требала да создаде почва и за борба против четите на ВМРО. Во септември 1923 година во Штип било формирано т.н. "Удружење за борбу против бугарских бандита"на чело со трговецот Михаило Каламатиев, кој бил поранешен член на ВМРО. Здружението создало и вооружени чети со помош на српската власт, а неговата мрежа се проширила и во другите градови, пред се во Источна Македонија. Во неговото раководство влегле голем број на контрачетници, поранешни федералисти и бивши соборци и соработници на водачот на ВМРО, Тодор Александров: Стојан Мишев, Славе Иванов, Григор Циклев, Мино Станков и други.

период од еден месец се префрлиле 5 комитски чети, кои во должина на целата гранична линија ја загрозиле безбедноста на населението и воделе борба со жандармеријата.

Најпрвин четата на Стојан Леков била откриена и уништена на Велигден во околината на Кратово. Потоа на 20 мај 1925 година, според извештајот, локалното население и жандармеријата имале судир со четата на војводата Величко Велјанов-Чичето во Кратовско, која веднаш потоа се повлекла на територијата на Бугарија. Извештајот на српското дипломатско претставништво во Софија исто така тврдел дека четите на војводите на ВМРО, Филип Бучишки и Санде Цанев биле разбиени и уништени во борбите кај село Неокази, Кратовско и Нивичани, Кочанско. Во Малешевската околија кон крајот на месец мај навлегла комитска чета на ВМРО што се судрила со српската војска и жандармерија, а на 3 јуни 1925 година во кочанската околија четата на Дончо Христов имала вооружен судир со месните селани и жандарми на планината Бигла.[172] Заради ваквите погранични вооружени инциденти кралското дипломатско претставништво на СХС во Софија и обрнувало најсериозно внимание на владата на Бугарија дека овие акции се подготвувале на бугарска територија и барало најстроги мерки за спречување на комитските напади врз Кралството на СХС. Таквите вооружени акции кои што биле насочени против јавниот ред и мир во Кралството на СХС го отежнувале нормализирањето на односите помеѓу двете држави.[173]

На ваквите писмени ноти од државните институции на Кралството на СХС одговориле и властите во Бугарија кои сметале дека пограничните вооружени инциденти ги предизвикувале чети составени од Македонци-поранешни припадници на ВМРО, кои за таа цел се подготвувале во Македонија под српска власт. Во јули 1925 година бугарското министерство за внатрешни работи излегло во јавноста со еден поопширен извештај за пограничните инциденти што, според него, биле предизвикани од територијата на Кралството на СХС и со одобрување на властите во Белград.

---

[172] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Legation du Royaume des Serbes, Croates et Slovenes Sofia, N.578, Краљевском Министарству Иностраних Дела, Софија, стр.13.

[173] Ibidem, 13a.

Сите инциденти и премини на граничната линија се случиле во нејзиниот дел помеѓу Вардарска Македонија под власта на Кралството на СХС и Пиринска Македонија под бугарска власт. Така на 26 февруари 1925 година вооружена чета составена од 12 луѓе на чело со Иван Узунов, од селото Брезница на српска територија навлегла во селото Долно Рибница, кое се наоѓало на 15 км. од градот Петрич на бугарска територија. Четата била откриена и влегла во судир со селската милиција на ВМРО при што таа започнала да се повлекува преку селата Долене и Игуменец и повторно се вратила на територијата на Кралството на СХС, без да биде попречена од српското гранично обезбедување. Испитувањето на теренот покажало дека групата на Узунов, кој бил поранешен член на ВМРО, имала соработници на бугарска територија, а тоа биле лицата Јане Димитров и Стефан Михаилов од село Долене кои веднаш по настанот поради стравот од репресалии емигрирале во Кралството на СХС.[174]

Во врска со обвинувањата од српска страна дека на 7 март 1925 година од бугарска територија во Кралството на СХС навлегла комитската чета на извесниот војвода Милан Петров, окружниот управител на Петрич негирал преминување на било каква чета од тој Округ, а уште повеќе тврдел дека лице со такво име воопшто никогаш не живеело во градот Петрич и неговата околина. Напротив, окружниот петрички управител во писмен извештај набројал повеќе случаи на навлегување на вооружени групи кои од територијата на Кралството на СХС навлегувале во Пиринска Македонија под бугарска власт. Тие според него го тероризирале месното население, вршеле убиства врз државни бугарски службеници, пропагирале комунистички идеи и се обидувале да го организираат локалното население против државното уредување на Бугарија. Во период од неколку месеци биле извршени десетици напади на вооружени чети од Македонија под српска власт.[175]

---

[174] Ibid, Министерство на Вътрешните Работи и Народното Здраве-отделение административно-полицискo, Н.7094, до Министерството на Външните Работи и на Изповеданията(отделение политическо), стр.20.

[175] Ibid, 20a, 21, 21a. 1. Во почетокот на јануари 1925 година од територијата на Кралството на СХС навлегла вооружена чета во селото Цапарево, која ширела комунистичка литература и весници. По судирот со селската милиција на ВМРО се повлекла на српска територија; 2. На 19 јануари истата чета навлегла во Петричката околија и ги киднапирала селаните Андон Златков и Димитар Василев, кои по извесно време биле ослободени; 3. На 30 спроти 31 јануари, ноќта, српската контрачета со поранешниот војвода на ВМРО-Илија

Веднаш, истиот месец јули 1925 година, дипломатското претставништво на Кралството на СХС во Софија ја обвинило бугарската влада дека таа ги подржува комитските чети на ВМРО во нивните напади на територијата на Македонија под српска власт. Српските сознанија оделе во правец на тоа дека четите на ВМРО биле формирани од луѓе што живееле на територијата на Бугарија, за што сведочеле многубројните лични карти кои биле пронајдени кај заробените комити. Во прилог на тоа до Министерството за надворешни работи на Бугарија била испратена една фотографија на лична карта која гласела на име Тодор Анастасов. Таа била испратена за да се докаже фактот што нејзиниот сопственик по занимање бил државен службеник, а местото на нејзиното издавање бил градот Ќустендил. Како втор доказ од властите на Кралството на СХС биле и фотографиите од писма и наредби што војводата на ВМРО Иван Јанев-Брло ги испраќал до четите, кои исто така им биле предочени на бугарските власти. За војводата Брло, сознанијата на властите во Белград биле дека тој бил постојан жител на градот Ќустендил каде поседувал и недвижнини, а понекогаш и лично учествувал во комитските напади врз Кралството на СХС. Поради сето тоа српските дипломати во Софија

Пандурски навлегла во неговото родно село Дабочице кое било непосредно до граничната линија на бугарска територија, го убила селанецот Димитрачко Христов Домозетов и се вратила на српска територија; 4. Во средината на февруари 1925 година српска контрачета составена од Македонци на чело со Васил Стојанов, Тројан Стојанов и Никола Цветанов се судрила со селската милиција на ВМРО во Петричко; 5. На 28 февруари истата чета навлегла во селото Раздол, Петричко и го фатила селанецот Александар Рупков кого го убедувала да стане нивен соработник, но по извесно време го ослободила; 6. На 25 март 1925 година околу 2 часот по полноќ вооружена српска чета навлегла на бугарска територија во просторот меѓу караулите "Диздерица"и "Полковник Дрангов"и во селото Клисура, Горноџумајско го нападнала и го ранила Георги Јанакев. Настанала престрелка помеѓу контрачетата и бугарската погранична војска и селската милиција на ВМРО по што првата се повлекла на српска територија; 7. На 20 март една српска контрачета од околу 15-20 луѓе навлегла во селото Горна Рибница и ја нападнала куќата на селскиот свештеник Димитар Стојанов и по неуспешниот обид се судрила со селската милиција на ВМРО по што се повлекла кон граничната линија; 8. На 27 март вооружена група од територијата на Кралството на СХС влегла во селото Гореме, Петричко, но по судирот со селската милиција на ВМРО се повлекла во правец на српските караули; 9. На 5 април истата година вооружена чета од српска територија ја нападнала царинската постава "Брестово" во село Тросково, Горноџумајско, ја запалила истата и го убила царинскиот стражар Младен Жигрев; 10. На 30 март 1925 година истата чета во атарот на село Горна Рибница, Петричко, го киднапирала селанецот Стојан Петров кого го однела на српска територија и се обидувала да го убеди да соработува со нив; 11. На 14 април истата вооружена група навлегла во селото Добрилаки, Петричко и го фатила селанецот Вангел Гаврилов кого исто така се обидувала да го принуди да им стане соработник; 12. На 2 мај српска вооружена група го нападнала селото Брезница, Петричко; 13. На 7 мај 1925 година српска вооружена контрачета предводена од Иван Узунов навлегла во селото Игуменец го фатила лицето Васил Китанов и го убедувала да им стане соработник.

најсериозно ја предупредувале бугарската влада за далекусежните негативни последици што можеле да произлезат од таквиот развој на настаните.[176]

Дипломатската преписка за истиот проблем продолжила по неколку дена, кога на 25 јули со нова реакција повторно се јавило дипломатското претставништво на троименото кралство во Софија. Сега тоа соопштувало дека на 25 јуни 1925 година, во ноќните часови, две комитски чети се обиделе во две пооделни групи да ја преминат границата во близината на Царево Село(Делчево). Во исто време и трета комитска чета се обидувала да ја премине границата во непосредна близина. Настанала вооружена престрелка помеѓу четите на ВМРО и српските војнички постави на пограничните караули по што комитските чети се повлекле на територијата на Бугарија. Меѓутоа, забележувале властите во Белград, најсимптоматично било не само тоа што нападите се подготвувале на бугарска територија, туку сознанието дека водачите на комитските чети на ВМРО слободно се движеле низ Бугарија, а некои од нив доаѓале и во самата претстолнина Софија. Согласно таквата состојба околу овој дел од македонското прашање, дипломатското претставништво на Кралството на СХС во Софија испратило остар протест до бугарската влада со напомена надлежните органи на државата да преземат мерки за да се застане на патот на четничките напади. Во контекст на тоа се потсетувала бугарската влада дека декларативните изјави за добрососедски односи со Кралството на СХС можела да ги поткрепи со тоа што би се придржувала кон клаузулите на Нишката спогодба од 1923 година.[177]

На 16 септември 1925 година дипломатското претставништво на Кралството на СХС во Бугарија испратило опширна вербална нота до владата на Бугарија по повод навлегувањата на четите на ВМРО во Македонија под српска власт. Заклучоците на ова тело кои биле направени врз основа на признанијата дадени од заробените комити, веднаш биле испратени до бугарското министерство за надворешни работи, со тоа што се акцентирало дека владата на Кралството на СХС најенергично протестирала против ваквите вооружени упади. На сослушувањето на заробените комити: Тодор

---

[176] Ibid, Legation du Royaume des Serbes, Croates et Slovenes Sofia, N.637 Краљевском Министарству Иностраних Дела, Софија, стр.22.

[177] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Legation du Royaume des Serbes, Croates et Slovenes Sofia, N.663 Краљевском Министарству Иностраних Дела, Софија, стр.28.

Кушев од Велес, Александар Стевчев од Софија, Методија Ѓурков од Прилеп, Кирил Ацев, Александар Ѓорѓев од Горна Џумаја, Трајко Димитров од Хасково и Борис Иванов и Љубен Цеков, според тврдењето на државните органи на Кралството на СХС, горенаведените ги откриле начините на дејствување на четите, подготовките, правците и целата маршута за нивно префрлување преку бугарско-српската граница во Вардарска Македонија. Според признанијата на комитите дадени пред истражните органи на Кралството, главната организација околу комитските акции ја преземале постари четници и војводи на ВМРО, кои за таа цел придобивале млади и невработени луѓе и за плата од околу 2000 левови месечно ги запишувале во четите. Доколку запишаните ги земеле парите, а не се јавеле во четите, истите ги чекала физичка елиминација.[178]

Во своите искази сите заробени четници на **ВМРО** пред српските истражни органи признале дека тие можеле бесплатно да ги користат услугите на бугарските државни железници. Токму тие, заедно со други четници патувале бесплатно од Софија до станицата Симитли, јужно од Горна Џумаја, каде биле пречекани од пунктовиот началник на **ВМРО**, Хаџиефтимов кој по претходно утврден план им ги пакувал цивилните облекла и ги снабдувал со четничка униформа. Од селото Горна Сушица подготвените и вооружени четници се упатувале кон српската граница и пограничното село Брезница каде ги чекале членовите на **ЦК** на **ВМРО**, Ванчо Михајлов и Александар Протоѓеров кои им држеле говор и им ги објаснувале задачите што треба да ги извршат. Овде биле направени заеднички групни фотографии на четите по што тие се упатиле кон месноста "Цар Крум" и тука ги чекале инструкциите за преминување на границата. Тогаш еден од војводите, според ваквите искази во нотата, Петар Станчев, се јавил на командирот на бугарската погранична чета во село Сухострел инаку активен офицер во бугарската војска, кој веднаш пристигнал и имал долг разговор со војводата Станчев. Потоа според исказите на заробените комити, во близина на месноста "Цар Крум", четите на

[178] Ibidem, Legation du Royaume des Serbes, Croates et Slovenes Sofia, N.846, Вербална нота Краљевском Министарству Иностраних Дела, Софија, стр.50-50а.

војводите Петар Станчев и Петар Пашата во ноќни услови ја преминале границата и се префрлиле на територијата на Кралството на СХС.[179]

Врз основа на сите овие податоци, српското дипломатско претставништво во Софија констатирало повеќе заклучоци кои им ги пренело и на бугарските власти: 1. На територијата на Бугарија извесни луѓе, непречени од никого, можеле да врбуваат и да регрутираат комити за потребите на четите на ВМРО и во тоа имале поддршка од претставници на бугарската власт; 2. Во голем број четниците биле родени во Бугарија, што значи дека биле бугарски државјани и во повеќе случаи и војводите биле бугарски резервни офицери, како што бил војводата Петар Станчев роден во градот Самоков; 3. Комитските акции на четите на ВМРО биле помагани и од бугарските државни органи како што било бесплатното патување на четниците со железницата и поддршката од бугарските погранични служби при преминувањето на границата; 4. Целта на четничките акции на ВМРО била да го принудат населението во "Јужна Србија" да застане на нивна страна во обидите за нарушување на редот и државниот и уставен поредок на Кралството на СХС и 5. Општо прифатено мислење во Кралството на СХС било дека целата организација и подготвување на четничките вооружени акции се вршело на бугарска територија, пред очите на бугарските државни органи кои не само што не ги попречувале таквите активности, туку и отворено ги подржувале и помагале.[180] Врз основа на сето ова дипломатското претставништво на Кралството на СХС уште еднаш ги потенцирало многу пати повторените протести до бугарската влада заради четничките акции. Тоа повторно ја повикувало бугарската влада да преземе најенергична акција за апсење на помагачите и организаторите на овие акции и тие да бидат најстрого казнети, што од своја страна ќе придонесе за нормализирање на односите меѓу двете соседни држави.[181]

Бугарската влада веднаш реагирала на вербалната нота на дипломатското претставништво на Кралството на СХС и на 17 октомври 1925 година, министерството за внатрешни работи негирало голем дел од

[179] Ibid.
[180] Ibid, 51.
[181] Ib., 51a.

наведените работи. Сепак, владата во Софија го потврдила фактот дека од нејзина територија во наведениот датум се префрлиле на територијата на Кралството на СХС, четите на војводите Петар Станчев и Петар Пашата и покрај апсењата на четници и војводи на ВМРО преземени од бугарската власт на 20 и 21 јули,  што последните ги избегнале. Од бугарска страна било нагласено дека при преминувањето на двете чети преку границата, тие не добиле никаква помош од војската во бугарските погранични караули како што тврдел официјален Белград. Во поткрепа на тоа бугарското министерство за внатрешни работи истакнувало дека на пограничната караула "Цар Крум" во тоа време немало телефон и затоа војводата Станчев неможел да разговара со капетанот Стамболиев, кој командувал со тој дел од граничниот реон. Исто така бугарското министерство за внатрешни работи забележувало на тој дел од вербалната нота за средбата помеѓу Стамболиев и Станчев, истакнувајќи дека поради конфигурацијата и тежината на теренот не било можно така брзо да се оствари таа средба, бидејќи според бугарските проценки биле потребни најмалку три часа патување за да се стигне во таа месност. [182] Бугарската влада се бранела и со податокот дека граничната караула "Цар Крум" не била од постојан карактер и согласно тоа не постоеле никакви услови за овие две чети на ВМРО да направат евентуално поврзување со некоја регуларна бугарска воена единица, која би им помогнала при нивното префрлување преку границата во Кралството на СХС. Во истиот правец бугарскиот капетан Стамболиев одрекувал дека остварил средба со војводата од ВМРО кого според неговото кажување го имал сретнато само еднаш и потоа воопшто немал никаков контакт со него. За војводата Петар Станчев податоците од бугарското министерство за внатрешни работи говореле дека тој од 15 годишна возраст "се занимавал со работите на **Македонската организација**-познат е како **Македонец**", но за неговото точно потекло не знаеле ниту луѓето кои биле блиски до него.[183]

Владата во Софија исто така немала податоци за четници кои бесплатно патувале со бугарските државни железници, додека за податоците од

---

[182] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Министерство на Вътрешните Работи и Народното Здраве, Отделение административно-полицейско, Н.11872 до Министерството на Външните Работи и Изповеданията(Отделение политическо), стр.78-78а.
[183] Ibidem, 78а.

дипломатското претставништво на Кралството на СХС за учеството на Бугари-бугарски државјани во **македонските чети**, сметала дека тоа било возможно. Тие лица според бугарската влада биле претежно невработени и авантуристички расположени и како такви тие влегувале не само во четите на ВМРО, но ги имало и во платеничката француска Легија на Странци. За овие лица Министерството за внатрешни работи имало мислење дека било можно тие тајно да се регрутираат на бугарска територија, но тоа не било со знаење на бугарската власт, бидејќи во спротивен случај при нивно откривање таа веднаш ги интернирала во внатрешноста на државата. За таквите нејзини постапки бугарската влада сметала дека има дадено доволен број на докази пред властите на Кралството на СХС, а како најаргументиран бил апсењето на војводи и четници на ВМРО од нејзина страна во текот на месец јули 1925 година. Исто така Министерството за внатрешни работи на Бугарија не се сомневало во вистинитоста на исказите на заробените комити од пограничните органи на Кралството на СХС и сметало дека тие се дадени за да си создадат олеснителни околности при изрекување на казните.[184]

По овие опширни писмени објаснувања меѓу владите на двете држави се очекувал еден период на смирување на напнатоста во односите. Но, до тоа не само што не дошло, туку во есента 1925 година дипломатското претставништво на СХС- кралството во Софија излегло со уште една нота во која се потенцирала бугарската поврзаност со четничките акции во пограничните реони кон Македонија под српска власт. Во нотата испратена на 7 ноември 1925 година до бугарската влада се набројувале новите погранични вооружени инциденти што се случиле на 1 октомври. Тогаш бил направен обид за продор на една комитска чета на територијата на Кралството на СХС, но по престрелката што настанала со српските граничари четата се повлекла во правец на селото Раково на бугарска територија. Во исто време друга комитска чета во непосредна близина се обидувала да ја искористи настанатата престрелка и да се пробие преку границата, но и таа по судирот со пограничните српски воени единици отстапила кон Раково.

Сознанијата на државните органи на Кралството на СХС биле дека префрлувањата на овие чети се случувале во реонот на 2-от вод на 3-та

[184] Ibid, 79.

бугарска гранична чета, која во критичниот момент на судирите се наоѓала под команда на капетанот Тонев. За време на вооружениот судир, српските државни органи тврделе дека бугарските гранични единици ги помагале комитите, бидејќи и тие отвориле оган кон српските граничари. Во оваа ситуација дипломатските претставници на Кралството на СХС во Бугарија не само што протестирале против четничките акции што воопшто не престанувале во еден поголем временски период, туку и барале од бугарските погранични служби да не испраќаат на граница, лица кои немаат соодветна униформа на бугарски граничари, за да не дојде по грешка до некои поголеми инциденти.[185]

Во текот на 1925 година речиси континуирано, македонското прашање добило предимство во надворешната политика на Кралството на СХС и Бугарија, особено во нивните меѓусебни односи. Сега на површина, со целата своја сериозност, се покажал проблемот со четите на ВМРО кој на различни начини со своето дејствување го оставале отворено македонското прашање. Владите во Белград и Софија постојано се обвинувале помеѓу себе во однос на тоа кој го потпомага четничкиот сегмент од македонското прашање. Во нотите и преписките меѓу соодветните министерства, Кралството на СХС се обидувало да докаже дека Бугарија отворено застанала зад навлегувањето на четите на ВМРО во Македонија под српска власт. Бугарската влада не негирала навлегување на чети од нејзина територија во Вардарска Македонија, но цврсто одрекувала дека тие ја имаат нејзината материјална и финансиска помош.

Напротив, таа дури и излегла со контраобвинувања упатени до Кралството на СХС дека на негова територија се организирале српски контрачети кои навлегувале во Пиринска Македонија под бугарска власт и се судирале со четите на ВМРО. И покрај одрекувањето и на двете страни за поддршката на вооружените методи за решавањето на македонското прашање, состојбата во граничниот регион зборувала за присуство на чети кои на директен или индиректен начин биле помагани од различни воено-политички фактори во Србија, како составен дел на Кралството на СХС и Бугарија.

---

[185] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Legation du Royaume des Serbes, Croates et Slovenes Sofia, N.1016 Краљевском Министарству Иностраних Дела, Софија, стр.80-80а.

Воглавном, тие вооружени чети од двете страни на границата во делот кон Македонија, биле составени претежно од Македонци кои биле поранешни или актуелни членови на организацијата ВМРО. Борејќи се помеѓу себе, наместо за решавање на македонското прашање ги остварувале плановите на српската и бугарската кауза околу национално-државниот карактер на Македонија.

# ГЛАВА ТРЕТА

# МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ 1926-1929 ГОДИНА

## 3.1. Дипломатските контакти и преговори на Кралството на СХС и Бугарија околу македонското прашање во 1926 година

Во овој временски период доаѓа до извесни политички поместувања и во Кралството на СХС и Бугарија што до извесен степен имале влијание и врз меѓусебните односи. Така во 1926 година од општествено-политичкиот живот во Кралството заминал Никола Пашиќ, долгогодишен српски политичар во највисоката државна хиерархија и човек којшто бил застапник на идејата за унитарна држава и доминација на Србија во троимената држава. Во Бугарија од функцијата претседател на владата бил сменет Александар Цанков, чија што власт од многу политички фактори во државата била отценета дека била тоталитарна и со воено-полициски карактер поради тоа што периодот од 1923-1926 година бил исполнет со вооружени преврати, востанија и акти на тероризам и политички убиства.

Новоформираните влади во двете држави имале поповолни услови за стабилизирање на внатрешните состојби и на економски и на политички план. Тоа од своја страна давало можност да дојде до надминување на проблемите што ги оптоварувале односите меѓу двете соседни држави и на тој начин до подобрување на истите. Од сите меѓусебни проблеми, најактуелно останало македонското прашање, кое со неговите различни сегменти било фактор кој го одредувал интензитетот и квалитетот на тие односи. Освен прашањето за тоа каков статус треба да има Македонија во национален, географски и државен поглед, главен иницијален поттик на тоа прашање му давале и различните македонски емигрантски, легални и полулегални организации во

Бугарија, кои на различен начин се обидувале да го детерминираат неговото решавање.

И во овој период како најглавен проблем во меѓудржавните односи останале четничките вооружени акции на ВМРО кои му давале дополнителна тежина на решавањето на македонското прашање. Поради тоа што македонското прашање сеуште не губело во интензитет, властите на Кралството на СХС се плашеле од секоја промена на владите во Бугарија. Таков бил случајот и со формирањето на владата на Андреј Љапчев кој поради неговото македонско потекло уште повеќе ги мобилизирал државните органи во Белград. Меѓутоа, непосредно по доаѓањето на Љапчев на власт од српските дипломати во Бугарија до владата на Кралството на СХС започнале да пристигнуваат оптимистички вести по српската кауза околу македонското прашање. Според сознанијата на српското дипломатско претставништво во Софија, односот на бугарската влада на Љапчев кон ВМРО "не се одликувал со некоја посебна интимност".[186] Српските дипломатско-конзуларни извори очекувале дека Андреј Љапчев како Македонец ќе има посилни врски со оваа македонска организација и ќе и дава поголема помош. Меѓутоа и покрај неговото македонско потекло тој, според српските сознанија, не ја подржал акцијата на "македонствујушчите" и се покажал како умерен политичар што не се впушта во непредвидливи и ризични ситуации. За него исто така се дознало дека не ја подржувал вооружената четничка акција на ВМРО како метод на борба во Вардарска Македонија под српска власт. Ваквата ориентираност на владата на Љапчев, српските политички кругови ја објаснувале со околноста што "македонствујушчите" во тој момент имале поцврсти врски со бугарските национал-либерали кои се "одликувале со авантуристички карактер и лекомисленост какви што се во мнозинство војводите и другите македонски дејци".[187]

Во една таква атмосфера македонското прашање од неговите различни аспекти започнало да се споменува во дипломатските надмудрувања на разни државнички нивоа помеѓу Кралството на СХС и Бугарија и на почетокот од

[186] АСЦГ, фонд 334-политичко оделење, кут.бр.8, а.е.28, Министарству иностраних дела, Генералној политичкој дирекцији, пов.119, Београд, стр.265.
[187] Ibidem, 265.

1926 година. Тоа било еден од ретките моменти кога прашањето не се разгледувало низ призмата на четничките акции на ВМРО и бил направен обид на него да се гледа од национална гледна точка, но во интерес на каузите на двете држави. На 18 февруари 1926 година на еден дипломатски прием кај претседателот на Чехословачка, Бенеш, средба оствариле српскиот дипломатски претставник во Прага, Љуба Нешиќ и бугарскиот ополномоштен, Михалчев. Тие започнале разговор за иницијативите на повеќе балкански држави за создавање на Балкански пакт што било основен предуслов за добрососедски односи и траен мир во регионот. Во разговорот Нешиќ му посочил на Михалчев дека евентуалниот договор меѓу Кралството на СХС и Грција немало да биде на штета на бугарските "беломорски интереси" за што постоеле сознанија и во Софија. Српскиот дипломат уште истакнал дека од страна на неговата влада ќе се настојува да се заштити "словенското население" во Грција иако се знаело дека "тоа не е српско и дека се чувствува бугарско".[188] Според Нешиќ, какво и да било тоа словенско население по национално чувство, тоа требало да биде зачувано. Недовербата помеѓу Белград и Софија всушност била главната причина да дојде до значително чистење на Драмската, Солунската и Леринската област од ова "словенско население". На крајот од разговорот Љуба Нешиќ се запрашал, и веројатно тоа била неговата најспонтана констатација која се косела и со српските и со бугарските интереси во Македонија: "Зар 10 милиони Србохрвати и 5 милиони Бугари ќе треба во иднина да се мразат и да се тепаат заради 400 000 **Македонци**?".[189] Затоа тој ги повикувал владите на двете држави во прв план да ги поставaт заедничките интереси на Кралството на СХС и Бугарија и во врска со тоа прашање да се најде едно прифатливо решение.

Декларативните изјави на соодветните институции на двете држави за тоа дека по однос на македонското прашање требало да биде најважен заедничкиот интерес, во реалноста биле целосно негирани. Пропагандите за придобивање на што поголем дел од македонскиот народ за потребите на српската односно бугарската кауза продолжиле со силен интензитет и во

---

[188] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.218, Лично поверително до Господина Министра на Външните Работи и Изповеданията въ София, стр.91-92.

[189] Ibidem, 92.

Егејскиот дел на Македонија. Бугарското царско пратеништво во Атина на 6 април 1926 година ја известило официјална Софија дека Кралството на СХС преземало опсежни мерки за придобивање на населението во Егејска Македонија. Целта на ваквата пропаганда, според доверливиот извештај, била да се привлечат "Бугарите" од тој крај да ги напуштат своите родни огништа и да се населат во "српска Македонија". Во плановите на српската влада посебно место земале оние Македонци во Егејска Македонија кои се декларирале да се иселат во Бугарија и токму нив таа се обидувала да ги насели во Битола и нејзината околина. Таквите намери на српската пропаганда кон овие Македонци биле затоа што се настојувало да не се ликвидираат нивните имоти во Грција, со тоа што од српска страна требало да се докаже дека не ги прекинале целосно своите врски со родните места.[190]

Во врска со истиот проблем во Енице-Вардарско крстарела една српска комисија, со дозвола на грчките власти, и агитирала меѓу Македонците да се иселуваат во Вардарска Македонија под српска власт, а се обидувала и да создаде србомани во некои од селата со што би се создала почва за ширење на српската пропаганда. На почетокот грчката власт имала толерантен однос кон оваа српска комисија, бидејќи нејзиното агитирање не предизвикало некои поголеми последици по грчките државни интереси во овој дел на Македонија. Меѓутоа, откако се увидело дека ваквите активности не биле во правец да се даде поттик за иселување на Македонците од тие краишта, туку да се создадат јадра на српската пропаганда во Грција, владата од Атина ја забранила нејзината работа.

Ваквиот развој на настаните во Егејска Македонија предизвикал да дојде до судир меѓу српската пропаганда, која сега земала замав и бугарската, која овде била присутна од порано. Бугарските дипломати во Грција потврдиле дека меѓу населението во овој дел на Македонија тајно се ширела српската пропаганда, која имала за цел да всади српско национално чувство кај него. Резултатите на таа пропаганда се гледале од фактот што се повеќе Македонци се обраќале за помош кај српските конзулски власти во Солун, што од своја

---

[190] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.253, Българска Царска Легация Н.628-Поверително до Министерството на Външните Работи и на Изповеданията(Политическо Отделение)въ София, стр.16.

страна претставувало опасност за бугарските планови, бидејќи на овој начин, според официјална Софија, се истиснувало наводното бугарско национално чувство кај населението во Егејска Македонија. Загрозеноста на нејзините интересни сфери на влијание во овој дел на Македонија, ја принудиле Бугарија да испрати свои доверливи луѓе кои го испитале расположението на луѓето и дошле до заклучок дека српската пропаганда сеуште немала длабоки корени меѓу тамошното "бугарско население".[191] Бугарските сознанија говореле дека попустливата политика на грчката власт кон ваквите постапки на Кралството на СХС се должела на стравот на Атина да не се предизвика незадоволство кај Србите и влошување на односите меѓу двете држави. Дури, бугарскиот дипломатски претставник во Атина лично разговарал со некои бугарски државни доверливи луѓе што претстојувале околу два месеци во леринските села и тие му потврдиле дека неможело да стане збор за некои реални успеси на српската пропаганда во "грчка Македонија", туку дека постоеле обиди на "македонските бугари" да си го обезбедат животот со тоа што фиктивно се објавувале дека се србомани.[192] Од сите собрани сознанија на разните бугарски служби се утврдило дека само во некои села во близина на српско-грчката граница се формирале групи од жители кои себе си се декларирале дека се Срби.

Поучени од своите методи на дејствување, бугарските државни институции сметале дека српската пропаганда би постигнала повеќе успех помеѓу Македонците во Егејскиот дел, само доколку населението добиело впечаток дека подобрувањето на нивната положба се должи на српската заштита или подршката на властите во Белград. Како најпогодни луѓе за ширење на српското влијание во тие краишта, од владата во Софија и бугарското царско пратеништво во Атина се посочувале македонските емигранти кои властите на Кралството на СХС ги привлекло да се населат во Битолско. Овие луѓе кои добивале српски пасоши заминувале во Егејска Македонија и таму претставувале спроводници на официјалната политика на српската власт. Откако грчката влада увидела дека тие претставуваат потенцијална опасност и за нивната држава биле прогонети од нејзина

[191] Ibidem, 18.
[192] Ibid.

територија и покрај протестите на српските дипломатски претставништва во Солун и Атина.

Ваквата енергична акција на грчката влада била предизвикана од сознанијата дека овие спроводници на српската кауза со своето дејствување имале за задача да создадат српско малцинство на грчка територија. Токму затоа бугарските дипломати од Грција и порачале на бугарската власт да не им дозволува на српските конзулски органи во Бугарија да испраќаат македонски емигранти и бегалци во Вардарска Македонија затоа што тие биле претворани во агенти на српската пропаганда во "грчка Македонија".[193]

Како втор важен фактор кои од бугарскиот дипломатски претставник во Атина бил сметан за пресуден во успехот на српската пропаганда и истиснувањето на бугарското влијание во Егејска Македонија, била положбата која Србија ја имала во Солун. Како слабост на бугарската пропаганда се сметало тоа што во Солун не постоело бугарско конзулско претставништво, а во замена на тоа постоела само грчко-бугарска поткомисија за иселување. Спротивно на тоа, Србија односно Кралството на СХС во Солун имало конзулско претставништво, т.н. клуб на југословенски поданици, српско-грчка банка, српска пристанишна зона, трговска комора, стотици трговци и други карактеристики на "српска животна сила во срцето на Македонија". Српската пропаганда во овој дел на Македонија била далеку понапред пред бугарската и со самиот факт што властите на Кралството на СХС планирале да направат своја железничка станица дури и железничка линија од границата до солунското пристаниште. Сите овие околности имале големо значење и влијаеле српската пропаганда да создаде поволна почва и благопријатни услови таа да оствари успех помеѓу Македонците во Егејска Македонија.

На крајот бугарските дипломатски и државни фактори сепак заклучиле дека и покрај сите овие околности и мерки, српската пропаганда не ги постигнала очекуваните резултати што се планирале во Белград и сето тоа благодарение на "здравиот дух на Бугарите во грчка Македонија". Постигнатите резултати во тој момент, според бугарските проценки, се сведувале на чиста опортунистичка појава.[194]

---

[193] Ib., 19.
[194] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.253, стр.20.

Бугарско-српските дипломатски контакти околу македонското прашање се повеќе се префрлале во државно-конзуларните претставништва на двете држави во Грција. За македонското четничко прашање, во мај 1926 година во Атина разговарале бугарскиот дипломатски претставник и српскиот ополномоштен Гавриловиќ. Повод за разговорот меѓу двајцата дипломати бил атентатот што во Струмица бил извршен од терористи на ВМРО врз претставници на српската власт. Според Гавриловиќ, атентатот бил извршен од четници кои преминале од бугарска територија. Сознанијата на српските власти оделе во правец дека уште пред неколку месеци се знаело дека македонските организации во Бугарија (ВМРО, н.ж.) планирале да испратат т.н."тројки" или помали чети кои требало да дејствуваат помеѓу населението во "Јужна Србија". Понатаму српскиот дипломат Гавриловиќ истакнал дека пограничното население во "Јужна Србија" било уморно од походите на "бугарско-македонските четници" и затоа посакало од властите да добие оружје за самоодбрана.[195] Затоа властите започнале да разделуваат оружје на населението. Гавриловиќ во разговорот со бугарскиот ополномоштен исто така констатирал одбојност на локалното население кон "бугаро-македонската"организација поради што таа започнала да го одбегнува испраќањето на поголеми чети кое го заменила со испраќање на помали групи од тројца до четворица луѓе.

Во тој дух Гавриловиќ му објаснувал на бугарскиот дипломатски претставник дека дејствувањето на четите на ВМРО имале погубно влијание врз односите помеѓу владите на двете држави и зближувањето на двата народа. Гавриловиќ уште нагласил дека во последно време јавното мислење во Србија во однос на Бугарија се сменило во позитивен правец, за што сведочел срдечниот пречек во Белград на бугарскиот делегат за време на една меѓународна студентска конференција под покровителство на Друштвото на Народите. Токму затоа, објаснил дипломатот од Кралството, четничките акции биле целосно бесцелни, бидејќи според негово мислење тие неможеле да предизвикаат никакво раздвижување на населението во "Јужна Србија"

---

[195] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Българска царска легация въ Атина Н.871-Поверително до Господина АТ.Д.БУРОВЪ, Министъръ на Външните Работи и на Изповеданията въ София, стр.130.

односно Вардарска Македонија. Дипломатскиот претставник на Кралството на СХС во Атина уште сметал дека голема илузија било да се очекува дека во тој дел од државата може да избие востание насочено против властите во Белград.[196] Населението во Вардарска Македонија, според ваквото тврдење, било лојално кон државната власт и сите државни органи во тој дел од Кралството на СХС добиле инструкции на никаков начин да не го обеспокојуваат тамошното жителство кое требало да биде сметано како "едноплемено и рамноправно со населенијата на сите други српски области".[197] За да се зачува мирот во Вардарска Македонија, властите на Кралството издале наредба да не се предизвикуваат оние "интелегентни Македонци" кои го завршиле образованието во бугарски училишта, бидејќи нивното однесување ќе се отценувало со степенот на лојалност кон државната власт. Токму затоа Гавриловиќ сметал дека четите на ВМРО не биле воопшто во можност да ги нарушат плановите на Кралството на СХС во однос на Македонија. Сепак реакцијата на јавното мислење за овој проблем била негативна. Според мислењето на српскиот дипломатски претставник во Атина, материјалните и човечките загуби што настанувале од вооружените напади на четите, не можеле да го поставаат во знак прашање постоењето на државата Кралство на СХС. Значењето на тие акции повеќе било од морален аспект затоа што со "секое убиство извршено од четници на српска територија се убивала идејата за српско-бугарско зближување".[198]

Во понатамошниот разговор Гавриловиќ го минимизирал значењето на вооружените акции на четите на ВМРО и му посочил на бугарскиот дипломат дека нивната моќ не била таква како што била пред 15 до 20 години. Тие, според него, требало да исчезнат за неколку години и единствената штета од нивното постоење и дејствување на територијата на Кралството била што за исто толку години било осудено на пропаст секакво зближување на троимената држава со Бугарија. Затоа Гавриловиќ заклучил дека задача на бугарската власт била да изврши влијание врз **македонските кругови** тие да се откажат од "револуционерните авантури" и во краен случај да бидат

[196] Ibidem, 131.
[197] Ibid, 131-132.
[198] Ib., 132.

отстранети далеку од српската граница сите "**македонски елементи**" во кои се имало сомневање дека организираат и испраќаат чети. Само на тој начин можеле да се постават основите за зближување помеѓу Белград и Софија од кое, според српскиот дипломат Гавриловиќ, Бугарија можела да извлече голема полза.[199]

Иако официјалната државна политика во Белград се обидувала да создаде впечаток пред јавноста дека го маргинализира четничкото прашање, сепак тоа како такво заземало важно место во надворешната политика на Кралството на СХС кон Бугарија. По повод убиството на еден српски колонист во Вардарска Македонија што се случило на 11 јуни 1926 година, откако се утврдило од страна на надлежните власти дека тоа било дело на комитска чета, властите на Кралството на СХС жестоко реагирале. Со наредба на владата во Белград, Кралското пратеништво во Софија до бугарските државни институции испратило најенергичен протест против таквото дело. Меѓу другото, српското кралско пратеништво во Софија им обрнало внимание на бугарските државни власти дека ваквиот тип на акции и "авантури" имале многу опасни последици и ја туркале Бугарија во пропаст. Во содржината на протестот се истакнало дека Кралството на СХС ги вложило сите свои напори и морална сила за да го совлада револтот на своите државјани кон вооружените провокации што биле организирани од територијата на Бугарија. Владата во Белград исто така успеала да го спречи огорчувањето манифестирано на многубројните протестни митинзи на народот во "Јужна Србија", кој најмногу страдал од нападите на комитите. Во духот на подобрувањето на односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија, српските власти исто така го забраниле одржувањето на антибугарските митинзи во Загреб и во Белград.[200]

Меѓутоа, и покрај сите тие напори и постапки на владата на Кралството со цел да дојде до подобрување на односите со официјална Софија, продолжиле нападите на комитските чети на ВМРО за што потврда било последното убиство на српскиот колонист во Вардарска Македонија. Поради

---

[199] Ib., 133.

[200] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Legation Du Royaume des SERBES CROATES ET SLOVENES-Sofia N.556.-Краљевском Министарству Иностраних Дела-Софија, стр.144.

сето тоа во завршниот збор од протестот, Кралското пратеништво во Софија го замолило бугарското министерство за надворешни работи, за да се избегнат несаканите последици, да се стави крај на овие вооружени провокации со тоа што ќе биде казнет организаторот на тие убиства-"**Македонскиот Комитет**". Со таквите преземени решителни мерки, бугарската влада требала да покаже искрена желба и на тој начин да ја отстрани пречката за подобрување на односите меѓу двете соседни држави.[201]

Во врска со истиот настан следел одговор од бугарска страна во кој официјална Софија ги негирала тврдењата на државните органи на Кралството на СХС дека опасноста за меѓусебните односи доаѓала од нејзина страна. Извештај за настанот, но и за општата состојба на границата бил испратен од страна на Окружниот управител на Ќустендил, Червенобрешки, до бугарското министерство за внатрешни работи на 22 јуни 1926 година. Во него тој децидно ги отфрлил тврдењата од српската протестна нота и изјавил дека никакви четници од **Македонската Револуционерна Организација** не биле организирани ниту преминале на територијата на Кралството на СХС со терористички цели, од насоката на Ќустендил и неговата околина.[202] Окружниот управник во извештајот потврдил дека заштитата на границата од погранични бугарски војски навистина била слаба, но тоа пред се се должело на нејзината малубројност. Во интерес на спроведување на официјалната бугарска државна политика за добрососедски односи со Кралството, претставниците на административната и воената власт во овој Округ

[201] Ibidem, 144a.

[202] Во врска со пограничните вооружени инциденти на бугарско-српската граница во делот кон Македонија, владите на двете држави постојано се обвинувале меѓусебно за одговорност на едната или другата страна. Ставот на речиси сите бугарски влади бил дека официјална Софија не стоела зад подршката на овие вооружени чети и уште повеќе, дека нивното јадро не се наоѓало на бугарска државна територија. Меѓутоа, во суштина четите на ВМРО во најголем дел од меѓувоениот период, непрекинато ја користеле територијата на Пиринска Македонија под бугарска власт за вооружено дејствување во Вардарска Македонија под српска власт. Постојаното негирање на таквиот факт од бугарска страна било од две причини: прво, Бугарија немала доволно воено-полициска моќ да го спречи дејствувањето на четите на нејзина територија и второ, што е и најблиску до вистината, официјална Софија во помала или поголема мера ги подржувала четите на ВМРО, вооружено и финансиски, што било во согласност со намерите за искористување на оваа македонска организација во завојувачките бугарски стремежи кон Македонија. Раководството на ВМРО се обидувало да се дистанцира од таквата бугарска политика кон Македонија, особено кога на чело на ЦК се наоѓал Тодор Александров, но сепак не може да се констатира дека во внатрешните работи на оваа македонска организација немало никакво влијание на владата во Софија.

посветиле најголемо внимание за да се спречат било какви погранични инциденти кои би можеле да ја изложат на опасност Бугарија како држава.[203]

Бугарските локални власти во Ќустендил и покрај констатациите дека границата била слабо обезбедена, проблемот со вооружените инциденти не го лоцирале на нивна територија, туку сосема спротивно, сметале дека чети и разбојнички банди доаѓале од српска територија, за поткрепа на што посочиле неколку такви примери. Тоа, според ова тврдење, докажувало дека вооружените инциденти доаѓале од територијата на Македонија под српска власт, што исто така било вистина, бидејќи и Кралството на СХС потпомагало формирање и дејствување на контрачети на негова територија. Српската погранична војска иако била многубројна и подобро организирана од бугарската, изјавувала дека не била во состојба да го осуети преминувањето на таквите вооружени формации во пограничните области. Затоа за да се избегнеле вооружените инциденти и нивното влијание врз меѓусебните односи, бугарските власти барале од српска страна да им бидат посочени сторителите на убиството на српскиот колонист од 11 јули, како и нивното местожителство, се со цел да се спречи нивното прибежиште на територијата на Бугарија.[204]

И покрај декларативните изјави на сите релевантни фактори во државните хиерархии на Кралството на СХС и Бугарија дека треба да дојде до подобрување на нивните меѓусебни односи, состојбата на теренот во текот на 1926 година покажувала сосема спротивни тенденции. Атентатите и вооружените напади на комитските чети на ВМРО продолжувале со несмалена жестина, а со тоа и обвинувањата од владата во Белград дека Бугарија им дава организациона и парична поддршка на истите. Во поддршка за откривање на атентаторите и против комитските чети на помош на властите на Кралството на СХС во 1926 година се вклучила и Грција. На 17 јули грчкиот весник "Елефтерос Типос" објавил вест според која грчките власти им го предале атентаторот на битолскиот новинар Хаџи Поповиќ на српските власти. Тој бил спроведен од Лерин до српската граница во придружба на грчки вооружени војници, кои го предале на српската погранична позиција јужно од градот

---

[203] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Поверително Вх.Н.10681-До Министерството на Вътрешните Работи и Народно Здраве, стр.153.

[204] Ibidem, 153a.

Битола. После тоа во Битола од грчка страна отпатувале високи претставници на административната, полициската и воената власт со што на настанот му се дало големо значење и се потенцирала успешната соработка меѓу двете држави.[205]

Властите на Кралството на СХС исто така издале парична награда од 20000 динари на тројцата грчки војници, коишто успеале да го заробат атентаторот. Бугарија иако декларативно не ја интересирале четниците и атентаторите на ВМРО, во овој доверлив извештај, од разни причини, ја искажала својата попустлива политика кон овој дел од македонското прашање. Од нејзина страна било изразено незадоволство поради тоа што атентаторот бил испорачан од властите во Атина без да биде направено официјално барање од српските државни органи за негова екстрадиција и без поведување на официјална судска постапка за утврдување на неговата одговорност. Грчката власт, според владата во Софија, за да му угоди на Кралството на СХС веднаш го испорачала атентаторот иако не била склучена конвенција која би го регулирала тоа прашање меѓу тие две држави. Присуството на грчката државна делегација при постапката на екстрадирање во Битола имала за цел да ја покаже спремноста на Атина за соработка со својот северен сосед во заедничката борба против четите на ВМРО, од кои била засегната и самата Грција.[206]

Кон крајот на 1926 година се појавила тенденција за нормализирање на односите помеѓу двете соседни балкански држави. За тоа постоеле неколку причини. Во текот на таа година починал долгогодишниот српски политичар Никола Пашиќ кој во најголем дел бил творец на непопустливата надворешна политика околу македонското прашање. Од друга страна и обидите за подобрување на односите помеѓу Бугарија и Италија создавале страв дека Кралството на СХС би останало изолирано околу решавањето на балканските национални прашања. Таквиот развој на настаните ја принудил владата во Белград да пристапи "посмирено" во разговорите со Бугарија, пред се во поглед на прашањето околу статусот на Македонија.

---

[205] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.367, Българска Царска Легация въ Атина Н.1376-Поверително до почитаемото Министерство на Външните Работи и на Изповеданията(Отд. Политическо)въ София, стр.186.

[206] Ibidem, 187.

Во декември 1926 година во Берлин се сретнале и разговарале дипломатските претставници на Кралството на СХС и Бугарија, Смодлака и Методи Попов. Двајцата дипломати разговарале околу пречките за подобрување на односите меѓу двете држави при што Попов како најважен проблем го наметнал статусот на "бугарското население во Македонија".[207] Српскиот дипломатски претставник Смодлака инсистирал тоа прашање да биде решено со тоа што троименото Кралство би било преуредено на федеративен принцип, а како прв чекор кон тоа предлагал склучување на царинска унија и воен сојуз помеѓу двете држави.[208] Навидум попустливата политика во однос на македонското прашање од владата на Кралството на СХС, дури и како таква била критикувана од бугарската влада која не била задоволна од неспроведувањето на меѓународните договори за малцинствата во Вардарска Македонија под српска власт.

Од друга страна за да се создаде привидна рамнотежа на распоредот на силите помеѓу балканските држави, некои бугарски дипломати во странство побарале од владата во Софија да тактизира со македонското прашање и да создаде впечаток дека се откажува од неговото поставување. Дури и се препорачувало на бугарската влада да ја насочи надворешната политика кон Франција за да се отстранат сомневањата на владата на Кралството на СХС дека се подготвува сојуз во нејзиното соседство кој би бил насочен против него.

Главна одлика на српско-бугарските односи околу Македонија во 1926 година бил судирот на нивните национално-државни стратегии на теренот во Егејскиот дел под грчка власт. Владата во Белград преку разни пропагандни средства се обидувала да го придобие македонскиот народ во Егејска Македонија и да создаде погодна почва за посилно присуство на тие простори. Во такви услови загрозена се нашла бугарската пропаганда која веднаш, преку државните институции, се нафатила со преземање на мерки за истиснување на српското влијание. Напоредно со тоа, за ваквиот судир на интереси во Егејска Македонија разговарале и дипломатските претставништва на двете држави во

[207] Димитър Косев, Външната политика на България при управлението на Андрей Ляпчев 1926-1931, София, 1995, стр.83.
[208] Ibidem, 83.

Атина кои повторно повикувале на подобрување на меѓусебните односи. Застапувањето на политиката за добрососедство повеќе имала декларативен карактер затоа што во реалноста односите помеѓу владите во Белград и Софија биле диктирани од етапите на развој на македонското прашање. И во текот на 1926 година како тема на разговорите се наметнувало прашањето на методите на дејствување на организацијата ВМРО.

## 3.2. Српско-бугарските ставови околу македонското прашање во 1927 година

Во 1927 година дипломатските постапки на Кралството на СХС и Бугарија со другите балкански држави го направиле уште посложено решавањето на македонското прашање. Додека во 1926 година имало конкретно зближување на Грција и Кралството на СХС и соработка против четите на ВМРО, во почетокот на 1927 година владата во Белград повторно почнала да покажува сигнали до бугарската власт дека сака да го возобнови "славјанското" зближување на сметка на Македонија. Тоа најповеќе се случувало од стравот на владата на Кралството на СХС поради блиските односи на Бугарија со Италија која како регионална сила имала територијални побарувања во делот на Истра и други краишта на Јадранското крајбрежје. Во март 1927 година кралскиот воен аташе во Атина, полковник Тодоровиќ му соопштил на претставникот на бугарското дипломатско претставништво дека како неопходност се наложувала потребата од зближување помеѓу Бугарија и Кралството на СХС. Според искажувањето на Тодоровиќ срамно било и за двете држави поради нивните расправии и недоразбирања да остават на Грците да ги "елинизираат славјанските земји во **Македонија**"...[209] Италијанско-албанскиот сојуз и обидот да се привлече и Грција во истиот со посредништво на англиската дипломатија, според воениот аташе, бил насочен исклучиво против балканските словенски земји. Токму од тие причини спасот од таквата состојба требало да се бара во зближувањето помеѓу Кралството на СХС и Бугарија и нивен евентуален сојуз со другите словенски држави во Европа.

[209] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.543, Поверително-до Господинъ К.Вакарелски, Български Пълномощенъ Министъръ-Белградъ, стр.36.

Како резултат на политиката на зближување, воено-офицерските кругови во Србија биле спремни да се согласат Бугарија да добие територијално проширување на југ кон Егејското море-источно од реката Струма. Воените кругови во Белград за сметка на политичкото зближување исто така се согласувале на Бугарија да и бидат простени репарациите наметнати по Првата светска војна, а немале против и да дојде до повторно обновување на бугарската армија. Полковникот Тодоровиќ децидно тврдел дека целиот српски воен штаб бил против секаков сојуз со Грција, а за зближување и сојуз со Бугарија. По ваквите изјави на српскиот воен аташе, Министерството за надворешни работи на Бугарија побарало од својот дипломатски претставник во Белград, Константин Вакарелски да провери дали навистина постоело такво расположение кај воените кругови во Србија за соработка со Бугарија.[210]

На ваквите барања, на 12 март 1927 година со опширен извештај за состојбата во Кралството на СХС, писмо до Министерот за надворешни работи Атанас Буров испратил бугарскиот дипломат во Белград-Константин Вакарелски. Тој го запознал министерот Буров со комбинациите што во Белград се правеле за формирање на нова влада. На чело на владата застанал Никола Узуновиќ, кој се обидувал да направи соработка помеѓу неговата Радикална партија во која доминирале приврзаниците на починатиот лидер Пашиќ и опозицијата олицетворена пред се во партиите од хрватскиот политички блок. Откако премиерот Узуновиќ ги средил внатрешните состојби во државата, тој се насочил кон остварување на целите што ги зацртал во *однос на надворешната политика на Кралството на СХС. На тој план* најдраматични и затегнати биле односите со Италија околу територијалните спорови и сојузот што оваа држава го создала со Албанија и Грција. Заради ова не случајни биле инсистирањата на владата во Белград повторно да дојде до подобрување на односите со Бугарија, најмногу поради стравот да не се случи државата да добие едно непријатно опкружување и соседи кои би ги подржувала Италија како регионална сила. Токму поради италијанскиот притисок за истиснување на српското влијание од Јадранот, белградската влада преку подобрени српско-бугарски односи се обидувала да создаде рамнотежа со излез на Егејското море. За попуштање на притисокот, во

[210] Ibidem, 37.

Италија бил испратен искусниот дипломат Милан Ракиќ, а за остварување на српските "беломорски" планови на местото на Ракиќ во Софија бил испратен српскиот дипломатски претставник Љуба Нешиќ.[211]

Долгогодишниот бугарскиот дипломат Вакарелски сметал дека позитивните сигнали што од Белград и биле испраќани на владата во Софија биле токму поради изолираноста во кое се нашло Кралството и затоа и покрај желбите за разбирање, од бугарска страна се барала претпазливост. Вакарелски препорачувал да се прифатат со резерва и српските ставови за прашањето на неограничување на вооружувањето на бугарската армија и подршката на српската влада Бугарија да има своја редовна армија. Покрај ваквата вербална подршка, бугарскиот дипломат во Белград дознал дека не била исклучена и евентуалната српска подршка на бугарските емигранти во Кралството против владата во Софија. Затоа Вакарелски им обрнувал внимание на надлежните власти во Бугарија да внимаваат на постапките на Нешиќ кој би можел да се вмеша во внатрепартиските борби во државата со што би го надминал и неговиот претходник Ракиќ, којшто исто така бил интригантски вклучен во бугарскиот внатрешно-политички живот.[212] Предвидувањата на Вакарелски исто така биле дека од владата на Кралството ќе се понудел договор за ненапаѓање, но и договор за трговска размена меѓу двете држави. Сите овие постапки и мерки предложени од српска страна единствено биле резервирани поради прашањето за **Македонија.** Дури и пишувањата на весниците во Кралството на СХС за формирање на некаква идна царинска унија меѓу двете држави, според Вакарелски, имале пропаганден карактер и можеле да се сметаат за "пробни балони". Како постојана пречка за подобрување на српско-бугарските односи и овој пат се наметнало неодминливото македонско прашање.

Владата на Кралството на СХС, а и поширокото српско јавно мислење создавањето на една економска и политичка унија меѓу двете држави го условувале само откако "**Македонија** ќе биде посрбена, или се договори и гарантира нејзиното српско присвојување". Во прилог на таа теза во неколку

---

[211] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.543, Българска Царска Легация Н.18, Поверително, Господине Министре, стр.40.

[212] Ibidem, 40а.

српски весници излегле статии со насловни страници во кој се тврдело дека за Македонија, Србите претпочитале "светот да го запалат" и дека до договор со Бугарија по однос на македонското прашање можело да се дојде само доколку постоеле интереси и на двете држави за заеднички излез на Егејското море.[213]

Но и покрај сето ова Вакарелски од Белград му предлагал на министерот Буров да се направат сите напори од бугарска страна за да дојде до нормализирање на односите со Кралството на СХС. Во таквите настојувања се сметало и на "добрата волја" на владата во Белград која требало да се откаже од својата мегаломанија своевремено поттикнувана од дипломатскиот претставник во Софија, Милан Ракиќ. Тука според бугарското мислење требало во интерес на тие добрososедски односи да се напушти и теоријата дека Бугарите и Србите се ист народ, со иста вера и обичаи и затоа треба да живеат во заедничка држава. Тоа тврдење, поткрепено од постојаните српски претензии за излез на Солун и Егејско море, што се косело со бугарските државни аспирации кон овој дел од Македонија, биле главните причини што не се оствариле декларативните изјави на двете држави за добрососедски односи.

На 25 март 1927 година од Белград повторно испратил извештај дипломатскиот претставник Вакарелски, во кој се обидувал да го запознае министерот Буров со гледиштата на политиката на Кралството на СХС по однос на Македонија. И во тој временски период официјален Белград бил вознемирен од затегнатите односи со Италија што предизвикало сите останати сегменти од надворешната политика да се гледаат низ призмата на тие односи. Според сите показатели официјалната надворешна политика на Кралството на СХС била насочена во правец на подобрување на односите со Бугарија, иако неотстапливоста на Србија во однос на Македонија сеуште била главен проблем. Бугарските политички анализи во тој поглед покажувале дека Србија со текот на времето ќе развие потолерантен однос.

Зближувањето на двете држави според јавното мислење и политичките кругови во Кралството на СХС требало да се случи со присоединување на Бугарија кон троимената држава, со што Србија би била доминантна во таа државна заедница. Бугарскиот дипломатски претставник Вакарелски се согласувал со ваквиот предлог и "жртвата" на Бугарија во однос на нејзиниот

---

[213] Ibid.

статус, но само доколку во таа замислена конфедерација **Македонија добие автономен статус**.[214] За тоа прашање Вакарелски остварил средба со еден поранешен министер во владата на Кралството кој му предложил една државна заедница на Балканот по примерот на обединувањето на Германија. Тој се прашувал зошто покрај една Србија што ја споредувал со Прусија, да не може да живее една Бугарија по примерот на Баварија. Во тој момент бугарскиот дипломат Вакарелски не му одговорил на својот колега, но помислил зошто тогаш покрај тие две држави да не може да живее во полна хармонија една Македонија како Саксонија.[215] Заклучокот на двајцата дипломати за оваа тема бил дека подетални разговори можат да се водат од неофицијални политичари кои би требало да го подготват патот за понатамошни официјални договори.

До тој момент ниту официјално, ниту неофицијално не биле водени посуштински разговори околу најболната тема-Македонија, затоа што тоа било невозможно. И од бугарска и од српска страна била изразена спремност за македонското прашање да бидат водени продлабочени неофицијални разговори, за која што цел веќе се подготвувала една група српски политичари да ја посетат Софија. Во овие прелиминарни разговори се изразила подготвеност и од двете страни, тешкотиите и пречките што постоеле околу ова нерешено прашање да бидат надминати и да се изнајде едно прифатливо решение кое ќе ги задоволи и Кралството на СХС и Бугарија.

Додека ги водела овие неофицијални договори и преговори со политичари од Кралството на СХС, бугарската влада била подготвена и за други делумни решенија на македонското прашање. Така на италијанско-српскиот конфликт, од бугарска страна се гледало и како на обид на Италија да си ја обезбеди поранешната патна комуникација Виа Егнација што преку Албанија, јужна Македонија и Приморска Тракија требало да ја поврзе неа со Мала Азија. Во тој случај ако настанело евентуално распаѓање на Кралството на СХС, Бугарија сметала дека ќе ги добие Одрин и делови од Северна

[214] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.543, Българска Царска Легация Н.27, Поверително, Господине Министре, стр.42а.
[215] Ibidem, 42а-43.

Македонија, што од своја страна значело дека за неа неповратно биле изгубени излезот на Егејско море и целата територија на Јужна Македонија.[216]

Затоа, според дипломатските проценки на Вакарелски како добар познавач на политичките прилики во Кралството на СХС, доколку Бугарија морала да избира помеѓу италијанската експанзија на Балканот и српското закрепнување со помош на Германија, таа требало да ја одбере втората алтернатива. На прашањето, зошто, одговорот бил едноставен-Македонија. Бугарија која сметала дека Македонија не е изгубена засекогаш, според бугарскиот дипломат во Белград, се надевала дека во една преуредена јужнословенска федерација, Македонија би можела да биде нејзин одделен и рамноправен член. Согласно таквото мислење, Бугарија била подготвена Србија односно Кралството на СХС да не се согласи на такво нешто и во догледно време. Но доколку се случело подобрување на односите и зближување помеѓу Кралството на СХС и Бугарија, тогаш од бугарска страна се сметало на фактот дека положбата на Македонците во Србија не можела да биде полоша од дотогашната. Крајната цел на таквите бугарски планови била создавање на една балканска федерација, дури и ако таа би била составена само од Бугарија и Србија (Кралството на СХС, н.ж.)[217]

На 3 април 1927 година, бугарскиот ополномоштен во Белград, Вакарелски повторно се обратил до министерот за надворешни работи Буров со заклучок дека италијанско-српскиот конфликт лошо се одразувал и врз Бугарија. Анализирајќи ја општата политичка ситуација на Балканот и посебно во Кралството на СХС, Вакарелски му сугерирал на министерот Буров дека најприфатливо решение за смирување на тензиите на немирниот Балкан било создавањето на една **автономна Македонија** во пошироки или потесни граници вклучително и пристаништето Солун, со тоа што кон неа ќе се присоедини и Албанија.[218] Ваквата држава иако на почетокот би личела на еден конгломерат составен од повеќе националности со различна верска припадност, во суштина требало да ги отстрани непријателствата и територијалните претензии на Кралството на СХС, Грција и Бугарија кон овие

---

[216] Ibid, 43a.
[217] Ib., 44a-45.
[218] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.543, Българска Царска Легация Н.30, ПОВЕРИТЕЛНО, Господине Министре, стр.47.

територии. Затоа Вакарелски му предложил на Буров, бугарската влада сериозно да ја разгледа оваа идеја и да го испита јавното мислење во врска со тоа.

Како добар познавач на состојбите во Србија и воопшто во троименото Кралство, Вакарелски сметал дека таквата идеја била единствено решение поради неговото тврдење дека српските власти никогаш нема да се откажат од излезот на Солун и целосна српска хегемонија и доминација во СХС-државата. Пред таквиот притисок се повлекле дури и упорните хрватски партии кои го напуштиле концептот за федерално уредување на Кралството на СХС. Единствено, според бугарскиот дипломатски преставник, пред српскиот притисок и репресивните мерки не поткlekнала само Македонија, бидејќи насилието таму не успевало и "Македонецот е научен повеќе на-со кротко и со благо".[219] Таквите мерки на владата во Белград биле преземени затоа што таа не и верувала на Бугарија која исто така не се откажувала од своите планови по ова прашање.

Самиот Вакарелски за бугарската политика истакнал дека "колку и да сакаме, не можеме да ја заборавиме Македонија, не за друго, но барем преку нејзиното уредување на еден или друг начин, да го гарантираме сопствениот мир, сигурност и постоење на возможни поголеми апетити на Белград или на друго место".[220] Од сите тие причини и четири годишната дипломатска активност во Белград, Вакарелски целосно еволуирал кон **каузата на Македонствујушчите-Автономна Македонија.** Таа определба на искусниот бугарски дипломат, според него не била случајна, туку плод на долго проучување и размислување за суштината на проблемот. Претходните негови предлози; за поделба на Балканот со западниот сосед, доминацијата на Србија во една балканска федерација со статус на автономија за Македонија, создавање на општа јужнословенска конфедерација-пропаднале поради несогласувањето на Белград. Затоа како најполезно решение се сметало создавањето на една Автономна Македонија во која можела да влезе и Албанија. Оваа нова **Македоно-Албанска држава** требала конечно да го реши македонското прашање и како таква требала да послужи како јадро за

[219] Ibidem, 48.
[220] Ibid, 48.

создавање на една Балканска конфедерација-државна творба која ќе биде прифатлива и за Европа.[221]

Во напорите за наоѓање решение за македонското прашање се вклучиле и членовите на т.н. Балкански Комитет се седиште во Англија. Оваа организација која била составена од угледни интелектуалци, политичари и јавни работници од тамошното англиско општество се залагала за решавање на македонското прашање со тоа што на истото му давала бугарски национални белези. Во тој правец било и писмото од Едвард Бојл, кој бил член на Комитетот, испратено на 4 април 1927 година и адресирано до претседателот на бугарската влада Андреј Љапчев. Во писмото бугарскиот премиер бил известен дека членовите на Балканскиот Комитет како пријатели на Бугарија со интерес и задоволство ги забележале новите тонови што ги имало во односите помеѓу Белград и Софија во тој момент. Комитетот сметал дека новата генерација на српски политичари од типот на Периќ и Нинчиќ ќе отворат ново поглавје во односите меѓу двете држави. Оваа група на луѓе имале разбирање дека македонското прашање и натаму останувало најсуштинско од сите прашања, но тие не гледале зошто тоа треба да го спречи успехот на односите во другите правци.[222] Едвард Бојл сметал дека напротив, успехот во другите правци можел да биде во поголем степен остварлив, ако се овозможело за решавање на македонското прашање да остварат лична средба водечките државни личности од двете држави. Според Бојл, во таков случај никој не можел да се надева на решение што ќе ги задоволи "екстремистите", но решение што ќе ги признаело малцинските права во поглед на црквите и училиштата било добро, внатре во границите на можностите. На крајот од писмото до Љапчев, Бојл изразил длабоко уверување дека овој проблем ќе

[221] Ibid, 49a. Во овој временски период зачестиле понудените решенија на Бугарија за државно-правно решение на македонското прашање. Таквите бугарски политички ставови во разговорите со официјален Белград не биле воопшто случајни, туку биле резултат на една државна стратегија што подолго време се подготвувала. Од бугарската влада биле понудени повеќе решенија, меѓу кои и тоа за создавање на Македонско-албанска држава, што како предлог воопшто не соодветствувало со реалноста. Таквата држава која значела повторна промена и на така кревките балкански граници, неможела да биде подржана од големите сили кои во тој момент се залагале за статус кво. Кралството на СХС имало сигурна подршка од влијателните Франција и Англија кон постоечките форми за решавање на статусот на Македонија. Овој предлог за создавање на Македоно-албанска држава бил бугарската формула за истиснување на српското влијание во Македонија и можна, иако неостварлива антитежа, против доминацијата на Кралството на СХС на Балканот.

[222] ЦДА, фонд 252, оп.1, а.е.372, Confidential, Dear Liaptsheff, стр.2.

биде надминат и дека ќе се оствари идејата за создавање на Балканска федерација. Склучувањето на економска унија помеѓу Бугарија и Кралството на СХС од страна на Балканскиот Комитет се сметал како прв чекор во тој правец.[223]

Обидите за зближување помеѓу Кралството на СХС и Бугарија во пролетта 1927 година не ја оставиле рамнодушна и организацијата ВМРО. Во месец мај на разговори со раководството на ВМРО дошол рускиот новинар Лука Неманов, кој се сретнал со задграничните претставници на оваа организација Наум Томалевски и Кирил Прличев. На 2 јуни Неманов разговарал со Прличев и се интересирал за ставот на ВМРО околу иницијативите за повторно српско-бугарско зближување. Одговорот што го добил од задграничниот претставник на ВМРО бил дека двете соседни држави можат да преговараат помеѓу себе, но **Македонија** не дала полномоштво на ниту една од двете држави да говорат од нејзино име.[224] На тој одговор Неманов истакнал една констатација според која доколку исчезне од сцена **македонското прашање**, нема зошто да преговараат Бугарија и Кралството на СХС и затоа му упатил директно прашање на Прличев за тоа каква била целта на ВМРО: анексија на Македонија кон Бугарија или нешто друго? Високиот претставник на Организацијата му одговорил на новинарот дека никогаш од создавањето ВМРО не го променила својот лозунг- политичка автономија за народностите што ја населувале Македонија. Четите на оваа нелегална македонска организација не се спротивставиле на бугарската окупација на Македонија за време на Првата светска војна, бидејќи според Кирил Прличев, тоа биле "ослободителни војски", но и покрај тоа ВМРО протестирала против поделбата на Македонија веднаш по дознавањето за постоење на таков договор.[225]

Подобрените српско-бугарски односи претставувале одлика на надворешната политика на двете држави до есента 1927 година. По неколкуте атентати од ВМРО, состојбата повторно ескалирала и се закanувала да ги поништи сите дотогашни обиди на двете дипломатии за решавање на

---

[223] Ibidem, 2-3.
[224] К. Пърличев, *36 години във ВМРО*, op.cit.,145.
[225] Ibidem.

македонското прашање. Во октомври 1927 година по убиството на српскиот генерал Ковачевиќ во Штип од атентатори на ВМРО по којзнае кој пат се создале предуслови за активирање на заканите помеѓу двете балкански држави.[226]

Бугарскиот дипломат Вакарелски во Белград се обидел да ги убеди српските власти на воздржана реакција по повод овој инцидент. Во тој правец била и средбата на бугарскиот министер за надворешни работи Буров со српскиот дипломатски претставник во Софија Нешиќ кого го уверувал дека бугарската влада го осудувала таквиот терористички акт на ВМРО. Не толку поради бугарските дипломатски чекори, туку повеќе како резултат на неповолната меѓународна положба, Кралството на СХС не избрзувало со непромислени политички потези. Во прилог на таквите српски реакции одело и прогласувањето на воена состојба во Ќустендилскиот и Перничкиот округ со преземање на бугарски државни мерки за поголемо обезбедување на границата во делот кон Македонија под српска власт.[227] Италијанските територијални побарувања кон Кралството на СХС претставувале гарант за воздржаност на владата во Белград од вооружен одговор кон четничките акции на ВМРО.

Политиката на Кралството на СХС била насочена кон добрососедски односи кон Бугарија, со постојан дипломатски притисок кон Франција и Англија со намера тие да ја принудат владата во Софија да и ги откаже "услугите" на ВМРО. Веднаш после тоа, во октомври 1927 година француската власт го повикала бугарскиот дипломатски претставник Морфов со напомена Бугарија да преземе "најстроги мерки за прекратување на опасната дејност на ВМРО."[228]

---

[226] На 5 октомври 1927 година бил извршен атентат врз бригадниот генерал Михајло Ковачевиќ во Штип. Атентатот го извршиле терористите на ВМРО, Ипократ Развигоров од Штип, Благој Кралев од Куманово и Илија Лилинков од Штип. По настанот, Кралев бил фатен и осуден на смрт со стрелање, додека Развигоров и Лилинков се самоубиле откако претходно биле заобиколени од војска и полиција. Убиството на генералот Ковачевиќ предизвикало големи репресалии врз македонскиот народ во Брегалничкиот округ од страна на српската власт. Инцидентот се заканувал да предизвика вооружен конфликт помеѓу Кралството на СХС и Бугарија. Дипломатскиот притисок од големите европски сили врз двете влади ја спречил воената криза.

[227] Д. Косев, *Външната политика на България*...op.cit., 87.

[228] Ibidem, 88.

Покрај претставниците на Балканскиот Комитет, за состојбата со односите помеѓу Бугарија и Кралството на СХС и македонското прашање се интересирале и државните фактори во Англија. На 29 октомври 1927 година бугарскиот дипломатски преставник во Лондон го информирал министерот за надворешни работи Атанас Буров дека меѓународниот углед на Бугарија бил на многу ниско ниво поради нејзиниот однос по македонското прашање. Државниот потсекретар за надворешни работи во англиската влада, Сер Вилијам Тирел, го известил бугарскиот дипломат дека меѓу европските влади се повеќе се зацврстувало убедувањето дека бугарската власт била немоќна да се справи со ВМРО и затоа тоа мислење веднаш морало да се промени. Во спротивно Бугарија била ставена пред многу сериозни последици за кои не можела да смета на помош и од самата англиска влада, која инаку имала пријателски став кон неа. Затоа највисоката англиска државна администрација и советувала на бугарската власт да стори нешто повеќе од едноставното објавување на воена состојба, за почеток некои апсења, за да се побие меѓународното убедување за немоќта на државата кон тој сегмент од македонското прашање. Бугарскиот дипломатски претставник ја бранел бугарската политика пред Тирел со ставот дека тие направиле се што било во нивна моќ за да се спречи ширењето на било какви последици од тие дејствија и во државата и надвор од нејзините граници. Англискиот државен потсекретар ја признал истрајноста на бугарската влада и тешкотиите со кои таа била принудена да се бори, но уште еднаш го пренел советот од нивна страна дека морале да бидат преземени многу посериозни мерки од официјална Софија за да се промени европското јавно мислење кое сметало дека Бугарија е немоќна да ја совлада Македонската организација.[229]

Опасноста по бугарската држава не доаѓала само од неповолната меѓународна положба, туку според анлиската политичка анализа и од нестабилната внатрешна ситуација во Кралството на СХС. Причина за тоа била што на последните законодавни избори во Кралството не се создале услови за формирање на стабилна влада и што воените кругови во Белград станувале се помоќни. Затоа Англија барала од Бугарија да ја промени таа слика на немоќ кон ВМРО, што би одела во бугарска корист при евентуална

[229] ЦДА, фонд 252, оп.1, а.е.882. Господине Министре, стр.2.

воена акција под притисок на воено-офицерските кругови на Кралството на СХС против неа.

Токму поради сето тоа бугарскиот дипломатски претставник во Лондон, Хаџимишев и препорачувал на владата во Софија да преземе најсериозни мерки и да постапи по укажувањата и советите на Вилијам Тирел. Како вознемирувачки за Бугарија послужиле и информациите кои доаѓале од англиските безбедносни служби, а говореле за многу нестабилна положба во Кралството на СХС. Неможноста да се формира стабилно парламентарно мнозинство за создавање на влада им давало се поголем поттик за засилување на воените елементи во државата. Во такви услови, англискиот Форин Офис изразувал сериозна загриженост дека доколку преовладаат воено-офицерските кругови, можно било од страна на Белград да бидат преземени воени акции во правец на Солун или во правец на Перник, Бугарија. Ако навистина се случело такво нешто, Англија се прашувала дали Друштвото на Народите било во состојба да спречи еден таков воен конфликт. И според бугарските сознанија можна била таква разврска на настаните од причина што српските претензии кон регионот на Перник како огромен енергетски басен за камен јаглен, датирале уште многу поодамна. На крајот, како последен аргумент за опасноста од Кралството на СХС кон Бугарија доаѓале сознанијата добиени од директорот за Централна Европа во Форин Офисот (Министерство за надворешни работи) кои укажувале на тоа дека Белград немало да се откаже од воената акција дури и во случај Бугарија да преземе најбрутални мерки против Македонците и нивните организации на нејзина територија.[230]

Потврда за навистина бурните настани што се случувале во политичкиот живот во Белград дале и пишувањата во весниците на Кралството на СХС. На 24 ноември 1927 година белградскиот провладин весник "Политика" пренесол дел од дискусиите во Народната Скупштина што се однесувале на српско-бугарските односи и македонското прашање. Експозе за односите на релација Белград-Софија поднел министерот за надворешни работи на Кралството, Павле Маринковиќ. Тој во своето излагање отценил

[230] Ibidem, 3.

дека односите меѓу двете држави биле затегнати поради акциите на ВМРО во Вардарска Македонија кои се подготвувале и преземале од територијата на Бугарија. Според министерот, владата на Кралството на СХС ги преземала сите потребни мерки за да се спречи навлегувањето на "агенти"од оваа организација кои имале за задача да извршуваат атентати, но исто така, според него и бугарската власт требало да преземе соодветни постапки. После излагањето на министерот Маринковиќ се развила дискусија меѓу пратениците во Народната Скупштина и дошло до неколку вербални спротивставувања помеѓу него и Стјепан Радиќ од хрватскиот опозиционен блок. Радиќ го обвинил министерот за надворешни работи дека со своите изјави и тие на владините функционери ја насочуваат државата во војна со Бугарија, на што Маринковиќ се спротивставил и поддржан од пратениците на Радикалната партија, го негирал тоа.[231]

Потоа за збор се јавил пратеникот Светозар Прибичевиќ кој истакнал дека во интерес на Кралството на СХС било да се воспостават добрососедски односи со Бугарија. Прибичевиќ потенцирал дека понекогаш внатрешната и надворешната политика се надоврзувале меѓу себе и во тој контекст го критикувал министерот Маринковиќ затоа што тој не ги запознал пратениците со општата состојба во Македонија која всушност ги оптоварувала односите помеѓу двете соседни држави. Затоа Прибичевиќ сметал дека најдобар одговор на нивните противници по македонското прашање ќе се дадел ако "нашиот народ во Македонија добие полна слобода на својот развиток".[232] За збор во врска со македонското прашање повторно се јавил Радиќ. Тој се задржал на петицијата што од страна на ВМРО била испратена до Друштвото на Народите и во која оваа организација ја обвинувала владата на Кралството на СХС за тешката состојба на "бугарските сонародници во Македонија" и согласно тоа барала заштита од меѓународните институции во Женева. До тој момент, според искажувањето на Радиќ, таквите петиции обично завршувале во архивите на Друштвото на Народите, но последниот ваков документ бил прифатен и разгледуван како официјален. Тоа за пратеникот на опозицијата

[231] ЦДА, фонд 252, оп.1, а.е.529, Прегледъ на чуждия печатъ, стр.1.
[232] Ibidem, 2.

значело опаѓање на угледот на Кралството на СХС за што барал образложение од министерот Маринковиќ.

Министерот за надворешни работи на ваквите обвинувања одговорил дека во петицијата на ВМРО биле искажани многу навредливи зборови на адреса на Белград и затоа тој документ од владата бил оквалификуван како дело на "ноторни разбојници". Во третото дискутирање Радиќ уште еднаш ја обвинил постоечката влада дека таа директно била виновна за таквата состојба во Македонија и затоа предлагал во тој дел на државата да биде спроведен еден поцивилизиран режим. По Стјепан Радиќ во дебатата се вклучил и водачот на Земјоделската партија, Јовановиќ кој предложил за македонското прашање да се разговара на ниво на висока министерска делегација со претставниците на бугарската власт, нагласувајќи притоа дека таквите разговори не смеат да бидат тајни, туку отворени за јавноста.[233]

Најактивен во расправата за односите меѓу Кралството на СХС и Бугарија бил Стјепан Радиќ, кој и по четврти пат му се спротивставил на министерот Павле Маринковиќ. Овој пат тој се задржал на укажувањата како да се подобрат тие меѓудржавни односи и во тој правец според него најдобро било државните функционери на Кралството на СХС да се држат до декларативните изјави за пријателство со Бугарија, а не нивните изјави да не одговараат со постапките што во јавноста биле сосема различни. На крајот повторно со свое обраќање за проблемот излегол министерот за надворешни работи Маринковиќ. Тој ја бранел надворешната политика на владата во Белград и посебно во нејзиниот дел поврзан на односите со Бугарија. Маринковиќ не бил против политиката на добрососедство и соработка на Балканот, но неможел да се согласи со вооружените провокации што се заканувале да ги загрозат таквите принципи. Според него состојбата во "Јужна Србија" не зависела од постапките на белградската влада, туку од атентатите што биле извршувани таму и кои се подготвувале надвор од државата. Министерот исто така ги отфрлил обвинувањата на опозицијата дека атентатите и вооружените акции во тој дел на државата биле поврзани со неподносливиот режим на владата. Напротив тој сметал дека режимот во

[233] Ibid.

"Јужна Србија" бил еден од најдобрите од сите оние што постоеле на Балканскиот полуостров.[234]

По сите дипломатски акции преземени од двете држави по повод неколкуте вооружени инциденти од страна на ВМРО, настанала една затегната состојба која навестувала повторно влошување на односите. Кралството на СХС откако увидело дека не вродиле со плод ангажманите на Англија и Франција околу состојбите во Македонија, се решило на преземање на радикални мерки. Владата во Белград донела одлука за затворање на границата кон Бугарија. Таквото решение ги вознемирило големите европски држави кои се обидувале по секоја цена да го решат проблемот по мирен пат.

Напоредно со активноста на француската и англиската дипломатија, дејствувале и државно-политичките фактори на Кралството на СХС кои пред меѓународната јавност настојувале да ги одбранат своите "права" над Македонија. Дипломатската офанзива на Кралството на СХС по однос на "српскиот" карактер на македонското прашање продолжила во повеќе европски држави. Во ноември 1927 година, бугарското дипломатско претставништво во Берлин ја известило владата во Софија за активностите на српската дипломатија меѓу нејзините емигранти во Германија. Д-р Михајловиќ од кралското српско пратеништво им давал упатства на студентите од Кралството на СХС во Германија за тоа каков ќе биде политичкиот курс на српската влада по однос на српско-бугарските односи и македонското прашање. Според Михајловиќ, по истерувањето на Турците од Македонија голем дел од нејзиното население се иселило во Бугарија и поради неговата голема бројка започнало да учествува во нејзините политички борби. Тоа население успеало добро да се организира така што во тој момент претставувало најмоќна организација во Бугарија позната под името "**Македонствујушчи**" (ВМРО, н.ж.). Силата на таа организација била толку многу голема што дури им наредувала на бугарските влади како да ја раководат државата. Според тврдењето на Михајловиќ, Александар Цанков пред да дојде на власт истакнувал дека ќе се залага за зближување меѓу Бугарија и Кралството на СХС, но кога станал претседател на бугарската

[234] Ib., 3.

влада, ВМРО извршила притисок врз него и тој продолжил да води "**македонствујушча политика**".[235]

Согласно ваквата српска теза во Бугарија постоеле две теченија; едното биле "македонствујушчите", а другите биле луѓето кои се залагале за братство, разбирање и пријателство со Србија. Михајловиќ уште им објаснил на српските студенти дека и "македонствујушчите" биле поделени во неколку групи од кои едни сакале Македонија да се присоедини со Бугарија, втора група се залагала за самостојна држава, а третата се борела за создавање на балканска комунистичка федерација.[236] За српскиот дипломат во Германија било незамисливо Македонија да се отцепи од Србија односно Кралството на СХС затоа што, според него, 600 000 трупови лежеле во таа земја која Србија со крв ја спечалила. Барањата за отцепување на Македонија од Србија и атентатите во тој дел од Кралството на СХС ги вршеле македонските емигранти во Бугарија кои владата во Белград ги нарекувала "македонствујушчи". Според владата во Белград, македонското население било мирно и задоволно од неговата положба и тоа дури ги презирало атентаторите и бунтовниците.

Во понатамошното излагање д-р Михајловиќ на студентите им ја објаснил новата ориентација на владата по македонското прашање. Тој им предочил на нив дека тие всушност претставувале новата политичка водечка сила на Кралството на СХС и затоа при контактите со бугарските студенти требало да водат сметка со кој од нив ќе соработуваат. Нивната соработка требало да се одвива во правец на тоа да се заборават сите несогласувања по однос на македонското прашање и да се поведе политика на зближување на двете држави како во периодот на 1912 година, пред поделбата на Македонија.

---

[235] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.855, Legation Royale de Bulgarie-Berlin N.10, Господинъ Министре, стр.2.

[236] Под терминот "македонствујушчи", српските политичари и научници понекогаш ја подразбирале целата македонска емиграција во Бугарија, но најчесто со тој поим ја поистоветувале организацијата ВМРО на Ванчо Михајлов. Според таквите сфаќања, ВМРО и организациите блиски до неа како Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, се бореле за присоединување на Македонија кон Бугарија. Разузнавачките податоци на српските безбедносни служби им посочувале на властите во Белград дека еден дел од членството на ВМРО се залагал и за создавање на самостојна македонска држава. Српските сознанија исто така укажувале дека организацијата ВМРО(обединета), која што се повеќе ја распространувала својата организациска мрежа во Пиринска Македонија, се борела за создавање на балканска федерација, со Македонија во нејзините етногеографски граници, како составен дел на неа.

Затоа српскиот дипломатски претставник во Берлин ги советувал идните политичари на Кралството на СХС да контактираат со оние политички сили во Бугарија кои не го поставувале како услов за добрососедство, македонското прашање, бидејќи за официјален Белград Македонија останувала српска.[237]

Сите дипломатски активности кон крајот на 1927 година укажувале на тоа дека се почувствувале помирувачки тонови помеѓу Кралството на СХС и Бугарија околу македонското прашање. Таква политика водела пред се владата во Белград која поради италијанско-бугарското зближување решила привремено да заземе попустлив став околу ова прашање. Нагорниот од во односите траел до есента 1927 година кога биле извршени неколку атентати од ВМРО кои предизвикале опасност од нови непријателства помеѓу двете балкански држави. Во тој временски период некои државно-политички кругови во Бугарија започнале да размислуваат за државно-правните аспекти на македонското прашање и имале за цел да му предложат на Кралството на СХС создавање на една поширока балканска федерација во која Македонија би добила независен или автономен статус. Таквиот политички став кон македонското прашање не бил заземен од некои принципиелни позиции, туку најмногу бил израз на стравот на Бугарија од евентуални нови поделби на Македонија, после кои засекогаш би биле изгубени бугарските шанси за доминација на овој дел од Балканскиот полуостров. Спротивно на ова, Кралството на СХС и понатаму сметало дека главниот сегмент од македонското прашање претставувало дејствувањето на "македонствујушчите" кои биле најголема закана за српското владеење во Вардарска Македонија. Подобрувањето на односите со Бугарија, властите во Белград и понатаму го условувале со целосната забрана и уништување на ВМРО. Во однос на евентуалниот државен статус на Македонија, владата на Кралството на СХС имала целосен негаторски став и за неа Македонија не претставувала ниту географски поим. Во тој поглед српската влада ја имала подршката и на Англија и Франција кои вршеле постојан притисок врз Бугарија за да се пресмета со организациската мрежа на ВМРО во Пиринска Македонија.

[237] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.855, 4.

## 3.3. Ставовите на Кралството на СХС и Бугарија кон Македонија и македонското прашање во 1928 година

Тврдиот став по македонското прашање од страна на властите на Кралството на СХС останал и во почетокот на 1928 година. За таквиот став на српската влада, на 18 февруари 1928 година од бугарското дипломатско претставништво во Атина бил информиран и министерот за надворешни работи Атанас Буров. Српскиот ополномоштен претставник Поповиќ му изјавил на неговиот бугарски колега дека неговата влада не размислувала на скорешно отворање на границата со Бугарија и планирала таа да остане затворена уште подолго време. И покрај тоа Поповиќ ја истакнал желбата на владата на Кралството да се постигне зближување со Бугарија, но според него никакви преговори меѓу двете влади не биле возможни се додека "македонската организација во Бугарија не биде распуштена или барем не престане да се занимава со **македонското прашање**".[238]

Бугарија, од своја страна се обидувала да добие подршка од јавното мислење во Англија околу македонското прашање и тоа успеала да го издејствува преку Балканскиот комитет во Лондон кој работел претежно во правец на докажување на "бугарскиот" карактер на Македонија. Англиските интелектуалци од овој Комитет дури се обидувале да ја убедат Бугарија да го постави како такво ова прашање и пред меѓународните организации како што било Друштвото на Народите во Женева. Членовите на Балканскиот Комитет вршеле силен притисок и врз владата во Лондон да застане зад бугарската кауза околу македонското прашање, во што делумно и успеале, иако Форин Офис го условувал отпуштањето на парични заеми на Бугарија со намалување на надмоќта на воените фактори кои во најголем дел ја потпомагале ВМРО.[239]

Во обидите да се натера бугарската влада да ја забрани организацијата ВМРО, Англија се обидела да ја приклучи и фашистичка Италија која како традиционален сојузник на "македонствујушчите" се изјаснила против таквиот предлог, со образложение дека тоа ќе предизвика контраефект и усложнување

---

[238] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.877, Legation Royale de Bulgarie N.387, Поверително, До Господина Ат.Д.Буровъ, Министъръ на Външните Работи и на Изповеданията въ София, стр.5.

[239] Димитър Косев, op.cit., 94.

на состојбата.[240] Таквиот развој на настаните претставувал сигнал за властите на Кралството на СХС да продолжат со политиката на изолација на Бугарија се до моментот кога бугарската влада ќе отпочне со сериозни мерки против организациската мрежа на ВМРО.

Поради ваквата српска непопусливост по македонското прашање што достигнала свој врв со затворање на границата од страна на Кралството на СХС за сите бугарски државјани, Бугарија се обидувала да добие меѓународна подршка. Тоа и било потребно, бидејќи владата во Софија се повеќе чувствувала дека ја губи дипломатската битка за Македонија со својот западен сосед. Во таа насока била и средбата што на 19 декември 1928 година ја остварил бугарскиот дипломатски претставник во Прага, Вазов со претседателот на Чехословачка, Масарик. Разговорите меѓу двајцата државни претставници на Бугарија и Чехословачка без заобиколување започнале со разгледување на македонското прашање. Вазов го запознал претседателот Масарик со фактот дека македонското прашање постои и дека е причина за затегнати односи на Балканот поради што се наметнувала потребата за создавање на подобри односи помеѓу Белград и Софија. Како услов за порелаксираните меѓудржавни односи, од бугарска страна се барало владата на Кралството на СХС да му даде поголеми права на "бугарскиот елемент во Македонија". Бугарскиот дипломатски претставник исто така истакнал дека никој не треба да се сомнева во вмешаноста на бугарската влада во македонските работи затоа што според него во државата сé што се случувало било јавно. За тоа колку Бугарија како држава ги помагала различните македонски организации, Вазов меѓу другото рекол: "**Македонците** се убиваат помеѓу себе, нé убиваат нас, убиваат и други, исто како што постапуваа Ирците. Можеби и сигурно дејствијата на така наречената **македонска организација** тежат и прават штета на бугарската држава, меѓутоа лекот се наоѓа на друго место, во Југославија".[241] Во правец на остварување на бугарските државни планови кон Македонија било и тврдењето на Вазов дека во состав на Кралството на СХС живееле околу 600 000 луѓе коишто тешко

[240] Ibidem, 95.

[241] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.855, Поверително Н.31, До Господина Министра на Външните Работи и Изповеданията, София, стр.32.

можеле да се асимилираат од српската власт, бидејќи имале "висок бугарски дух" и токму поради тоа бугарската власт неможела да се откаже од "бугарскиот елемент" надвор од границите на државата.

Во понатамошниот дел од разговорот со чехословачкиот претседател Масарик, бугарскиот дипломат уште му се пожалил и на формалното затворање на границата од српска страна, иако и до тогаш таа не била наполно отворена и имало големи проблеми при нејзиното преминување од страна на бугарските државјани. Вазов го уверувал претседателот Масарик дека актуелната бугарска влада правела големи напори да дојде до зближување со Белград, но актот на затворање на границата само давал придонес во понатамошното заладување на односите, што од своја страна можело да предизвика таква постапка и од државните власти во Софија. На прашањето на Масарик зошто владата на Кралството на СХС ја применило таквата мерка, бугарскиот дипломат во Прага одговорил дека официјален Белград го сторил тоа од внатрешни причини и во Бугарија се надевале дека тоа не било насочено директно кон владата.[242]

За да дојде до надминување на сите овие состојби околу застојот на односите меѓу двете балкански држави, Вазов му предложил на претседателот Масарик да лобира кај српскиот крал Александар да дојде до спогодба меѓу Белград и Софија по сите овие прашања, за што чехословачкиот претседател истакнал дека постоела добра волја и во Кралството на СХС. Според бугарскиот дипломат и Чехословачка требала да има интерес од стабилизирањето на состојбата на Балканот, а главен предуслов за тоа биле добрите српско-бугарски односи. Како прв чекор за нормализирање на состојбите бил што побрзото отворање на границата затоа што од нејзината затвореност немале полза ниту Кралството на СХС, ниту Бугарија. Во тој правец, од бугарска страна се очекувале првите конкретни чекори од Белград, иако постоел извесен степен на сомневање поради неможноста од тамошните политички фактори да формираат стабилна влада. Вазов на крајот од таа средба ги истакнал бугарските ставови и предуслови за да дојде до нормализирање на односите меѓу двете држави. Од таа гледна точка Бугарија

[242] Ibidem, 33.

барала од Кралството на СХС да ги почитува меѓународните договори што се однесувале на заштитата на малцинствата, пред се наводното бугарско население во Вардарска Македонија. Во таквите насоки на надворешната политика, бугарскиот дипломат Вазов добил подршка и од чехословачкиот претседател Масарик кој се заложил малцинствата да добијат и степен на автономија, согласно меѓународните договори.[243] Контактите на бугарската дипломатија со чехословачката влада не биле воопшто случајни туку се базирале на сознанијата на владата во Софија за блискоста на оваа средноевропска држава со Кралството на СХС. Поаѓајќи од тоа бугарската влада се надевала дека претседателот Масарик би можел да влијае врз српските државно-политички фактори да ги изменат своите цврсти ставови околу некои сегменти на македонското прашање.

## 3.4. Погранични вооружени инциденти во делот кон Македонија и реакциите на државните органи на Кралството на СХС и Бугарија

Во периодот од 1926-1929 година, додека се водела дипломатска активност околу македонското прашање помеѓу Кралството на СХС и Бугарија, во исто време во граничниот појас во делот кон Македонија имало вооружени инциденти кои се заканувале да ги дестабилизираат кревките српско-бугарски односи. Тие во голем степен биле предизвикувани од комитските чети на ВМРО, иако во тие години се помал бил бројот на поголеми вооружени чети поради новата тактика на дејствување на оваа организација изразена со испраќање на помали атентаторски групи. Освен четите, безбедноста во граничниот појас била загрозувана и од вооружените судири меѓу полициските и воените патроли на двете држави. Ваквата состојба кога на едната страна од границата се наоѓале четите, атентаторските групи на ВМРО и бугарските воено-полициски формации, а на другата војската и полицијата на Кралството на СХС заедно со српски контрачети, создавала постојана тензија во односите меѓу двете држави. Од целокупната гранична линија помеѓу двете соседни држави, речиси сите вооружени инциденти се случувале по должината на истата во делот кон Македонија. Тоа на површина

[243] Ibid, 33-34.

го покажувало нерешеното македонско прашање, кое освен во дипломатските односи, и во ваква вооружена димензија се заканувало да ги дестабилизира односите меѓу Белград и Софија, што од своја страна можело да доведе до вооружен судир со несогледливи последици по мирот на Балканот и во Европа воопшто.

За вооружените инциденти на границата, најчесто со официјални соопштенија, мемоари и други документи известувале државните институции и на двете страни при што за таквите настани си упатувале меѓусебни обвинувања. Кон крајот на 1927 година се случиле неколку гранични инциденти за кои најпрвин известиле државните органи на Кралството на СХС. На 22 октомври 1927 година, околу полноќ, бугарска гранична патрола североисточно од селото Извор отворила оган на српската патрола која го обезбедувала реонот од караулата "Груинце" до караулата "Полковник Плазина", на делот од територијата на Кралството на СХС. По престрелката, бугарската заседа која се наоѓала околу 30 метри од граничната линија, се повлекла на бугарска територија. Во врска со инцидентот утредента, на 23 октомври, бугарските погранични органи изјавиле дека нивната патрола отворила оган на некој емигрант кој се обидувал да премине на територијата на Бугарија. Ваквата изјава била негирана од страна на пограничните служби на Кралството на СХС кои тврделе дека никој неможел да ја премине границата во тоа време, бидејќи тогаш во граничниот реон била присутна патрола на СХС кралството.[244]

Дипломатското претеништво на Кралството на СХС во Софија до крајот на 1927 година повторно известувало за погранични инциденти во делот на Вардарска Македонија. На 9 декември, околу 16 и 30 часот, 13 бугарски граничари од караулата "Капетан Шопов" се упатиле кон караулата "Шумска чука"која се наоѓала на територијата на Кралството, со цел да ослободат еден бугарски војник што се предал на српската патрола. Бугарските граничари оделе во борбен строј, со пушки и по две бомби во рацете, а со нив носеле и неколку сандаци муниција. Стражарот од караулата на Кралството СХС, "Шумска чука" откако ја забележал опасноста ги известил останатите

[244] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.546, Legation du Royaume des Serbes Croates et Slovenes Sofia, Aide-memoire, стр.5.

граничари од посадата, а биле алармирани и соседните стражи кои им притекнале во помош. Во ваква ситуација, бугарските граничари биле принудени да се вратат назад на нивната караула, но при повлекувањето, искажувајќи погрдни зборови се заканиле дека ќе се вратат назад и дека ќе ја запалат караулата "Шумска чука".[245]

На овие настани реагирале и бугарските државни институции, но своето гледање на работите тие го дале дури во мај 1928 година. Според мислењето на воените органи во Бугарија на 22 октомври 1927 година немало никаква погранична престрелка и инциденти ниту од бугарска ниту од српска страна. За тој настан немало официјална реакција од властите на Кралството на СХС и ако навистина се случела вооружена престрелка, таа се констатирала и регистрирала на самото место од соодветните гранични офицери и од двете страни. До таква средба помеѓу бугарски и српски гранични офицери не дошло, со што бугарските погранични служби заклучиле дека граничен инцидент на забележаниот датум не се случил.[246] Во врска со пријавениот инцидент од српска страна на 9 декември 1927 година, бугарските погранични служби исто така имале став дека тој воопшто не се случил. Тој ден на војниците од стражарските места број 13 и број 14 поради големиот снег што паднал им било наредено да се сместат во главната гранична караула, при што тие оделе по патролната патека во колона по еден за да го пробиваат патот низ снегот. Бугарските воени органи тврделе дека војниците од нивна страна не се сретнале со патролата на Кралството на СХС. Бугарија исто така го негирала и пограничниот инцидент што според сознанија на државните органи на Кралството се случил на 18 јануари 1928 година. Повикувајќи се на извештаите на бугарските гранични караули од реонот на планината Руен, во близина на селото Саса, министерството за војна објавило дека во текот на јануари и февруари не биле возможни никакви илегални преминувања на границата во тој регион поради големите снежни наноси. Затоа тие ги сметале за

[245] Ibidem, Aide-memoire, стр.1.

[246] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.546, Министерство на войната, погранична стража н.251, Поверително до Министерството на Външните Работи и на Изповеданията(Отд.политическо), стр.6.

неосновани сите тврдења на властите на Кралството на СХС за било какви погранични инциденти во тој временски период.[247]

За многубројните погранични инциденти од англиското министерство за надворешни работи бил известен, дури и предупреден и бугарскиот министер за надворешни работи Атанас Буров. Англиските државни служби на 11 јануари 1928 година му ставиле на знаење на министерот Буров дека имаат сознанија за раздвижување на комитските чети на ВМРО во правец на бугарско-српската граница, на делот кон Македонија. Според нив, поголем дел од "комитаџиите" од Ќустендилско и Горноџумајско се концентрирале во правец на планината Руен и Ѓуешево, а за таа цел на пунктовите на ВМРО секојдневно пристигнувала нова воена опрема.[248] Подготовките на четите на ВМРО за вооружени акции се одвивале и во текот на 1927 година. Така на 25 октомври 1927 година во градот Горна Џумаја во куќата на Поп Аврамов кој бил резервен офицер и претседател на месната организација на ВМРО, биле истоварени 4 камиони со полна воена опрема и вооружување наменето за "комитаџиите". Англиските разузнавачки податоци уште говореле дека за селата Леска, Габрово и Добриништа од раководните структури на ВМРО за реонски шеф бил назначен Иван Василев, а за војводи извесните Чесилов и Кладев, додека резервниот офицер Миле Георгиев бил испратен од Софија со задача да биде воен инструктор на комитските чети.[249] Во извештајот до бугарскиот министер за надворешни работи се споменувале и имињата на двајца војводи кои заедно со неколку бугарски офицери во пограничното село Брезница требало да ги подготвуваат терористичките групи за дејствување во Кралството на СХС. Со таква задача за обука на терористи биле и извесните Цено Малинов и Лесо Хаџиев кои за подготовка се наоѓале во Свети Врач (Сандански).

Во врска со сите овие активности министерот Буров бил известен од официјален Лондон дека доколку не се преземат конкретни мерки од бугарска страна кои ќе го гарантираат спокојството на Кралството на СХС од комитски напади, тогаш прашањето за паричниот заем на Бугарија ќе наишло на силно

---

[247] Ibidem, 6а.

[248] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.546, Строго Поверително-До Господинъ А.ЛЯПЧЕВЪ, Министъръ-Председателъ и Министъръ на Вътрешните Работи, стр.14.

[249] Ibidem, 14

спротивставување во Советот на Друштвото на Народите. И отворањето на границата од страна на Кралството на СХС исто така се условувало со конкретни мерки на Бугарија за да се отстрани вооружената опасност што доаѓала од нејзината територија. Вака изложените факти и сознанија и наметнале потреба на Бугарија да ја преиспита состојбата во пограничните реони, што и било побарано и од самата англиска влада, која исто така побарала и соопштување на резултатите од преземените бугарски постапки и мерки околу тоа прашање. Поради сериозноста на ситуацијата во која се нашла Бугарија, министерот за надворешни работи Атанас Буров побарал од претседателот на владата Андреј Љапчев да се испитаат сите овие факти и сознанија што ги добиле од Лондон и доколку тие се покажат точни, посочените лица да се интернираат и за тоа да се извести англиската влада.[250]

По ваквите сериозни забелешки по однос на пограничните инциденти добиени од страна на Англија, бугарскиот премиер Андреј Љапчев бил принуден да издаде наредба за една посериозна акција на соодветните државни органи. На 8 февруари 1928 година, претседателот на бугарската влада добил извештај од директорот на полицијата во кој се содржеле резултатите од преземената акција. Премиерот Љапчев бил известен дека било извршено истражување на сите добиени сознанија за состојбата во граничните реони со Кралството на СХС и се дошло до одредени заклучоци. Истражувањата на бугарската полиција докажале дека на планината Руен и во Ѓуешево не постоеле комитски чети и дека не пристигнала никаква воена опрема и облека во "комитаџиските центри" посочени од англиските безбедносни служби.[251]

Исто така бугарските полициски сознанија негирале дека на 25 октомври 1927 година пристигнале 4 камиони оружје и воена опрема во домот на Поп Аврамов во Горна Џумаја. Тој човек, според истите, воопшто не бил резервен офицер, но поради податоците од министерството за надворешни работи за неговите врски со **Македонската организација** бил интерниран во Пловдив. Бугарските полициски органи уште утврдиле дека во селата Лешко, Габрово, Дабочица и Сухостенско се наоѓал Никола Василев, а не Иван

---

[250] Ibid, 15.

[251] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.546, Директоръ на полицията н.777, Лично, Строго поверително, До Господинъ Министръ Председателя и Министръ на Вътрешните Работи и Народното Здраве, стр.16.

Василев кој поради неговите врски со ВМРО исто така бил интерниран во градот Пловдив.[252] Полициската истрага го проверила идентитетот и на другите лица кои се споменувале во извештаите од Лондон. Според тие испитувања лицата Чесилов и Кладев не биле во врска со Македонската организација. Податоци за резервниот офицер Миле Георгиев не биле познати, а ниту тој или било кое друго лице било испраќано од Софија како воен инструктор на комитските чети на ВМРО. Резултатите од полициската акција во пограничните реони покажале дека и во селото Брезница не постоеле војводи на ВМРО и бугарски офицери кои раководеле со евентуална обука на терористи за нивно префрлување во Кралството на СХС. Во Свети Врач бил проверен идентитетот на Цено Малинков и Лесо Хаџиев и било утврдено дека е непостоечки, а единствено се оствариле сомневањата за поврзаноста на Минчо Станоев со ВМРО и затоа и тој бил отстранет во внатрешноста на државата.[253]

Пропагандната војна за пограничните инциденти и нивното различно толкување од двете држави продолжувала со се поголем интензитет и во пролетта 1928 година. Бугарската државна власт се обидела да го искористи за своите цели искажувањето на македонскиот бегалец Христо Петров од Кочанско за граничниот инцидент што, во април 1928 година, се случил на српско-бугарската граница, во нејзиниот дел кон Македонија. Според Петров, тој заедно со уште двајца Македонци од Кочанско-Мите Зашов и Манте Николов, поради заканите и тортурите од полициските власти на Кралството на СХС решиле да ја искористат најповолната прилика и да побегнат во Бугарија. Тие се обиделе да ја преминат границата во реонот на граничната караула "Руен" и месноста Гумниште.[254] Пограничната стража на Кралството на СХС се обидела да ги застане, при што тројцата луѓе започнале да бегаат. Од војниците бил отворен оган од кој Мите Зашов и Манте Николов биле убиени додека Христо Петров успеал да побегне преку граничната линија и да пристигне во бугарскиот град Ќустендил.[255]

[252] Ibidem.
[253] Ibid, 16a.
[254] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.546, Кюстендилско окръжно управление н.2477 до Господина Министра на Външните Работи и на Изповеданията-София, стр.26.
[255] Ibidem, 26-26a.

По овој граничен инцидент, бугарската локална власт во Ќустендил го осудила убиството на двајцата македонски бегалци и повикувајќи се на исказот на преживеаниот Петров дека никој од нив не носел оружје, сакала да им предочи на властите на Кралството на СХС дека групата не била "комитаџиска тројка". Напротив, според неа, тоа била група на очајни луѓе кои сакале да емигрираат во Бугарија поради систематските убиства на нивните најблиски и опасноста и за нивните сопствени животи. Токму затоа бугарската власт барала да се формира една заедничка анкетна комисија од двете држави што ќе го испита целиот случај.[256]

Овој вооружен инцидент ја разбранувал јавноста и во Кралството на СХС чиишто државни институции имале сосема различно гледиште за настанот. На бугарските обвинувања одговорило дипломатското преставништво на Кралството на СХС во Софија, на 26 април 1928 година. Во краткото образложение тоа побарало објаснување од бугарските власти, врз основа на кои податоци официјална Софија дошла до заклучок дека лицето Мите Зашов бил затворен, тепан од српските стражари, а потоа и ослободен со откуп од 20 000 динари. Дипломатите на Кралството на СХС исто така барале да добијат објаснување од бугарската влада за причините заради кои и другите двајца другари на Зашов сакале да побегнат во Бугарија.[257]

По неколку месеци со цел да се оквалификува како напад на комитска група, Кралството на СХС дало и поопширно објаснување на вооружениот граничен инцидент. Извештајот од 29 јули 1928 година упатен до Министерството за надворешни работи во Софија потенцирал дека инцидентот се случил ноќта помеѓу 13 и 14 април во близина на караулата "Голем Руен"кога една трочлена група се обидела нелегално да помине на бугарска територија. На неколку метри од самата гранична линија тие биле забележани од војниците на 33-та гранична чета и во истовреме од стражарите на караулата. На повикот да застанат, тројцата илегални минувачи се дале во бекство при што бил отворен оган од граничното обезбедување од кој двајца биле погодени и усмртени, додека третиот успеал да побегне преку границата

[256] Ibid, 26а.
[257] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.546, Legation du Royaume des Serbes, Croates, et Slovenes N.474- Краљевском Министарству Иностраних Дела-Софија, стр.25.

на бугарската страна. Пограничните служби на Кралството извршиле увид на местото на настанот така што бил утврден идентитетот на убиените кој соодветствувал со бугарските извештаи. Единствено, сознанијата на властите на Кралството на СХС за идентитетот на третото лице што успеало да побегне, не се поклопувале со името на човекот што сведочел за истиот настан пред Ќустендилските околиски власти. Исто така значаен бил и податокот од извештајот во кој српските власти тврделе дека при прегледот на телата на жртвите биле пронајдени оружје и воена опрема со што сакале и овој настан да го вбројат во низата четнички акции на ВМРО на територијата на Кралството.[258]

Македонското прашање, особено неговиот вооружен сегмент, воопшто не загубило актуелност и во текот на 1927 и 1928 година. Пограничните вооружени инциденти во кои учесници биле Македонци по националност имале голем интензитет. Во сите тие случаи владата на Кралството на СХС се обидувала да докаже дека тоа е дело на четите на ВМРО и дека зад нивната подготовка и финансиска и материјална помош застанала бугарската влада. За поткрепа на таквите тврдења била ангажирана и Англија која неколкупати ја предупредила владата во Софија сериозно да се зафати со уништувањето на оваа организација. Евентуалните преземени мерки против ВМРО биле услов за деблокирање и отворање на српско-бугарската граница и отпуштање на неопходните парични заеми за обновување на осиромашената бугарска економија. Бугарската влада на Љапчев вложувала огромни напори за остварување на овие барања, но запирањето на вооружените акции на ВМРО било тешко остварлива цел поради помошта што оваа македонска организација ја добивала од воено-офицерските кругови во Бугарија. Затоа мерките против македонското четничко прашање имале само привремен карактер.

[258] Ibidem, Legation du Royame des Serbes, Croates et Slovenes, Sofia N.747-Краљевском Министарству Иностраних Дела и Вера, Софија, стр.26-26а.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА

# МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ ДО БАЛКАНСКИОТ ПАКТ 1934 ГОДИНА

## 4.1. Одразот на југословенско-бугарските односи врз македонските организации во Бугарија

Македонското прашање во југословенско-бугарските односи било постојано присутно, иако неговиот интензитет зависел од општествено-политичките услови во двете држави во различните временски периоди. Во почетокот на 30-тите години започнало да се чувствува "затоплување" во југословенско-бугарските односи што се отсликало и врз македонското прашање. Тие моменти на југословенско-бугарското зближување го означиле и периодот на "заладување" на односите помеѓу одредени македонски емигрантски организации, пред се ВМРО, и бугарската власт. Таквиот развој на настаните го потврдил и бугарскиот министер за внатрешни работи-Атанас Буров, кој според весниците на македонската емиграција во Бугарија стоел зад многубројните апсења на Македонците во тој период. Министерот Буров на таквите обвинувања одговорил со тврдењата дека "вие сте Македонци-тоа никој не ви го одрекува...Но додека сте на бугарска земја, додека сте наишле на такво братско гостопримство во Бугарија, на вас не е дозволено да водите борба, затоа што се загрозуваат интересите на бугарската држава".[259] Иако како официјален претставник на бугарската власт, министерот за внатрешни работи го признал фактичкото постоење на македонскиот народ, високите кругови на ВМРО се јавиле со протест против таквата политика на Буров, спротивставувајќи и се со тврдењата дека и тие се дел од "бугарскиот народ".[260]

[259] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.5, оп.2, а.е.68, "Свобода или смърть", бр.117, јули 1930" Предъ новите изпитания", стр.395.
[260] Ibidem.

Во овој временски период различните македонски емигрантски организации во Бугарија на различни начини го актуелизирале македонското прашање, при што постојано нагласувале дека тоа како такво може да најде свое разрешување само со неговото прецизно регулирање во југословенско-бугарските односи. Како на посебна пречка за "позитивно" решавање на македонското прашање се гледала југословенската држава, бидејќи македонската емиграција во ниту еден случај не ја гледала Македонија во југословенски државни рамки. Така во печатените органи на македонските емигрантски организации, посебно оние блиски до ВМРО на Михајлов, се повикувало дека "секој Македонец треба да ја следи и е должен да ги следи дејствувањата на југословенските власти во Македонија и Бугарија, особено по последните дејствија на белградските орудија во центарот на престолнината..."[261] Тие "белградски орудија" веројатно биле припадниците на протоѓеровистичката ВМРО. Диктатурата на југословенскиот крал Александар, според овие македонски кругови била насочена и против Македонците во Вардарска Македонија и имала за цел затворање, убиства и прогони на мирното население и интелегенцијата со што требало да се создаде "покорна раја на југословенскиот шовинизам". Токму поради овие причини авторот на статијата наведува дека голем број на Македонци својот спас го барале во Бугарија.[262] Понатаму во истата статија авторот се задржал на односот кон прашањето за националниот карактер на населението во Македонија, каде до израз дошол неговиот контраверзен став по истото. Во однос на српските репресалии врз македонскиот народ се истакнувало дека официјален Белград требало да знае дека "кој говори, пее и се моли на бугарски е вознемирен од таа политика на Југославија".[263] Како виновници кои учествувале во убиствата врз поединци од македонската емиграција во Бугарија се посочувале припадниците на протоѓеровистичката ВМРО, кои биле обвинувани дека се ставиле во служба на југословенските власти. Поради ова авторот на статијата, близок до круговите на михајловистичката ВМРО, за да не се создадат "нови источни заплеткувања" барал македонското прашање

---

[261] ДАРМ, фонд 1265 ВМРО, кут.5, оп.2, а.е.68 "Национализъмъ и шовинизъмъ", стр.391.

[262] Ibidem.

[263] Ibid, 391.

да се реши на тој начин што требало да се направи ревизија на мировните договори и територијата на Македонија да се врати во состав на Бугарија.[264]

Токму заради сите овие барања на дел од македонските емигрантски организации Југославија ја обвинувала бугарската влада дека таа јавно зела учество во формирањето и организирањето на комитските чети и нивното снабдување со пушки и воена опрема и дека мнозинството атентатори што се испраќале во Вардарска Македонија биле Македонци. Бугарската влада дури и преку нејзиниот премиер категорично изјавувала дека во нејзин интерес биле добрососедските односи со Југославија и затоа ги отфрлила обвинувањата од југословенската страна.[265]

Кралството Југославија, а во негови рамки Србија, во овој временски период било посебно заинтересирано за решавање на македонското прашање во корист на српската кауза. За таа цел српските државно-политички фактори се обидувале да му дадат бугарски белег и ревизионистички карактер на севкупното македонското револуционерно движење. Во тој правец најмногу внимание и анализа и била посветена на организацијата ВМРО, при што од српска страна биле искористени поранешни учесници во македонското националноослободително движење, во тој момент блиски до властите во Белград. Кирил Караџ(иќ) од Штип, студент во Загреб преку статии во весникот "Политика" се осврнал на неговата нелегална дејност во македонската организација ВМРО, која подоцна поради лично разочарување ја напуштил. Во неговите погледи кон оваа организација провејувале и југословенските ставови по однос на македонското прашање. Според Караџ(иќ), ВМРО како организација непосредно по нејзиното создавање била внатрешна организација, а била и "македонска, бидејќи нејзините членови беа македонци", а исто така била и револуционерна затоа што се борела со соодветни средства против турската власт.[266]

Кирил Караџ(иќ) во неговите обиди да го докаже српскиот карактер на Македонија истакнал дека "по војните 1912/13 и 1914/18 година престанаа причините за постоењето на ВМРО и таа повеќе не постои. Денес има

---

[264] Ibid, "Национализъмъ...", 391.
[265] Ib.,391.
[266] ДАРМ, фонд 1265 ВМРО, кут.1, Кирилъ Караджичъ, Разкритията за ВМРО 1930г., стр.138.

Бугарски Комитет, но тој не е ВМРО. Не е македонски, бидејќи неговите членови се делумно бугари, а делумно бугаризирани македонци, коишто одамна немаат ништо општо со својата земја; не е внатрешен, бидејќи е надвор од границите на Македонија-во Бугарија, а не е револуционерен, бидејќи е во согласност со денешните државни власти од другата страна на границата. Тој се издржува од бугарските реваншистички кругови и има за цел постојано да предизвикува со терористички средства безредија против постоечката положба на Балканот".[267] Во понатамошното излагање, во моментите кога Караџ(иќ) се обидувал да ги дискредитира потписниците на Мемоарот до Друштвото на народите, Шалев, Илиев и Анастасов, со кој тие пред меѓународната јавност му дале бугарски карактер на македонското прашање, всушност тој свесно или несвесно истакнал дека петицијата(Мемоарот) "не ја потпишале претставници на **македонскиот народ**, туку стари и испитани за време на Скопскиот процес агенти на Иван Михајлов".[268](Се мисли на судењето на членовите на ММТРО од српската власт во Скопје 1927 година, н.ж.)

Заинтересираноста на Кралството Југославија по однос на организацијата ВМРО, како еден сегмент од македонското прашање, одела до тој степен што се анализирале сите постапки на оваа организација се со цел да се уништи нејзиниот углед среде македонската емиграција во Бугарија. Сега за владата во Белград постоел интерес за изворите на финансирање на оваа македонска организација. Според тврдења и сознанија на југословенската делегација во Друштвото на народите поради големата економска криза што ја зафатила Бугарија, различните македонски емигрантски организации имале се помалку можности за финансирање. Таквите околности ја принудиле ВМРО да започне со "шпекулативни работи" за нејзино финансирање при што, според овие извори, во Софија била создадена фабрика за производство и продажба на опојни дроги.[269] Најголем удел во создавањето на фабриката имала ВМРО преку нејзината финансиска експозитура "Македонска банка".

---

[267] Ibidem, 137.

[268] Ibid, 145.

[269] ДАРМ, фонд Постојана кралска делегација на Кралството Југославија во Друштвото на народите во Женева(микрофилм 2034), Пов.бр. 1720. ВМРО и предузеће опојних дрога. Министарство иностраних послова-политичко одељење Београд, стр.1.

Претпријатието регистрирано под името "Балкан продуктс и Комп.лимитед" било формирано со капитал во износ од 2 милиони лева. Од вкупниот број на акции 30% биле во рацете на Методи Лазов, шура на генералот Бакарџиев-тогашен началник на бугарскиот генералштаб, 18% некој си Александар Анчев, а останатите акции ги поседувала ВМРО преку вицедиректорот на "Македонска банка", извесниот Табаков.[270] За потребите на производството на опојни дроги, според југословенски сознанија, фабриката ангажирала двајца стручњаци-хемичари од Чехословачка: Здене Кениг и Ханс Дункер, заедно со уште 20 работници. Во фабриката веднаш се започнало со производство на хероин, од кое со текот на времето Кениг започнал кришум да продава во европските држави, за свое лично збогатување, но набргу бил откриен. Од страна на Методи Лазов на чехословачкиот хемичар му била изречена закана дека поради таквата негова активност ќе биде убиен на "македонски начин." Исплашен од можната казна на ВМРО, Кениг по извесните перипетии со неговиот пасош побегнал од Бугарија.[271]

Кон известувањата за финансиските извори на организацијата ВМРО, безбедносните служби на Кралството Југославија започнале да додаваат податоци што се повеќе укажувале на тоа дека повторно ќе се актуелизира четничкото прашање. Нивните сознанија, иако преудицирани и предимензионирани за да се создаде поголем ефект пред меѓународната јавност, говореле за тоа дека во пролетта 1929 година ВМРО се подготвува за ново масовно префрлување на комитски чети во Вардарска Македонија. Ваквите драматични извештаи ја предупредувале владата во Белград дека најновата акција на "македонствујушчите" ќе биде изведена во исто време од територијата на Албанија и Бугарија, а со огромна финансиска и материјална помош од Италија.[272]

Според тие податоци под покровителство на бугарскиот генерал Влков веќе била организирана една поголема терористичка група што имала за цел да изврши серија на атентати во "Јужна Србија" и со тоа да се предизвика

---

[270] Ibidem.

[271] Ibid. C.f.:Зоран Тодоровски, *ВМРО 1924-1934, Скопје, 1997*, стр.44-55; Димитър Тюлеков, *Обречено родолюбие, ВМРО в Пиринско 1919-1934*, Благоевград, 2001, стр.127.

[272] АСЦГ, фонд 334, кут.бр.8, а.е.28, Министарство иностраних дела пов.бр.1445, Циркуларно, стр.521.

вооружена реакција на воено-полициските сили на Југославија, што ќе овозможело меѓународна интервенција на Италија во полза на решавање на македонското прашање. Така, во околината на Горна Џумаја, членот на ЦК на ВМРО-Страхил Развигоров вршел обука на околу 100 момчиња кој требало да се оспособат за извршување на атентати. По нивното обучување тие имале за задача во помали групи да навлезат на територијата на Вардарска Македонија под српска власт и да егзекутираат видни локални српски чиновници и да минираат стратегиски важни објекти.[273] Разузнавачките служби на Кралството Југославија исто така предупредувале дека овие атентатори биле фанатици кои биле многу добро платени, но со напомена од нивните раководители дека не смеат во никој случај да паднат живи во рацете на српските безбедносни служби. Водачите на ВМРО сметале на голема помош од Италија, а еден од плановите бил дека е можна и нејзина воена интервенција врз Југославија при што во Пиринскиот дел на Македонија веќе имало подготвено борци кои требало да ги потполнат комитските чети на оваа македонска организација.

Планот на ВМРО предвидувал и да се предизвика вооружено востание на македонскиот народ во Кумановско, за што комитските чети, според овие податоци, имале подготвено оружје и дури и тешка артилерија за населението. Во врска со ова, од страна на ВМРО во околината на Ќустендил била подготвена група во која влегувале капетанот Ризов и капетаните Тодоров, Попов, и Стоилов кои биле активни бугарски офицери. Ваквите ударни групи на ВМРО во Горноџумајско ги предводел аѓутантот на воениот гарнизон во градот, капетанот Манов.[274] Од друга страна Ванчо Михајлов успеал да организира поголем дел од цивилното население во околината на Петрич, Горна Џумаја и Ќустендил кое во случај на директни борбени дејствија против Југославија ќе добиело оружје и муниција од воените магацини на бугарската армија во граничните предели.[275]

---

[273] Ibidem, Министарство иностраних дела Краљевине СХС пов.бр.1445, Циркуларно-Припремање акције македонствујушчих из Бугарске, стр.523.

[274] Ibid, 525.

[275] Види поопширно Зоран Тодоровски, *ВМРО 1924-1934,* Скопје, 1997; Зоран Тодоровски, *Дејноста на десните струи и на организациите*. Зборник Златна книга, 100 години ВМРО, Скопје, 1993; Д. Тюлеков, *Обречено родолюбие, ВМРО в Пиринско 1919-1934*, Благоевград, 2001.

Крајот на 20-тите и почетокот на 30-тите години го одбележал стравот на Кралството Југославија од евентуални вооружени акции на ВМРО во Вардарска Македонија од поголем обем. Српската претпазливост и алармираност, колку што имала реална основа, толку имала и тенденција да создаде впечаток кај големите светски сили дека Бугарија ги подржува територијалните ревандикации на некои македонски емигрантски кругови кон Македонија под српска власт. Оттаму и податоците што српските безбедносни служби ги пласирале за компромитирачкото финансирање на ВМРО имале за цел да претстават нова димензија на македонското прашање и неговото наводно вештачко постоење. Таквата теза се подржувала во услови кога некои сегменти од македонското револуционерно движење биле посочувани како центри за нелегални и незаконски активности, како производство и трговија со дрога, што во голем дел требало да фрли црна дамка врз македонското прашање.

## 4.2. Обиди на Југославија и Бугарија за формулирање на карактерот на македонското прашање

Македонското прашање од страна на Југославија и Бугарија како две најзаинтересирани страни било разгледувано и преку статистичките операции, како што е пописот, бидејќи и двете држави ги употребувале бројките за да го докажат наводното постоење на нивен ентитет во Македонија. Предмет на интересирање на Министерството за надворешни работи на Југославија во нејзиниот извештај до Кралската делегација во Женева од 10 март 1932 година биле резултатите од пописот на населението во Бугарија од 1926 година, што биле објавени дури по шест години. Најголемо внимание од југословенска страна се посветило на бројката на луѓе што според бугарскиот попис биле по потекло од територијата на Југославија. Таа бројка, според овој извештај што се повикувал на податоците од бугарскиот попис 1926 година, била 52311 луѓе. Од нив 49046 биле бугарски државјани, а другите 3265 го задржале југословенското државјанство. Од оваа бројка, според овие податоци, од територијата на Македонија под југословенска власт потекнувале само 29921

жител.[276] Според српските анализи за да се добиел реалниот број на Македонци, кои го напуштиле својот роден крај по 1912 и 1918 година од "политички причини", бројката од 29921 требало да се намали барем за 1/2 "имајќи на ум дека многу голем број на Македонци се преселувал во Бугарија и пред 1912 година".[277] Така според југословенските пресметки би се добила бројка не повеќе од 10-15 000 Македонци по потекло од Македонија под југословенска власт, кои можеле да се сметаат за емигранти по анексијата на "Јужна Србија" од страна на Југославија. Според овие бројки, српските државни фактори заклучиле дека бројката на македонската емиграција по потекло од Македонија во состав на Југославија била сосема безначајна и дека "бугарско-македонската" кампања против Југославија била неоправдана.

Официјален Белград тврдел дека македонската емиграција во Бугарија во голем дел се создавала и одржувала вештачки, бидејќи во неа се вбројувале и сите оние чии што предци пред 50 или 100 години се населиле во Бугарија од Македонија.[278] Меѓутоа и покрај сите тврдења и математички пресметки за бројот на Македонците во деловите на етничка Македонија под српска и бугарска власт останувал непобитен фактот за егзистирањето на македонското прашање кое заземало голем простор и внимание во политиките на двете држави. Токму затоа и биле напорите на владите во Белград и Софија на ова прашање да му дадат сосема поинаков тек што би бил во полза на едната или другата држава и тука доаѓале во судир интересните сфери на влијанија во Македонија на истите.

Во ваквите југословенско-бугарски расправии околу тоа кој од двете држави имал ингеренции врз решавањето на македонското прашање се вклучувал и дел од македонската емиграција, при што во тој спор делот од неа близок до ВМРО на Иван Михајлов во своите ставови бил наклонет кон бугарската страна, која ја сметал за најповикана за македонското прашање. Според овој дел од македонските емигрантски средини постоеле односи помеѓу бугарската држава и Југославија и на второ место, посебни односи на

[276] ДАРМ, микрофилм 2036, фонд Постојана кралска делегација на Кралството на СХС во Друштвото на Народите во Женева, Министарство иностраних послова(политичко оделење) пов.бр.3028-Краљевској сталној делегацији при Друштву Народа-Женева, стр.1.
[277] Ibidem, 2.
[278] Ibid, 3.

југословенската држава кон Македонија, македонската емиграција и ВМРО. Во однос на овие констелации, круговите блиски до ВМРО изјавувале дека тие никогаш не се мешале во внатрешниот живот на Бугарија и во политиката на бугарските влади. Понатаму се истакнувало дека "од гледиште на нашето револуционерно движење, нас не не интересира принципиелното прашање за односите меѓу Југославија и Бугарија. Но и по него ние имаме свој определен поглед. Ние секогаш сме сметале дека односите меѓу Белград и Софија никогаш нема да се подобрат".[279]

Според овој дел од македонската емиграција како пречка за развојот на тие односи помеѓу Југославија и Бугарија "историски и неизбежно се издига трнливото македонско прашање, а главно затоа што господаречката раководна и основна идеја на белградската политика е да ја зацврсти српската хегемонија на Балканот и да се потчини морално, економски и политички Софија на Белград".[280] Југославија, според ова мислење, кон Македонија, македонската емиграција и ВМРО водела политика и односи кои се засновувале на тоа да се уништи се што било македонско и тоа со сите расположливи средства. Одговорите за ваквите односи во триаголникот Белград-Софија-Македонија, овој дел од македонската емиграција не ги барал ниту во Бугарија, ниту во лицето на многуилјадната емиграција, ниту кај ВМРО. Тие, според неа, се наоѓале во "чекмеџињата на Жика Лазиќ, каде што се сокриваат безбројните тајни заповеди за убивањето на побудните легални граѓани во Македонија"..., во тајните архиви на српскиот Генералштаб, каде се наоѓале тајните заповеди за утврдување на границата и во архивите на духовните и просветните власти кои ги затвориле сите "бугарски" цркви и училишта во Македонија.[281]

Активноста на еден дел од македонската емиграција во Бугарија со намера да му припише бугарски карактер на Македонија ги мобилизирало и соодветните српски институции задолжени околу тоа прашање. За потребите на докажување на наводниот српски карактер на Македонија се вклучило и југословенското министерство за надворешни работи, кое како такво

[279] ДАРМ, фонд 1265 ВМРО, кут.3, оп.1, а.е.38,"Свобода или смъртъ", бр.114, 1 април 1930 "Конвенциите съ Югославия и ВМРО", стр.316.
[280] Ibidem.
[281] Ibid, 317.

испраќало податоци до југословенската делегација во Друштвото на народите, кои требало да и послужат како аргументи за одбрана на српскиот суверенитет врз Вардарска Македонија. Повод за таквото реагирање на Кралството Југославија биле големиот број на петиции испратени од некои македонски емигрантски средини во Бугарија, кои се обидувале да го докажат "бугарскиот" карактер на Македонија.

Во септември 1933 година Министерството за надворешни работи на Југославија во еден свој извештај изнело свои факти по однос на македонското прашање и во тоа излагање на индиректен начин го признало постоењето на истото. Во извештајот, југословенските државни фактори истакнале дека "бројната состојба на македонците од нашата земја" што живееле во Бугарија биле изнесени во тамошните статистички операции. Бројноста на македонската емиграција во Бугарија од ова југословенско министерство ја објаснувале со конвенцијата за размена на население помеѓу Бугарија и Грција (Нејскиот мировен договор н.ж.). Во тој контекст, Министерството истакнало дека во последните 10 години, незначаен дел емигранти од Југославија преминале во Бугарија.[282]

Како втор аргумент на југословенската страна било тврдењето дека "Македонците во Бугарија не се никаква емиграција". Министерството за надворешни работи на Југославија сметало дека тие биле бугарски државјани и полноправни граѓани кои ги уживале сите политички и граѓански права во Бугарија и скоро сите имале неподвижен имот во градовите и селата. Во овој извештај на Министерството уште се истакнало дека "Македонците во Бугарија" имале многу лесен пристап до сите области на бугарската државна администрација, почнувајќи од позицијата претседател на влада, министри, генерали во армијата, професори на универзитети-се до најниските чиновници. Тоа според југословенските државни фактори покажувало дека Македонците во Бугарија немале емигрантски статус.[283] Заклучно со ова, во извештајот се наведува дека "Македонците на југословенскиот дел од Македонија" кои се

[282] ДАРМ, фонд Постојана Кралска делегација на Кралството на СХС во Друштвото на народите во Женева(микрофилм 2034), Министарство иностраних послова Краљевине Југославије пов.бр. 16720-хитно Краљевској сталној делегацији при Друштву народа-Женева, стр.1.

[283] Ibidem.

наоѓале во Бугарија немале никакви својства и право да се сметаат за претставници на македонското население во Југославија. Поради таквиот факт што бил истакнат, според југословенската страна, им се одземало правото и на т.н. петиционери од македонската емиграција да бидат македонски претставници во Друштвото на народите, бидејќи тие не биле воопшто и родени на територијата на Кралството Југославија, туку во Бугарија и поради тоа немале никаква врска со населението во "Јужна Србија".[284]

На 19 мај 1934 година во Бугарија се случил државен удар со што на власт дошла воено-политичката групација "Звено" при што за претседател на владата бил назначен Кимон Георгиев. Веднаш по овој настан новата бугарска влада со закон ги расформирала сите македонски полулегални, илегални и легални емигрантски организации, со што се обидела да ги подобри односите со соседна Југославија. Во тој правец, со забраната на македонските емигрантски организации на нејзината територија Бугарија се обидела да го маргинализира македонското прашање, што од своја страна претставувало еден од главните предуслови за "затоплување" на односите помеѓу официјална Софија и Белград. На тој начин се создале добри предуслови, владеачката династија Караѓорѓевиќ во Југославија и бугарската влада на Георгиев да пронајдат најсоодветно решение за прашањето на Македонија. На такви компромисни решенија околу македонското прашање се надевале и балканските држави кои граничеле со Југославија и Бугарија. Подобрените односи помеѓу Кралството Југославија и Бугарија ги засегнувале и интересите на другите држави во регионот. Така во писмото од Министерството за надворешни работи до југословенската кралска делегација во Женева од 3 јуни 1934 година се пренесувале реакциите во Турција по повод државниот преврат во Бугарија. Турската влада се надевала дека новата бугарска влада на Кимон Георгиев ќе застапува политика на мир и добрsoftware соседство во надворешните односи, но сето тоа се констатирало со извесна доза на резервираност. Турција како држава изразувала страв поради евентуалните интереси на Италија по однос на Бугарија и затоа турскиот пратеник во Софија му предочил на премиерот Георгиев дека и претходната бугарски влади давале ветувања во тој правец, но не ги остварувале. Извесниот Којиќ, вработен во Министерството

[284] Ibid.

за надворешни работи на Кралството Југославија го истакнал пресудното влијание на неговата држава и Турција за определувањето на политиката на Грција кон Балканскиот пакт.[285] Според турскиот преставник во Бугарија, Нуман беј, добрите југословенско-турски односи ќе овозможеле оттргнување на Грција од италијанските интересни сфери на влијание. Во меѓусебните односи на балканските држави, пред се, Југославија и Бугарија и овде не останало на страна македонското прашање. Министерството за надворешни работи на Кралството Југославија забележало  дека во декларацијата на новата бугарска влада и натаму фигурирало прашањето за малцинствата, во која се истакнувало дека државата се залагала за "културна автономија на бугарските малцинства".[286] Во однос на ова бугарско барање југословенската страна сметала дека тоа било невозможно, бидејќи не се планирало да се извршат такви отстапки на нејзина сметка. Во таа смисла и Бугарија сметала дека поради ова прашање, моментот бил неповолен за политичко зближување меѓу двете држави. Во однос на ова прашање било и искажувањето на бугарскиот претставник во Турција, според кое на територијата на Југославија живееле околу 1 милион "Бугари".[287]

Откако владите на Југославија и Бугарија не успеале во целост да им ги наметнат своите ставови за српскиот односно бугарски карактер на македонското прашање на поголемиот дел од македонскиот народ и разните организации во македонското револуционерно движење, тие започнале да посветуваат сериозно внимание на отвореното манифестирање на македонска национална свест. Таквите појави ги загрозувале нивните планови и позиции во Македонија. Иницијативите за создавање на македонски литературен јазик како главен атрибут на идејата за создавање на македонска национална

[285] ДАРМ, микрофилм 2034, фонд Постојана кралска делегација на Кралството на СХС во Друштвото на народите во Женева, Ministarstvo inostranih poslova pov.br. 12137(cirkularno pismo)-Kraljevskoj delegaciji Ženeva, стр.1. На 9 февруари 1934 година во Атина бил потпишан Балканскиот пакт во кој влегле Југославија, Грција, Турција и Романија. Овој воено-политички сојуз требало да претставува гарант за безбедноста на Балканот. Бугарија поради нејзините ревизионистички ставови кон версајските граници од 1919 година, не била вклучена во Балканскиот пакт. Една од главните причини за тоа изолирање на официјална Софија било и дејствувањето на организацијата ВМРО на нејзината територија која со своите терористички акции ги загрозувала постојните граници на балканските држави, особено на Кралството Југославија. Затоа Балканскиот пакт од бугарското јавно мислење и државната политика бил третиран како антибугарски воено-политички субјект.

[286] Ibidem, 2.

[287] Ibid.

држава, бугарските државно-политички стратези кои биле задолжени по линија на македонското прашање, ги сметале за творба на српската држава. Тоа според нив значело отворена поткрепа на владата во Белград на напорите за создавање на расцеп во "бугарското национално ткиво". Како превентивна мерка, бугарската влада веднаш ги активирала пробугарски определените кругови во македонското револуционерно движење во одбрана на наводниот бугарски национален карактер на Македонија. Српските државни институции се повикувале на податоци според кои имале намера да докажат дека македонската емиграција во Бугарија немала корени од Вардарска Македонија под српска власт, а доколку и постоеле такви емигранти, тие биле во навистина мал број. Податоците од Кралството Југославија исто така имале за цел да покажат дека емигрантите со македонско потекло од Вардарска Македонија уживале големи привилегии и се наоѓале на високи позиции во бугарскиот општествено-политички живот, согласно што неможеле да имаат статус на бегалци или да задржат евентуално право за поседување на југословенско државјанство. Таквата српска теза сакала да го затвори тој дел од македонското прашање.

## 4.3. Македонското прашање во дипломатските односи меѓу Југославија и Бугарија во периодот 1929-1934 година

Во овој временски период во двете соседни балкански држави се случиле повеќе настани кои се одразиле и на развојот и поставеноста на македонското прашање. Долгогодишната политичка криза во троименото кралство завршила со воспоставувањето на диктаторски политички систем во кој целата власт и моќ била концентрирана во рацете на владеачката кралска династија Караѓорѓевиќ. Во правец на зацврстувањето на унитаристичкиот карактер биле укинати сите државни органи, бил распуштен Парламентот, забрането постоењето на политичките партии, државната територија доживеала нова внатрешна административна прераспределба, а во тој дух државата го сменила своето име од Кралство на СХС во Кралство Југославија. И во Бугарија дошло до промени на политичката сцена, со таа разлика што тие не биле во толку голем радикален степен. Во 1931 година на власт дошла

новата политичка групација т.н.Народен блок, која и покрај внатрешните економски проблеми не направила некој позначаен пресврт во надворешната политика. Ваквите промени на владеачките структури, но и на државното уредување, посебно во Кралството Југославија, уште повеќе ги актуелизирале националните прашања, така што македонското прашање достигнало најприоритетно значење во југословенско-бугарските односи во периодот помеѓу 1929-1934 година.

По настанатиот преврат во Југославија, дипломатските кругови во Белград започнале да преземаат иницијатива на меѓународен план со цел да обезбедат подобри позиции од Бугарија во поглед на поставувањето на македонското прашање. На 11 јануари 1929 година бугарскиот дипломатски претставник во Париз, Морфов, му напишал извештај на министерот за надворешни работи Атанас Буров, каде посебно го нагласил моментот на засилената југословенска антибугарска кампања во Франција. Намерата на југословенската дипломатија била да се придобијат меѓународните политички кругови на српска страна, а повод за таквата реакција бил штотуку одобрениот паричен заем на Бугарија. Бугарскиот дипломат Морфов како постапка против бугарската држава го сметал и фактот што органите на српската пропаганда агитирале кај уредниците на поугледните француски весници да пишуваат "остри статии против дејноста на **Македонците**".[288] Според ваквото тврдење, целите на таа пропаганда биле да се убеди француското јавно мислење во неопходноста Бугарија да се присоедини кон Југославија, со целосна нејзина потчинетост, а како аргумент за тоа била тезата дека само Кралството Југославија може целосно да закрепне како држава. Согласно тоа во новата државна творба требало да влезат сите територии населени со жители од јужнословенско потекло што, според носителите на оваа идеја претставувало интерес и на Франција. Таквата политичка идеја произлегувала од новата државна стратегија на Белград кој го промовирал т.н. интегрално југословенство што требало да биде вештачка формула за решавање на националните прашања во Кралството Југославија. Во полза на таквите планови на владата во Белград, бугарскиот дипломатски претставник ги

[288] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.1214, Legation Royale de Bulgarie, Поверително до Господинъ Атанасъ Буровъ, Министръ на Външните Работи и на Изповеданията, София, стр.2.

посочил и активностите на дел од бугарската политичка емиграција во Франција, пред се земјоделската на чело со Александар Оббов, која пропагирала дека во Бугарија постоел неподнослив режим што претставувал закана за мирот на Балканот. Кон ова се придодавала и активноста на емиграцијата од "бугарска Македонија" со една испечатена брошура која била испратена до сите француски пратеници и сенатори. Во неа се содржеле сведоштва на жителите од Петричко кои биле испратени до бугарската влада и се однесувале на теророт што во тој дел од државата бил спроведуван од "**Македонската Организација**".[289]

Заедно со дејноста на носителите на таквата југословенска пропаганда била и активноста на дипломатскиот претставник Спалајковиќ кој насекаде во дипломатските кругови во Франција ја протежирал идејата за безусловно припојување на Бугарија кон Југославија. Бугарскиот дипломат Морфов се обидувал на секој начин да ги неутрализира ваквите српски односно југословенски планови. Тој по налог од владата во Софија истакнувал пред странските дипломати дека Бугарија не се противела на зближувањето со Југославија, но не била спремна да влезе во состав на една државна заедница која била предлагана од официјалните југословенски власти. Меѓутоа и покрај ваквите нови правци и иницијативи на југословенската надворешна политика, за меѓународната јавност во центарот на вниманието останувале настаните поврзани со превратот во државата. Веројатно во тој правец била и претходната посета од југословенскиот крал Александар Караѓорѓевиќ на Париз, за да се убеди традиционалниот сојузник Франција, да лобира пред меѓународната јавност дека таквата состојба во Југославија била привремена и превратот и диктатурата била со цел да се зачува државата од распаѓање.[290]

По почетниот застој на односите заради воведувањето на диктатурата во Кралството Југославија биле направени првите дипломатски контакти меѓу Софија и Белград што било во правец на нормализирање на состојбата. На 8 февруари 1929 година во Белград била остварена средба помеѓу бугарскиот дипломатски претставник Вакарелски и југословенскиот министер за надворешни работи Кумануди. На средбата југословенскиот министер изразил

[289] Ibidem, 2a.
[290] Ibid, 3.

задоволство од подготвеноста на Бугарија за брзо нормализирање на односите меѓу двете држави, за што била донесена и одлука за формирање на заедничка комисија која требало да ги разгледа сите детали околу тоа.

Меѓутоа, и на оваа дипломатска средба било констатирано дека како пречка во тој процес повторно се појавило македонското прашање. Овој пат Кумануди побарал од бугарската власт да стори се што е возможно да се забрани пишувањето на факсимилите во весникот "Македонија", бидејќи тие лично го засегнувале југословенскиот крал Александар Караѓорѓевиќ. Властите во Белград признале дека тие документи се автентични и како такви биле украдени од тајните архиви за време на војната. Надлежните органи во Југославија сметале дека кражбата била извршена од Македонци и документите се наоѓале во Софија или на некое друго место во Бугарија, од причина што пред извесно време од тие средини излегол предлог за нивно откупување во вредност од 100000 динари. Тогаш во Југославија се сметало дека документите не се од така навредлива природа за кралот и затоа предлогот за откуп бил отфрлен.[291] Откако се открило дека содржината на овие документи има компромитирачко значење за југословенскиот крал, министерството за надворешни работи во Белград барало од бугарската влада да го забрани нивното објавување. И бугарскиот дипломат во Белград, Вакарелски и препорачал на владата во Софија да го задоволи барањето на југословенската власт зошто таквите статии во весникот "Македонија" освен што ги задоволувале љубителите на сензации, можеле да и нанесат само штета на Бугарија и тоа во период кога кралот Александар Караѓорѓевиќ станал најмоќна личност во Југославија. Вакарелски исто така проценувал дека Бугарија немала интерес да ги влошува односите со западниот сосед, а и меѓународната положба на државата не овозможувала таа да создава непријателски расположени земји кон неа. Бугарскиот дипломатски претставник во Југославија ја оставал отворена и можноста "Македонците и весникот "Македонија" да се искористат од туѓа страна, којашто се крие зад нивниот и според тоа наш грб".[292]

---

[291] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.1214, Българска Легация Н.9, Поверително до Господинъ Ат.Буровъ, Министъръ на Външните Работи и на Изповеданията, София, стр.4.

[292] Ibidem, 4a.

На средбата помеѓу официјалните претставници на двете држави се поставиле уште две прашања кои на еден или друг начин се надоврзувале на претходниот проблем. Имено, првин се поставило прашањето за отворањето на југословенско-бугарската граница, проблем што подолго време ги оптоварувал односите меѓу Софија и Белград, при што од страна на министерот Кумануди било изразено жалење поради негативната кампања што во тој поглед ја воделе југословенските весници. Како втор проблем во разговорот, Вакарелски му наметнал на југословенскиот министер за надворешни работи уште еден сегмент од комплексното македонско прашање. Според долгогодишниот бугарски дипломат во Југославија безбедноста на границата меѓу двете соседни држави не можеле да ја гарантираат само техничката опременост на воено-полициските формации на српските власти. Многу подобар потег за смирување на затегнатата состојба на границата бил ако од југословенска страна се преземела една мерка која можела да ги "успокои Македонците"-поширока амнестија на македонските затвореници.[293]

Југословенскиот министер Кумануди изјавил дека во принцип се согласувал со тоа, но дека веќе дадената амнестија опфатила голем број на Македонци кои биле осудени за помали престапи. Тој констатирал дека освен осудените во судските процеси кои се воделе против членовите на ММТРО, немал сознанија дека бројот на затворени Македонци осетно се зголемил. Но како и да е, на крајот од разговорот Кумануди ветил дека ќе стори се што е возможно од негова страна за решавање на тоа прашање. Вакарелски, на кого очигледно најважно му било македонското прашање во тие дипломатски разговори со југословенските политичари, во писмото до бугарскиот министер за надворешни работи Буров му напишал дека во понатамошните разговори со Кумануди се воздржал да зборува и понатаму нешто повеќе за Македонија, од причина што развојот на настаните во Југославија не го дозволувале тоа.[294]

Ваквите југословенско-бугарски односи кои постојано биле обременети од македонското прашање од чија "сопственост" не се откажувале ниту Белград ниту Софија, претставувале опасност за мирот на Балканот. Затоа и во текот на 1929 година биле правени обиди од некои од големите сили да

[293] Ibid.
[294] Ib., 5.

посредуваат помеѓу двете влади за да се најде некое соодветно решение по прашањето за Македонија што ќе ги задоволи и српскиот хегемонизам и бугарските аспирации.

На 15 ноември 1929 година за некои сегменти од македонското прашање се обидел одговор да даде и државниот потсекретар во англискиот Форин Офис, Роналд Линдзи. Дипломатска средба со потсекретарот Линдзи остварил бугарскиот дипломатски претставник во Лондон, кој му се пожалил на државниот англиски функционер на претензиите на Југославија да изврши присоединување на Бугарија кон својата територија. Бугарија како држава исто така имала забелешки и тоа што од територијата на Југославија се подготвувале вооружени групи кои потоа се уфрлувале и дејствувале во Бугарија.

Поставувањето на овој проблем пред англиското министерство за надворешни работи претставувало грешна политичка проценка на бугарскиот дипломат, бидејќи тоа на површина повторно го покажало македонското четничко прашање за кое Бугарија постојано била опоменувана од меѓународната јавност, со забелешка дека не е способна да се справи со него. Токму во тој правец била и констатацијата на државниот потсекретар Линдзи кој му предочил на бугарскиот ополномоштен пратеник дека Англија била свесна за фактот што владата во Софија покажувала извесна слабост во својата акција против **ВМРО**, што било опасна работа.[295] Од своја страна по однос на четничкото прашање, бугарскиот дипломат го уверувал Роналд Линдзи дека треба Бугарија да се остави слободно "да дејствува против тоа зло", за да не се претворат во маченици оние кои нанесувале штета. Но според него злото имало свои длабоки корени во **Македонија** и прашањето можело да се разреши многу лесно, ако владата во Белград се откажела од политиката на насилство и посрбување на Македонија и согласно тоа, да создаде во тој дел од државата една подносплива состојба како што пропишувале меѓународните документи и закони.[296]

[295] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.1214, До Господина Андрей Ляпчевъ, Министъръ Председателъ и Управляющъ Министерството на Външните Работи и на Изповеданията, 152/Т.А., София, стр.67.

[296] Ibidem, 67-68.

Меѓународниот притисок, но и се почестото нарушување на граничната безбедност, посебно во делот кон Македонија, ги принудило двете соседни држави повторно да ги актуелизираат меѓусебните дипломатски преговори. Во Кралството Југославија постоело уверување дека и се поголемиот притисок од михајловистичката ВМРО и нејзиното откажување од соработка со бугарската влада, го принудило премиерот Љапчев да седне на преговарачка маса. По иницијатива на политичките кругови во Белград, претседателот на бугарската влада во текот на 1929 година се согласил во градот Пирот да се формира мешовита бугарско-југословенска комисија која требала да разгледа неколку проблеми што ги оптоварувале односите меѓу двете држави. Комисијата била формирана согласно одредбите од Пиротската спогодба 1929 година и работела три месеци во кој временски период биле решавани спорни прашања околу двосопственичките имоти.[297] Особено значајни за македонското прашање биле точките што се однесувале на определувањето на режимот за преминување на бугарско-југословенската граница и создавањето на заедничка комисија за отстранување на пограничните инциденти.

Најголемиот конфликт помеѓу делегациите на двете држави во Пирот при оваа прва средба во февруари 1929 година се случил по повод бугарскиот предлог проект на Правилникот за служба на границата меѓу Бугарија и Југославија. Во однос на ова југословенската страна предложила создавање на зона во длабочина од 20 км во внатрешноста на двете страни заедно, простор од коишто се предвидувало отстранување на сите лица што не припаѓале на државните служби за заштита на границата. Овој радикален предлог не бил прифатен од бугарската делегација и покрај компромисното второ решение што го изложила Југославија, а тоа било оваа т.н. неутрална зона да се намали на 10 км.[298] Овие преговори биле завршени во Софија на 14 февруари 1930 година при што биле ликвидирани двовласничките имоти, а била формирана и заедничка југословенско-бугарска комисија која се грижела за безбедноста на границата и разрешување на евентуалните проблеми што би се појавиле поради вооружените четнички упади на териториите на двете држави.[299]

---

[297] Vl. Jovanović, *Jugoslovenska drzava*...op.cit.,157.

[298] *История на Българите, българската дипломация*...op.cit., 392/393.

[299] Vl. Jovanović, op.cit., стр.157.

Прашањето околу четничките напади на ВМРО во Вардарска Македонија не било решено со потпишувањето на овој договор. Во 1930 година бил направен и еден обид преку тајни дипломатски канали и одредени пазарања на највисоко државно ниво трајно и целосно да се реши македонското четничко прашање. Бугарскиот министер за надворешни работи Атанас Буров околу ова прашање остварил средба со југословенскиот дипломатски претставник во Софија, Нешиќ. Југословенскиот дипломат формулирал предлог за отстапување на крајграничните градови Цариброд и Босилеград во корист на Бугарија, а таквата идеја потекнувала од југословенскиот министер за надворешни работи Маринковиќ и самиот крал Александар. Ваквата иницијатива на југословенскиот државен врв, според министерот Буров била напуштена од бугарска страна поради условувањата на Белград да се ликвидира ВМРО, што во времето на владата на Андреј Љапчев била невозможна работа.[300]

И покрај големите напори што владата на Љапчев ги правела за да го стави македонското прашање во втор план, бугарското јавно мислење било преоптоварено со теми и дебати околу Македонија. Во услови кога Франција како голема сила покажувала голем интерес за нејзин политички продор на Балканот, извесен дел од дејците среде македонската емиграција во Бугарија прифатиле решение според кое Македонија би била посебна државна единица во некоја форма на федерација, но во врска со тоа сметале дека главна пречка биле владеачките династии во Југославија и Бугарија. Меѓутоа, и покрај ваквите предлози за решавање на македонското прашање, присуството на големиот број на македонски емигрантски организации и нивната активност на политичката сцена создавале незадоволство кај дел од бугарската јавност. Особено незадоволни од третманот на бугарската власт се почувствувале претставниците на Тракиските и Добруџанските организации, бидејќи тие биле во целосна "противречност по интереси со Македонците" и затоа започнале со агитација да не се жртвуваат интересите на нивната кауза.[301] Дури и тие се залагале за побрзо решавање на проблемите со Југославија и тоа со предлог да се "жртвуваат дел од интересите на Македонците, коишто биле

[300] *История на Българите*...op.cit., 402.
[301] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Драги, стр.231.

привилегирани".[302] Таквото тврдење на тракиските и добруџанските организации во Бугарија не било без основа затоа што македонското прашање навистина имало предимство во бугарската државна политика. Фаворизирањето на Македонија во односите со Југославија особено се засилило и со доаѓањето на власт на премиерот Андреј Љапчев кој имал македонско потекло. Но и воопшто, сите бугарски воено-политички фактори на еден или друг начин биле поврзани со некои аспекти на македонското прашање и посебно преку организацијата ВМРО.

Во текот на 1930 година за југословенско-бугарските односи започнале се повеќе да се интересираат и државите од регионот кои и суштински биле засегнати од состојбите на Балканот. Во март 1930 година, за време на еден неформален разговор меѓу висок турски и бугарски дипломат, првиот му ги посочил правците на надворешната политика на Турција, во кои приоритетно место заземале и балканските меѓудржавни односи. Според таквата ориентација, Турција била заинтересирана за засилување на моќта на словенските држави на Балканот и согласно тоа пријателски односи помеѓу Бугарија и Југославија. Таквата констелација на силите и одговарала на Турција затоа што таа сметала дека со тоа ќе се парализираат грчките територијални претензии кон Источна Тракија и Малоазискиот брег. Токму поради тоа, турската дипломатија покажувала голем интерес и кон состојбите во Југославија, посебно кон националните и сепаратистички движења што се заканувале да ја уништат оваа државна творба.

За ситуацијата во Македонија, турската дипломатија ги имала исказите на виден српски дипломатски претставник, поборник на големосрпската идеја за решавање на македонското прашање, кој и покрај таквите убедувања сметал дека до смирување на состојбите во тој дел на државата нема да дојде доколку таа не добие извесен степен на автономија. Тој пред турскиот дипломат признал дека "Македонците не биле Срби, но, дополнил, не биле и вистински Бугари".[303] Србија исто така се плашела дека ако Југославија биде уредена на федеративен принцип тогаш српскиот народ ќе биде малцинство во

[302] Ibidem.

[303] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.1214, Министерство на Външните Работи и на Изповеданията.Политическа Дирекция, Н.3858-5-І-Поверително до Българските Царски Легации, стр.76.

однос на Хрватите, Бошњаците и Македонците, а тоа значело губење на раководното место во државата. Од таа причина биле и последните барања на Кралството Југославија да дојде до присоединување на Бугарија кон неа, со што во таквата држава Србите и Бугарите ќе претставувале мнозинство пред другите народи и ќе ја имале раководната улога.[304]

Во текот на 1930 година не престанал интересот и на англиското министерство за надворешни работи за начинот на поставувањето на македонското прашање во југословенско-бугарските односи. Бугарија преку својот дипломатски претставник во Лондон остварила контакт со началникот на одделението за Југоисточна Европа во Форин Офисот, О'Мејли и на тој начин се обидувала да ги прикаже своите аргументи за македонското прашање. На средбата која била остварена на 8 мај 1930 година О'Мејли искажал задоволство што југословенско-бугарските односи имале нагорна линија и навлегле во помирни води, изразувајќи надеж дека **В.М.Р.О.** нема да предизвика некои нови атентати што би довеле до повторени непријатни моменти во релациите помеѓу Белград и Софија. На таа забелешка бугарскиот дипломат одговорил дека официјална Софија во никој случај не можела да гарантира целосна сигурност и одговорност за евентуални нови инциденти. Како главна причина за тоа од бугарска страна била наведена недоволната екипираност на вооружените сили на Бугарија за чување на границата и затоа се барало од Англија да изврши притисок врз Југославија во полза на омекнување на нејзиниот режим во Македонија, што од своја страна требало да овозможи намалување на затегнатоста и четничките акции и атентати. Претставникот на Форин Офисот ветил дека ќе ги претстави бугарските барања пред неговата влада, но и покрај сето тоа не очекувал дека ќе се случат некакви промени на подобро во "Српска Македонија".[305]

Македонското прашање во почетокот на 30-тите години се повеќе започнало да ги надминува рамките на југословенско-бугарските односи и да зема меѓународни димензии. За таквиот карактер на прашањето, на 18 мај 1930 година од Франција известувал бугарскиот дипломатски претставник Морфов,

---

[304] Ibidem.
[305] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.1214, Legation de Bulgarie N.71/T.A. до Господина Атанасъ Д.Буровъ, Министъръ на Външните Работи и на Изповеданията, София, стр.83-84.

кој го запознал министерот за надворешни работи Буров со делот од сесијата на Друштвото на Народите посветен на Македонија. По затворањето на седницата на Советот на Д.Н., пред присутните новинари, југословенскиот министер Маринковиќ меѓу другото изјавил дека ако продолжат нападите на Македонската Организација со седиште во Бугарија на цели на територијата на Југославија, тогаш владата во Белград била принудена да го постави пред Д.Н. прашањето на бугарско-југословенските односи и тоа во врска со "дејствијата на **Македонците**".[306] Во тој случај, ако Југославија навистина го поставела прашањето за дејствувањата на Македонците пред органите на Друштвото на Народите, тогаш Бугарија била во можност да ја изложи својата теза по ова прашање, иако и во политичките и меѓународни кругови блиски до владата во Софија постоело уверување дека Англија и Франција ќе застанат на страната на својот традиционален сојузник Југославија.[307]

Во текот на 1929 и 1930 година, решавањето на македонското прашање се повеќе добивало меѓународен публицитет. Југославија и Бугарија започнале да бараат подршка кај моќните европски држави коишто играле клучна улога во меѓународните институции како што било Друштвото на Народите во Женева. Англија и Франција како најзаинтересирани држави за статусот на Македонија започнале да вршат притисок, особено врз Бугарија, таа да ги прифати српските услови околу ова прашање. Официјален Лондон и Париз особено настојувале бугарската влада да ја ликвидира организацијата ВМРО која и понатаму на еден или друг начин го оставала отворено македонското прашање. Овие европски држави се согласиле со новата српска политичка идеја за создавање на една јужнословенска федерација, во која би влегла и Бугарија, и каде главна компонента би претставувала Србија. На тој начин се сметало дека оваа нова државна творба ќе биде ставена под непосредно влијание на Франција и Англија, со што се имало намера да се затворат сите национални балкански прашања, меѓу кои и македонското. Бугарија, иако декларативно се согласувала со таквите политички решенија, во суштина не можела да се ослободи од товарот на македонското прашање особено поради

---

[306] Ibidem, Legation Royale de Bulgarie, N.49, ЛИЧНО ПОВЕРИТЕЛНО до Господинъ Атанасъ Буровъ, Министъръ на Външните Работи и на Изповеданията, София, стр.86.

[307] Ibid.

огромниот притисок на нејзиното внатрешно јавно мислење во кое пресудна улога имале организациите на огромната македонска емиграција.

## 4.4. Македонското прашање во југословенско-бугарските односи од 1931-1934 година

Под притисок на меѓународниот фактор, државните институции во Југославија и Бугарија преземале низа активности за маргинализирање на македонското прашање за што барале сојузници и од балканските држави. Договорите, преговарањата и задкулисните комбинации околу Македонија вклучувале се повеќе земји, а во неколку периоди како заинтересирана земја се споменувала и Албанија. На 4 јануари 1931 година во Софија се сретнале албанскиот ополномоштен министер и српскиот дипломат Вукчевиќ, кој во разговор го запрашал првиот дали владата во Тирана ќе ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи можното преминување на "Македонски комитаџии" преку албанско-југословенската граница. Албанскиот дипломатски претставник многу вешто му соопштил на Вукчевиќ дека тоа прашање не било во нивна надлежност и дека тие како политичари се само репрезенти на своите држави во една туѓа држава-Бугарија. Откако албанскиот дипломат Месаре се обидувал да му објасни на Вукчевиќ дека пограничните власти на Албанија добро си ја познавале својата служба, српскиот дипломатски претставник во однос на македонското четничко прашање се заканил дека доколку "Бугарите продолжат да ни создаваат тешкотии во Македонија ние ќе ги уништиме".[308] За таквиот речник на југословенскиот претставник Вукчевиќ биле изненадени и политичките и државни кругови во Бугарија, зошто тој важел за еден од најмладите и најдобри српски политичари, кој дипломатската кариера ја учел во француската метропола Париз.[309]

Со одделни аспекти на македонското прашање и нивниот одраз врз југословенско-бугарските односи во текот на 1931 година се поврзувале и

[308] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.1214, Legation Royale de Bulgarie N.7 до г-н Министра на Външните Работи и на Изповеданията Атанасъ Буровъ, София, стр.93.

[309] Ibidem, 93а.

интересите на САД и нејзината балканска надворешна политика. Тие како држава се повеќе ја засилувале својата моќ во меѓународни рамки и својот подем како голема економска и воена сила се обидувале да го докажат и со влијанието врз различните национално ослободителни движења. Оттаму и спротивставувањето на некои држави на се поголемото американско влијание во меѓународните светски институции. Во октомври 1931 година полскиот и југословенскиот претставник во Советот на Друштвото на Народите во Женева добиле инструкции од своите влади да се спротивстават на примањето на американски претставник во овој орган. Во југословенските политички кругови објаснувале дека евентуалното учество на американски претставник во Советот можело да ја засили улогата на Д.Н. во светски размери, со што би биле спречени обидите на владата во Белград конечно да се пресмета со македонската организација **ВМРО.**[310]

Во таа насока биле и настојувањата што во декември 1931 година ги преземал југословенскиот министер за надворешни работи Павле Маринковиќ. Тој започнал дипломатска иницијатива и чекал погоден политички момент за да Југославија ја преземе долгоподготвуваната акција за конечна пресметка и уништување на **ВМРО.** За таквите планови на владата во Белград имале сознанија и во службите на англискиот Форин Офис, кои загрижени за неповолниот развој на настаните преку својот дипломатски претставник во Софија ја советувале бугарската влада да постигне договор со Југославија. И бугарската влада започнала да им дава совети на "**Македонците** од Организацијата" да се воздржат од секакви вооружени акции во Југославија за да се избегне опасноста од војна, но според бугарски, но и англиски сознанија, луѓето од ВМРО не ги слушале тие совети.[311]

Но, и покрај сите активности што се преземале во правец на неутрализирањето на македонските организации во Бугарија со цел да се подобрат дипломатските преговарачки позиции околу македонското прашање, на бугарската политичка сцена имало поинаков развој на настаните.

---

[310] ЦДА, фонд 176, оп.5, а.е.1214, До Господина Никола Мушановъ, Министръ Председателъ и Министръ на Външните Работи и на Изповеданията, Н.130/Т.А., София, стр.101.

[311] Ibidem, Legation de Bulgarie Londres, N.165/T.A./31 до Г-нъ Н.Мушановъ, М-ръ Председателъ и М-ръ на Външните Работи и на Изповеданията, София, стр.103.

Организацијата ВМРО и понатаму претставувала главен проблем за сите бугарски влади поради атентатите што таа ги организирала на територијата на Југославија. Токму поради тој податок југословенската дипломатија кон крајот на 1931 година подготвувала и еден Мемоар до Друштвото на Народите преку кои требало да се реши ова прашање.[312]

Српските дипломатски извори од Бугарија ја известиле југословенската влада дека ВМРО се наоѓала во тешка внатрешна криза. Кај нив дури постоело и сомневање дека таквите состојби во оваа македонска организација биле предизвикувани од бугарската влада за да се спречи нејзиното дејствување во Југославија и т.н. малцинско прашање да се реши на мирен начин. Според југословенската дипломатско-шпионска мрежа во редовите на македонското револуционерно движење се воделе жестоки борби за престиж во кои се позначителна улога играле македонските федералисти што биле подржувани и од владата во Белград.

Борбите за превласт се воделе не само во ВМРО, туку и во Македонскиот национален комитет кој имал големо влијание кај легално организираните политички сили на македонската емиграција во Бугарија. Пред одржувањето на претстојниот конгрес на ВМРО исто така се дознавало дека за да се задоволат сите внатрешни фракции и да се спречат понатамошните поделби се планирало да се создадат повеќе престижни функции на кои би биле поставени водечки личности од револуционерното движење. Во раководството на ВМРО постоело мислење дека во водечките структури на македонското револуционерно движење треба да се направи едно внатрешно освежување со нови кадри. Тие требало да се изборат да престане понатамошното преследување на македонскиот револуционерен кадар од страна на бугарската влада затоа што, според раководството на ВМРО, Македонците морале да престанат со "обеспокојувањето" на Бугарија која единствено како држава можела да го подржува "македонското дело". Доколку тоа не се случело, српските безбедносни служби од Бугарија апелирале до југословенската влада да овозможи преку помош надмоќност на федералистите во македонските средини и понатаму, за да се создадат подобри позиции околу македонското прашање, да се даде "една политичка

[312] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Политическото положение въ България, стр.391.

еманципација на македонското население, кое како полноправен граѓанин да влезе во една југословенска федерација".[313]

Ваквите настани уште еднаш на површина ја покажувале длабоката поделеност во македонското револуционерно движење и вмешаноста на владите во Белград и Софија во создавањето на внатрешен јаз поради отвореното заземање на страна во конфликтот, со јасна цел-наметнување на српски односно бугарски ставови околу македонското прашање. Внатрешните борби за превласт во ВМРО се отсликувале и во политичкиот живот во Бугарија, посебно врз организациите и партиите кои на еден или друг начин биле поврзани со овој сегмент од македонското прашање.

Во 1932 година претставници од Воениот сојуз и политичката групација "Звено" побарале средба со бугарскиот цар Борис со цел да се разговара за политичко-безбедносната ситуација во државата. На средбата на која бил присутен и бугарскиот премиер Никола Мушанов, претставникот на Сојузот, Васил Караколаков го запознал царот со драматичната состојба во Пиринска Македонија и побарал енергична акција за нормализирање на состојбата. Во тој поглед Караколаков истакнал дека состојбата во "Петричкиот округ" била опсадна и ги погодувала чувствата на Бугарите кои и "после 300 000 жртви не можат да ја приклучат кон пределите на Бугарија единствената територија добиена од војните".[314] Во еден момент на разговорите бугарскиот цар почнал да се оправдува дека тој немал ништо заедничко со случувањата во тој дел од државата, но со тоа не се согласувал претставникот на Воениот сојуз кој сметал дека само тој можел да му застане на патот на Ванчо Михајлов и неговата организација. Бугарскиот цар исто така тврдел дека ги познавал претходно само Тодор Александров и Александар Протоѓеров додека со новиот водач на ВМРО немал никакви врски и за пример го посочил и убиството на неговиот личен пријател Вапцаров што во таква констелација на односите, не можел ниту самиот да го спречи.[315]

Но и таквиот податок не го поколебал Караколаков во неговите тврдења дека хаосот што се создавал од ВМРО можел уште повеќе да се

[313] Ibidem, 392.
[314] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Драги, стр.444.
[315] Ibidem, 444. Види поопширно: Стефан Груев, *Корона от тръни, царуването на БорисIII 1918-1943,* София, 1991.

продлабочи со неговите лични сознанија дека се подготвувало убиство и врз водачот на Воениот сојуз, Дамјан Велчев. На таквата констатација, според српските безбедносни служби кои ги дознале деталите од разговорот преку свои доверливи луѓе во Воениот сојуз, царот Борис во нервозна состојба прашал: "Што барате од мене, да ја уништам ВМРО за да би ги задоволил соседите?".[316]

По завршувањето на средбата која поминала во една напната и непријатна атмосфера, под притисок на оваа воено-офицерска организација, бугарскиот премиер Мушанов наредил започнување на широка операција на бугарските власти против членовите на ВМРО, пред се во престолнината Софија. По деталните претреси од страна на бугарската полиција биле запленети околу 120 000 бомби, 25 000 фитили за експлозив, 800 пушки карабини, 50 000 куршуми за пушка и друг вид на муниција.[317] После овие настани дошло до заострување на односите помеѓу бугарскиот цар и политичката групација "Звено" токму по однос на овој сегмент од македонското прашање. Малку подоцна и самиот претседател на бугарската влада Мушанов го коментирал стравот на царот Борис, прашувајќи се со ироничен тон "што претставуваат тие луѓе(се мисли на ВМРО, н.ж.)та царот се исплашил од нив".[318] Најверојатни претпоставки за таквото однесување на бугарскиот цар бил неговиот реален страв дека ако посегне по оваа македонска организација, од нејзини приврзаници би се направил обид за атентат врз него. Колку таквите претпоставки имале реална основа, толку поверојатни биле вистинските симпатии што бугарската царска династија ги имала во однос на ВМРО и посебно кон Ванчо Михајлов.

Од друга страна оваа состојба била вешто искористена од југословенската власт за да ја обвини официјалната бугарска политика дека користи структури од ВМРО за остварување на своите планови околу Македонија. Во тој правец бил и податокот од српските разузнавачки служби дека бугарското министерство за војна веќе имало подготвено околу 20 000 четнички пелерини за потребите на ВМРО. Особено алармантни за владата во

[316] Ibid, 445.
[317] Ib., 445.
[318] Ib.

Белград била агитацијата што активисти на ВМРО ја воделе, а со цел регрутирање на нови членови во нејзините редови и тоа со објаснување дека на "пролет ќе биде војна со Србите и на чело на таа војна ќе бидат Македонци".[319] За тие потреби, според српските безбедносни фактори, ВМРО започнала повторно да собира пари од бугарските богаташи и тогаш на мета се нашол банкарот Јаблански од кого се барала парична сума од 5 000 000 левови. Воената психоза во Југославија се подгревала и со известувањата дека во Бугарија се спроведувала интензивна мобилизација.[320]

Во меѓувреме продолжиле напорите за придобивање на што поголем број на поединци и политички групации во бугарското општество за потребите на југословенските безбедносни служби, особено тие што се сметале за потребни околу заземањето подобри позиции во однос на македонското прашање. Југословенската власт долго време испраќала парични средства на сметка на бугарскиот земјоделски сојуз "Александар Стамболиски" и печатениот орган "Пладне", но на 25 ноември 1932 година, доверливите извештаи од Софија го предупределе официјален Белград дека "земјоделецот" Никола Петков "потполно е придобиен за ВМРО".[321] Петков според српските сознанија започнал со соработка и убедување на различните политички фактори во Бугарија против добрососедските односи со Кралството Југославија. Затоа и се препорачувало на југословенската власт да ја прекине помошта на сојузот "Александар Стамболиски" и парични средства да се испраќаат само на сметка на посочениот весник, бидејќи се ризикувало да "не удираат нас со сопствени камења по сопствените глави".[322]

Покрај дипломатската офанзива што Кралството Југославија ја презела за конечно решавање на македонското прашање во нејзина полза, владата во Белград се обидела да постигне успех по овој проблем и на еден друг начин. Во 30-тите години југословенската дипломатија и пред се нејзиниот српски сегмент во југословенско-бугарските односи се повеќе започнале да ја протежираат идејата за т.н. интегрално југословенство. Таа идеја се актуелизирала со воведувањето на шестојануарската диктатура во Југославија

319 АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, стр.455.
320 Ibidem, 455.
321 Ibid.
322 Ib., 455.

во 1929 година и имала за цел на вештачки начин да ги реши напластените национални прашања во Кралството кои се повеќе се заканувале со дезинтеграција на државата. Во тие рамки, едно од најсложените прашања било македонското, особено поради фактот што истото претставувало главен проблем во подобрувањето на југословенско-бугарските односи. Бугарија од југословенските државни власти постојано барала на македонскиот народ во Вардарска Македонија да му се признае наводниот бугарски народносен карактер, додека властите во Белград постојано го потенцирале божемниот српски национален белег на овој дел од Македонија. Токму затоа и оваа теорија за југословенството била подржувана од официјален Белград при што нејзиното главно начело било дека сите народи што живеат во Кралството Југославија преставуваат една југословенска нација кон која требало да се приклучи и Бугарија. Ваквите тези од југословенска страна предизвикале бурни реакции и кај бугарските државни фактори, но и кај политички организираната македонска емиграција во Бугарија. Најголем дел од сите овие фактори, со исклучок на протогеровистичката ВМРО која се согласувала на федеративен статус на Вардарска Македонија во Југославија, не ја прифатиле оваа идеја и се сомневале дека зад неа се крие српскиот стремеж за хегемонија на Балканот.

Во вакви услови кога понуденото "југословенство" од владата во Белград како рецепт за решавање на македонското прашање било отфрлено од Бугарија, со нов предлог се појавил долгогодишниот српски политичар Светозар Прибичевиќ. Тој во јавноста се појавил со напишана публикација во која потенцирал дека единствен излез за надминување на новонастанатата положба во Југославија било диктатурата да се замени со републиканско уредување на земјата. Прибичевиќ предлагал Кралството Југославија да се уреди на федеративен принцип и кон таквата државна заедница да се присоедини и Бугарија со што, според него, ќе се надминат сите противречности што ги дестабилизирале односите меѓу двете држави, во кои средишно место заземала Македонија. Светозар Прибичевиќ не зазел сосема јасна позиција околу македонското прашање, ги изложил бугарските и српските тези за националната припадност на Македонците, но истакнал дека постои и трета теза подржувана токму од последните, според која тие не се

чувствувале ниту како Бугари, ниту како Срби, туку едноставно како **Македонци.**[323]

Овој српски политичар во поддршка на својата теза се повикувал на мислењето на професорот Јован Цвијиќ за аморфноста на македонските словени, но во секој случај ја оставал отворена можноста Македонците сами да се изјаснат околу нивната национална припадност, без притисок на властите на Кралството Југославија, но и ослободени од влијанието на "комитаџиските групи" и другите нелегални "бугарски организации".[324] На крајот Прибичевиќ заклучил дека спорот околу долината на реката Вардар помеѓу владите во Белград и Софија би можел да биде завршен само доколку Бугарија влезе во рамките на југословенската федерација, а Македонија да добие автономен статус во таквата државна заедница. Само таква македонска автономија, а не онаква каква што ја предлагала Бугарија и за која Прибичевиќ сметал дека е чекор кон присоединување на Македонија кон неа, можела да осигури добрососедски односи и праведно решавање на македонското прашање.

Во обидите за надминување на разликите околу прашањето на статусот на Македонија биле вклучени и бугарската и српската православна црква коишто започнале да остваруваат контакти во тој правец. Во мај 1933 година црковните првенци на двете држави потпишале неколку документи во Рилскиот манастир кој оделе во правец на подобрување на односите помеѓу Бугарија и Кралството Југославија. Дури и биле одржани неколку пригодни говори во кои бугарскиот митрополит Стефан и српскиот епископ Николај потенцирале дека српскиот и бугарскиот народ се братски народи и дека треба да се заборават непријателствата од минатото кои довеле до неколку вооружени судири меѓу двата соседи. Во интерес на тоа да се остави добар впечаток кај југословенското јавно мислење, српската делегација била примена и од бугарскиот цар Борис.[325] Меѓутоа на патот кон Рилскиот манастир делегатите од Југославија во близина на железничката станица, на видливо место забележале еден транспарент на кој пишувало: "Без слободна

---

[323] К. Палешутски, *Македонското освободително движение 1924-1934,* София, 1998, стр.312.

[324] Ibidem.

[325] Архив Србије и Црне Горе, фонд 74, кут.бр.50, Краљевина Југославија, Претседништво Министарског Савета-Централни Пресбиро пов.ц.п.бр.98, Господину министру двора-Београд, стр.103.

Македонија нема договор помеѓу Србите и Бугарите". Колку и да се оправдувале бугарските делегати во врска со овој инцидент, неможеле да го променат впечатокот кај нивните српски гости дека "оваа интрига била дело на Македонците".[326]

Македонското прашање во тие 30-ти години едноставно било постојано присутно во сите сфери на живеењето во Бугарија, која иако како држава покажувала спремност пред официјален Белград да му презентира докази за нејзината надмоќ во тој правец, што од многу причини не и успевало. Конфликтот и дипломатските надмудрувања околу тоа кој има повеќе право на Македонија, продолжувале со полн интензитет. Освен ваквите теоретски расправи за тоа која од двете држави има ингеренции за решавање на македонското прашање биле направени и конкретни обиди на највисоко ниво околу тоа.

На 18 септември 1933 година, а под влијание на Франција и Англија во Белград се сретнале југословенскиот крал Александар и бугарскиот цар Борис. Таа средба имала поголемо значење за Бугарија, бидејќи царот Борис се обидувал да ја извлече од изолација неговата држава. Во октомври истата година, двајцата монарси оствариле повторна средба во Евксиноград, Бугарија, при што од страна на јавното мислење во Југославија и Бугарија тоа било протолкувано како клучен чекор кон обединување на двете држави. Во нивните разговори повторно доминантно место имале настаните што се случувале во Македонија, пред се терористичките акции во Гевгелија од 26 септември истата година. Поради сето тоа кралот Александар му предочил на бугарскиот цар дека едно цврсто сојузништво меѓу двете држави било невозможно без отстранувањето на главната пречка-**ВМРО**. Југословенскиот монарх уште и му се спротивставил на обидот на цар Борис да го заштити тврдењето дека тој немал "ништо заедничко со Македонците". На таквото гледиште, според крал Александар, и можеле да поверуваат големите европски држави, но меѓу двата балкански владетели не можело да постои измама за "историјата на комитите".[327]

---

[326] Ibidem, 103.
[327] *История на Българите*...op.cit., 404.

Во текот на разговорите цар Борис се обидел да го префрли тежиштето и на други сегменти од македонското прашање и меѓу другото побарал да бидат отворени бугарски училишта и цркви во Вардарска Македонија на што добил негативен одговор од неговиот југословенски гостин кој уште еднаш потенцирал дека уништувањето на "македонската организација" е главен услов за решавање на сите останати спорови.[328]

Интензивните контакти продолжиле во декември 1933 година кога во посета на Белград заминале царот Борис и претседателот на бугарската влада Никола Мушанов и во разговорите меѓу другото, пред југословенскиот крал било поставено прашањето за "бугарското" малцинство во Македонија. Таквите барања, првиот човек на југословенското кралство ги прогласил за безпредметни, бидејќи според него такво прашање на југот од неговата држава не постоело.[329] Но затоа кралот Александар не заборавил да го потсети бугарскиот цар дека ликвидирањето на ВМРО можело да се случи на ист начин како што српската држава претходно го решила прашањето со терористичката организација "Црна рака". Цар Борис уште еднаш му ветил дека Бугарија ќе расчисти со оваа организација и нема понатаму да ги поддржува "пакостите на тие банди".[330] По завршувањето на посетата на Белград на бугарската делегација, кралот Александар и министерот за надворешни работи Богољуб Јефтиќ изразиле задоволство од подготвеноста на официјална Софија да ги подобри односите со Југославија и постепено да ја ликвидира македонската организација ВМРО.[331]

Скорешното потпишување на Балканскиот пакт во 1934 година и давало надеж на Кралството Југославија дека таа преку оваа новоформирана регионална организација ќе може поуспешно да се заштити од ваквите бугарски претензии по однос на Македонија. Придружните документи потпишани заедно со Балканскиот пакт од 9 февруари 1934 година ги обврзувале земјите потписнички да интервенираат во случај на агресија на територијата на некоја од членките на Пактот. Токму тој дополнителен протокол и давал сигурност на Кралството Југославија дека ќе се обезбеди од

---

328 Ibidem.
329 К. Палешутски, *Македонското освободително движение 1924-1934*...op.cit., 314.
330 *История на Българите*...op.cit., 405.
331 Ibidem, 406.

различните бугарски побарувања по однос на македонското прашање. Во врска со создавањето на Балканскиот пакт, како најзасегната земја, што се заклучувало од нејзините вербални настапи била Бугарија, која не станала членка на овој регионален сојуз, иако за тоа ја имала дипломатската подршка и од Кралството Југославија. Бугарските државни фактори во своите тврдења оделе до таму што тврделе дека на 17 март 1934 година во Белград бил потпишан и Таен протокол на земјите-членки на Пактот. Според него се предвидувало државите од Балканскиот пакт да преземаат водење на заедничка воена интервенција против вооружените групации(четите на ВМРО, б.м.) што ги подржувала Бугарија, а доколку постоела потреба се планирала потполна или делумна окупација на Бугарија. Постоењето или не на ваков документ целосно никогаш не било потврдено.[332]

Почетните години на третата деценија од 20-от век имале нова димензија во надворешната политика на Кралството Југославија и Бугарија. Внатрешните превирања во македонското национално ослободително и револуционерно движење околу можните решенија на македонското прашање се рефлектирале и врз југословенско-бугарските односи. Во такви околности, српската и бугарската влада започнале да покажуваат зголемен интерес кон различните македонски организации, на кои гледале како нивни можни спроводници на државните стратегии и планови кон Македонија. Во истовреме продолжиле напорите на Англија, Франција, но и на новата голема светска сила САД, да дадат свој придонес кон решавањето на македонското прашање во согласност со нивните глобални планови и распределбата на сферите на влијанија. Вистинската сериозност на конфликтот околу Македонија, го префрлил решавањето на прашањето на највисоко државно ново-владеачките династии на Југославија и Бугарија. На средбите на кралот Александар и царот Борис уште еднаш биле манифестирани суштинските разлики околу карактерот на македонското прашање. Југословенскиот крал како главно прашање го поставил отстранувањето на ВМРО од милјето на македонските емигрантски организации во Бугарија, додека бугарскиот цар се заложил за реализирањето на правата на "бугарското малцинство" во Македонија под

---

[332] Bogdan Krizman, *Vanjska politika Jugoslovenske drzave 1918-1941*, Diplomatsko-historijski pregled, Zagreb, 1975, str.67.

српска власт. Ваквиот различен приод кон суштината на македонското прашање претставувал основа за продлабочувањето на јазот во дипломатските односи помеѓу двете балкански држави.

# ГЛАВА ПЕТТА

# МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ВО ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ ОД СРЕДИНАТА НА 30-ТИТЕ ГОДИНИ ДО 1941 ГОДИНА

## 5.1. Македонското прашање во односите помеѓу Кралството Југославија и Бугарија по превратот на 19 мај 1934 година

Во средината на 30-тите години се случиле повеќе настани кои во голем дел имале влијание врз односот на Југославија и Бугарија кон македонското прашање. Квалитетот на односите помеѓу овие две балкански држави и понатаму бил одреден од ова прашање кое сеуште заземало високо место во нивната надворешна политика. Состојбата се изменила кога во Европа започнал се повеќе да се засилува фашизмот што од своја страна предизвикало промени во меѓународните односи. На политичката сцена се случувале нови поделби на интересни сфери, прегрупирања и воено-политички сојузи кои биле поттикнати од големите сили и биле во согласност со нивните глобални геостратегиски планови. Пред се поголемата опасност од засилувањето на влијанието на фашистичка Германија, големите светски сили, Англија и Франција побрзале да формираат регионални сојузи во Источна и Југоисточна Европа кои требало да бидат под нивно влијание и контрола. Во правец на остварување на таквите планови тие вршеле притисок и врз владите на Југославија и Бугарија да ги надминат сите несогласувања што ги оптоварувале нивните меѓусебни односи. Поради тоа владеачките политички гарнитури во Белград и Софија, за да дојде до подобрување на нивните односи се повеќе настојувале да го избегнуваат споменувањето на македонското прашање, кое дотогаш претставувало главен проблем. Такви услови се создале во Бугарија особено со доаѓањето на власт на воено-политичката групација

"Звено" по пат на превват при што од нејзина страна во државата биле укинати сите институции на парламентарната демократија, а била избрана влада на чело со Кимон Георгиев која била целосно потчинета на царот Борис. Владата на Георгиев исто така го забранила постоењето и дејноста на разните македонски легални и полулегални емигрантски организации, кои на еден или друг начин го оставале отворено и постојано актуелно македонското прашање. Како значајна мерка на бугарската влада била и уништувањето на организационата мрежа на ВМРО, која долги години претставувала еден од најглавните сегменти на македонското прашање и проблем кој постојано ги доведувал југословенско-бугарските односи до степен на вриење и предвоена состојба.

Со доаѓањето на власт во Бугарија на владата на Кимон Георгиев настанала и целосна преориентација на политиката во однос на македонското прашање. Новата бугарска влада во поглед на надворешната политика извршила приближување кон Франција и Југославија, со чијашто помош сметала дека ќе успее да постигне излез на Егејското море.[333] Таквата политика значела откажување на бугарската влада од услугите на михајловистичката ВМРО. Зближувањето на Бугарија со Југославија од поголемиот дел на македонската емиграција во Бугарија било отценето како отворено предавство на "интересите на **македонскиот народ"**. Владата на Георгиев во односите со Југославија се залагала македонското прашање да се сведе на степен на давање културни права на едно "бугарско малцинство" во Македонија што било причина да се ликвидираат сите македонски организации, дури и ВМРО на Иван Михајлов.[334] Согласно на таквата политика бугарската влада вложила напори да му ги одземе сите права и слободи на Петричко како "македонски крај" и да уништи се што му означува самостоен карактер на македонското прашање и на македонското национално ослободително движење во неговата борба за остварување на правото за самоопределување и независност. Затоа од страна на бугарската влада му се одземале сите белези на Петричко како македонска земја, поради стравот тој

[333] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.6, Военo-фашисткия преврат и македонското национално освободително движение, стр.480.

[334] Ibidem.

дел да не прерасне во алка за обединување на другите делови од Македонија во една независна држава.[335]

Во кампањата што се водела против различните македонски организации кои веќе биле распуштени, од страна на бугарската влада биле ангажирани и некои весници што биле спроводници на "новата политика" кон македонското прашање. Таков бил весникот "Камбана" кој започнал да промовира антимакедонска политика, а во согласност со политиката на зближување со Југославија која ја застапувала владата на Кимон Георгиев. Уредниците на овој провладин бугарски весник остро ги нападнале поранешните блиски публицисти до печатените органи на ВМРО, Кулишев, Бадев и Крапчев и ги обвиниле за пропагирање на "специфично МАКЕДОНСТВО (така стои во оригиналот, н.ж.), кое е злобна и уништувачка доктрина за државата".[336] Бугарските новинари исто така ја нападнале групата македонски публицисти за тоа дека создава "македонопромислени центри", а се со цел постојано да бидат блиски до централната власт. Затоа групата блиска до "Камбана" предлагала до надлежните државни органи да застанат на патот на овие антидржавни тенденции и да овозможат "издигање на моќната волја на шесте милиони Бугари против сепаратистичките стремежи на групите малцинства...".[337]

Ваквите ставови што најверојатно го одразувале и политичкото мислење на владеачката групација "Звено" во голем дел докажувале дека кон македонското прашање од различните бугарски воено-политички фактори се заземале заклучоци во зависност од дадената општествено-политичка ситуација, а не од долгорочни стратегиски причини. Како инаку може да се објасни радикалната промена на ставот кон македонското прашање на речиси целиот бугарски државно-политички врв, така што ова прашање од приоритетно за бугарските национални интереси, да се прогласи за непријателско и антидржавно. Затоа во однос на македонските политички барања во Бугарија се правело равенство со државната концепција на т.н. интегрално југословенство и согласно тоа ако не можеле да им се дадат

[335] Ibid, 481.
[336] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Драги бай Дамяне, стр.642.
[337] Ibidem, 642.

никакви национални права на Хрватите, Словенците, Далматинците и Бошњаците, тогаш, во склад со новата бугарска државна стратегија, неможеле да им се дадат истите и на "грстот македонски Бугари".[338] Така и новата влада на Кимон Георгиев неможела или несакала да пронајде модул за да се ослободи од ставовите за наводниот бугарски карактер на македонското прашање. Ова претставувало само обид да се направи привидна маргинализација на прашањето во интерес на подобрувањето на односите со Кралството Југославија.

И покрај привидното отстранување на македонското прашање од политичката сцена во Бугарија, постоеле сили во државата кои и понатаму се занимавале со анализирање на прашањето и се обидувале да докажат дека тоа како такво е составен дел од бугарското национално ткиво, негирајќи го неговиот самостоен карактер. Една таква детална елаборација на македонското прашање се појавила во средината на 30-тите години и веројатно била изработена од бугарски политички кругови блиски до таквите ставови за Македонија или од пробугарски определени Македонци кои се наоѓале во највисокото раководство на расформираната организација ВМРО. Во овој документ најпрвин се критикувала бугарската држава што не успеала да ги канализира национално-револуционерните организации(се мисли најмногу на ВМРО, н.ж.) во потпора на државата и согласно на правците на нејзината надворешна политика. Авторот на документот кој на крајот од текстот се потпишал како "Македонец" ја нападнал новата бугарска влада формирана од воено-политичката групација "Звено" поради нејзиното зближување со владата на Југославија. Согласно ваквата политика, според него, бугарската влада за да издејствува присоединување на Тракија кон Бугарија се договорила со Кралството Југославија да се реши еден голем проблем што посебно ја засегнувал владата во Белград-В.М.Р.О. Со ваквиот чин Бугарија наместо по мирен пат да ја принуди ВМРО да престане со четничките акции и атентати во Југославија, како што правела и дотогаш, или привремено да ги измени методите на своето дејствување, таа ја уништила мрежата на оваа организација. На тој начин бугарската влада со своите постапки одела во прилог на постојаните југословенски тврдења дека ВМРО го изгубила својот

[338] Ibid.

независен карактер и дека нејзиното седиште не е веќе во Македонија, туку во Бугарија.[339] Ова за еден дел од македонската емиграција во Бугарија, чиј претставник бил авторот на документот потпишан како "Македонец", значело дека владата во Софија се откажала од македонското прашање и го негирала неговото постоење, што од нивна страна се сметало за непријателски акт.

Во тој временски период овие луѓе блиски до идеите на распуштената ВМРО на Михајлов сметале дека бугарската влада започнала хајка против Македонците, која имала за цел не само уништување на ВМРО во Бугарија, туку и на целото македонско ослободително движење, македонското прашање и самата Македонија, така што владата "наместо да нацрта веѓи, извади очи по националната политика на Бугарија".[340] За овој дел македонски емигранти Македонија и македонското прашање имале бугарски карактер и затоа тие и предочувале на владата во Софија дека доколку има поробени "Бугари" во Македонија, дотогаш ќе постои македонското ослободително движење, но и македонското прашање кое не претставувало само "бугарско" и балканско, туку и европско прашање.[341]

Овој пробугарски дел од македонското револуционерно движење во опширната анализа што била направена по повод 19-то мајските настани исто така сметал дека со постапката на забраната на дејноста на ВМРО најмногу корист оствариле соседните балкански држави Југославија и Грција. Спротивно на нив од надворешната политика на Бугарија се разочарале македонските емигрантски маси за кои, според ова мислење, растурањето на ВМРО можело да ги израдува само комунистите во државата. Затоа било потребно повторно обновување на активноста на македонското револуционерно движење, но со нова тактика и методи поради новонастанатите услови. Крајната цел на македонското ослободително движење, според таинствениот "Македонец", била присоединувањето на Македонија кон Бугарија, но имајќи ги предвид сложените меѓународни околности и интересите што и други балкански држави ги покажувале кон Македонија, таа парола требало да остане скриена и неофицијална.[342]

---

[339] ЦДА, фонд 396-К, оп.1, а.е.7, Поверително, Едно мнение, стр.2.
[340] Ibidem, 3.
[341] Ibid.
[342] Ib., 4.

"Обединувањето" на Македонија со Бугарија требало да се случи во неколку етапи за да не се создаде сомнение во меѓународната јавност и да се спречи таквиот чин од некои заинтересирани страни, сметала оваа пробугарски определена група на Македонци во Бугарија.

Како преодни форми на т.н. национално обединување се сметале автономниот статус на Македонија во состав на Југославија, Македонија во рамките на Балканска федерација на држави, дури и ако таа добие некоја форма на територијална самоуправа под протекторат на големите сили. За бугарските експанзионистички планови кон Македонија чиишто носители биле и авторите на документи од типот на "Македонец", за успех се сметало и создавањето на **независна македонска држава**, што според ваквата теорија не значело дека **Македонците** се објавуваат против бугарската држава. Токму од тие причини им се објаснувало на сите Бугари дека лозунгот "автономија за Македонија" и понатаму треба да остане карактеристична парола на македонското револуционерно движење и дека всадувањето на таквата идеја кај бугарските државјани претставувала "национален долг кон поробените Бугари".[343]

Во поглед на основата за продолжување на борбата за обединување на Македонија со Бугарија, оваа група од пробугарската линија во македонското револуционерно движење, го потенцирала обновувањето на дејноста на ВМРО. Според неа ВМРО требало да го возобнови принципот на нејзината внатрешност и да престане нејзиното мешање во внатрепартиските борби и политичкиот живот во Бугарија, што во периодот од 1928-34 година било нејзина најголема грешка. Затоа нејзиниот центар не смеел да биде во Софија, Петричко и воопшто во Бугарија, каде што било излишно нејзиното постоење, бидејќи таму служела само за "мезе на политичките партии и групи". Но и покрај тоа, оваа група се залагала возобновената ВМРО да стане столб на бугарската држава и бугарските национални идеали под услов таа како организација да биде надвор од секакво партиско влијание. Во однос на начинот на нејзиното дејствување, авторот "Македонец" посочувал прекинување на четничките акции и атентатите и нејзино трансформирање во

[343] Ib.

легална или полулегална организација која ќе дејствува на територијата на Југославија, од причина што разврската околу македонското прашање се очекувала на територијата на Македонија под српска власт.[344] Со такви методи на легално политичко дејствување се сметало на успешна борба на ВМРО во решавањето на македонското прашање на кое постојано се гледало како на бугарско национално прашање. Исто така на вака преуредената ВМРО и се препорачувало во својата легална политичка борба во Југославија да се поврзи со хрватските опозициони партии, но и со револуционерните движења кои се залагале за внатрешно преуредување на југословенската држава во која главен збор имала Србија.

Пробугарски определените кругови во македонското револуционерно движење биле убедени во успехот на ваквата борба и затоа предлагале веднаш да се обнови организациската мрежа на ВМРО. Оваа организација која била официјално растурена на 19 мај 1934 година, според него, требала да се обнови на конспиративни начела и нејзината поврзаност со Бугарија морала да се држи во најголема тајност, за да неможе никој да ја обвини официјална Софија за таквата соработка. За успешно функционирање исто така се барало надминување на непријателствата помеѓу двете спротивставени фракции-протоѓеровисти и михајловисти за да се избере нов водач на ВМРО. Во вака поставената организација се предвидувало да влезат и сите дејци од македонската левица, но под услов тие да ги имале напуштено левичарските политички идеи. Организаторите на ваквата идеја сметале дека "новата" ВМРО треба да соработува со бугарската држава во најголема тајност и соработката да се остварува преку специјална секција во Министерството за војна.[345]

Со тоа во кој правец ќе се насочи решавањето на македонското прашање, во средината на 30-тите години се занимавала и бугарската влада или барем поединци во нејзините редови. Анализата на состојбата покажувала дека бугарско-југословенското зближување кое било на повидок, се обидувале да го искористат некои држави и преку возобновувањето на ВМРО да остварат свое влијание во Бугарија. Таквата меѓународна положба на Бугарија се

[344] Ib., 5.
[345] Ib., 6.

обидувале да ја искористат и некои поранешни бугарски политичари и личности од раководството на растурената ВМРО, кои повторно сакале да се промовираат на политичката сцена.

Од целата ситуација, бугарските државни аналитичари искажале најголема загриженост за се посилното влијание што помеѓу македонската емиграција во Бугарија и во западноевропските држави го имала левичарски ориентираната ВМРО(Обединета), која не одговарала на бугарските стратегиски планови кон Македонија.[346] Во тој период луѓето што во бугарската влада биле задолжени со прашањето за Македонија истакнувале дека и покрај тоа што постоењето на македонското ослободително движење не зависело од Бугарија, од неа зависело дали овој субјект ќе го канализира во согласност со бугарските национални интереси и нејзината внатрешна и надворешна политика. Според таквата стратегија кон овој сегмент од македонското прашање постоеле два правци за кои државата морала да се реши кон кој од нив ќе се приклони; првиот бил Бугарија да го остави македонското револуционерно движење да се развива самостојно и независно без оглед на последиците што ќе ги предизвика по однос на бугарската кауза кон Македонија; и вториот правец бил Бугарија како држава да се постави како заштитник на сите "Бугари", поробени или слободни и во тој контекст да се воспостави соработка со македонското националноослободително движење, што ќе и овозможи негово контролирање. Второто решение било целосно прифатливо за владеачките политички кругови во Софија.[347]

Како пречка за активното потпомагање на македонското револуционерно движење од бугарска страна, пред се на ВМРО се покажал југословенско-бугарскиот пакт(веројатно се мисли на пактот за вечно пријателство од 1937 година, н.ж.), кој во тоа време се наоѓал пред негово конечно потпишување. Меѓутоа и покрај тоа што договорот меѓу двете држави

---

[346] ЦДА, фонд 396, оп.1, а.е.6, Държавата и македонското освободително движение, стр.1. ВМРО(Об) била создадена во октомври 1925 година во Виена. Оваа македонска организација со левичарска провиниенција се борела за создавање на Балканска комунистичка федерација во која Македонија во етногеографските граници би била нејзина рамноправна државна единица. ВМРО(Об) успеала да создаде широка организациона база, особено во Пиринска Македонија под бугарска власт каде имала голема подршка од македонскиот народ. Таму нејзините членови и симпатизери биле подложени на прогон не само од бугарската власт, туку и од михајловистичката ВМРО.

[347] Ibidem.

веќе бил завршена работа, Бугарија била скептична и се сомневала дека Југославија и понатаму ќе продолжи да се вмешува во нејзините внатрешни работи. Пактот во неговата основа предвидувал едно поголемо зближување помеѓу двете држави, иако бугарската влада сметала дека пријателството помеѓу Белград и Софија сеуште не било можно, пред се поради "поробените Бугари" во Југославија и нивната борба за ослободување.[348] Тоа прашање, како и прашањето за односите помеѓу македонското движење и бугарската држава истакнало на површина уште едно прашање: како да се канализира и насочи тоа движење без да се одрече неговата суштина, но и без да се загрозат интересите на Бугарија во случајот со бугарско-југословенското зближување.[349]

Околу македонското прашање, бугарската држава која за разлика од официјален Белград повеќе ја интересирал национално-државниот аспект, преземала активности за спречување на македонските национални пројави. Во овој временски период, во бугарските општествено-политички кругови и некои македонски емигрантски организации блиски до нив се стравувало од се поголемото зајакнување на македонскиот национален идентитет што од своја страна ги загрозувал бугарските државни планови по однос на Македонија. Бугарските владеачки кругови установиле дека се појавила тенденција во некои македонски емигрантски кругови за издигнување на, според нив, македонските дијалекти до степен на "еден синтетичен мајчин јазик одделен од бугарскиот, потплатен уште и од комунистичката теза за постоењето на словено-македонската нација".[350] За таквите стремежи кај македонскиот народ бугарската власт ги обвинувала и владите на соседните држави Југославија и Грција. Бугарските државно-политички фактори во своите обиди да му дадат бугарски карактер на македонското прашање се обидувале да докажат дека не постои македонски јазик, туку дека тоа биле локални дијалекти на бугарскиот јазик. Во однос на состојбата со јазикот објаснувањето било насочено и кон етногенезата на македонскиот народ, со што официјална Софија сакала да го докаже неговото наводно бугарско потекло. Така за ситуацијата во Вардарска

[348] Ibid, 2.
[349] Ib.
[350] ДАРМ, фонд 1265 ВМРО, кут.1 "За македонските диалекти", стр.183.

Македонија под српска власт се истакнало дека "**македонскиот народ** одвнатре, со прекинати еве веќе 20 години врските со литературниот бугарски јазик , ја сознал неопходноста од култивирањето на македонските дијалекти, коишто ги спротивставува на официјалниот насилен јазик(се мисли на српскиот н.ж.), запазувајќи го на тој начин макар и во дијалекти, бугарските елементи на зборот и духот".[351] Во тој дух, бугарската државна политика сметала дека македонската интелегенција во Југославија го употребувала поимот "Македонија" и "Македонец" заради извојување на националните права и добивање на статус како и другите народи во југословенската држава.

Според мислењето на владеачките фактори во Бугарија, токму таму и се криела опасноста по бугарските интереси во Македонија, да по пат на "дијалектите" дури и во тој контекст разгледани, се дојде до создавање на "**словенската македонска нација**", а со тоа и до национално раздвојување".[352] За таквиот развој на настаните Бугарија сметала дека голем придонес имало и Кралството Југославија, коешто со "добри очи" гледало на раѓањето на "новата националност"(македонската н.ж.) и тоа одело до тој степен што српската власт во Вардарска Македонија толерирала издавање на весници на "македонски дијалект", како што било списанието "Луч" што се печатело во Скопје.[353] Ривалитетот по однос на македонското прашање помеѓу двете држави одел до тој степен што бугарската страна сметала дека Србија т.е.Кралството Југославија имала интерес да ги пренесе "македонските дијалекти" и во Бугарија. Целта на тоа, според бугарската власт, била Србија да си создаде простор за влијание среде македонската емиграција и преку свои купени агенти или "идеалисти" да ја отуѓат истата од бугарската држава и да предизвикаат "раздвојување на бугарската нација".[354]

---

[351] Ibidem.

[352] Ibid, 184.

[353] Списанието "Луч"започнало да излегува од печат во Скопје од средината на 30-тите години и околу себе ги обединувало просрпски ориентираните интелектуалци од Вардарска Македонија. Во организацискиот одбор на весникот влегувале Цеко Стефанов(иќ), Антоније Пановиќ, Борисав Арсиќ, Тодор Мировиќ, Ѓорѓи Киселиновиќ и други. На страниците на "Луч" биле поместени статии кои биле пишувани на српски јазик со теми од областа на културата, јазикот и историјата, а во функција да го докажат српскиот карактер на Вардарска Македонија. Сепак оваа група на македонски интелектуалци на директен или индиректен начин се обидувала, се разбира во согласност со теоријата на интегралното југословенство, да се избори за посебен третман на "југот на земјата"во рамките на Кралството Југославија.

[354] Ibid,"За македонските...op.cit.,184.

Оваа бугарска теорија за "македонските дијалекти" истакнувала дека за вакви работи не постоело место во Бугарија и дека таквата политика била поттикнувана од страна на Југославија за да создаде "национална поделба". Другата теза на бугарските владеачки фактори била дека тука бил и интересот на комунистите кои имале намера да им го наложат на македонските народни маси лозунгот за "славјанска македонска нација" и "славјански македонски јазик", што според бугарските тврдења, исто така требало да се изврши со помош на официјален Белград.[355] Согласно ваквите бугарски тези околу развојот на македонското прашање, стравот на владата во Софија не бил од безбедносна природа, како српскиот, туку од националното осознавање на македонскиот народ кое неминовно ќе водело кон барања за државен статус на Македонија.

Иако биле во тек обидите за писмена верификација на подобрените југословенско-бугарски односи во средината на 30-тите, и соодветните државни служби во Југославија имале свои аналитички погледи по македонското прашање со сите негови аспекти. За организацијата ВМРО, која во тој период и дефакто и дејуре веќе не постоела, владата на Кралството Југославија сметала дека таа воопшто нема никаква врска со Македонија, не била македонска, ниту внатрешна, а уште помалку револуционерна. Властите во Белград образложувале дека "македонска не е поради тоа што **Македонците** се одрекуваат од неа и затоа што нејзините членови одамна уште пред балканската војна ја напуштиле Македонија, преминале во Бугарија, таму се асимилирале потполно и го изгубиле секој контакт и чувство за својата татковина"...[356] Југословенските односно српски гледишта биле и дека ВМРО не е внатрешна, бидејќи нејзиното седиште не се наоѓало во Македонија и според методите на нејзино дејствување била терористичка организација со болшевичко-анархистички белези. Државните српски стратези во Белград ја третирале ВМРО како вистинска организација само во време на турското владеење во Македонија, додека по нејзиното обновување во Бугарија во 1919/20 година таа станала терористичка организација. Според

[355] Ib.

[356] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.6, Кратак експозе о акцији "македонствујушчих", Шта је **ВМРО**, стр.245.

југословенските сознанија, Организацијата се потпомагала од реваншистичките кругови во Бугарија, при што истите тврделе дека се создавала лажна слика за тоа дека ВМРО се наоѓа во македонските планини и се бори за независна Македонија.[357] Со ваквите српски анализи на главната закана за Југославија-ВМРО, дури и во периодот кога оваа организација не постоела и со цел да се негира бугарскиот карактер на Македонија, властите во Белград свесно или не го дефинираат вистинскиот карактер на нивните државјани на југот од земјата-македонскиот.

Во обидите да се негира бугарскиот карактер на Македонија и да се потенцира српското право за владеење со неа, државните органи на Кралството Југославија во средината на 30-тите години создавале теории за етногенезата на македонскиот народ, кои и покрај тоа што во голем степен не се засновувале на научни факти, на еден начин ја признавале посебноста на Македонците и нивните разлики со српскиот и бугарскиот народ. Една таква теорија истакнувала дека пред 40-50 години македонска емиграција доаѓала и во Србија и бидејќи "малку или никако не се разликуваше од Србите по јазикот, по вера, крв и обичаите, општиот карактер и по другите битни национални особини, брзо се губела, изедначувајќи се со Србите".[358] Македонската емиграција која одела во Бугарија, според оваа екстремна радикална теорија, наидувала на еден друг народ од монголска крв, неинтелегентен "па **Македонците** не само што не се губеле брзо меѓу Бугарите и со нив изедначувале, туку, задржувајќи ги сите одлики на својот бистар и подвижен карактер формирале свои организации и преку нив владееле со Бугарите како инфериорни во секој поглед".[359] Српските застапници на оваа теорија исто така сметале дека Македонците во Бугарија полека ги презеле сите сегменти на општествениот живот, меѓутоа со "вкрстувањето" со Бугарите се создал посебен народ што по своето потекло биле Македонци, а по се друго вистински Бугари и како такви биле познати под името "**македонствујушчи**".[360]

---

[357] Ibidem, 246.

[358] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.6, Кратак експозе о акцији "македонствујушчих"-македонска емиграција у Бугарској, стр.250/251.

[359] Ibidem, 251.

[360] Ibid.

И додека владата на Југославија се обидувала да докаже дека Македонците немаат бугарско етничко потекло и по својот корен биле "поблиски" со Србите, владата во Софија имала проблем со тоа како да ја искорени идејата за независна Македонија што била се повеќе прифатлива помеѓу македонските емигранти и бегалци во Бугарија. Владеачките бугарски политички кругови објаснувале дека идејата за независна Македонија не проникнала кај "сериозните" Бугари како вистински идеал. "Сериозните Бугари" не сакале да видат постоење на две Бугарии, помала и поголема, пред практичното остварување на обединувањето на Бугарија. Ваквата бугарска теорија сметала дека идејата за автономна и независна Македонија била искористена за моментални политички цели, како попрактична од тактичко гледиште за спроведување на општобугарската политика. Појавувањето на лозунгот за автономија на Македонија, бугарската влада го сместувала во периодот по Берлинскиот конгрес 1878 година кога не успеал планот за остварување на идејата за Голема Санстефанска Бугарија. Во таа 1936 година, за да се отфрли паролата за независна Македонија, создавачите на големобугарската државна политика се вратиле назад во времето, во 1913 година кога во Солун се сретнале и разговарале тогашниот водач на ВМРО, Тодор Александров и бугарскиот цар Фердинанд. Кога во разговорот се споменало дека Македонија се наоѓала пред нејзина поделба, Тодор Александров му рекол на бугарскиот цар дека тој не може да заземе официјален став по тоа прашање, но Фердинанд којшто ја вршел практичната политика требало да настојува да присоедини кон Бугарија што поголем дел од Македонија.[361]

По завршувањето на Првата светска војна во 1918 година, според бугарските државни теоретичари, формулата за автономна Македонија добила нов смисол за некои македонски револуционери, за што придонес имале повеќе околности; 1. новата лоша надворешна политичка ситуација за Бугарија; 2. создавањето на внатрешна политичка и духовна безперспективност во Бугарија и 3. професионализирањето на дел од

[361] ДАРМ, фонд 1246 Сребрен Поп Петров, кут.1, Идеята за независима Македония отъ гледището на българския националенъ идеалъ и на борбата за неговото осъществяване, стр.509/510.

македонскиот револуционерен кадар кој ја олеснил промената во лозунгот "автономна Македонија".[362] Таквата состојба се задржала до 1931 година кога на конгресот на македонската емиграција што се одржал во Горна Џумаја била прифатена идејата за независност на Македонија.

Но креаторите на бугарската политика кон Македонија и за таквиот пресврт имале свое толкување и сметале дека таквата парола била најдобро искористена од комунистите, социјалдемократите, звенарите и земјоделците од една страна и Коминтерната и Белград од друга страна. Тие државни структури, според оваа теорија за генезата на македонското прашање, создавале "македонофобија" кај дел од бугарската јавност, со тоа што во главите на "наивните Бугари" им всадувале мисла дека "македонскиот Бугарин е шпекулант и жесток како Евреинот и дека македонската бугарска земја се состои од пустоши и чукари, за коишто веќе нема смисол да се води борба".[363] Ваквите протагонисти на бугарската "македонска" политика што постоеле кај дел од бугарските политички сили, но и кај дел од македонската емиграција сметале дека кај дел од бугарскиот народ се создал страв од фанатичното проповедање на идејата за независна Македонија што според нив значело сепаратизам односно отцепување од Бугарија. Но официјална Софија била спремна да ја разгледува и таа идеја, од аспект на остварување на бугарските планови по македонското прашање и тоа од две страни; 1. дали таа идеја е потактичка т.е. дали води кон полесно обединување на Бугарите и 2. дали таа претставува некаква основа за идејна борба во полза на "бугарштината".[364]

Во Бугарија постоеле и луѓе што ја бранеле идејата за независна Македонија како потактичка и во тој поглед набројувале повеќе нивни аргументи: 1. Од 1918 година ниедна влада не го покренала прашањето за Санстефанска Бугарија што според нив значело негрижа на бугарската држава за слободата на Македонија; 2. Официјална Бугарија го иземала македонското прашање од Македонците; 3. Бранителите на идејата за независност на Македонија гледале опасност од асимилирање на македонската

---

[362] Ibidem, 510.
[363] Ibid, 511.
[364] Ib.

емиграција во Бугарија ако таа земе учество во нејзиниот внатрешен политички живот и затоа апелирале против тоа; 4. Бугарија го заборавила Моравско кое влегувало во бугарските експанзионистички планови и слично на тоа би можела да ја заборави и Македонија; 5. Ставот на оваа промакедонска група бил дека кусогледи биле Бугарите кои се плашеле од независноста на Македонија; 6. Независноста на Македонија, според истите, била полесно остварлива отколку обединувањето со Бугарија; 7. Аргументите што во полза на ваквата идеја биле постојано истакнувани од поголем број на европски интелектуалци, општественици и политичари и 8. Изјавата на претставници на бугарската влада во Женева дека Бугарија е готова да го отстапи делот од Македонија под нејзина власт, доколку Србија и Грција се откажат од другите два дела-Вардарскиот и Егејскиот.[365]

Бугарската државна политика се противела дури и на ваквата независна Македонија во која пресудно би било бугарското влијание, а тој страв се должел на сознанијата дека во таа држава може многу лесно да се случи не само државно, но и национално освестување и осознавање на македонскиот народ. Затоа официјална Софија ја напаѓала таквата идеја со прашање како би се одржала таа "државичка" наспроти обидите на Грците и Србите да излезат на Солун и Егејското море. Преставниците на овие високи државно-политички кругови во Бугарија сметале дека "заштитниците на идејата за таква илузорна државичка(се мисли на Македонија, н.ж.) знаат дека во Македонија има сега над 150 000 Албанци, 250 000 Турци, новопреселени Грци и Срби и дека откако многу Бугари беа протерани со терор, сега Бугарите беа останале таму како малцинство..."[366] Но значајно во врска со ова била констатацијата на бугарските политички кругови што добро ја познавале генезата и развојот на македонското прашање, дека "историскиот развој на идејата за автономна и потоа за независна Македонија, заедно со сите извесни последици е доволен пример за тоа, **колку е опасно** да се распространува и усвојува дури и една привидна идеја, кога таа се отклонува од главната насока по која нацијата се стреми да се развива".[367]

---

[365] Ib., 512/513/514.
[366] Ib., 513/514.
[367] Ib., 514.

Бугарските аналитичари на македонското прашање во тој период оделе уште подлабоко во расчленување на проблемот. Тие сметале дека **македонофобијата** не била резултат само на пропагандата на бугарските непријатели, туку и на некои "македонски Бугари", посебно кај македонската емиграција во САД , коишто "создадоа таков **сепаратизам** што на бугарската држава се гледа од некои тамошни емигранти исто така непријателски, како на грчката и на југословенската".[368] Тезата дека **Македонците** не се ниту Бугари, ниту Срби, според ваквите бугарски тврдења, се подржувала сега и од српската пропаганда, која откако увидела дека неможе да ги претопи "македонските Бугари" во Срби се обидела најпрвин да ги отргне од општобугарски позиции и да ги постави на нова "македонска позиција". Увидувајќи дека се повеќе ја губи битката за македонското прашање, официјална Софија се обидувала да извлече максимум и помеѓу решенијата за "српска Македонија" или "Независна Македонија", претпочитала дека секој "нормален Бугарин" ќе ја избере независноста на Македонија.[369]

По државниот преврат во Бугарија во мај 1934 година настанала една значителна промена на ставовите на Југославија и Бугарија кон македонското прашање. Во надворешната политика на двете соседни држави се појавила тенденција за маргинализација на статусот на Македонија и македонското прашање. Особено таквата политика била застапувана од новата бугарска влада на Кимон Георгиев која со закон го забранила постоењето на сите македонски организации во Бугарија. Но, наспроти декларативните настапи во кои на македонското прашање му се давало второстепено значење, владите во Белград и Софија подготвувале тајни државни стратегии каде проблемот заземал приоритетно место и во внатрешната и надворешната политика. Бугарските аналитичари и познавачи на генезата на прашањето сметале дека од големо значење за експанзионистичките планови на Софија кон Македонија било повторното возобновување на ВМРО. Оваа организација требало да биде главната потпора на Бугарија за пренасочување на решавањето на македонското прашање во интерес на бугарската кауза. Сепак

---

[368] Ib.
[369] Ibid, 514/515.

и во една таква ситуација, бугарскиот државно-политички врв правел низа резервни планови околу конечниот статус на Македонија.

За да ги повратат останатите делови на Македонија под бугарска власт, државно-политичките фактори во Софија биле подготвени на неколку варијанти околу македонскиот државно-национален статус. Покрај веќе познатите барања за автономија или составен дел на балканска државна федерација, владеачките кругови во Бугарија ја оставале можноста и за една независна македонска држава, затоа што сметале дека во догледно време, таа би се присоединила кон Бугарија. Прифаќањето на идејата за независна Македонија се предвидувала како последна опција и тоа најмногу поради мислењето дека со таквата државна единица, ќе се спречат српските експанзионистички планови кон овој дел од Балканот. Државно-политичките фактори во Југославија во своите планови кон Македонија најмногу биле преокупирани со собирањето на материјал со кој требало да докажат дека организацијата ВМРО немала македонски карактер и била спроводник на бугарската политика кон македонското прашање. Со тоа српската влада сакала да создаде слика пред меѓународната јавност за непостоењето на македонското прашање и неговото поставување да го објасни како обид на Бугарија за ревизија на границите од Версајската мировна конференција 1919 година. И во двете државни стратегии провејувал стравот од нагласувањето на македонскиот национален карактер на прашањето кој како таков бил потенциран од поголемиот дел на организации во македонското ослободително и револуционерно движење, дури во тие моменти, и од традиционално пробугарски кругови на расформираната ВМРО.

## 5.2. Југословенско-бугарските дипломатски договори и контакти околу македонското прашање од 1934 до 1937 година

И покрај спротивставените концепции на двете држави по однос на македонското прашање од средината на 30-тите години зачестиле дипломатските контакти меѓу Белград и Софија кои биле во правец на потпишување на договор за пријателство. Во целата таа ситуација Бугарија се наоѓала во инфериорна позиција и потпишувањето на договорот не го

условувала со никакви позначајни барања, освен давањето на минимални малцински права на "бугарското" малцинство во Вардарска Македонија. Од своја страна Југославија се залагала за статус кво на границите меѓу двете држави, а како услов за попуштање на затегнатоста во меѓусебните односи ја принудила Бугарија да ја уништи организационата мрежа на ВМРО. Конкретен чекор кон подобрување на односите помеѓу двете држави и можност да се разговара околу македонското прашање била посетата на кралот Александар Караѓорѓевиќ на Бугарија што ја остварил на 29 септември 1934 година.[370] Неговата средба со бугарскиот цар Борис била прогласена за настан од висок ризик поради опасноста од атентат врз високиот југословенски гостин што доаѓала од кругови блиски до распуштената михајловистичка ВМРО. Од тие причини бугарските безбедносни служби ставиле во домашен притвор или испратиле надвор од Софија, неколку стотици Македонци и екстремни бугарски националисти. Јавното мислење во двете држави и покрај ваквите безбедносни проблеми сметало дека средбата помеѓу кралот Александар и цар Борис ќе претставува почеток на бугарско-југословенското зближување, поголема сигурност за Југославија и големи концесии за "бугарските малцинства".[371] Од посетата на југословенскиот крал на Софија единствено незадоволна останала огромната македонска емиграција и посебно круговите блиски до ВМРО, бидејќи "**Македонците** не гледаа голема разлика помеѓу пројугословенската политика на новата деветнаесетомајска влада и таа на царот"(се мисли на цар Борис, н.ж.).[372]

Ваквите напори на владите на двете соседни држави проследени со конкретни постапки, посебно од бугарска страна сепак не успеале да го

---

[370] Во текот на 1933 и 1934 година, југословенскиот крал Александар Караѓорѓевиќ и бугарскиот цар Борис имале повеќе средби кои имале за цел да ги подобрат односите помеѓу двете држави. На средбите, меѓу другото, приоритетно место зазело разгледувањето на македонското прашање. Двајцата монарси најмногу внимание во разговорите посветиле на дејствувањето на организацијата ВМРО, за која југословенскиот крал истакнал дека е главната пречка за подобрувањето на односите. Царот Борис се обврзал дека ќе ја уништи организациската мрежа на оваа организација, во замена на што барал поголеми малцински права на "бугарското население" во Македонија и т.н. западни покраини(Царибродско, Босилевградско). Поради посетите на југословенскиот крал на Бугарија, од официјална Софија се превземале големи безбедносни мерки како резултат на најавите за атентат од терористи на ВМРО.

[371] Стефан Груев, *Корона ош шръни, царуванешо на Борис III 1918-1943*, София, 1991, стр.275.

[372] Ibidem, 276.

отстранат од "сцена" македонското прашање. Кон крајот на 1934 и почетокот на 1935 година, веднаш по атентатот врз кралот Александар зад кој меѓу другите стоеле и високи кругови на распуштената ВМРО, во југословенските весници се поалармантни биле статиите и пишувањата кои известувале дека во Бугарија пак била обновената активноста на ВМРО и дека од истата биле ограбени воени магацини во Горна Џумаја што укажувало на тоа дека се подготвувале нови вооружени акции врз територијата на Кралството Југославија. Таквите информации биле негирани од владата на бугарскиот премиер Тошев, која го уверувала официјален Белград дека тоа биле измислици и дека владата во Софија презела енергични мерки против ВМРО и нејзините најистакнати водачи и организатори.[373] И навистина по 19-мајскиот преврат во Бугарија сите организации на македонската емиграција кои го држеле отворено македонското прашање престанале да добиваат помош од бугарската држава поради нејзините напори за нормализирање на односите со западниот сосед. Меѓутоа традиционалните пријатели на Југославија кои биле собрани околу весникот "Камбана" ја известувале владата во Белград за сосема поинаков тек на работите на бугарската политичка сцена. Така според нив царот Борис ја напуштал политиката на добрососедство со Југославија и започнал да работи на воспоставување на пријателски односи со фашистичка Германија. Бугарскиот цар во контекст на новата прогерманска надворешнополитичка ориентација, во министерството за војна, преку генералот Луков успеал да ги вработи раководните личности од распуштената ВМРО и неколку терористи од оваа организација.[374] Оваа група успеала да издејствува и финансиски средства за издавање на весниците "Обзор" и "Страж" кои набргу поради нивната антијугословенска ориентираност, а под притисок на бугарската јавност биле забранети од бугарскиот премиер Андреј Тошев. Сепак оваа група на поранешни членови на највисоките тела на ВМРО успеала и натаму да егзистира во рамките на бугарското министерство за војна и тоа со месечни плати од 6-8000 лева. Сите овие настани се случувале во екот на многубројните иницијативи за потпишување на југословенско-бугарски

[373] Кръстьо Манчев, *Югославия и международните отношения на Балканите 1933-1939,* София, 1989, стр.158.
[374] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Драги, стр.712.

документи за пријателство кои имале за цел да ги разрешат сите отворени прашања, меѓу кои и македонското. Затоа политичко-публицистичката група околу "Камбана" сметала дека царот Борис го толерирал постоењето и дејствувањето на овие групи на поранешната ВМРО поради внатредржавни потреби.[375]

Според новата бугарска влада на премиерот Ќосеиванов која речиси целосно се откажала од поставувањето на македонското прашање во преговорите со владата во Белград, чинот на повторното покренување на тоа прашање како "бугарско" било невозможно затоа што Кралството Југославија пред се поголемата опасност од албанскиот елемент во тој дел од државата, имало намера тоа население во Вардарска Македонија да го посрби односно "југославизира".[376] Токму од тие причини владата на Ќосеиванов во склучениот договор за вечно пријателство со Кралството Југославија во 1937 година го избегнала поставувањето на македонското прашање во било каква негова форма. Таквата постапка на бугарската влада ја предизвикала на реакција големата македонска емиграција во Бугарија која ги обвинила владеачките кругови во Софија дека политиката на зближување со Југославија ја правеле за сметка на Македонија. Како одговор на таа бугарска политика по македонското прашање, голем дел од македонските емигрантски кругови во Бугарија, дури и оние пробугарски определени околу остатоците на михајловистичката ВМРО, го прифатиле лозунгот за "слободна и независна Македонија".[377]

Состојбите поврзани со дел од македонското револуционерно движење и неговата поврзаност со бугарските политички фактори не ги спречиле забрзаните контакти на високо државно ниво помеѓу двете држави. Есента 1936 година во посета на Бугарија заминал премиерот на владата на Југославија, Милан Стојадиновиќ кој во врска со склучувањето на пактот остварил средба со бугарскиот премиер и царот Борис. Според мислењето на Стојадиновиќ пресуден момент за потпишувањето на тој меѓудржавен договор била неговата средба со царот Борис во четири очи. Во разговорот,

---

[375] Ibidem, 712.
[376] К.Манчев, op.cit., 159.
[377] Ibidem, 163.

претседателот на југословенската влада му предочил на бугарскиот цар дека Југославија ќе ја подржи Бугарија во нејзините напори за економско и воено зајакнување и ја изразил неговата желба за што побрзо потпишување на т.н.пакт за вечно пријателство. Ставот на Милан Стојадиновиќ, а со кој се согласил и царот Борис бил дека Балканот треба да престане да биде "буре барут" и тоа ќе се остварело само доколку Србите и Бугарите склучат договор за мир.[378] Договорот за вечно пријателство и формално бил потпишан при посетата на Ќосеиванов на Белград на 24 јануари 1937 година. За претседателот на југословенската влада Стојадиновиќ, пактот претставувал камен темелник на надворешната политика на неговата држава, поради проблемот за територијалниот интегритет на Југославија што доаѓал од нападите на "комитациите"од Бугарија и теророт што тие го правеле во Вардарска Македонија под српска власт. Тој сметал дека со тој меѓудржавен договор ќе се надмине четничкиот проблем што години наназад ги оптоварувал односите меѓу двете држави.[379] Меѓутоа и покрај потпишаниот меѓудржавен договор, владата во Белград не била задоволна со развојот на настаните во Бугарија. Владата на Кралството на Југославија единствено била задоволна од државниот преврат во Бугарија од 1934 година и сметала дека со тоа ќе биде намалена улогата на војската во политичките работи, но исто така била задоволна од расформирањето на организацијата ВМРО. Меѓутоа сознанијата на државните југословенски служби наскоро укажале дека опасноста од "македонствујушчите" сеуште не била помината. Според нив во текот на 1937 година бугарскиот министер за војна, генерал Луков и понатаму го помагал парично Иван Михајлов во Турција и работел на повторна реорганизација на македонските братства во Бугарија. Министерот Луков му објаснувал и на самиот премиер Ќосеиванов дека бугарски државен интерес било да се обнови работата на македонските емигрантски организации заради можноста од нивна државна контрола.[380] Бугарскиот воен министер, според југословенските сознанија, во служба на министерството ги зел и поранешните членови на ВМРО, Дрангов, Порков и Николов, кои со воена помош го

---

[378] Milan M.Stojadinovic, *Ni rat ni pakt-Jugoslavija izmegu dva rata*, Buenos Aires, 1963, str.407.
[379] Ibidem.
[380] АСЦГ, фонд бр.37, кут.28, Господину Др.М.Стојадиновићу, Претседнику владе. Београд. Политичка ситуација у Бугарској, стр.560.

создале печатениот орган "Стожер" преку кои биле изразувани политичките ставови на оваа група од македонската емиграција.[381]

Јавното мислење во Југославија било уште повеќе исплашено од сознанијата на српскиот дипломат во Софија кој предупредувал дека "македонствујушчите" во Бугарија се подготвувале за нови терористички акции. Во тие подготовки видно место заземал извесниот Станков по чиј налог бил испратен веќе егзекутираниот терорист Асен Николов за извршување на атентати врз државно-политички функционери во Белград. Како одмазда за неговото елиминирање од српската власт круговите околу поранешната ВМРО на Михајлов, според податоците на дипломатскиот претставник во Софија, подготвувале атентат врз југословенскиот премиер Милан Стојадиновиќ за време на неговата посета на Грција.[382]

Ваквите драматични вести што најчесто ги испраќале дипломатските претставници на Југославија до највисоките државни органи не секогаш биле целосно вистинити и имале за цел да го предимензионираат значењето на македонското прашање и да ги оправдаат своите репресивни мерки во Вардарска Македонија пред очите на тогашните меѓународни фактори. Но од друга страна овие извештаи што прецизно ги забележувале југословенските разузнавачки служби во голема мерка го потврдувале стравот на државниот врв во Белград дека дури и остатоците од терористичката ВМРО можат да претставуваат опасност по територијалниот суверенитет на Србија во делот кон Македонија.

Стравувањата на владата на Кралството Југославија околу повторното обновување на ВМРО не биле без основа. Во 1937 година српските разузнавачки служби од територијата на Бугарија постојано испраќале известувања за такви активности на "македонствујушчите". Тие исто така ја информирале владата во Белград дека Ванчо Михајлов моментално живеел во Одрин и во Цариград и искажувале сомнение за искреноста на мерките на бугарската влада за апсење на водачот на расформираната ВМРО. Овие српски служби изразувале и скептицизам дека организацијата ВМРО е

[381] Ibidem.
[382] Ibid, 560.

уништена засекогаш и ја предупредувале владата на Југославија дека оваа македонска организација "само привидно ги завиткала своите знамиња".[383]

Многу показатели укажувале на тоа дека ВМРО повторно ќе се активира во политичкиот живот на македонската емиграција во Бугарија. Најпрвин разузнавачките информации на српската дипломатско-шпионска мрежа говореле дека за потребите на ВМРО во Софија пристигнале околу 6000 долари финансиска поткрепа кои во најголем дел биле помош од Италија, но дел биле донирани и од Турција и Грција кои биле противници на југословенско-бугарското зближување.[384] Врската помеѓу членовите на ВМРО во Бугарија и Михајлов бил Димитар Ачков, чијшто син пак бил претставник на оваа организација кај македонската емиграција во Америка каде пропагирал за продолжување на борбата за слободна Македонија и против добрososедските односи помеѓу Бугарија и Југославија. За потребите на возобновувањето на ВМРО во Софија започнал да излегува весникот "Стожер", кој отворено ја критикувал политиката на зближување помеѓу Југославија и Бугарија и ги повикувал сите "добри македонци(во оригиналот со мала буква, н.ж.) да се подготват за крвава борба која единствено може да донесе слободна Македонија".[385] Пропагандните активности на ВМРО, според српските безбедносни служби, продолжиле со повик до сите Македонци да ја прифатат револуционерната борба како единствен начин за ослободување на Македонија. Според овие податоци, како претставник на ВМРО во Министерството за војна бил назначен полковникот во пензија Коста Николов кој бил личен пријател на бугарскиот цар Борис, а подршката на "македонствујушчите" доаѓала и од принцот Кирил. Особено голема подршка

[383] По расформирањето на ВМРО во 1934 година, голем дел од нејзиното членство и извесен број на нејзините раководители биле уапсени од бугарската полиција и издржувале затворски казни. Ванчо Михајлов успеал да побегне во Турција. Тоа создало првичен впечаток дека организациската мрежа на ВМРО е целосно уништена. Меѓутоа како одминувало времето, извесен број на раководни личности од вториот ешалон на оваа организација биле ослободени и не само тоа туку и започнале да се вработуваат во бугарските државни служби и тоа со помош на воено-офицерската организација. Токму поради тој податок, српските безбедносни служби ја алармирале владата во Белград за претстојната можна опасност од повторното возобновување на ВМРО. Сите разузнавачки податоци укажувале на таквата состојба како на реалност. Таквите тврдења уште повеќе ги поткрепувале новофомираните политички партии со фашистичка идеологија во Бугарија кои отворено повикувале на ревизија на границите во делот кон Македонија под српска власт.

[384] АСЦГ, фонд 37, кут.бр.22, Шта је данас с ВМРО, стр.339.

[385] Ibidem.

во повторното обновување на ВМРО доаѓала од воениот министер генерал Луков кој повикувал на трпеливост поради моменталната општествено-политичка ситуација и порачувал дека "Бугарија нема да ја заборави Македонија за која што дала огромни жртви".[386] "Македонствујушчите" во својата борба за решавање на македонското прашање се повикувале и на фактот дека во Кралството Југославија освен Србите живееле и народи од друга националност кои би ги подржале барањата за федерализација на државата.

Како најалармантна вест за поврзаноста на ВМРО со бугарските воено-политички фактори било сознанието дека новиот раководител на оваа организација во Бугарија, Кирил Дрангов, слободно се движел по Софија и можел да се забележи како постојано влегува и излегува од министерството за војна.[387] Таквиот развој на настаните во Бугарија и покрај сите изречени гаранции и потпишани меѓудржавни договори од владата во Софија и создавал дополнителни сомневања на српската власт дека бугарските територијални аспирации кон Вардарска Македонија што биле сегмент од бугарските планови по македонското прашање, не се надминати.

Во средината на 30-тите години, дипломатските контакти на Југославија и Бугарија зачестиле и биле насочени во правец на потпишување на меѓудржавен договор за пријателство кој требало да ги реши сите отворени прашања. Во интерес на таквата политика била и посетата на југословенскиот крал на Софија каде во разговорите со царот Борис било разгледувано и македонското прашање. Во интеррегнумот на потпишувањето на договорот, српските разузнавачки служби успеале да дојдат до податоци според кои некои воено-политички кругови во Бугарија активно го потпомагале повторното обновување на михајловистичката ВМРО. Таквите сознанија на безбедносните служби на Југославија во голем дел фрлиле сомнеж врз намерите на Бугарија да воспостави нормални добрососедски односи со нејзиниот западен сосед. Бугарскиот државен врв ги отфрлил таквите сознанија и упорно одбивал било каква негова поврзаност со поранешни припадници на ВМРО на Михајлов, иако српските весници постојано објавувале информации за парична подршка

---

386 Ibid, 339а.
387 Ib., Шта је данас с ВМРО, 339а.

на официјална Софија на овој сегмент од македонското революционерно движење. Склучениот договор за пријателство составен од еден единствен член ниту оддалеку не ги надминал и решил спротивставените концепти околу различните сегменти на македонското прашање.

## 5.3. Југословенско-бугарските односи и македонското прашање од 1937 до 1941 година

Од 1937 година започнале последните контакти и обиди меѓу Југославија и Бугарија за изнаоѓање на прифатливи решенија околу прашањето за Македонија. Дотогашните склучени договори само во одредени периоди ги надминувале противречностите помеѓу бугарските и југословенските влади. Околу српските и бугарски ставови кон македонското прашање растело незадоволството и на македонскиот народ кој веќе продолжил да ги афирмира своите автохтони гледишта за проблемот. Токму затоа и владата на Кралството Југославија иако инсистирала и сметала дека со меѓудржавниот договор за вечно пријателство од 1937 година во голем дел биле разрешени многу прашања поврзани со Македонија, состојбите на теренот покажувале други тенденции. Соодветните државни служби и нивните испитувања и анализи во Македонија покажувале дека во овој дел на државата постоело огромно незадоволство. Заради ваквата алармантна состојба кон крајот на мај 1938 година, министерот за внатрешни работи Антон Корошец свикал состанок со неговите најблиски соработници со една единствена точка-моменталната ситуација во Македонија. Министерот Корошец ја истакнал неговата загриженост за состојбите во "Јужна Србија" и ги предупредил присутните дека тамошната интелегенција не постапувала во духот на југословенската државна и национална политика. Тие кругови според министерот за внатрешни работи се повеќе ја истакнувале потребата за "зборување на македонски јазик" и затоа тој барал од соработниците конкретни податоци за проблемот. Државниот инспектор Цветан Ѓорѓевиќ му предочил на министерот дека по уништувањето на организациската мрежа на ВМРО, нејзините приврзаници ја промениле тактиката на дејствување во "Јужна Србија" и сега протежирале акција против југословенската држава на

легален начин.[388] Инспекторот Ѓорѓевиќ исто така истакнал дека проблемот бил и во тоа што од страна на државата веќе не се обрнувало внимание врз српските службеници, чиновништвото и учителите и свештениците кои дотогаш биле во служба на "националната политика" на Белград во Македонија.

На тој состанок што се одржал на 31 мај 1938 година имало голем број на сугестии и од останатите присутни кои потенцирале дека во Македонија требала да се засили печатената пропаганда како одговор на бугарската, но се согледала и потребата од поставување на подобар чиновнички апарат во тие краишта. Државниот безбедносен врв на Кралството Југославија на овој состанок заклучил дека таквите тенденции во Вардарска Македонија биле подржувани од Бугарија и покрај потпишаниот договор за вечно пријателство, на кој соработниците на Корошец воопшто не му верувале. Затоа министерот за внатрешни работи барал брза акција во Македонија пред да се влошат вкупните политички услови и да настанат опасности по "националните интереси" во тој дел од Кралството.[389] Ваквите проценки на српските државни служби за состојбата во Вардарска Македонија во поголем дел биле реални, освен ако се земат со резерва тврдењата за наводната безрезервна подршка што македонскиот народ и ја давал на бугарската пропаганда. Во услови кога организацијата ВМРО не постоела и веќе не претставувала опасност за границите на Југославија, српските безбедносни служби повторно констатирале организирани форми на македонски национални појави кои сега им ги препишувале на комунистите и на некои локални македонски интелектуалци. Воопшто, состојбата на теренот во Вардарска Македонија покажувала дека српската власт се соочувала со сериозни проблеми за зачувување на своите позиции. Тоа ги предупредувало српските државни органи на неодложна акција и преземање на соодветни мерки на југот од државата.

Од Вардарска Македонија на политички план во тие години од извесен дел на македонски интелектуалци се повеќе се поткрепувала тезата за т.н.

---

[388] Архив Србије и Црне Горе (АСЦГ), фонд 37, кут.22, Записник са конференције одржане у Кабинету Господина Министра унутрашњих послова, по питању националних прилика у Јужној Србији, стр.340.

[389] Ibidem, 341/342.

интегрално југословенство каде се предлагало решение за македонското прашање. Во таков контекст било и писмото што дипломираниот економист Страхил Арс(иќ) од Скопје го испратил до претседателот на југословенската влада Милан Стојадиновиќ, во јули 1938 година. Овој пројугословенски интелектуалец зад кого стоела поголема група на луѓе му предлагал на Милан Стојадиновиќ да се задржи на неколку аспекти при решавањето на македонското прашање. Како прв проблем што предлагал да се разгледува било "отстранувањето на србоманите од Повардарието" односно Македонија кои, според, него незаслужено се наоѓале на високи позиции во Македонија и си го присвоиле правото дека само тие се национално исправни.[390] Овие спроводници на српството во Македонија со години испраќале лажни извештаи за состојбата во тој дел од државата и според Страхил Арсиќ, тие биле најголеми противници на југословенството, бидејќи со преовладувањето на таа политичка опција ги губеле сите позиции во Македонија. Затоа овој интелектуалец предлагал нивно сменување од тие владеачки позиции.

Категоријата на луѓе што можела да биде најголем спроводник на југословенската опција во Македонија требало да бидат најмладите генерации што се родиле и растеле во рамките на југословенската држава. Овие млади луѓе, според Арсиќ, најмногу се наоѓале на удар на припадниците на радикалната српска линија во Македонија кои ги жигосувале неправедно дека тие се "бугараши" и непријатели на државата.

Оваа теорија за решавање на македонското прашање која веројатно била многу поткрепена и од официјалната државна политика, тврдела дека "словените од Македонија" морале да бидат Југословени или во спротивно би станале плен на Србите и Бугарите во нивните меѓусебни борби за хегемонија над Македонија.[391] Според тоа на премиерот Стојадиновиќ му се предлагало од "повардарските словени" да ги регрутира најголемите борци за југословенството кој би се жртвувале за него како што се жртвувале национал-социјалистите за Хитлер. И на крајот секако најголемо внимание се обрнувало

---

[390] АСЦГ, фонд 37, кут.22, Господину Др. Милану Стојадиновићу, претседнику Краљевске владе, Београд, предмет: државна политика у Повардарју, стр.343.

[391] Ibidem, 345.

на објаснувањето на терминот "**Македонија**" што и како таков претставувал најголем проблем за властите во Белград.

Според Арсиќ кој бил поборник на југословенството, името "Македонија" немало народносно, политичко или етничко значење, туку претставувало само географски поим.[392] Согласно таквата теорија, Македонци како народ не постоеле, туку Словени или во интерес на тезата за интегрално југословенство-Југословени од Македонија. Оваа теорија не одрекувала дека Словени од секогаш живееле во Македонија, но поради постојаните српски и бугарски завладувања врз неа, кај населението се создало уверение да се диференцираат и да "создадат своја национална и државна индивидуалност" со што според тврдењето се создало македонското прашање и националниот поим "Македонци".[393] За да не биде Македонија изгубена засекогаш за Кралството Југославија, во духот на теоријата за југословенството кое се залагало за бришење на националните индивидуалности, се сметало дека "Словените од Македонија" ќе се откажат од своето "македонство" и ќе се претопат во заедничката државна заедница. Затоа застапниците на ова тврдење сметале дека поранешните големосрпски теории и обидите за нивно спроведување во Македонија и нанеле голема штета на новата југословенска државна идеологија.

Интегралното југословенство што интелектуалецот Арсиќ му го предлагал на премиерот Стојадиновиќ било толку "префинето" што во него не се предвидувало целосно напуштање на името "Македонија", туку се сметало дека употребата на тој термин нема да има "сепаратистичко" значење и ќе биде сила за уште поголемо приврзување на "Словените од Македонија" за новата политичка идеја. Во таква констелација на односите населението од тие краишта немало да се чувствува негирано и потиснато, така што поимот "Македонија" ќе го изгубел своето национално значење и ќе означувал само име на една покраина.[394]

Колку и да звучеле утопистички овие теории за македонското прашање, тие во својата суштина не биле воопшто наивни, бидејќи зад нив се криел

[392] Ibid.
[393] Ibid, Господину Др.Милану Стојадиновићу...op.cit., 346.
[394] Ibid.

стравот на властите во Белград дека Македонија би можела засекогаш да биде изгубена. Напуштањето на цврстиот став на негирање на било какво македонско прашање и срамежливото употребување на термините "Словени од Македонија", "Југословени од Македонија" и сето тоа во контекст на југословенството, означувало дека официјален Белград бил загрижен од се поцврстото македонско национално чувство во неговите "јужни краишта" и затоа барал "помеки" преодни решенија за Македонија.

Во интерес на нормализирање на односите помеѓу двете држави бил и договорот потпишан на 31 август 1938 година во Солун, со кој земјите од Балканскиот пакт, меѓу кои и Југославија, се согласиле да се укинат одредбите за демилитаризација на што ја обврзувале Бугарија одредбите од Нејскиот мировен договор. Околу овој акт останало нејасно зошто претседателот на владата на Југославија, Стојадиновиќ покажал голема попустливост кон новата бугарска милитаризација, иако веројатно и самиот бил длабоко убеден дека територијалните претензии на официјална Софија кон Македонија не биле згаснати. Тој факт го потврдувале и изјавите на многу високи официјални државни функционери на Бугарија, како воениот министер генералот Луканов кој есента 1937 година на средбата со група припадници на ВМРО им предочил дека тие морале да бидат малку трпеливи и дека Бугарија не ја заборавила Македонија.[395]

Ваквите бугарски ревизионистички барања кон Вардарскиот дел од Македонија во тој период од страна на искусниот српски политичар Милан Стојадиновиќ биле толерирани поради еден друг сегмент од македонското прашање. Имено, на 31 октомври 1938 година претседателите на владите на двете соседни држави во Нишка Бања се договарале за сметка на Егејскиот дел од Македонија под грчка власт. Бугарскиот премиер Ќосеиванов му предочил на Стојадиновиќ дека владата во Софија немала ништо против плановите на Југославија за излез на Егејското море преку солунското пристаниште. Речиси во истовреме додека се воделе разговорите помеѓу Ќосеиванов и Стојадиновиќ за распределба на сферите на влијанија во Македонија, претседателот на бугарското собрание Мушанов давал

[395] M. Vanku, op. cit., 1969, 255.

официјални изјави за тоа дека Бугарија ќе бара ревизија на Нејскиот мировен договор имајќи го во предвид "бугарското малцинство" надвор од границите на неговата држава.[396] Таквите дипломатски моменти уште повеќе го усложнувале решавањето на македонското прашање кое продолжило да игра улога на значаен фактор во односите помеѓу владите на Кралството Југославија и Бугарија.

Повторното актуелизирање на македонското прашање од официјалните државни претставници на Бугарија, ги раздвижило и мобилизирало и југословенските дипломати. Во октомври 1938 година југословенскиот дипломатски претставник Весниќ ги започнал контактите со водечките бугарски политичари за да се увери дали тие ги подржуваат ревизионистичките територијални барања во однос на Македонија. Премиерот Ќосеиванов и поголем дел на министрите од неговиот кабинет давале умерени изјави во однос на тоа прашање, додека претседателот на бугарското народно собрание Мушанов настапувал популистички и во тоа ја имал подршката на царот Борис. Токму затоа југословенскиот дипломат во Софија на 6 октомври 1938 година остварил средба со Мушанов со цел да го потсети на одредбите на неодамна потпишаниот меѓудржавен договор. Бугарскиот претседател на Собранието го убедувал Весниќ дека неодамнешната кампања во весниците која била насочена против одредбите на Нејскиот мировен договор немала за цел да ги наруши односите помеѓу двете држави, туку со тоа се давало можност на бугарскиот народ да може да ги искажи своите "патриотски чувства".[397] Мушанов исто така истакнал дека добрите односи помеѓу двете соседни држави биле од интерес за целиот Балкан, бидејќи тоа овозможувало превласт на Словените и би ја спречило евентуалната германска доминација.

Отварајќи го чувствителното македонско прашање, претседателот на бугарското народно собрание се обидувал да го убеди Весниќ дека тој разговарал со македонските дејци и народот и тие едногласно го уверувале дека и "свртиле грб на Македонија и дека со Србите сакаат мир посебно во

---

[396] Ibidem.

[397] АСЦГ, фонд 37, кут.28, Legation Royale de Yougoslavie Господину Др.Милану Стојадиновићу, Претседнику министарског савета и министру иностраних послова, Београд, стр.595а.

овие судбоносни моменти".[398] Во таквите убедувања на југословенскиот дипломат, Мушанов одел во целосна крајност и нагласувал дека за Бугарија "не постои македонско прашање" затоа што "Македонија е под власта на една братска, словенска и православна нација, со која ние повеќе немаме спорови". Претседателот на бугарското собрание ги вложувал сите дипломатски способности да го убеди југословенскиот дипломатски претставник во Софија дека неговите ставови по македонското прашање ги делеле и целосно се согласувале и царот Борис, претседателот на владата Ќосеиванов, како и сите други релевантни политички фактори во државата. Тој во контекст на таквите тврдења отворено го поканил претседателот на југословенската влада Стојадиновиќ да дојде во Бугарија и на лице место да се увери во пријателската политика кон Југославија.[399] После овој разговор југословенскиот дипломат во Софија бил цврсто убеден во ваквите изјави на водечките државни личности на Бугарија, а и во разговорите со обичните луѓе заклучил дека "прашањето на Македонија за Бугарите навистина не постои".[400] Така и после оваа средба на високо државно ниво продолжувало исцрпувачкото дипломатско надмудрување меѓу владите во Софија и Белград, со што фактички само се "купувало" време во напорите за остварување на подобри позиции околу македонското прашање и тоа непосредно пред новите прегрупирања на светската политичка сцена.

И покрај декларативните залагања за добрососедски односи помеѓу владите во Белград и Софија кои биле поткрепени и од официјални меѓудржавни документи, состојбите се одвивале во друг правец. Во 1938 година одредени фактори повторно започнале да го протежираат бугарскиот националистички став за решавање на неизбежното македонско прашање. На бугарската политичка сцена се појавиле некои стари политичари, како професорот Александар Цанков, кои формирале нови воено-политички групации со фашистичка идеологија и барале ревизија на бугарските граници во делот кон Македонија. Тоа во голем дел било и поради се поголемото влијание на Германија врз надворешната политика на официјална Софија. На

398 Ibidem.
399 Ibid.
400 Ibid, Legation Royale...цит., 596.

ваквите заканувачки тонови од Бугарија, во ноември 1938 година одговорил претседателот на југословенската влада Милан Стојадиновиќ кој изјавил дека "Југославија нема да отстапи ниту сантиметар од својата земја" и дека "границите на Југославија беа праведно нацртани, запечатени со крв, испресечени со меч и определени со коските на хероите".[401] Од друга страна бугарската ревизионистичка политика не била поттикнувана само од фашистичка Германија, но и од одредени кругови во Англија кои се обидувале да ја привлечат владата во Софија пред претстојните групирања и создавања на нови воено-политички сојузи што претставувале вовед во Втората светска војна. Така во април 1939 година некои весници блиски до конзервативната партија во Англија започнале да објавуваат статии во кои се задржувале на "бугарското прашање" и на наводниот лош третман на Бугарија од нејзините соседи и големите сили во прилог на што се потенцирало дека таа како држава по војната "требаше да ги остави на Србите своите крвни браќа од Македонија".[402]

Во однос на настаните што се случувале во Бугарија на политичката сцена, соодветните државни служби во Кралството Југославија, пред се министерството за внатрешни работи, добивале голем број на релевантни податоци преку широко развиената дипломатско-шпионска мрежа. Од сите тие податоци властите во Белград најмногу се интересирале за надворешната политика во делот што ги тангирал српските интереси во Македонија. Сознанијата од Бугарија што биле добиени во септември 1939 година говореле дека бугарскиот цар Борис водел дволична политика кон Југославија, што значи дека од една страна ги подржувал пријателските односи со официјален Белград, додека од друга страна кокетирал со фашистичка Германија и Италија.[403] Тој аспект на бугарската надворешна политика бил интересен за Југославија затоа што владите на овие фашистички држави ги подржувале "македонствујушчите" и некои политички сили во Бугарија кои повторно ги актуелизирале претензиите кон Вардарска Македонија под српска власт. Иако во тој временски период на чело на бугарската влада се наоѓал Ќосеиванов кој

[401] Николай Генчев, *Външната политика на България 1938-1941*, София, 1998, стр.24.
[402] Ibidem, 46.
[403] АСЦГ, фонд 14 Министарство унутрашњих послова(МУП), кут.29, Од једног нашег пријатеља који живи у Софији добијена су следећа најновија обавештења:, стр.289.

важел како поборник на политиката за добрососедство со Југославија, во белградските политички кругови се пласирале информации дека се поголема била можноста на премиерското место да дојде тогашниот министер Багрјанов кој се сметал за германофил и подржувач на идеите за создавање на Санстефанска Бугарија.

Југословенската дипломатија се обидувала да воспостави врска и да им даде подршка на Асен Стамболиски, синот на покојниот бугарски премиер Александар Стамболиски и неговиот зет Иван Бојаџиев, но поради непостојаноста на нивните ставови контактите со нив биле прекинати.[404] Но, она што најмногу ја загрижувало југословенската влада биле се позасилените активности на "македонствујушчите" чие влијание во јавниот политички живот повторно се засилувало. Тие денови во Софија биле организирани големи манифестации од нив во кои се барало повторно враќање на оние територии што на Бугарија и биле одземени со дотогашните мировни договори. Активностите во правец на територијални ревандикации на припадниците на расформираната ВМРО на Михајлов кон југословенскиот дел од Македонија, според српските разузнавачки служби се воделе тајно поради забраната на бугарската влада на јавни манифестации кои би ги влошиле односите со владата во Белград. Но, тоа не им пречело на "македонствујушчите" во неофицијалните дипломатски разговори да истакнуваат дека тие ќе ја продолжат борбата со Србите се додека не се извојувала слобода за Македонија. Податоците на министерството за внатрешни работи во Белград говореле дека околу таквите планови на овој дел од македонската емиграција во Бугарија, подршка доаѓала од самиот царски дворец, бугарските десничарски партии и пред се од Италија и Германија.[405]

Фашистичките држави во таквата нивна ревизионистичка политика имале силна подршка и во организацијата "Отец Паисиј" каде најголем дел од членството биле бившите членови на ВМРО, но особено со својата прогерманска ориентација се истакнувале некои новинари кои од безбедносните југословенски служби биле третирани како германски шпиони.

404 Ibidem, 290.
405 Ibid, 290a.

Како такви биле посочени уредникот на весникот "Зора", Данаил Крапчев кој потекнувал од Македонија, новинарот Васил Сеизов од Кавадарци и братот и сестрата Поп Илиеви со македонско потекло исто така, а инаку дописници на некои италијански весници од Софија.[406] За пропагандни активности во однос на македонското прашање од страна на еден дел од македонската емиграција било искористено и гостувањето на српските соколски друштва во Софија кога биле организирани масовни демонстрации на кои учествувале околу 10000 луѓе што извикувале пароли поврзани со Македонија. Југословенската влада по повод ова изразувала негодување и затоа што за цело време на посетата на Бугарија на членовите на соколските организации од "Јужна Србија" им било дозволено да бидат "во друштво на Македонците кои живеат во Бугарија".[407] За неповолните позиции на Југославија внатре во бугарската држава според анализата на безбедносните служби, големо влијание имал и недостатокот на пропаганда, така што се се сведувало на поединечните активности на луѓе што биле пројугословенски ориентирани од редовите на земјоделските политички фракции и многу малку од македонската емиграција од Вардарска Македонија.[408]

Вознемирувачки вести за ориентацијата на бугарската надворешна политика кон официјален Белград доаѓале во последните години пред почетокот на воените дејствија на Втората светска војна на Балканскиот полуостров. Бугарската влада на премиерот Богдан Филов иако официјално сакала да промовира неутрална политика, фактичката состојба говорела дека земјата ги зацврстувала пријателските односи со нацистичка Германија. Од таквата бугарска надворешно-политичка ориентација стравувала владата на Кралството Југославија која се обидувала да ги зачува одредбите од договорот за вечно пријателство поради територијалните барања на владата во Софија кон некои нејзини делови од државата. На 19 јуни 1940 година речиси целиот бугарски дневен печат започнал жестока кампања против одредбите на Нејскиот мировен договор. Во таа еуфорија што се создавала во земјата се одело до таму што се споменувале дури и одредбите на Букурешкиот мировен

[406] Ibid, Од једног нашег пријатеља...op.cit., 291.
[407] Ibid, 291a.
[408] Ib., 292.

договор со што се алудирало на Македонија.[409] Покрај тоа во Бугарија се одржувале голем број на демонстрации на разни националистички и фашистички организации кои владата не ги спречувала и се однесувала благонаклоно кон нив поради отворената германофилска надворешна политика. На тие демонстрации иако отворено не се повикувало на непријателство со Југославија се поставувало прашањето за Македонија и другите земји што ги опфаќала имагинарната Санстефанска Бугарија, а ваквите територијални ревандикации биле поздравувани и од официјалните германски дипломатски претставници. Во однос на Вардарска Македонија под српска власт, официјалните бугарски државни фактори сеуште не сакале отворено да се конфронтираат со владата на Југославија и сметале дека тоа ќе се разреши на мирен начин. Меѓутоа за таа сметка бугарската влада поставила агресивни барања за излез на Егејското море и враќање на Јужна Добруџа во рамките на нејзината државна територија.

Извештаите на југословенските разузнавачи од Софија исто така јавувале и за раздвиженост на "македонствујушчите", кои што во голем дел сметале на помош од Германија и Италија за остварување на нивните намери.[410] За таа цел еден од блиските соработници на Иван Михајлов, Крапчев се зафатил со собирање на податоци за Македонија пред одржување на евентуална светска мировна конференција. Професорот Александар Станишев, според ваквите извештаи започнал подготовки за формирање на илегален македонски клуб, а истиот тие денови ги посетил дипломатските претставници на Германија и Италија во Софија со цел да издејствува поддршка за решавање на македонското прашање.[411]

Во Вардарска Македонија владата на Кралството Југославија наидувала на се поголем отпор на населението и сега кога организациската мрежа на ВМРО била растурена, српските власти во паничен страв посочувале поединци како носители на т.н. автономизам. Во јуни 1940 година од припадниците на српскиот режим во Македонија до највисоките органи на власта во Белград стигнувале извештаи кои упатувале на целосен неуспех на државната политика

---

409 АСЦГ, фонд 37, кут.28, Политички отсек-Бугарска, стр.206.
410 Ibid, 207.
411 Ibid.

кон македонското прашање, но со својата тенденциозност имале за цел да создадат и антимакедонско расположение. Спроводниците на големосрпската политика констатирале дека состојбата во јужните делови на Кралството била изгубена за српството бидејќи "духот на сепаратизмот со идејата за создавање на слободна Македонија навлегол во толкава мера, да без претерување може да се каже, дека е на врвот, и би била потребна само една искра, па тој дух да дојде до свој израз".[412] Како носители на таквото "автономистичко движење" во Вардарска Македонија биле посочени повеќе личности меѓу кои порано имало и носители на српството кои заземале важни раководни позиции. Како еден од најзначајните антидржавни елементи и познат "автономист-сепаратист" во Македонија бил посочен Методија Андонов-Ченто од Прилеп. На една од седниците на Трговската комора за Вардарската бановина, Ченто изразил големо незадоволство поради државната политика што се водела во однос на Вардарска Македонија и на економски и на политички план. Тој отворено ги повикал властите во Белград да дозволат создавање на "слободна Македонија, и ние да управуваме со истата, па да ја сликаме денес и да после десет години наша управа пак да ја погледнеме, тогаш ќе видиме дали вие ќе ја познаете".[413]

Освен Михајло Каламатиев(иќ), трговец од Штип кој не се откажувал од српското национално чувство, голем број на видни личности кои порано биле заслужни борци за српството, сега ги напуштале тие позиции и гледишта и нивните нови политички ставови, според овие извештаи, толку се изедначувале со автономистичките тенденции што еден од нив, Димитрија Караџ(иќ), помпезно изјавувал дека се гледа како иден "гувернер на Македонија".[414]

Таквото антидржавно и антисрпско расположение во Македонија било поткрепувано и од силната "бугарска пропаганда" која била навлезена до тој степен што поголемиот дел од населението не ги слушало вестите на Радио Белград, туку тие на Радио Софија. За да се создаде уште поголемо антимакедонско расположение и да се испровоцира што порадикална акција на

[412] АСЦГ, фонд 138, кут.бр.7, Господину Драгиши Цветковићу, Претседнику Министарског савета, Београд, ЛИЧНО СТРОГОПОВЕРЉИВО, Господине Председниче, стр.675.

[413] Ibidem.

[414] Ibid, 676.

владата во Белград, сликата од Македонија се надополнувала со извештаи за наводно прогерманско расположение на населението поради ставот дека создавањето на слободна и обединета македонска држава може да се случи само со помош на фашистичка Германија.[415] Од приврзаниците на владата на Кралството Југославија во Вардарска Македонија како државни непријатели биле посочени и неколку печатени медиуми од кои најзначајно место заземал весникот "Наша Реч" кој излегувал на македонски дијалект и ширел комунистички идеи. Параноичните известувања од Македонија оделе до тој степен што српскиот национализам и шовинизам се распалувал до таа мерка што се констатирало тенденциозно и вулгарно дека на припадниците на српската националност им се пцуела мајка, јавно на улиците дури и од децата, а такво искуство наводно доживеал дури и самиот Бан во Скопје. Српските разузнавачи во Македонија дури и ги посочиле имињата на Јован Алтипармаковиќ, подбанот Александар Цветковиќ, Ѓорѓе Доновиќ, судијата Хаџиманевиќ, Спиро Китинчев, Робев, Караџиќ и низа други личности како луѓе кои воопшто не придонесуваат за зацврстување на српството и со своите постапки работат против него.[416] Затоа со ваквите барања за решителна акција на централната власт за средување на општата безбедносна состојба во Македонија се алудирало на наводната целосна загрозеност на Србите во овие краишта дури и за нивната лична безбедност, со што се потхранувале мерките за почеток на една српска репресивна политика кон се што не било српско. Тоа всушност биле претсмртни грчеви на еден режим кој со своите постапки и мерки не можел уште долго да ја задржи својата власт во Вардарска Македонија.

Ваквите информации за загрижувачката безбедносна состојба во "Јужна Србија" упатени на адреса на централната државна власт во Белград продолжиле да стигнуваат и во следните месеци на 1940 година. Во август, српските безбедносни служби јавувале дека се распространувале "автономистички летоци во Јужна Србија".[417] Еден од тие пропагандни летоци, според информациите бил тој што се појавил на 2 август 1940 година по повод

[415] Ibid, Господину Драгиши Цветковићу...op.cit., 676.
[416] Ib., 677.
[417] АСЦГ, фонд 138, кут.7, Министар Просвете-Господин Драгиша Цветковиќ, Претседник Министарског савета и заст.Министра унутрашњих послова, Београд, стр.686.

годишнината од Илинденското востание и бил распространуван од припадници на федералистичка група кои, според ова, воедно биле и членови на Комунистичката партија. Во врска со ова дошло до внатрешен конфликт во редовите на таа партија и од нејзините редови бил исклучен скопскиот комунист, адвокатот Антоније Грубишиќ. Второиот леток бил разнесуван од името на организацијата ВМРО, а всушност бил дело на Михајло Михајлов(иќ) од Скопје кој долги години бил на интернација надвор од државата. Сепак сознанијата на државните служби говореле дека во "Јужна Србија" веќе не постоела организациска мрежа на ВМРО и со нејзиното име се служеле одредени италијански агенти кои биле составен дел на одредени автономистички и комунистички групи.[418] Покрај овие настани како најзагрижувачки се отценувале се позачестените случаи кога српски семејства што во Македонија живееле уште пред Првата светска војна, го продавале својот имот и заминувале во други краишта на државата. Таквите постапки според проценките на властите во Белград создавале психоза на паника во Македонија што било вешто искористувано од антидржавните елементи. Во врска со сите тие случувања, кај дел од соодветните државни институции на Кралството Југославија постоело мислење дека таквите тензични состојби намерно биле одржувани од некои луѓе, за да владата во Белград навистина се увери во критичната ситуација на југот од државата.[419]

Во годините непосредно пред почетокот на Втората светска војна на Балканскиот полуостров, односите помеѓу Бугарија и Југославија декларативно имале нагорна линија. Наводното подобрување на меѓудржавните односи се должело на привремените компромисни решенија околу Македонија што ги задоволувале и двете страни. Таквото привидно затишје се задржало до моментот кога на бугарската политичка сцена се појавиле организации и партии со фашистичка идеологија кои побарале ревизија на границите во делот кон Македонија под српска власт. Српската дипломатско-шпионска мрежа во Бугарија ја известувала југословенската јавност за постојани манифестации организирани од македонската емиграција, со повик за востановување на границите на фиктивната Санстефанска

[418] Ibidem.
[419] Ibid, 686.

бугарска држава. Нерешеното македонско прашање започнале да го користат и големите европски држави кои и ја ветувале Македонија на бугарските владеачки фактори како цена за учеството на Бугарија во некој од новите воено-политички сојузи. Владата на Кралството Југославија се соочувала со целата комплексност на македонското прашање во Вардарска Македонија под српска власт. Доверливите извештаи на безбедносните служби јавувале за алармантна состојба на "југот" од државата каде суверенитетот на српската власт бил загрозен од организираните појави на македонска национална свест, на која не останале имуни и блиски луѓе на големосрпскиот режим. Симптоматичен и поразителен за српската власт бил фактот што предводници на тоа антисрпско расположение не биле членови на поранешната михајловистичка ВМРО, туку македонски интелектуалци кои цврсто верувале во идејата за самостојна македонска држава. За да ја задржат ситуацијата под контрола на централната власт, српските безбедносни служби создавале антимакедонско расположение и го поттикнувале распламтувањето на српскиот национализам и шовинизам кон населението во Македонија.

# ГЛАВА ШЕСТА

# ЈУГОСЛОВЕНСКО-БУГАРСКИТЕ ОДНОСИ И НИВНИОТ ОДРАЗ ВРЗ МАКЕДОНСКОТО НАЦИОНАЛНО-ОСЛОБОДИТЕЛНО И РЕВОЛУЦИОНЕРНО ДВИЖЕЊЕ

Меѓудржавните односи на Кралството на СХС, односно Југославија и Бугарија во периодот од 1918 до 1941 година поминувале низ неколку различни фази. Тие се движеле од степен на усвитеност што безмалку довело до војна, па се до пријателски и нормални добрososедски односи. Таквото постојано менување на интензитетот на односите меѓу двете држави во најголем дел бил поврзан со Македонија и отстранувањето од меѓународната сцена на можните решенија за нејзиниот статус. Во целиот меѓувоен период различните влади во Белград и Софија создавале државни планови и стратегии околу македонското прашање кое се обидувале да го симнат од дневен ред. Двете балкански држави во суштина воопшто немале намера да го решат македонското прашање, туку да го злоупотребат за свои цели. За таа цел покрај нивното дипломатско лобирање кај владите на големите сили, Кралството на СХС и Бугарија настојувале да придобијат одредени кругови и од редовите на организираното македонско националноослободително и револуционерно движење. Српските и бугарските државни стратези почувствувале дека можат да ја искористат длабоката поделеност и безидејност кај различните македонски организации и нивното влијание кај македонскиот народ да го преточат во плановите што ги подготвувале за Македонија.

Ваквото влијание и притисоци предизвикале кај поголем дел организации и поединци во македонското револуционерно движење, свесно или не, да се стават во полза на остварување на српската односно бугарската кауза околу Македонија. Таквиот развој на настаните се должел и на обидите кај поединци и групи во македонското ослободително движење да пронајдат

сојузници во Кралството на СХС и Бугарија кои искрено би ги помогнале нивните стремежи за правилно решавање на македонското прашање, што од своја страна било вешто искористувано од искусните политичари и дипломати во овие држави. Согласно ова, односите меѓу владите во Белград и Софија во голем дел се рефлектирале врз организираното македонско револуционерно движење, бидејќи и двете држави настојувале да го потчинат и искористат во нивните големодржавни претензии кон Македонија. Таквата состојба условувала уште поголеми поделби, внатре во самите македонски организации, кои во голем дел не изразувале самостојни ставови по македонското прашање, туку ги отсликувале директните барања на Србија и Бугарија околу истото. Сепак во некои случаи имало обиди за манифестирање и на самостојни македонски ставови од некои македонски организации или поединци околу решавањето на државно-правниот статус на Македонија кои владите во Белград и Софија веднаш се обидувале да ги уништат или да ги предефинираат во полза на едната или другата држава.

И двете држави, најголем интерес за остварување на свое влијание покажале во однос на неколку македонски организации, пред се автономистичката ВМРО, МЕФО и подоцна ВМРО(об), за кои сметале дека можат да им послужат во остварувањето на нивните планови кон Македонија. Токму поради тоа во рамките на овие македонски организации се случувале најголем број на потреси и поделби кои биле резултат на српското и бугарското мешање во нивните внатрешни работи. Односите помеѓу владите во Белград и Софија и нивниот различен став по македонското прашање особено се отсликувале врз состојбите во автономистичката ВМРО. Оваа организација поради внатрешните фракциски борби и струења во своите ставови кон македонското прашање лавирала од барања за присоединување на Македонија кон Бугарија до минимални малцински права на Македонците во Вардарска Македонија, за да пред крајот на нејзиното постоење ја прифати паролата за создавање на независна и обединета македонска држава.[420]

---

[420] Поопширно: З. Тодоровски, *ВМРО 1924-1934,* op. cit. Зборник: Тодор Александров-*Се́ за Македонија,* документи 1919-1924, предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2005; *Тодор Александров, живот легенда,* съставител Цочо В.Билярски, София, 1991; *Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали*, подготвил Цочо В.Билярски, София, 2002.

Покрај Бугарија и Кралството на СХС за оваа македонска организација се заинтересирале и тогашните меѓународни фактори кои различно ја дефинирале нејзината активност: од "националистичко движење, чијашто цел е да добие независност на Македонија", до "постојана полувоена организација под раководството на Тодор Александров", за да во последната фаза од нејзиното постоење ВМРО биде окарактеризирана како "мафијашка организација".[421] Без разлика на отценките во различните временски периоди, ВМРО и од големите европски и светски држави била сметана за значаен фактор во македонското националноослободително и револуционерно движење.

## 6.1. Обиди на Југославија и Бугарија да го претстават македонското прашање како српско односно бугарско малцинско прашање

По завршувањето на Првата светска војна во 1918 година етногеографската територија на Македонија со мали промени ја задржала поделбата помеѓу балканските држави верификувана со Букурешкиот мировен договор од 1913 година. Македонското прашање, во државно-правен смисол, останало и понатаму нерешено и како такво се заканувало да остане да биде фактор на нестабилност на Балканскиот полуостров. Иако завршиле воените дејствија, заткулисните преговори за Македонија продолжиле во сферата на дипломатијата во Друштвото на народите во Женева. Најзаинтересирани држави по однос на македонското прашање биле Кралството на СХС и Бугарија, кои пред меѓународната јавност на истото се обидувале да му дадат српски односно бугарски карактер. Затоа на седниците и сесиите во Друштвото на народите на кои се разгледувало ова прашање, бугарските и српските делегации ги претставувале своите "аргументи" во правец на тоа да се придобијат големите сили за решавање на македонското прашање во полза на српските односно бугарските државни интереси.

Во 1919 година, во време на одржувањето на Версајската мировна конференција Бугарија како држава се обидувала преку разни извештаи да ја

---

[421] Жерар Шалиан, Арно Блен, *История на тероризма от Античността до Ал Кайда*, София, 2005, стр.219/220.

претстави тешката политичко-економска состојба на населението во Вардарска Македонија под власта на Кралството на СХС. Во еден таков извештај од 1919 година упатен до Друштвото на Народите, Бугарија ја истакнала неподносливата положба на, како што се вели "Бугарите" во Македонија под српска власт и обидите на белградскиот режим за "денационализација" на Македонија.

Бугарската дипломатија исто така истакнувала дека "за сите, коишто ги познаваат одблизу работите е надвор од секое сомнение, дека последната цел на српската политика е недостижна и дека Македонија никогаш нема да биде посрбена".[422] Во однос на ова се истакнува дека според договорот за малцинствата потпишан во Париз на 9 декември 1919 година од страна на Кралството на СХС, тоа меѓу другото се обврзало според член 9 "да ги олеснува поданиците, коишто не го зборуваат официјалниот јазик да им даваат на децата образование на нивниот сопствен јазик".[423] Тоа според бугарската држава важело и за земјите присоединети кон Србија од 1 јануари 1913 година, што било случај за северниот дел на Македонија, додека другите делови, според ова барање, биле окупирани во Првата светска војна. Повикувајќи се на наводниот бугарски карактер на Македонија во извештајот до Друштвото на Народите се истакнувало дека "бугарските" училишта, свештеници и учители биле заменети со српски. Според извештајот што го поткрепувал ваквото бугарско тврдење, бројот на бугарските училишта во Вардарска Македонија изнесувал 641, со 1013 учители и 37 000 ученици.[424] Бројот на бугарските цркви во Вардарска Македонија под српска власт, според овие податоци, бил 761 со 833 свештеници. Бугарската држава од Друштвото на Народите побарала да застане на патот на ваквата положба во Македонија под српска власт. Во овој извештај од името на македонската емиграција во Бугарија од органите и телата на Д.Н. се барало од претстојната сесија да се овозможи спроведување на клаузулите за малцинствата "по однос на националните, културните и политичките права на бугарската и на другите народности во Македонија под

[422] ДАРМ, фонд Македонски Национален Комитет(МНК), кут.3, Извештај за положбата во Македонија под српска власт, стр.2.

[423] Ibidem.

[424] Ibid, 3.

српска власт".[425] Од Советот на Друштвото на Народите исто така се барало уредување на посебен орган на истото во Македонија, што ќе биде задолжен да го следи исполнувањето на договорот за малцинствата, отворање на поранешните егзархиски бугарски училишта и цркви и враќање на македонската емиграција од Бугарија во Македонија под српска власт, со гаранција на нивната сигурност и "национални" права.[426]

Покрај ваквите пробугарски ставови на дел од македонските емигрантски организации што се наоѓале под влијание на бугарската влада, се правеле и обиди за одредување на самостојниот карактер на македонското прашање. Според едно писмо испратено од Женева, од седиштето на Друштвото на Народите(потписот на испраќачот е нечитлив, н.ж.), датирано на 23 06 1922 година се гледа дека македонското прашање било разгледувано и на седниците и на сесиите во оваа меѓународна организација. Во врска со ова испраќачот во писмото соопштувал дека тамошните швајцарски весници пишувале важни работи за македонското дело. Според него бугарската власт се подготвувала да го изнесе прашањето за вооружените чети во идната сесија на Друштвото на Народите, во којшто случај според гореспоменатиот, се засегнувало и македонското прашање. На овој начин преку четничкото прашање се создавала поволна можност да се постави и наметне пред меѓународната јавност и македонското прашање како такво. Според ова писмо адресирано до МЕФО(Македонската емигрантска федеративна организација) "сега е моментот да ги изнесеме вистинските причини за постоењето на четничкото движење и истовремено високо да изјавиме, дека тоа движење нема да престане додека барањето на **Македонците**-издигањето на нивната земја во независна држава-не биде реализирано".[427] Исто така неопходно било, се продолжува во писмото, да се испрати една делегација од страна на федеративниот комитет (МЕФО, б.м.) снабдена со докази за тоа зошто се формирале четите и зошто тие имале морална и материјална подршка од македонското население. Таа делегација во Женева требало да го издигне

---

[425] Ib., 4.
[426] Ib.
[427] ДАРМ, фонд Македонски Национален Комитет(МНК), кут.3а, Писмо од (нечитливо) до Господина Претседателя на Управителният Комитет на М.Е.Ф.О.-българска секция-София, стр.1.

македонското прашање, бидејќи последното било вистинската и единствена причина за постоењето на четничкото движење. Овој дел од организираното македонско револуционерно движење изразил надеж и оптимизам дека некоја од меѓународните делегации ќе застане во одбрана на македонската кауза во Собранието на Лигата(се мисли на Друштвото на Народите, н.ж.), така што македонското прашање ќе се постави на "зелена маса".[428]

За да се покаже пред меѓународната заедница дека карактерот на македонското прашање немал национален белег, туку географски и дека тоа како такво било составен дел на српското односно бугарското национално прашање, Југославија и Бугарија давале свои "аргументи" во полза на едната или другата кауза. Во согласност со таквата политика владите на двете држави настојувале да издејствуваат публикување на такви меѓународни документи кои требало да послужат за заштита на српската односно бугарската кауза во Македонија.

Меѓународните институции и организации излегувале со свои гледишта и ставови во поглед на македонското прашање и иако имало обиди објективно да се проучи прашањето, врз конечниот став многу често силно влијание имале поединци и групи кои биле блиски до политиката на Белград или Софија околу овој проблем. Бидејќи Македонија како етногеографска целина останала поделена и по Првата светска војна, напорите на Бугарија и на Кралството на СХС биле насочени кон тоа прашањето да биде претставено како српско малцинско или бугарско малцинско прашање во зависност кој дел од Македонија под чија власт се наоѓал. Таква анализа по однос на македонското прашање била направена во Меморандум издаден од бугарската влада кон крајот на 20-тите години. Бугарија тврдела дека не постои прашање за малцинствата во делот од Македонија што таа го добила со Нејскиот мировен договор од причина што, според неа, населението таму било "бугарско" и се ползувало со уставот и законите како и сите граѓани на државата. Во Меморандумот била направена споредба со состојбата на делот од Македонија под власта на Кралството на СХС и се заклучило дека на "Бугарите" во тој дел не им била призната националната посебност и тие биле нарекувани "јужни Срби" или "старосрбијанци", додека етничкото, географското и политичкото

[428] Ibidem, 2.

име "Македонија" било заменето со терминот "Јужна Србија".[429] Бугарија уште објаснувала дека трите дела на Македонија претставуваат посебна етногеографска, културна и историска целина, за која доколку и се дозволело да се формира како самостојна државно-политичка единица со името Македонија, владата во Софија била спремна да го отстапи Пиринскиот дел. Од бугарска страна исто така се настојувало да се докажат поголемите политички права на "Бугарите" во Пиринска Македонија отколку на тие во Вардарскиот дел на Македонија. Затоа се потенцирало постоењето на т.н.независна македонска група во бугарскиот парламент, која била составена од Македонци избрани од Пиринска Македонија под бугарска власт. За разлика од таквата бугарска политика, во делот од Македонија во состав на Кралството на СХС не било дозволено да се избираат Македонци по националност во Народната Скупштина, со исклучок на неколкумина просрпски определени членови на владеачките партии.[430]

Бугарската влада преку Меморандумот пред меѓународната јавност сакала да го истакне и затворањето на бугарските училишта и цркви во Вардарска Македонија, како и забраната за формирање на "бугарски" културно-просветни здруженија, што според неа не било случај во Бугарија каде сите граѓани имале еднакви права во областа на верскиот живот и образованието. Во Македонија под српска власт била забранета и употребата на "бугарскиот"јазик во училиштата, црквите и другите јавни институции, а децата се крштевале само со српски имиња кои биле истакнати во српските цркви.[431] Во полза на бугарската кауза во Македонија, владата во Софија се обидувала да прикаже подобра економска слика на државата споредено со Кралството на СХС, каде се потенцирала големата економска експлоатација што ја вршела централната власт, посебно во "Јужна Србија". Од страна на Бугарија во овој документ посебно место им било отстапено на големиот број на физички ликвидации што од властите на Кралството на СХС се преземале во Вардарска Македонија, а под обвинение за антидржавна дејност и "комитаџиство". Ваквите мерки, според бугарската влада, имале за цел да го

---

[429] ЦДА, фонд 396, оп.2, а.е.8, Резюме отъ МЕМОРАНДУМЪ върху положението на македонските малцинства въ България, Югославия и Гърция, стр.1.

[430] Ibid, 2.

[431] Ib., 4.

претопат "македонскиот бугарин" и да ја уништат неговата волја за борба за остварување на народносите и културни права.

На тој начин, Бугарија тврдела дека биле исцрпени сите патишта за легално дејствување на "македонските Бугари" во Македонија под српска власт. Затоа и започнала нелегалната борба на ВМРО против режимот што владата во Белград го спроведувала во "Јужна Србија". Бугарија која во најголем степен ја подржувала оваа организација, оставала отворен простор и можност ВМРО да ја прекрати четничката борба во Македонија и да се претвори во легална политичка сила, но само доколку Кралството на СХС започнело да ги почитува културните права на "македонските малцинства", согласно со задолженијата преземени од меѓународните мировни договори. Владата во Софија сметала на нормализирање на состојбата во односите меѓу Бугарија и Кралството на СХС доколку се признаел "националниот лик на македонските населенија и специјално на Бугарите во Македонија; признавање и гарантирање на признаените права; гарантирање на слободата и возможноста на легално културно-политичко национално пројавување"...[432]

Дипломатската битка за тоа кој има право да го третира македонското прашање како негова сопственост, не ретко се водела и пред очите на меѓународната јавност поради обидите на Бугарија и Југославија да се здобијат со сојузници за таа цел. Во април 1929 година на темата македонско прашање во Прага разговарале дипломатските претставници на Југославија и Бугарија, а непосреден повод била остварената посета на бугарскиот цар Борис на Чехословачка. Во разговорот меѓу двајцата дипломати, бугарскиот истакнал дека грешно било мислењето во Југославија за тоа дека Бугарија барала ревизија на мировните договори, бидејќи за владата во Софија прашањето за границите било затворено и тие биле неменливи. Бугарскиот дипломатски претставник во Прага уште додал дека неговата држава била против насилното рушење на воспоставениот европски поредок по Првата светска војна и се залагала за почитување на постоечките мировни договори. Единствениот проблем во односите меѓу двете балкански држави, според него било "бугарското малцинство" во Југославија на кое бугарската влада барала

[432] Ib., 9-10.

да му се даде статус на малцинство што било услов за подобри односи помеѓу Софија и Белград.[433] На таквите бугарски барања југословенскиот дипломатски претставник му одговорил дека во "Јужна Србија" не постои бугарско малцинство. Ставот на владата на Југославија бил дека словенското население што живеело во "Јужна Србија"(Македонија, н.ж.) бил дел од српскиот народ. На таквото мислење се спротивставил бугарскиот дипломат кој рекол дека не е важно како Југославија гледала на тоа население и како ги толкувала неговите национални чувства, туку ако се утврдело дека тоа навистина било бугарско, да му се даде една потребна слобода на национално малцинство во границите на југословенската држава.[434] Врз основа на сите овие барања, како и посетата на цар Борис на Чехословачка и неговите разговори со претседателот Бенеш, југословенската дипломатија заклучила дека бугарската пропаганда и акција за признавање на бугарски малцинства во соседните држави, пред се Југославија, ќе се насочела во градот Прага.[435]

И двете држави преку своите дипломати, пред се во Друштвото на Народите се обидувале да лобираат кај претставниците на големите сили во правец на остварување на своите политички и државни интереси кон Македонија и македонското прашање, во сите негови форми. Од страна на српската делегација во Друштвото на Народите во мај 1929 година бил испратен извештај до југословенскиот министер за надворешни работи во кој се објаснувале активностите што таа ги преземала за да му се даде српски национален карактер на македонското прашање. Во однос на малцинската политика на Д.Н., српскиот пратеник во Берн му се обратил на шефот на Министерството за надворешни работи на Швајцарија, господинот Мот, кој во исто време бил и еден од поавторитетните личности во органите на Друштвото. Тој му предочил на Мот дека Кралството Југославија секогаш било спремно да ги исполнува сите меѓународни договори за малцинствата. Меѓутоа преку таквата политика, според југословенскиот претставник, се правеле обиди да се создадат "лажни" малцинства кои не постоеле, така што

[433] ДАРМ, фонд Постојана Кралска делегација на СХС при Друштвото на Народите во Женева, м.ф.2032, Министарство иностраних дела Краљевине СХС пов.бр.1435-циркуларно сталном делегату код Друштва народа-Женева, стр.1.

[434] Ibidem, 2.

[435] Ibid.

таквата процедура отворена од Друштвото на Народите се користела за дискредитација, пропаганда и рушење на уставниот поредок на Кралството Југославија создаден со мировните договори. Таквата политика, се вели во обраќањето до застапникот на Министерството за надворешни работи на Кралството-Коста Кумануди, била поттикната од држави и здруженија што имале "агресивна" национална политика.[436] Ваквата политика според југословенската дипломатија особено била водена од "Македонскиот комитет", кој се обидувал да измисли "бугарско" малцинство во Кралството Југославија преку испраќање на петиции и декларации во Друштвото на Народите. Токму заради ваквите активности се напаѓал "двојниот лик" на Македонскиот комитет (ВМРО н.ж.). Понатаму југословенскиот пратеник во однос на македонското прашање истакнал: "Му дадов докази дека во нашата Македонија не постои никакво малцинство, ниту бугарско, ниту македонско. Меѓу другото самите Бугари признаваат дека такво малцинство не постои, барем по сегашно утврдената дефиниција за малцинствата, како би можеле со сила да ги втурнат жителите на таа покраина (Македонија н.ж.) во некое вештачко малцинство".[437]

Овие југословенски ставови по македонското прашање ја мобилизирале бугарската општествено-политичка јавност да истакнува контра аргументи за наводниот "бугарски" карактер на прашањето. Во едно истапување од 15 јуни 1929 година, бугарскиот професор Иширков се задржал на македонското прашање и бугарско-југословенските односи. Според неговото мислење, што веројатно било став и на поголем дел од бугарската интелегенција во тој период, српската политика кон Македонија била целосно територијална. Српските реални политичари не се интересирале за народноста на македонското население. Според тврдењето на бугарскиот професор, за нив била важна земјата, која требало да им овозможи пат кон Егејското море, затоа што Србија барала излез на море. Србија (Југославија,), според професорот, знаела дека македонското прашање ќе го разреши во своја полза само преку сила и поткрепа од некоја од големите сили. Единствено потребно

[436] ДАРМ, микрофилм 2035, фонд Постојана кралска делегација на Кралството на СХС во Женева, Господине Министре, пов.бр.382, стр.1.

[437] ДАРМ, микрофилм 2035, фонд Постојана кралска...op.cit., 1.

било да се убеди српскиот народ, дека Македонија е српска земја, дека "**македонските словени** (бугари) (во оригиналот стои така, н.ж.) се вистински срби или најмалку тие се население без народна свест и лесно можат да станат срби, штом се наметне над нив српска власт".[438]

Во битката за присвојување на македонското прашање, на страната на Бугарија застанал Балканскиот Комитет од Англија, кој преку своите дипломатски врски пред меѓународната јавност настојувал да го докаже наводното бугарско етничко потекло на македонскиот народ. Членовите на овој Комитет за таа цел се подготвувале да го постават прашањето, кое требало да се разгледува на една од седниците за малцинства на Друштвото на Народите во Женава, во септември 1929 година. Иако во Европа постоеле многу нерешени национални прашања, за Балканскиот Комитет најважно било решавањето на статусот на малцинствата во Македонија и посебно тој на "Бугарите во Српска Македонија".[439] Од членовите на Комитетот се правеле и подготовки да се изврши лобирање кај владите на Романија и Чехословачка и тие да извршат притисок врз југословенската власт во правец на тоа да ги задоволи до некаде "барањата на **Македонците**".[440]

Оваа организација го поканила и претседателот на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, д-р Станишев, кој ветил дека доколку Кралството Југославија изрази готовност за слободни избори во Македонија, тогаш македонската борба ќе се води по парламентарен пат, преку легални македонски политички претставници во Народната Скупштина. И покрај нивниот став за бугарскиот карактер на македонското прашање, гледиштата на Балканскиот Комитет по однос на Македонија не секогаш биле идентични и лавирале, што значи дека иако врз нивните ставови не ретко влијаеле и бугарските политичари и дипломати, тие не биле целосно убедени во бугарската етногенеза на истото, бидејќи во еден момент по однос на ова прашање се залагале за решение со кое "Србите ќе треба до некаде да ги задоволат барањата на бугарогласните Македонци, а од своја страна

[438] ДАРМ, фонд 1265 ВМРО, кут.3, оп.1, а.е.38 "Свобода или смъртъ", бр.95, 15 јуни 1929 "Македония и българската политика", стр.145/146.

[439] ЦДА, фонд 252, оп.1, а.е.888, Меморандумъ, Частно и Поверително. До г.Подпредседателя, стр.4.

[440] Ibidem, 5.

последните ќе треба да направат некои отстапки и да се задоволат да добијат нешто помалку од нивните сегашни барања".[441]

Балканскиот Комитет со седиште во Англија за решавање на македонското малцинско прашање како мерка предлагал истото да се постави и пред Друштвото на Народите, иако се сомневал во неговото позитивно решавање поради спротивставувањето на Кралството Југославија. Членовите на оваа организација повикувајќи се на меѓународното право сметале дека "Македонците се во право да поднесуваат барање за слободно користење на училиштата, црквите и својот јазик"[442], согласно Сенжерменскиот мировен договор кој го гарантирал таквото остварување.

Балканскиот Комитет исто така пропагирал формирање на една специјална комисија за балканските национални малцинства што ќе има задача одделно да го разгледува нивното решавање поради комплексноста на истите. За Комитетот не била прифатлива и била многу опасна, според него, српската теза дека "**Македонецот** не е бугарски туку **македонски словен** и дека незадоволствата се резултат на пропаганда". Во поткрепа на бугарската теза за националниот карактер на Македонија, Балканскиот Комитет се искористил со второстепени докази пред меѓународната јавност како што било тврдењето на Турците уште за време на нивното владеење дека жителите на Македонија биле Бугари и некои историски грчки карти во кои македонската земја се посочувала за бугарска.[443]Оваа група составена пред се од англиски политичари, општественици и интелектуалци, свесно се послужила и со историски фалсификати истакнувајќи податок според кој сојузниците пред почетокот на Балканските војни 1912 година го признале бугарскиот карактер на Македонија, што претставувало невистина, бидејќи српско-бугарскиот договор пред војните таа територија најпрвин ја прогласил за т.н. спорна зона за која се предвидувало да добие автономен статус со посредство на една од големите сили. Во тој правец биле и подготовките на Комитетот пред претстојната сесија за малцинските прашања во Друштвото на Народите, каде во полза на бугарските државни аспирации по македонското

[441] Ibid.
[442] Ib., 6.
[443] Ib.

прашање се очекувала и помошта од политички кругови во англиската влада. Во врска со ова се повикувале сите членови на Балканскиот Комитет да дадат свои сугестии и мислења како подобро да се претстави македонското прашање како бугарско малцинско прашање во Кралството Југославија, пред органите на Друштвото на Народите. Комитетот исто така ја разгледувал можноста од испраќање на резолуција или меморандум по прашањето за балканските малцинства до Д.Н. за време на неговата претстојна септемвриска сесија. Околу тоа прашање се размислувало на некој од состаноците на оваа организација да се поканат министерот или државниот секретар за надворешни работи на Англија од кои се очекувало да добијат помош во остварувањето на нивните планови.[444]

Покрај членовите на Балканскиот Комитет на страна на бугарската кауза и нејзините претензии кон македонското прашање застанале и извесен број на интелектуалци од други европски држави. Францускиот новинар Анри Пози пред европската интелектуална и политичка јавност исто така се обидел да го разјасни горчливото македонско прашање, давајќи му пробугарска обоеност на своето гледиште. Но, колку и да го застапувал бугарскиот став кон Македонија, неговите објаснувања дискретно и меѓу редови го исфрлуваат на површина самостојниот, посебен карактер на комплексното македонско прашање. Пози обидувајќи се да го истакне наводното бугарско етничко потекло на Македонците истакнал дека "македонските бугари не се разликуваат веќе никако по надворешност од бугарите во царството, меѓу кои живеат. Тие се нивни соседи во села и градови, дел од нив заземаат висока општествена положба, некои станале министри, дури и претседатели на влада".[445]

Но одговорот на вистинскиот карактер на прашањето, францускиот новинар го добил од еден обичен македонски селанец-бегалец во Бугарија. На прашањето која е неговата татковина и што со земјата добиена на обработување од бугарската власт, селанецот одговорил: "Моите земјишта?...Тие се таму. Во нашата **Македонија.** Тие ме чекаат. Се надевам да доживеам до времето, кога ќе можам да се вратам и да седнам на камената

---

[444] Ibid, 7.

[445] Анри Пози, *Войната се връща, второ издание*, София, 1992, стр.44-45.

клупа којашто мојот татко ја беше поставил под кајсиите пред нашата врата"...[446]

Од друга страна и некои македонски емигрантски кругови во Бугарија преку петиции до Друштвото на Народите се обидувале да го докажат наводниот бугарски карактер на македонското прашање што било во целосна согласност со плановите и стратегијата на бугарската држава во однос на овој проблем. Таква била петицијата од декември 1929 година потпишана од Македонците Димитар Шалев и Димитар Илиев.[447] Во оваа петиција(мемоар) се настојува да се докаже токму наводниот бугарски карактер на Македонија и македонското прашање да биде претставено како бугарско малцинско прашање пред Друштвото на Народите. Во петицијата се потсетувало Друштвото на Народите на членот 2 од договорот што Кралството на СХС го склучило со сојузничките сили, според кој малцинствата на неговата државна територија се под покровителство на оваа меѓународна организација.

Согласно тоа, Кралството на СХС требало да му ги даде сите права што му следувале и на "бугарското" малцинство во Вардарска Македонија. Во петицијата исто така се истакнувало дека поминале 10 години од Сенжерменскиот договор за малцинствата(10 септември 1919), а тој воопшто не се спроведувал. Спротивно на договорот, се вели понатаму, биле затворени 641 "бугарско" училиште, прогонети 1013 "бугарски" учители(егзархиски, н.ж.), биле конфискувани или преобратени во српски 761 "бугарска" црква, прогонети или убиени 833 "бугарски" свештеници и уништени сите "бугарски" библиотеки и читалишта. Воедно биле забранети сите бугарски весници и списанија, а забраната за зборување на "бугарски" јазик се однесувала за сите институции на системот, па дури и на улица.[448] Крштевањето на македонските деца се вршело преку список во кој имало наведено само српски православни имиња. Понатаму во петицијата се нагласувало дека југословенските власти го забраниле и празнувањето на "бугарските" црковни празници, а се наложувало да се прославуваат само т.н. "српски слави". За да биде уште потешка и

---

[446] Ibidem, 45.

[447] Воислав Д.Кушевски, *Македонското прашање во Друштвото на Народите*, Скопје, 2001, стр.187-233.

[448] ДАРМ, фонд 1265 ВМРО, кут.5, "Свобода или смъртъ", бр.110, 1 02 1930 "Петицията на борческа Македония пред О.Н.", стр.348. Поопширно: Воислав. Д. Кушевски, *Македонското прашање во Друштвото на Народите*, Скопје, 2001.

поизразена асимилацијата, српските власти насилно ги принудувале младите македонски девојки да се мажат за српски жандарми, додека на македонската интелегенција и биле откажани сите служби во администрацијата и државните служби. Поради сето ова потписниците на петицијата Шалев и Илиев од Друштвото на Народите барале: 1. да се признае националноста на македонското население и да се стави под контрола на Друштвото на Народите; 2. да се дозволи враќањето во Македонија на сите емигранти; 3. амнестија на сите политички затвореници во Кралството Југославија; 4. отворање на сите "бугарски" цркви и училишта; 5. испраќање посебна делегација од Друштвото на Народите што ќе ги следи овие работи.[449]

Оваа петиција(мемоар) од декември 1929 година очигледно побудила голем интерес и кај југословенската страна, која веднаш се обидела да истапи со свои аргументи пред органите на Друштвото, а што од своја страна пак, повторно мобилизирало одредени македонски емигрантски кругови во Бугарија да реагираат преку весниците. Во весникот "Слобода или Смрт" од 1 февруари 1930 година, авторот на една статија се задржал на барањето на Србија(Кралство Југославија, н.ж.), Македонија да остане во нејзини рамки со тврдење дека македонското население имало српско национално сознание. Многу индикативен и интересен бил одговорот на авторот на тие српски барања при што тој го истакнал податокот дека **македонско движење** постоело уште пред појавата на бугарската егзархија и бугарското царство, и според него "на чело на апостолите за општобугарско духовно раѓање и политичко осамостојување стојат плејада светли имиња на **чисти Македонци**".[450]

Во однос на прашањето кој би ја претставувал Македонија пред Друштвото на Народите, европските дипломати не се согласувале тоа да биде ВМРО, бидејќи според нив таа како организација имала окрвавени раце. На ваквите тврдења авторот истакнал дека без лицемерие, ВМРО била илјада пати почиста и поневина, отколку мнозинството дипломати на чија совест лежеле колежите и убиствата на многу народи, меѓу кои и **Македонците**.[451] Од своја страна пак, Друштвото на Народите и Кралството Југославија барале ако

---

[449] Ibidem, 348.
[450] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.5, "Македонскиятъ мемоаръ отъ 31 декемврий 1929г. до ОН", стр.343.
[451] Ibidem.

веќе македонското прашање се претставува како малцинско на југословенската територија, тогаш тоа да биде претставено од страна на луѓе коишто биле поданици на Кралството, а не од редовите на македонските емигрантски маси во Бугарија. Според авторот на овој пишуван текст и тој предуслов бил задоволен со самиот факт што Мемоарот до Д.Н. бил предаден од страна на Македонци, југословенски државјани: Димитар Илиев, бивш судија од градот Велес, Григор Анастасов, граѓанин на Кавадарци и поранешен пратеник во југословенското народно собрание и Димитар Шалев, поранешен кмет на градот Скопје во српско време. Поради сите овие факти, авторот на статијата во "Слобода или Смрт" се запрашал дали не требало да се замисли главниот секретар на Д.Н., Сер Ерик Драмонд, како сега тие тројца Македонци без ризик ќе се вратат во Кралството Југославија.[452]

Петиционерската дејност на Григор Анастасов и Димитар Шалев и нивните обиди да му се даде бугарски карактер на македонското прашање во Д.Н. ги забележал и Георги Кулишев, учесник во македонското националноослободително движење, еден од водачите на протоѓеровистичката ВМРО. Кулишев се сретнал со двајцата петиционери во Женева каде тие заминале од Скопје за да предадат Меморандум пред Друштвото на Народите "во кој се застапуваа да се признаат малцинските права на бугарското население во Македонија под југословенска власт". Анастасов и Шалев откако го депонирале меморандумот останале во Женева каде продолжиле да дејствуваат преку писма, статии и на други начини "во полза на правата на македонските бугари".[453]

Петиционерството како обид на дел од македонската емиграција во Бугарија да му даде бугарски карактер на македонското прашање, продолжило и во текот на 1930 година. Пред одржувањето на редовната сесија на Друштвото на Народите во Женева, бил одржан конгрес на малцинствата(како малцинско прашање било третирано и македонското прашање, н.ж.) под претседателство на Вилфан, бивш пратеник во италијанскиот парламент. Но и

[452] Ibid, 344.

[453] ДАРМ, фонд 1198 Георги Кулишев, оп.1, а.е.11 "Срещи с Григор Анастасов и Димитър Шалев", стр.20; Поопширно: *Бугарска под црном руком Македонског комитета,* доживљаји бившег функционера ВМРО адвоката Димитрија Илића-написи М. Брашића, објављени у "Времену", Београд, 1933.

на тие собранија, како што истакнувале пробугарските емигрантски кругови во Бугарија, вратите за непризнаените малцинства биле затворени, а таков бил случајот и со "бугарското" во Југославија. Наместо д-р Станишев, таа 1930 година како претставници на "бугарското" малцинство од Македонија се јавиле Шалев, Илиев и Анастасов на што се спротивставил претседавачот на конгресот Вилфан. Тој се спротивставил со образложение дека последните тројца немале полномоштво и дека во Бугарија немало "организирано бугарско општество"[454] и дека всушност тројцата пратеници не се нарекувале Бугари и биле членови на српските национални партии.

На 7 март 1930 година бугарскиот дипломатски претставник во Лондон кои постојано ги следел активностите на Балканскиот Комитет по однос на нивната малцинска политика го известил бугарскиот министер за надворешни работи Атанас Буров за дискусиите и решенијата што ги донел по однос на македонското прашање. Балканскиот Комитет работејќи зад затворени врати донел одлука пред англискиот премиер Макдоналд да се подржи петицијата што била предадена до Д.Н. од страна на македонските емигранти Шалев, Анастасов и Илиев, а која се однесувала на малцинската состојба во Македонија под југословенска власт. Исто така, членовите на Комитетот побарале од премиерот Макдоналд да се заложи пред меѓународните органи во Женева, Кралството Југославија да го признае постоењето на "бугарските" малцинства во Македонија.[455] Успехот на таа акција се условувал со фактот да не се излегува во јавноста со дискусии по тоа прашање, за да не се предизвикаат опструкции од српска односно југословенска страна. Посебно место во работата на Комитетот зел англискиот професор и археолог Сер Артур Еванс кој сметал дека македонското прашање страдало од тврдењата на српските научници кои ја заштитувале тезата дека дијалектот на **Македонците** бил толку бугарски колку и српски и согласно на тоа во **Македонија** не постоеле Бугари.[456] Иако според професорот Еванс таквото српско тврдење било невистинито, југословенската дипломатија се служела со таа теорија за да

[454] ДАРМ, фонд 1265 ВМРО, кут.5, оп.2, а.е. 68 "Свобода или смърть", бр.110 "Конгресътъ на малцинствата", 352.

[455] ЦДА, фонд 252, оп.1, а.е.888, Строго-Поверително, До Господинъ Атанасъ Д.Буровъ, Министъръ на Външните Работи и на Изповеданията, София, 27/Т.А., стр.12.

[456] Ibidem, 12-13.

докажува дека во Македонија нема бугарско население и дека таму нема потреба да се применуваат клаузулите за малцинствата. Но овде е интересна констатацијата на англискиот професор кои тврди дека доколку Друштвото на Народите ги отфрли српските теории по македонското прашање "друго решение не би можело да се најде, ако се држи сметка од научните факти". Тогаш, според него единственото решение за македонското прашање можело да се најде само преку една внатрешна револуција во Југославија, во која несрпскиот елемент ќе го осигури своето влијание во државата и со тоа ќе се стави крај на една неподнослива состојба.[457]

Југословенските државни органи во своите реагирања најчесто биле испровоцирани од петициите на разни македонски емигрантски организации и поединци до Друштвото на народите во кои некои од нив се обидувале да го докажат наводниот бугарски карактер на Македонија и македонското прашање. Така на 3 декември 1930 година во еден извештај до кралската делегација во Женева, југословенското министерство за надворешни работи одговорило на петициите на здружението "Отец Паисиј", во однос на неговите ставови по македонското прашање. Југословенските власти целосно ги отфрлиле ставовите на ова здружение што се однесувале на признавањето на правата на "бугарското" малцинство во Кралството Југославија. Во врска со барањето на петиционерите за промена на границите востановени со Нејскиот мировен договор 1919 година, југословенската страна одговорила дека тоа биле границите создадени уште со Букурешкиот мир во 1913 година и дека и пред тоа тој дел од Македонија не бил во состав на бугарската држава, туку во рамките на Отоманската империја. Затоа тие барања за промени на границите во корист на Бугарија се отфрлале како неосновани.[458]

Владата на Кралството Југославија ги отфрлила и тврдењата на "Отец Паисиј" дека од нејзина страна биле уништени сите "бугарски" културни институции на нејзина територија, спротивно на мировните договори. Напротив, владата во Белград истакнала дека за време на окупацијата на дел од Кралството Србија од страна на бугарската војска и власт биле затворени

[457] Ibid, 13.

[458] ДАРМ, микрофилм 2035, фонд Постојана кралска делегација на Кралството на СХС во Друштвото на Народите во Женева, Министарство иностраних послова Краљевине Југославије пов.бр.24190-сталној краљевској делегацији при Друштву Народа-Женева, стр.2.

сите српски училишта и цркви и тоа не само во краиштата за кои оваа петиција говори(Македонија н.ж.), но и на територијата која уште била составен дел на Србија, а на место на српските отвориле бугарски училишта и цркви и други институции.[459] Кога српската војска по Првата светска војна ги реокупирала тие краеви ја повратила претходната правна состојба, а бугарските владици, свештеници и учители побегнале во Бугарија. Притоа во извештајот не се заборавило да се напомене дека ниеден бугарски свештеник или учител не бил убиен, додека во време на бугарската окупација, според истиот, биле издавани наредби за убиства на српски лекари, учители и свештеници. Во однос на обвинувањата на петиционерите за забрана на зборување на мајчиниот јазик, владата на Кралството Југославија одговорила дека такво нешто не се случило и дека ниту една наредба или закон не можат да му забранат на еден народ да си го зборува само јазикот што го познава. Според југословенскиот државен врв неосновани биле и обвинувањата дека Југославија како држава наложила да им се додаде српскиот суфикс "иќ" на "бугарските" презимиња. Ставот по ова прашање на српските владеачки фактори во Белград бил дека и двете наставки "иќ" и "ов" биле карактеристични и за српските и за бугарските презимиња.[460]

Свое видување за македонското прашање во овој временски период давале и многу политичари, јавни работници, интелектуалци од западноевропските држави, кои не ретко биле во правец на негово решавање, но во полза на српската или бугарската кауза. Извештај за состојбата на "бугарското" малцинство во Кралството Југославија наменет за меѓународната јавност бил направен од страна на англискиот мајор Никол. Во јуни 1933 година извештајот бил испратен до генералниот секретар на Друштвото на Народите, Авенел. Англискиот офицер истакнал дека гледиштето по однос на ова прашање го изградил врз основа на лични набљудувања и контакти со бегалците (Македонци н.ж.) во Бугарија. Тој истакнал дека веднаш по окупацијата на овој дел од Македонија од страна на Кралството Југославија и по склучувањето на Сенжерменскиот мировен договор, југословенската влада ги презела сите училишта и цркви и ги

[459] Ibidem.
[460] Ibid, 3.

конфискувала. Бугарските учители и свештеници биле отпуштени и српски ги зазеле нивните работни места. Наместо "бугарска" во црквите била воведена српска црковна литургија.[461] И во понатамошниот тек на извештајот мајорот Никол давал податоци кои имале за цел да му дадат бугарски карактер на македонското прашање. Според него, "бугарскиот" јазик во Кралството Југославија бил строго забранет дури и во домовите, а поседувањето на "бугарска" книга според југословенските закони се сметало за кривичен прекршок. Манифестирањето на "бугарска" национална свест во Македонија под југословенска власт исто така било строго прогонувано, така што многу "Бугари" се нашле во српските затвори, без да знаат какво било обвинението против нив.[462] Според Никол, "Бугарите" во Кралството Југославија немале политички права и неможеле да избираат пратеници во државното собрание. Ограничувања, според англискиот офицер, постоеле и во однос на слободата на движење на луѓето, кои не можеле да патуваат без специјална дозвола во овој дел од Македонија и ако извршеле посета на роднини и пријатели во други градови без споменатата дозвола, од страна на власта биле обвинувани за непријателска активност и за постоење на "субверзивни мотиви". Од сето ова изнесено во извештајот за состојбата во Македонија под југословенска власт, англискиот мајор Никол заклучил дека не се почитувале одредбите од мировниот договор во Сен Жермен и биле игнорирани малцинските права на "бугарското" малцинство. Затоа тој од Друштвото на Народите барал да преземе мерки за заштита на истото и за обновување на нивните малцински права согласно мировните договори.[463]

Напоредно со непосредните дипломатски контакти, особено помеѓу министерствата за надворешни работи, владите на Кралството Југославија и Бугарија пред различните меѓународни институции се обидувале да му дадат бугарски односно српски национален карактер на македонското прашање. Како најпогодна меѓународна организација за таквата политика се покажало Друштвото на Народите во Женева. Српските, а посебно бугарските делегати во органите на Д.Н. доставувале декларации и меморандуми во кој барале

[461] ДАРМ, микрофилм 2035, The Bulgarian Minority in Yugoslavia, стр.1.
[462] Ibidem.
[463] Ibid, 2.

остварување на договорите што биле потпишани по завршувањето на Првата светска војна, што во суштина значело негирање на македонскиот национален белег на прашањето. Бугарската надворешна политика во напорите за докажување на наводниот бугарски карактер на Македонија се повикувала на постоењето на бугарски егзархиски училишта и бугарски цркви во Вардарска Македонија уште од периодот на турското владеење. На постоењето на такви институции во Македонија инсистирала и српската дипломатска мрежа во Женева и нивното укинување според неа било направено за време на бугарската окупација на тој дел, од 1915 до 1918 година. Во протежирањето на политиката на "бугарско национално малцинство" во Македонија под српска власт, бугарската држава добивала помош и од т.н. Балкански комитет со седиште во Лондон, кој претставувал една влијателна организација составена од интелектуалци и политичари што имале значајно место во креирањето на англиската надворешна политика. Овој Комитет во целост ги подржувал бугарските барања во поглед на македонското прашање. Покрај организациите од ваков тип, Бугарија и Југославија во Друштвото на Народите се обидувале да придобијат и некои повлијателни европски држави кои евентуално би застанале зад нивната политика во Македонија.

## 6.2. Обиди за бугарско државно влијание врз организации во македонското револуционерно и ослободително движење од 1919 до 1924 година и нивниот однос кон македонското прашање

Од 1919 година, со воспоставувањето на новите Версајски граници на европскиот континент Бугарија како држава доживеала значително намалување на нејзината територија, бидејќи се наоѓала на страната на поразените држави од Првата светска војна. Особено територијално намалување бугарската држава имала во однос на етногеографската карта на Македонија, од која со повторната поделба го добила само нејзиниот Пирински дел. Затоа во тој повоен период големата македонска емиграција во оваа држава зазела посебно место во стратегиските планови на бугарската државна политика по однос на Македонија и македонското прашање. Од страна на сите бугарски влади и опозициони партии, македонското прашање

било поставувано како најприоритетно и проблем заради кој една или друга влада имала или немала популарност и добивала или губела на изборите во Бугарија. Оттаму и интересот на бугарските државни и политички фактори кон различните организации во македонското револуционерно движење со коишто се поврзувале, од причина да можат да го контролираат текот и решавањето на македонското прашање. Таа поврзаност на релација **бугарски државно-политичко-воени фактори-македонско револуционерно движење**, без разлика на обидите на последното во помала или поголема мерка да се ослободи од тоа влијание, постоела во целиот меѓувоен период. Ваквото влијание можело и да се очекува со оглед на тоа што различните легални, полулегални и илегални организации во македонското национално-ослободително движење во тој временски период се создавале и дејствувале на територијата на Бугарија или во Пиринска Македонија под бугарска власт.

Македонското революционерно движење и неговите главни протагонисти среде македонската емиграција во Бугарија веднаш непосредно по завршувањето на војната започнале да ги декларираат своите ставови за решавање на македонското прашање. Без разлика на идејната насоченост, во државно-правен поглед сите македонски организации се залагале за создавање на посебна државна единица-Македонија во нејзините географски, етнички и економски граници. Во тој почетен повоен период тие помеѓу себе се разликувале по прашањето за тоа кој да биде водечки фактор во хиерархијата на македонското ослободително движење и по однос на македонското прашање во национална смисла на неговото значење, каде имаме многу противречни ставови. Разликите по овие прашања и влијанието на бугарската државна политика врз нив се согледуваат и во писмото од Тодор Александров до Карамфилов(веројатно псевдоним, н.ж.) испратено на 6 јуни 1919 година. Во однос на програмските определби на ВМРО во нејзиниот устав, Александров истакнал дека нивната цел не била автономија на Македонија и дека автономијата како форма претставувала само етапа. Прашањето за **независна Македонија**, според Тодор Александров, било издигнато сега од ВМРО и од Извршниот комитет на македонските братства.[464]

[464] ДАРМ, фонд Тодор Александров, кут.1, "Драги Карамфилов", стр.470; зборник Тодор Александров-*Cé за Македонија, документи 1919-1924*, op. cit. .449-453.

Според Александров, бугарската влада на Малинов уште на почетокот по војната, поаѓајќи од принципите на претседателот на САД, Вудро Вилсон, се залагала Македонија да биде присоединета кон Бугарија поради тоа што, според него, во Македонија најбројно било бугарското население. Ако не можело да се оствари тоа тогаш "бугарската влада е согласна да се создаде од Македонија независна држава под протекторат на големите сили".[465] Таквото начело, според Тодор Александров, било декларирано пред групата на Ѓорче Петров да има смелост да се појави на политичката сцена во Бугарија. Според мислењето на бугарската влада за да се оствари независноста на Македонија "потребно е Бугарија да го врати добиениот дел од Македонија во 1913 година и таа е готова и тоа да го стори".[466] Според мислењето на Александров, само групата околу Димо Хаџи Димов, Герџиков, Ѓорче Петров и санданистите говореле за автономијата на Македонија, зошто според нив таа е посебна економска и географска единица со одделен македонски народ, со своја историја и доколку би настанало обединување на Македонија со Бугарија, тие со оружје во рака ќе се бореле против тоа. Ставот на Тодор Александров во тој период по тоа прашање бил дека "бугарското население во Македонија е уште поеднодушно за обединување со Бугарија, ако може да настане тоа".[467]

За вмешаноста на бугарските политички фактори во внатрешните работи на македонското револуционерно движење биле свесни и одредени дејци во последното, кои се обидувале да ја објаснат штетноста од мешањето на Македонците во внатрешните политички работи на Бугарија. Ваквите стремежи се согледуваат и во едно писмо од 26 јуни 1921 година во кое меѓу другото се истакнува дека " ние(се мисли на Македонците, н.ж.) треба да се ослободиме од сите бугарски партии, да работиме само за Македонија и со Македонците, инаку сите ќе не поигрууваат, и само ќе втеруваме вода во партиските воденици, а Македонија ќе страда".[468]

Во правец на потврдувањето на македонскиот национален идентитет и дистанцирање на македонската емиграција од внатрешните политички настани во Бугарија било и писмото на еден Македонец(неразбирлив потпис н.ж.) од 22

[465] Ibidem, 471.
[466] Ibid.
[467] Ibid, 472.
[468] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.5, стр.267.

април 1923 година, кое било упатено до претседателот на Македонскиот Национален Комитет. Авторот на писмото, сметајќи се за Македонец по националност му се обратил на горенаведениот со следните зборови: "На многу места во весниците се среќава зборот "бугари од Македонија" или "Македонски бугари". Следејќи ги настаните од пред војните, во време на војните и од времето кога се создаде Егзархијата, дојдов до заклучок дека сите страдања и причината за да не можеме да добиеме слобода во нашата измачена родина е причината, дека прво... имаме различност со царството Бугарија и второ поради нужноста од таква разлика, изјавувам, дека ние македонците(во оригиналот со мала буква н.ж.) во минатото сме правеле грешки за извојување на слободата, а најпосле дека некои од тие грешки се отстранија, но главната уште не е отстранета, а имено "Бугари" не би требало никако и никаде да се споменува тој збор, кога и самиот Вие многу добро знаете од каде произлезе тој збор и дека не сме никакви Бугари, а можеме со гордост да се наречеме "Македонски Словени".[469] Потпишаниот под текстот на писмото исто така му сугерирал на претседателот на Националниот Комитет дека доколку и понатаму македонскиот народ се поистоветувал со терминот "Бугари", ослободувањето на Македонија не можело да се случи во догледно време. Испраќачот на ова писмо, кој го користел псевдонимот "Македонец" и кој најверојатно бил припадник на федералистичката струја во македонското национално ослободително движење, во образложувањето на своите аргументи по однос на македонското прашање направил и една интересна споредба со албанската историја при што додал: "Господин Претседателе, треба да се земе пример од онаа дива некултурна земја Албанија, која со молчење и без пролевање на никаква човечка крв доби слобода благодарение само на тоа што никогаш не си го измениле името "Албанци".[470] Затоа на крајот од писмото, непознатиот автор констатирал дека доколку не се измени постоечката состојба и ако "ние продолжуваме уште со тоа туѓо на нас Македонците нарекување "Бугари", 60 години сме се бореле со сите средства

[469] ДАРМ, фонд МНК, кут.4, Писмо до Господинъ Председателя на Националния Комитетъ на Македонската емиграция, стр.1-2.

[470] Ibidem, 3.

за нашата слобода и ништо не сме добиле, исто така уште 160 години да се бориме верувам пак истото ќе си остане".[471]

По однос на поврзаноста на Бугарија со решавањето на македонското прашање имало ставови на учесници во македонското револуционерно движење кои сметале дека бугарската држава треба да биде тесно поврзана со тој проблем. Во тој правец било и писмото на Д.Точков, интелектуалец-член на ВМРО, до Александар Протоѓеров од 28 јуни 1923 година. Македонското прашање, според тврдењето на Точков, не можело да не биде општо бугарско прашање и затоа бугарската политика требало да се постави во тој правец. За да се остварела таквата намера потребно било да се воспостави врска помеѓу бугарската влада и ВМРО.[472] Точков истакнал дека до тој момент таа врска не постоела или била лошо поставена, бидејќи многуминатa Македонци коишто порано заземале видни позиции во бугарската државна управа не придонеле многу за поставување на вистински пат на македонското прашање и тоа од причина што недостасувала врската со Организацијата(се мисли на ВМРО, н.ж.).[473] Исто така Д.Точков истакнал дека во минатото старите владеачки партии во Бугарија, дури и тие во кои"Македонци заземале видно место биле вдахновувани од партиски гледишта за време на нивното управување, а крупните појави при разрешувањето на општо бугарски прашања биле повеќе плод на случајно стекнати настани, а не на една планирана и праволиниска политика". Според ставовите на овој македонски интелектуалец од ВМРО за да се поставело македонското прашање на вистински пат требало тоа да се направи општо бугарско и да се подготви народот во тој дух. Во тој поглед власта, според Точков, можела да исполни добра мисија само ако барала подршка меѓу самите Македонци, чијашто преданост кон делото(македонската кауза, н.ж.) била добро испитана и проверена. Понатаму истиот наведува дека поради сите горенаведени причини македонското прашање многу зависело од власта во Бугарија, согласно на што ВМРО имала интерес да се бори за создавање на силна бугарска власт. Во писмото до Протоѓеров, Д.Точков исто така го навел за погрешно мислењето дека

---

[471] Ibid.
[472] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.4, "Драги бр. Сандре", стр.590.
[473] Ibidem.

Македонците требало да стојат понастрана од бугарската влада за да се избегнел сомнежот дека македонската организација(ВМРО, н.ж.) соработувала со неа. Тој разбирал дека министер за надворешни работи во бугарската влада не можел да биде човек од редовите на ВМРО, но бил на мислење дека на други важни позиции, вклучително и дипломатски, можеле да застанат и Македонци "зошто само така нашето прашање(македонското, б.м.) ќе стане општобугарско и ќе биде подвлечено како такво".[474] Точков на крајот од писмото уште додал дека од гледиште на Организацијата нејзиниот престиж ќе пораснел повеќе кога се знаело дека лица блиски до неа заземале важни позиции во бугарската власт и политика.

Иако бугарската власт имала големо влијание врз различните македонски организации, посебно ВМРО, по доаѓањето на власт на владата на Александар Цанков таа ги влошила нејзините односи со македонската емиграција во Бугарија, со што ризикувала да го изгуби своето влијание врз состојбите поврзани со македонското прашање. Во почетокот на 1924 година, бугарската влада се повеќе подлегнувала на притисокот од соседното Кралство на СХС во однос на нејзините односи со организацијата ВМРО. Таквата состојба ја забележал и членот на Задграничното Претставништво на ВМРО, Кирил Прличев кој констатирал дека притисокот на Белград дури и по однос на некои незначајни настани предизвикувал паника кај бугарската власт. Поради тоа владата во Софија постојано им нагласувала на претставниците на ВМРО дека нејзиното дејствување претставувало најголема опасност за бугарската држава. При таква положба на постојани закани од владата на Кралството на СХС, бугарската влада им наложила на органите на ВМРО да престанат со испраќање на вооружени чети во Македонија од бугарска територија, да прекинат со четништвото како метод на борба, да се промени тактиката на Организацијата и да се пренесе центарот на "македонската пропаганда" од Бугарија некаде во странство.[475]

Конфликтот на раководните структури на ВМРО со владата на Цанков уште повеќе се продлабочил по една средба со министерот за војна генерал В´лков. Тој од името на бугарската влада ја истакнал неопходноста двајцата

---

[474] Ibid, 591.
[475] К. Пърличев, *36 ГОДИНИ ВЪВ ВМРО,* София, 1999, стр.126.

водачи на ВМРО, Александров и Протоѓеров, за извесно време да ја напуштат Бугарија и да заминат во некоја странска држава со што требало да и овозможат на владата да здивне пред нападите на официјален Белград. Бугарската влада дури не се согласувала и со тоа водачите на ВМРО да се засолнат во Македонија под бугарска власт поради нејзиниот страв дека ќе биде обвинета од страна на Кралството на СХС и Грција за подршка на четничките акции во Вардарска и Егејска Македонија. Од тие причини Тодор Александров и Александар Протоѓеров по извршените проценки за севкупните состојби во самото раководство на ВМРО, за извесен временски период ја напуштиле Бугарија и заминале во странство.[476]

Во 1924 година се случил отворен конфликт помеѓу владата на Цанков и раководството на ВМРО, која како организација во тоа време имала најголемо влијание врз Македонците во Бугарија. Во едно писмо од Тодор Александров од јуни 1924 година, тој се осврнал на односот на бугарскиот министер Русев, кој според Александров бил многу штетен за Бугарија и "од извесно време тој станал крајно дрзок и предизвикувачки кон ВМРО".[477] Министерот Русев пред еден пратеник-Македонец во бугарското собрание се заканил дека ќе ги фати убијците на Грашев и Карамфилов, алудирајќи дека тие биле од редовите на ВМРО. Русев истакнал дека токму поради таквите акти на ВМРО, Бугарија личела на Персија(денешен Иран, н.ж.) и дека организацијата ВМРО без Бугарија била нула. Во однос на тие обвинувања Тодор Александров му одговорил дека "за голема жал во Бугарија има многу Царства во Царството. Од тие Царства најлошо за бугарското племе е Царството на Русевштината, а најбезвредно-за да не кажам најкорисно е **Царството на Македонците**".[478] Во однос на убиствата на Грашев и Карамфилов, Александров истакнал дека тоа било корисна работа за ВМРО, но дека Организацијата не стоела зад нивните убиства и тоа на Петков, туку дека се убиени или од граѓани што не можеле да ја трпат нивната тиранија или пак од луѓе блиски на министерот Русев. Понатаму во писмото Александров истакнал дека ако во Бугарија постоела власт како таа на Стамболиски и

[476] Ibidem.

[477] ДАРМ, фонд Тодор Александров, кут.1, "Драги Пандовъ", стр.27; *Тодор Александров-Сé за Македонија*, документи 1919-1924...op.cit.,стр.615-617.

[478] Ibidem, 28.

министерствата се раководеле од луѓе како Русев, тогаш не било чудно што Бугарија била споредувана со Персија или Авганистан, а ќе се поставело и прашањето дали таа може и да опстане како независна држава.[479]

Во однос пак на тврдењето дека ВМРО без Бугарија е нула, Тодор Александров отворено се заканил:"И Стамболиски и Рајко и сите ја сметаа ВМРО за нула без Бугарија и се обидоа да ја уништат и внатре во Македонија под српско ропство-во согласност со српската држава-и во пределите на Царство Бугарија. Резултатите на тој обид се на лице. Ако Русев не добил поука од нив, нека си ги обиде силите". И на крајот, за да биде конфликтот уште попродлабочен Александров уште додал: "Многу греши тој, ако мисли дека **Македонците** не држат до постоењето на независна Бугарија. Напротив Македонците направиле и прават многу повеќе жртви и усилби за закрепнувањето и издигнувањето на Бугарија, отколку можат да допуштат исполитизираните мозоци на сите бугарски властољупци земени заедно".[480]

Бугарија како држава во тој временски период до 1924 година се обидувала и преку разни македонски дејци, пред се од ВМРО и Извршниот комитет на македонските братства, да го претставува македонското прашање пред органите на Друштвото на Народите и другите меѓународни институции, меѓутоа во насока на остварување на бугарските државни интереси. Во писмото на А.Пиперов(веројатно псевдоним, н.ж.) до Александар Протоѓеров испратено од Рим во текот на 1924 година, првиот се осврнал на состанокот што требало да го одржи Советот на Друштвото на Народите во овој италијански град. На дневен ред меѓу другото биле поставени следните точки; 1.положбата на малцинствата општо и посебно на Балканот и 2.прашањето за настраданите како последица од војната, меѓу коишто на прво место биле бегалците во Бугарија(во најголем број Македонци, н.ж.). Според Пиперов, неопходно било во Рим веднаш да дојде Тома Карајовов-човек од интелектуалните кругови во ВМРО, за да оствари контакти и средби во тамошната средина и преку печатот да го подготви општественото мислење во Италија да се застапи за малцинските права во Југославија. Од друга страна пак бугарската власт требало да пронајде новинари, кои во италијанскиот

[479] Ibid.
[480] Ibid, 29.

печат ќе нагласеле какви биле страдањата на македонските бегалци и какви "жртви" правела бугарската власт и цела Бугарија за подобрување на нивната положба.[481]

Во врска со истиот настан, А.Пиперов повторно испратил писмо до Протоѓеров и го известил дека состанокот на Советот на Д.Н. се одржал и Тома Карајовов кој пристигнал подоцна, не можел да преземе никаква акција пред Друштвото, но можел во однос на тоа да биде полезен и во Тирана, Албанија. Таму, според Пиперов, тој можел да оствари контакти со некои важни политичари. Пред почетокот на заседанието на Д.Н., Пиперов го известил Алексадар Протоѓеров дека извесниот Гоце Радев, што веројатно требал да лобира по однос на македонското бегалско прашање, не сторил ништо за да придобие новинари или италијанското општествено мислење за овој проблем. Пиперов исто така дознал дека немало официјална постапка од Бугарија или од бугарската делегација да се стави на дневен ред ова прашање барем во сесијата на Друштвото во текот на месец март 1925 година. За да биде бегалското прашање позитивно решено, придонес можел да даде споменатиот Гоце Радев, кој според Пиперов, не успеал да го придобие општественото мислење и дипломатските кругови за таа цел. Ако претходно го подготвел тамошното јавно мислење, според писмото, бегалското прашање имало големи шанси да биде позитивно решено на една од тие седници на Друштвото на Народите.[482]

Влијанието на бугарската државна политика кон сегменти во македонското револуционерно движење имало не ретко пресудно значење за изградувањето на ставови кон македонското прашање. Во шаренилото од македонски организации се јавиле повеќе мислења околу државно-националниот статус на Македонија. Еден дел од македонскиот револуционерен кадар сметал дека македонското прашање во секој поглед треба да се поврзи со официјалната политика на Бугарија од причина што застапувале ставови дека проблемот претставувал "општо бугарско" прашање. Од друга страна кај поединци од македонската емиграција во Бугарија се повеќе било застапено гледиштето дека македонското прашање има самостоен

[481] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.4, "Драги Ангеле", стр.55/56.
[482] Ibidem, "Драги Ангеле", 60/61.

карактер, и во однос на националноста и во однос на државноста. Таквите тенденции за посебноста на прашањето од сите негови аспекти се појавиле и во раководните структури на ВМРО која тогаш се наоѓала на највлијателната позиција во хиерархијата на македонското револуционерно движење. Самостојните и независни позиции по државниот и национален статус на Македонија, започнал да ги застапува особено Тодор Александров, по конфликтот со бугарската влада на Александар Цанков, којшто судир како таков се заканувал да заземе слични размери со оној од времето на владата на Стамболиски. Зачестените македонски национални ставови по македонското прашање дополнително ја ангажирале бугарската влада која се плашела да не ја изгуби во целост контролата врз ВМРО и другите македонски организации во Бугарија.

## 6.3. Одразот на српско-бугарските односи на ВМРО и другите македонски организации во периодот од 1919 до 1924 година

Интензитетот на српско-бугарските односи и степенот на застапеноста на македонското прашање имал големо влијание врз организациите во македонското ослободително и револуционерно движење. Хетерогеноста и понекогаш нејасните ставови по однос на македонското прашање во редовите на ВМРО и другите македонски организации во Бугарија се огледувале и преку многубројните писма, извештаи и преписки помеѓу нејзините раководни личности. На 3 мај 1920 година било испратено писмо од Ефтимов до членот на ЦК на ВМРО, Александар Протоѓеров во кое тој се запознавал со состојбата на малцинствата во Кралството на СХС. Таквиот договор за малцинствата, според Ефтимов бил поволен и ги водел работите во вистински правец. Во поглед на состојбата во Македонија под српска власт тој му предложил на Протоѓеров дека "треба да го поставиме оганот внатре и од внатре да избувне барањето за приложување на тој договор". Во однос на начините за остварување на малцинските права, Ефтимов истакнал дека постоеле две патишта: нелегален и легален-по законски пат во Југославија. Според него бил избран вториот пат, но без откажување на услугите и од првиот, за што тој апелирал до Протоѓеров нужно да бидат организирани и студентите-

Македонци во Загреб и Белград. Тие според соопштението на високиот раководител на ВМРО, Тома Карајовов, "носеле бугарски дух".[483] Неизградениот или неискажан став на дел од студентите по однос на нивната национална припадност, Карајовов го објаснувал на уште похаотичен начин. Тој истакнал дека студентите "протестирале кога им рекле дека се Срби. И не смеејќи да се кажат Бугари, се кажувале Југословени. Тие наши браќа треба да ги организираме и да ги фрлиме во извесна насока за народно корисна дејност".[484] Во контекст на таквата цел според високиот раководител на ВМРО се подразбирало и дејствување преку граница, но за да биде тоа поуспешно тој предлагал најпрвин да се започне со акција во внатрешноста на Кралството на СХС. Согласно тоа започнале и подготовки за воспоставување на организациска мрежа на ВМРО во Вардарска Македонија. Во писмото што Тодор Александров на 13 јули 1920 година го испратил до Протогеров, тој го известувал дека работите на теренот се одвивале добро. Според Александров организирањето на селата во Македонија под српска власт, како и воспоставувањето на каналите за оружје се одвивало многу брзо и лесно. Воспоставувањето на организациската мрежа на ВМРО Тодор Александров го вршел во текот на ноќта при што обиколувал 2 до 3 села. Иако со таквите подготовки претежно биле опфатени планинските села, сепак Александров за истата цел испраќал и оделенија од 2-4 души и во полските села, а во таквите намери се служел со испраќање на писма или го користел влијанието на поранешните раководители на ВМРО од тие краишта. Во врска со зацврстувањето на организациската поставеност на ВМРО во Вардарска Македонија, Александров во својство на член на ЦК му предлагал на Протогеров на теренот да заминат и други организациски работници и тоа во Битолско и Скопско.[485]

Со ваквото проширување на нејзината организациска мрежа, ВМРО напоредно со изведувањето на вооружените напади во Кралството на СХС започнала да ги истакнува и своите политички барања во однос на статусот на Македонија. Во едно писмо од Тодор Александров упатено до Александар

[483] ДАРМ, фонд Александар Протогеров, кут.4, Др.бр. Александре, стр.112.
[484] Ibidem.
[485] ДАРМ, фонд Александар Протогеров, кут.1, Др.Ангеле и Торлаков, стр.270; Тодор Александров-*Се за Македонија, документи 1919-1924*...op.cit.,469.

Протоѓеров во 1921 година тој меѓу другото зборува "за создавање федеративна Југославија со рамноправна членка цела Македонија со Солун, Петрич, Џумаја, Мелник, Неврокоп и др."[486] Околу овој момент Александров го искористил разговорот меѓу двајца бугарски политичари, од кои едниот веројатно бил член или близок со бугарската влада, при што се повикувал на нивниот предлог дека во случај на остварување на таа идеја, Бугарија била спремна да го отстапи Пиринскиот дел од Македонија на таа евентуално обединета Македонија во федерална Југославија.[487]

На се понагласеното политичко поставување на македонското прашање од ВМРО, се активирале обидите на владата на Кралството на СХС да се потчини оваа, но и другите македонски организации на нејзината државна стратегија кон ова прашање. Таквите обиди резултирале во 1921 година кога во редовите на ВМРО се случил внатрешен расцеп и од неа се одвоила една група предводена од Славе Иванов, Стојан Мишев и Тодор Паница кои создале нова организација - МФРО (Македонска федеративна револуционерна организација). Српските безбедносни фактори успеале да создадат еден проект за борба против ВМРО, во кои влегувало и создавањето на МЕФО, но тоа се држело во најголема тајност и се водело под ставката строго доверливо.[488]

Под обвинение дека Тодор Александров се ставил во служба на бугарските државни интереси и отстапил од вистинските цели на македонската борба, групата околу Славе Иванов започнала отворена вооружена борба против ВМРО. Новата македонска организација МФРО исто така сметала дека ВМРО е голем непријател на "солидарноста и братството на балканските словени" и затоа и жестоката четничка акција на групата Иванов-Мишев против своите довчерашни соборци и другари. Според српскиот проект за борба против ВМРО, единствено што и недостасувало на МФРО биле финансиски средства за нејзино вооружување и пропагандна активност. Од тие причини Славе Иванов решил да побара контакт со српското дипломатско претставништво во Софија. На таков чекор Иванов како еден од раководните личности на федералистите се решил поради тоа што "дошол до заклучок дека

---

[486] Ibidem, кут.1, Драги Ангеле и Торлаковъ, стр.277.
[487] Ibid.
[488] АСЦГ, фонд бр.37, кут.бр.22, Пројекат за продужење борбу против тајне револуционарне организације уперене против Југославије, стр.334.

само од Белград може да се бара помош и никако од друго место".[489] Во врска со таквото негово решение за контакти со српската власт, Иванов го известил само Стојан Мишев кој се согласил, но му сугерирал дека за врските помеѓу МЕФО и владата во Белград, не смеел никој да знае.

На таквите сигнали за зближување реагирале српските разузнавачки служби кои внимателно го следеле разгорувањето на борбата помеѓу МЕФО и ВМРО. Веднаш била организирана средба помеѓу српскиот дипломатски претставник во Софија, Милан Ракиќ и поранешниот комитски војвода Славе Иванов кој поставил неколку услови за соработка: 1. Сите потребни материјални и финансиски средства од владата на Кралството на СХС за водење борба против ВМРО; 2. Во случај федералистите да ја изгубат борбата против ВМРО на бугарска територија да им се овозможи слободно преоѓање на српска територија каде би се продолжило со вооружениот конфликт и 3. На сите поранешни четници и војводи на ВМРО што преминале во српска служба да им се даде амнестија за сите дела од 1915 година.[490] Ваквите барања биле веднаш пренесени на претседателот на владата на Кралството на СХС, Никола Пашиќ, кој разбирајќи го значењето на федералистите во неговите планови околу македонското прашање, не само што се согласил со поставените услови, туку и одвоил и одредена сума на пари за борба против ВМРО. По уништувањето на федералистичките центри од четите на ВМРО во Пиринска Македонија, најголемиот дел од членството на МЕФО побегнало во Кралството на СХС каде со помош на српската власт го продолжило своето дејствување. Славе Иванов, по инструкција на властите во Белград не се вратил во Кралството на СХС и со српска финансиска помош заминал во Виена каде се зафатил со пропагандна активност.[491]

Судирот помеѓу ВМРО и МЕФО ескалирал во текот на 1922 година кога центрите на федералистите биле нападнати и уништени во градот Ќустендил и гратчето Неврокоп во Пиринскиот дел на Македонија. Особено жесток бил судирот при нападот на Ќустендил кого четите на ВМРО и селската милиција предводени од војводите Панчо Михајлов-Чавдар и Иван Јанев-Брло, целосно

[489] Ibidem, 335.
[490] Ibid.
[491] Ibid, Проекат за продужење борбу...op.cit., 336.

го ставиле под своја контрола. Бугарската војска и полиција во градот која во голем дел била симпатизер на идеите на ВМРО, речиси и да не се спротивставила на комитските чети на оваа македонска организација. Заради пропагандно-политички цели, во Ќустендил пред граѓаните се обратил и војводата Михајлов кој се обидел да ги објасни намерите на ВМРО по воспоставувањето на целосната контрола на градот. Според него, ВМРО немала за цел за цел да ја собори бугарската власт, затоа што во статутот на организацијата било отфрлено "мешање во внатрешните работи на Бугарија".[492] Главната причина за Михајлов-Чавдар била казнувањето на македонските федералисти кои имале извршено убиства врз членови на ВМРО и според неговите тврдења, непречено од бугарската власт се движеле и живееле во овој град. Токму заради тоа, преку отворениот говор на Панчо Михајлов во Ќустендил, ВМРО од владата во Софија побарала апсење на членовите на федералистичката организација во сите бугарски градови, целосна неутралност на бугарската власт "спрема нашите расправии"(македонските, н.ж.) и назначување на "чесна администрација" во населените места во Пиринска Македонија.[493] Во обраќањето до ќустендилските граѓани, војводата на ВМРО не заборавил уште еднаш да ја потсети бугарската јавност на конфликтот на оваа македонска организација со бугарската земјоделска власт. Под обвинение дека ги потпомага федералистичките чети и дека премногу ја насочил надворешната политика кон властите во Белград, ВМРО барала од бугарскиот премиер Стамболиски да ги корегира своите постапки "зошто тој не е сопственик на Македонија, за да ја подарува".[494]

Заземањето на Ќустендил од страна на четите и селската милиција на ВМРО претставувало сериозен удар врз бугарската влада на Стамболиски. Состојбата не била опасна само за уставниот поредок во тој дел на бугарската држава, затоа што "владата во Софија се исплашила Македонскиот одред да

---

[492] *Речта на войводата Панче Михайлов в Кюстендил-Защо дойдохме?,* София, 1999, стр.3.

[493] Ibidem, 4/5.

[494] Ibid, 5.

не тргне за таму и да ја собори од власт".[495] Таквото звецкање со оружје на релација ВМРО-влада на Стамболиски можело да предизвика сериозна внатрешна криза во Бугарија поради што за смирување на тензиите и за преговори со војводата Панчо Михајлов бил испратен лично министерот за војска, Коста Томов. По завршените преговори, владата на Стамболиски се согласила на отстапки кон ВМРО поради нејзината инфериорна положба. Откако биле задоволени барањата на Михајлов за предавање на извесна група на федералисти на органите на ВМРО, четите и селската милиција се повлекле од градот.[496] Но со тоа не бил решен спорот помеѓу ВМРО и бугарската влада која и понатаму во голем дел ги потпомагала македонските федералисти како сегмент во македонското револуционерно движење. Во судирот, федералистичката струја била подржана и од владата на Кралството на СХС. Тоа претставувало само почеток на долгогодишниот конфликт и на обидите за наметнување на сфери на влијанија на српската и бугарската државно-политичка стратегија во сите организации на македонското национаослободително и револуционерно движење.

Односите помеѓу владите во Белград и Софија кои имале допирни точки со македонското прашање се отсликувале и врз состојбите во Извршниот Комитет на македонските братства кој како организација дејствувал легално во политичкиот живот во Бугарија, но неговата активност била речиси идентична со ВМРО. Своите ставови по однос на македонското прашање, Извршниот Комитет ги искажувал во печатениот орган "Македонија", каде во 1922 година вработување побарал и идниот член на ЦК на ВМРО, Ванчо Михајлов, кој во своето образложување до раководните структури на весникот, покрај соодветниот степен на образование ги истакнал и неговите познанства во Загреб со уредниците на "хрватските бугарофилски весници".[497] И покрај хетерогениот состав на оваа македонска емигрантска организација и различните ставови, внатре помеѓу самите братства, околу решавањето на

[495] Циркулар. Тајно. До раководителите на окрузите и до околиските војводи во Македонија, зборник Тодор Александров-*Се за Македонија, Документи 1919-1924*, op. cit., стр.115.

[496] Ibidem, 117.

[497] ДАРМ, фонд Македонски Национален Комитет(МНК), кут. 3а, Заявление отъ Иванъ Михайловъ ул."Балкан"бр.2, София до господ.Претседатела на Испълнителния комитетъ на Македонските благотворителни братства въ България, стр.1.

македонското прашање кон неа имало тенденција за присоединување и на други македонски организации. На 26 јануари 1922 година, Македонската католичка лига со седиште во Софија му соопштила на Извршниот Комитет дека сака да биде претставена на обединувачкиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија. Оваа организација во писмото до Комитетот наведувала дека и покрај различните националности во неа, таа претставувала оформена организација, која со ништо не се разликувала од братствата и другите македонски емигрантски организации "освен со широките врски со организираниот католички свет на запад, чијашто морална поткрепа никој друг освен Лигата, не може да привлече во полза на **македонската кауза**."[498] За таа цел оваа организација предложила и свои делегати за обединувачкиот конгрес: Јордан Димитров, Младен Николов и Илија Танев.[499]

На почетокот на 1922 година започнале се повеќе да се чувствуваат последиците од односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија, посебно врз состојбите во автономистичката ВМРО. Несогласувањата кои во голем дел биле резултат и на влијанијата на државно-безбедносните фактори во Белград и Софија создавале се повеќе предуслови за конечен расцеп во редовите на оваа организација. Ваквите настани биле констатирани и во писмото од "Кољо"(псевдоним) до Александар Протогеров испратено од Виена на 7 јуни 1922 година. Посебно внимание во неговата содржина било посветено на несогласувањата помеѓу Тодор Александров и неговиот дотогашен близок соработник Славе Иванов, кој по продлабочувањето на конфликтот преминал во служба на Кралството на СХС. Во тој контекст, членови на организацијата го предупредувале Протогеров дека секое негово парично потпомагање на Иванов дури и со согласност на третиот член на ЦК на ВМРО, Петар Чаулев можело да биде погрешно протолкувано, што од своја страна би довело до уште поголеми недоразбирања.[500]

Затоа испраќачот на писмото од Виена повикал на средување на внатрешните состојби во ВМРО, со создавање на клима на взаемна доверба без која, според него, не можеле да се остварат никакви цели. И покрај

---

[498] Ibidem, кут.4, Македонска католическа лига бр.28 до господина претседателя на Изпълнителния Комитет на Съюза на македонските братства в България, стр.1.

[499] Ibid.

[500] ДАРМ, фонд Александар Протогеров, кут.2, Мили ми чичо Ангеле, стр.188.

ваквиот апел, длабоката поделеност помеѓу раководителите на ВМРО се установила со заклучоците според кои се предлагало на Славе Иванов да не му се дава ништо, додека за тоа не се добиела согласност од Тодор Александров.[501] Иако на повидок бил длабок раскол во редовите на ВМРО, раководителите на оваа македонска организација се обидувале и понатаму да го задржат престижот сред македонската емиграција во Бугарија. Тодор Александров како најважна фигура во ЦК на ВМРО се обидувал да докаже дека Организацијата останала верна на изворните принципи на македонското револуционерно движење од крајот на 19 и почетокот на 20 век. Според Александров, ВМРО била "самостојна и непартиска; таа не се меша во внатрешните работи на Царство Бугарија, ниту зема страна во тамошните партиски борби".[502]

Големото влијание на различните фактори во Кралството на СХС и Бугарија посебно врз состојбите во ВМРО особено дошле до израз во Пиринскиот дел на Македонија во почетокот на 1923 година. Околиските претставници на бугарската власт во овој дел на државата констатирале дека меѓупартиските борби на опозицијата и владеачкиот БЗНС ја достигнале својата кулминација. Во тие внатрепартиски политички борби во Бугарија, опозицијата чувствувајќи дека нема доволно моќ за преземање на власта побарала сојузништво од ВМРО, "којашто во Петричкиот округ се роди и разви во други услови и се создаде за сосема различни од оние на блокот, цели."[503] На тој начин оваа организација директно или индиректно се вмешала во внатрешните работи на Бугарија, што од своја страна предизвикало понатамошно раслојување во нејзините редови. Заземањето опозициона страна на ВМРО во тие внатрешни борби за власт во Бугарија можело и да се претпостави поради нејзините непријателски односи со владата на Александар Стамболиски, а таквиот правец на оваа македонска организација го забележале и други претставници на земјоделската власт, коишто "ја

---

[501] Ibidem.

[502] Циркулар.Тајно. До раководителите на окрузите и до околиските нелегални групи во Македонија, зборник *Тодор Александров-Се за Македонија*, документи 1919-1924...op.cit., 77.

[503] ДАРМ, фонд Сребрен Поп Петров, кут.1, Лично-тайно-истинска картина за положението в Петричкия окръг, Петричко окр.управление до господина министра на вътрешните работи-София, стр.63.

допуштаа таа возможност, дека Организацијата во Округот(се мисли на ВМРО, н.ж.)-дури и онаа во цела Македонија-решила да служи на тој блок."[504]

По државниот преврат во јуни 1923 година, раководството на ВМРО се обидувало да се дистанцира од учеството во тие настани, меѓу другото и поради опасноста од губењето на подршката кај македонскиот народ во Пиринска Македонија. Затоа преку разните програмски документи се негирала вмешаноста на ВМРО во бугарскиот политички живот. Во септември 1923 година, Тодор Александров јавно се дистанцирал од секакво учество во "генералната политика на бугарската влада". Александров исто така остро се спротивставил на според него, гласините за големото влијание на ВМРО врз политиката на тогашната бугарската влада. Непријателските односи со поранешната влада на Стамболиски, водачот на ВМРО ги објаснувал и оправдувал поради тоа што земјоделската власт "во договор со српската влада, се беше зафатила со мизерната улога да ја уништи ВМРО" и затоа "последнава беше во положба на законска одбрана".[505] Со тоа раководството на ВМРО заклучило дека учеството во соборувањето на владата на Стамболиски, повеќе било "морално", со што се отфрлало "секакво сомневање за замешаност во внатрешниот партиски и политички живот на Бугарија".[506]

Тврдењата за силното влијание на владата на Цанков врз оваа македонска организација се обидувал да ги демантира членот на ЦК на ВМРО, Тодор Александров, кој сакал да ја увери бројната македонска емиграција во Бугарија, но и меѓународната јавност дека целите на овој сегмент од македонското револуционерно движење биле поинакви. Така на 21 октомври 1923 година, весникот "Обзервер" излегол со статија која ги објаснувала целите и задачите на ВМРО. Генералот Томсон тврдел дека идеалот на ВМРО и на Тодор Александров бил "**независна Македонија** во границите определени во 1912 година, но тој е готов на компромис на базата на **автономна Македонија**, којашто би ги вклучила грчките и српските области(коишто беа

---

[504] Ibidem.

[505] Карактерот на македонското движење, Декларација на Внатрешната македонска револуционерна организација, зборник Тодор Александров-*Се за Македонија, документи 1919-1924*...op.cit., 221.

[506] Ibidem, 221/223.

исклучени во 1912 година) и би составувала дел од една преуредена Југославија под федерално управување".[507] Според Томсон поголемиот дел од македонските политичари би го прифатиле таквото решение на македонското прашање кое било единствено возможно во една таква тешка состојба на Балканот, но официјален Белград не се согласувал со тоа.[508]

Меѓутоа, за состојбите во ВМРО и привлекување на дел од нејзиното членство во служба на Кралството на СХС се интересирал и официјален Белград. Во 1923 година, според едно доверливо писмо на ВМРО, пратеникот во Народната Скупштина, Димитриевиќ преку извесниот велешанец Милан, веројатно член на Организацијата сакал да им соопшти на Тодор Александров и Александар Протоѓеров дека властите во Белград знаеле за подготовките на ВМРО за нејзино вооружено дејствување во Тракија.[509] На таквите обиди за четничко дејствување во други региони што не ги засегнувале српските интереси, Кралството на СХС немало ништо против.[510] На оваа констатација бил додаден ироничен одговор од раководството на ВМРО, кој бил одраз на длабокиот раскол во редовите на македонското револуционерно движење: "Чудна сугестија. Останува да биде испратено до Ѓорче(не е јасно споменувањето на името на Ѓорче Петров затоа што тој бил убиен пред две години, н.ж.), Павле и другите, за да добијат пари и оружје за тоа движење од нашите "добродетели" Југословените. На Димитриевиќ требало да му кажат: а Македонија."[511]

Расколот во редовите на ВМРО, за кој значајно влијание имале и односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија се продлабочил кон крајот на 1923 година. Помеѓу членството во оваа организација се барало надминување на проблемите и тоа на тој начин што за надминување на најчувствителните проблеми требало лично да разговараат раководните личности во ЦК, Александров и Протоѓеров. Наспроти ваквите барања, односите помеѓу последните двајца се повеќе се заладувале, додека третиот член на ЦК, Петар Чаулев не само што бил разрешен и отстранет од неговата раководна

[507] ДАРМ, фонд Тодор Александров, кут.1, стр.188.
[508] Ibidem.
[509] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.2, Драги Ангеле, стр.55.
[510] Ibidem.
[511] Ibid.

позиција, туку бил исключен и од самото членство во Организацијата.[512] Петар Чаулев бил отстранет и маргинализиран од раководството на ВМРО поради неговите се почести контакти со Коминтерната и Советскиот Сојуз и затоа што долги години останал во странство и не се враќал во Македонија и пред се бил обвинет за "своите големи политики во Тирана..."[513]

Во почетокот на 1924 година раководството на ВМРО се обидувало да се ослободи од влијанието на бугарската влада на Александар Цанков и за таа цел покрај започнатите преговори за обединување со МЕФО, а под покровителство на СССР и Коминтерната, се повеќе истапувало со изјави кои имале за цел да ја дистанцираат Организацијата од внатрешниот политички живот во Бугарија. На тој начин Тодор Александров како раководечка личност во ВМРО се обидел да го запре понатамошното раслојување во оваа организација и да се спротивстави на обидите на Кралството на СХС и Бугарија да ја искористат неа во своите планови кон Македонија.

На 3 јануари 1924 година, Александров упатил предупредувачко писмо до министрите Калфов и Русев и им се заканил дека доколку не отстранат неколку функционери од владата што со своите постапки ги засегнувале интересите на македонските бегалци во Бугарија, тогаш ВМРО била спремна да ги казни истите согласно на своите програмски одредби. Исто така, за да повторно го издигне независниот карактер на Организацијата, Тодор Александров им предочил на бугарските министри дека "ВМРО не ги свртува своите погледи ниту на запад, ниту на исток, ниту на друго место; таа смета претежно на своите сили, не станува орудие никому и нема да дозволи никој да се служи со нејзиното име и престиж за лични и други цели."[514]

Од бугарската државна политика кон македонското прашање започнале да се оградуваат и другите македонски емигрантски организации кои се повеќе го потенцирале независниот карактер на македонското револуционерно и националноослободително движење. На 17 април 1924 година, Илинденската организација испратила декларација до бугарската влада во која барала од официјална Софија да го признае самостојниот карактер на македонското

[512] Ibid, кут.2, Мили чичо Ангеле, стр.260-261.
[513] Ib., 264.
[514] ЦДА, фонд 369, оп.1, а.е.23, Уважаеми г.г. Министри Русевъ и Калфовъ, стр.1-2.

прашање и да разбере дека "бугарскиот државен патриотизам, со којшто често сакаат да се китат бугарски државници од 1890 година и до денес, и македонски патриотизам се две нешта, меѓу кои не само што нема ништо заедничко, но коишто се во противречност...".[515]

Овие активности претставувале вовед во обидите за обединување на сите сили во македонското револуционерно движење што се воделе со посредство на СССР и Коминтерната и завршиле со потпишување на Мајскиот Манифест во 1924 година. Овој програмски документ претставувал пресвртница во однос на барањата за решавање на македонското прашање, за кое сега освен негово државно-политичко решавање, македонското револуционерно движење го истакнало и посебниот македонски национален белег. Таквиот развој на настаните во правец на обединување и заедничко формулирање на барањата на организираното македонско револуционерно движење за правилно решавање на македонското прашање ги алармирал државните фактори, пред се во Софија, но делумно и во Белград. Од страна на бугарската влада на Александар Цанков бил извршен силен притисок врз клучните личности во македонското револуционерно движење, особено врз Тодор Александров, со цел да се спречи декларативно најавеното обединување на македонските емигрантски организации околу ВМРО и да се разбие новата политичка платформа за решавање на македонското прашање. Таквиот притисок го нарушил кревкото единство кое било изградено врз принципите на Мајскиот Манифест и повторно ги активирало старите внатрешни поделби во редовите на македонското револуционерно движење.

По јавното публикување на Манифестот, Александров и Протоѓеров се откажале од своите потписи врз овој документ што од своја страна не само што го одложило обединувањето со МЕФО, туку создало и нови внатрешни раслојувања во организацијата ВМРО. Против членот на ЦК на ВМРО, Тодор Александров веќе подолго време постоела внатрешна организациска опозиција, која користејќи ја новонастаната положба го поттикнувала незадоволството против дотогаш неоспорниот авторитет на Александров и барала негова замена од позицијата. Во таквите обиди кои делумно имале и

[515] ЦДА, фонд 396, оп.2, а.е.54, До Господина Председателя на Министерския Съветъ, стр.2.

надворешен карактер, се упатувале писма до вториот член на ЦК, Александар Протоѓеров, каде се истакнувал нарушениот авторитет на Александров и каде се констатирало дека "ВМРО се разложува и руши...пред нашите очи".[516]

Во 1924 година, непосредно пред убиството на Тодор Александров се повеќе се засилувала улогата на Иван Михајлов во самиот врв на автономистичката ВМРО. Неговите изјави дадени во одбрана на раководството на оваа организација и нејзината политика по македонското прашање претставувале вистинска рефлексија на влијанието на различните политички гарнитури во Кралството на СХС и Бугарија врз состојбите во македонското револуционерно и национално ослободително движење. Михајлов во едно писмо упатено до Александар Протоѓеров отворено ја истакнал својата лична нетрпеливост кон Димо Хаџи Димов, а по повод еден негов говор за значењето на Илинденското востание од 1903 година. Според Михајлов говорот на Хаџи Димов бил комунистички и во него тој не споменал или изопачил голем број на настани и факти.[517]

Коментарот на Михајлов најмногу се задржал за мислењето на Димо Хаџи Димов околу борбите помеѓу централистите и врховистите и атентатите што десничарската ВМРО ги организирала во 1912 година. Според говорот на Хаџи Димов во тој временски период(1912 год.,н.ж.)веќе не постоела организацијата ВМРО и сите вооружени акции се извршувале од официјална Бугарија. Исто така во однос на тоа овој деец од македонската левица ја обвинил ВМРО на Тодор Александров дека тогаш за свои цели поставувала динамит на "невини магариња" коишто намерно биле носени на пазарите за да предизвикуваат експлозии кои донесувале хаос.[518] Според таквото тврдење на Хаџи Димов "подобните луѓе сега имале право да се поклонуваат само на ушите на магарињата", но не и да зборуваат за автономија на Македонија и затоа спасот за Македонија се очекувал само од болшевичка Русија.[519] На тоа му се спротивставил Михајлов кој таквите тврдења и тези ги отценил како несериозни.[520]

---

516 ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.1, Драги Илия, стр.526.
517 ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.3, Драги Ангеле, стр.346.
518 Ibidem, 347.
519 Ibid, 348.
520 Ib.

До 1924 година, владите на Бугарија и Кралството на СХС интензивно се мешале во внатрешните работи на организациите во македонското револуционерно движење. Таквата политика предизвикала создавање на предуслови за внатрешно раслојување и длабока поделба помеѓу македонскиот револуционерен кадар без оглед на неговата идеолошка провиниенција. Српските и бугарските сфери на влијанија кај различните македонски организации предизвикале и создавање на нови организации, кои владите во Белград и Софија се обидувале да ги стават под своја контрола. На тој начин Кралството на СХС успеало да привлече на своја страна една група на незадоволни македонски дејци од ВМРО и со парични средства да ја помага новата организација МЕФО во борбата против довчерашните соборци. Бугарската влада на Цанков пак вршела притисок врз раководството на ВМРО да му наметне свои ставови по македонското прашање. Но во 1923 и 1924 година, ВМРО и другите македонски организации од Бугарија под влијание на заложбите на поголем дел од македонската емиграција, ја прифаќале програмата за создавање на независна македонска држава, правејќи јасна дистинкција помеѓу македонското и бугарското прашање. Во 1924 година како клучна година во напорите за постигнување на македонско национално единство се случило убиството на Тодор Александров по што следувале нови премрежија и поделби во македонското револуционерно движење кој овозможиле повторно наметнување на бугарските државно-политички ставови кон Македонија.

## 6.4. Српско-бугарското влијание врз македонските организации и нивните ставови по македонското прашање од 1924 до почетокот на 30-тите години

По убиството на Тодор Александров повторно се појавиле тенденции од владеачките фактори во Бугарија кои оделе во правец на воспоставување контрола над автономистичката ВМРО. Вториот член на ЦК, Александар Протоѓеров иако без доволна моќ, се обидувал да се спротивстави на политиката на поистоветување на ВМРО со бугарските државни интереси околу македонското прашање. Во октомври 1924 година Протоѓеров издал

писмени инструкции до членовите на ЗП на ВМРО во кои ги советувал да ја концентрираат својата активност во правец на отстранување на целосната "болшевизација" на оваа македонска организација. Според него ВМРО не можела да си дозволи создавање на непријатели по македонското прашање кај "буржоаските" европски држави согласно комунистичката идеологија дека СССР и Коминтерната имаат единствено правилен став околу државнонационалниот статус на Македонија. Но тоа, според членот на ЦК на ВМРО, не значело дека се аргументирани неоснованите обвинувања дека Организацијата се здружила со владата на Александар Цанков.[521] Александар Протогеров како еден од раководителите на ВМРО сметал дека "Организацијата бдее за интересите на Македонија и ќе се спротивстави на секоја партија, којашто води политика спротивна на интересите на Македонија".[522] Тој уште еднаш го нагласил веќе неколку пати повторуваниот став дека ВМРО нема да се меша во внатрепартиските борби за власт во Бугарија, иако сите политички фактори ја посакувале неа како свој сојузник.[523]

Меѓутоа, токму новиот член на ЦК на оваа организација, Иван Михајлов, ја насочил политичката активност во правец на бугарските државни планови кон Македонија. Во ноември 1924 година задграничните претставници на ВМРО го известувале членот на ЦК, Протогеров за внесените заклучоци во Меморандумот што бил испратен до Друштвото на Народите во Женева. Во Меморандумот ВМРО ги изнесувала следните барања по однос на македонското прашање во Кралството на СХС: спроведување на меѓународните договори за малцинствата од страна на владата во Белград, повторно обновување на егзархиските цркви и училишта, дозвола за враќање на егзархиските свештеници, владици и учители во Вардарска Македонија под српска власт, право на верски, политички и културни здруженија, враќање на целата македонска емиграција од Бугарија, полна културна автономија и граѓански, политички и национални права.[524] Доколку се задоволеле таквите барања, ВМРО изјавувала дека е подготвена да се претвори во легална

---

521 Драги Пандов, *Петъофи и Бадев. Зборник*: Убийството на Тодор Александров (изследване и документи), София, 2002, стр.104.
522 Ibidem, 104.
523 Ibid.
524 ДАРМ, фонд Александар Протогеров, кут.2, Драги Миле и Илия, стр.313/314.

општествена сила и со легални политички средства да се бори за самоуправен статус на Македонија и создавање на Балканска федерација. До остварувањето на таквите предуслови таа го задржувала правото да ги применува револуционерните методи на борба.[525]

Кон крајот на 1925 година во внатрешните работи на организацијата ВМРО се вмешале и политички и безбедносни фактори од Кралството на СХС. Високи раководни личности од ВМРО кои биле придобиени за потребите на српската кауза биле во постојан контакт со владата во Белград и ја известувале за секој преземен чекор околу македонското прашање. Идентитетот на личноста не може со сигурност да се утврди, иако согласно неговите активности потврден е податокот дека тој живеел и работел во Македонија под српска власт. Во периодот од 24 до 28 декември 1925 година српскиот разузнавач од Вардарска Македонија остварил средби со Михајлов, Протоѓеров, Поп Христов, Шкартов, полковникот Каблешков и успеал да го извести официјален Белград за нивните најнови планови околу Македонија. Најмногу податоци за дејствувањето на ВМРО дознал од Ѓорѓи Поп Христов, а довербата кон овој човек отишла до тој степен што бил избран и во некои внатрешни тела на оваа организација.[526]

На средбите со најтесното раководство на ВМРО, доверливиот човек на Белград дури се осмелил и да сугерира привремено да престанат четничките акции во Вардарска Македонија, што било и прифатено поради неповолната состојба за таква борба на теренот. Тој исто така ги известил државните органи на Кралството на СХС дека ВМРО се подготвувала да создаде една легална македонска политичка партија која би го поставила на решавање македонското прашање во Парламентот во Белград и тоа по принцип на резолуцијата на Тодор Александров од 1922 година.[527] Во однос на надворешната политика на ВМРО, владата во Белград уште еднаш констатирала дека таа била исклучително антисрпска и против политиката на зближување помеѓу Кралството на СХС и Бугарија. Како надворешен сојузник за решавање на македонското прашање повторно се посочувала Италија која

---

[525] Ibidem.
[526] АСЦГ, фонд 334, кут.бр.8, а.е.28, Извештај мога путовања до Џумаја и Софије, стр.246.
[527] Ibidem, 247.

била реваншистички расположена кон државните граници на Кралството на СХС. Високиот раководител од ВМРО во српска служба во еден момент во разговорот со Поп Христов успеал да го дознае и името на "силниот човек од Италија"-Д-р Тројани кој бил лично испратен од фашистичката влада во Рим, со цел соработка со оваа организација. Неговата мисија во ВМРО требала да ги запознае раководителите на организацијата со италијанските планови кон Македонија и воопшто Балканот и нејзиното спротивставување на политиката на зближување помеѓу Кралството на СХС и Бугарија.[528] Српскиот разузнавач исто така ја известил владата во Белград за сугестиите на Тројани кон ВМРО во однос на остварувањето на идејата за присоединување на Македонија кон Бугарија што италијанската влада го сметала како противтежа на намерите на Србија за асимилација на Македонците.

За официјален Белград најзагрижувачки вести биле италијанските планови кои оделе во правец на тоа Македонците под ниту еден услов да не го дозволат приближувањето на Бугарија и Кралството на СХС, бидејќи, според нив, во тој случај најголема жртва на таа политика би биле токму-Македонците. Италија како држава била спремна да дејствува во тој правец, со напомена дека Македонија сама морала да реши дали ќе биде самостојна држава или со автономен статус под протекторат на Бугарија или некоја друга земја.[529] Околу својот престој во Горна Џумаја и Софија, доверливиот Македонец на владата во Белград известувал дека во Бугарија постоело големо незадоволство од попустливата политика на Цанков кон Кралството на СХС која со текот на времето можела да ја претвори во "вазална држава". Поради тоа се погласни биле барањата за формирање на нова бугарска влада. Во однос на активностите на ВМРО во Вардарска Македонија, од големо значење за Србија биле разузнавачките податоци кои посочувале создавање на една "македонска радикална партија", а околу организациската поставеност се споменувало името на Д-р Богданов од Велес.[530]

Пред органите на Друштвото на Народите македонското прашање во текот на 20-тите години го поставувале и различните македонски емигрантски

---

[528] Ibid, 248/249.
[529] Ib., 249.
[530] Ib., 251.

организации од Бугарија, кои без разлика на нивната идеолошка насоченост, обрнувале внимание на меѓународната јавност на неподносливата положба, особено на македонскиот народ под грчка и српска власт. Во едно писмо од 1925 година упатено од претседателот на Македонскиот национален комитет(МНК) (порано Исполнителен или Извршен комитет, н.ж.) до институциите на Друштвото, со ироничен тон се барало од европското општествено мислење да обрати внимание на постоечкото македонско прашање. Во однос на тоа, претседателот на МНК меѓу другото го констатирал и следното: "И согласно, ако просветеното Европско општество создава друштва за заштита на животните, нема ли најпосле тоа само да посочи меѓународни институции под чијашто заштита **македонецот** (така стои во оригиналот, н.ж.) да може да живее слободно во својата родна земја и да се оддаде на мирен плодотворен труд благословувајќи го народот и Господ! Нема ли најпосле Друштвото на народите во прво време барем да ги разобличи фалсификаторите на вистината, со што ќе испрати во нашата измачена татковина една анкетна комисија, која што ќе види на местото, дека денес има народ во Европа, којшто нема милост кон истите на себе, барем толку, колку што просветените европски општества имаат кон животните".[531]

Во полза на бугарските државни планови кон Македонија биле и дејствијата и активноста на Националниот комитет на македонските братства и во текот на следните години. На 6 февруари 1926 година во врска со некои сегменти од македонското прашање со свој став се огласило раководството на Македонскиот Национален Комитет во Софија, кој во најголем дел ја координирал својата работа и дејствување со раководството на ВМРО. Оваа организација и приложила 3 програмски документи на бугарската влада кои се однесувале на овој проблем: 1. Резолуција по бегалското прашање, 2. Резолуција до бугарската влада за заштита на "бугарското население" во Македонија под југословенска и грчка власт и 3. Декларација до бугарското општествено мислење од 4-от редовен конгрес на македонските емигрантски

[531] ДАРМ, фонд МНК, кут.6, Председатель на македонският националенъ комитетъ до секретарията на обществото на народите въ Женева, стр.1.

организации во Бугарија.[532] Вакви барања за потенцирање на наводниот бугарски карактер на македонското прашање имало и помеѓу македонски интелектуалци во Вардарска Македонија под српска власт од кои некои биле под директно влијание на овие македонски емигрантски организации во Бугарија, но имало и такви со самостојни ставови. Во јануари 1927 година, новинарот Васил Сеизов во моментот на "бугарски патриотски занес" бил уапсен во градот Кавадарци од страна на полицијата на Кралството на СХС.[533] На судењето што било организирано, Сеизов бил обвинет за обид за отцепување на Македонија од Кралството на СХС и нејзино присоединување кон Бугарија. Посебно е интересен моментот што на прашањето за неговата национална припадност, тој се изјаснил како Југословен, но согласно неговото разбирање на тој поим, под таа категорија ги класифицирал и "Бугарите" од Македонија. Но уште поконтраверзно било неговото ослободување од обвинувањето поради фактот што Сеизов ја поседувал книгата од Херман Вендел "Борба Југословена за слободу и јединство", во која постои едно апсурдно тврдење дека македонскиот револуционер Гоце Делчев имал придонес во борбата за југословенството.[534]

Во почетокот на февруари 1926 година извештаите на српската дипломатско-разузнавачка мрежа од Бугарија регистрирале внатрешна криза во редовите на организацијата ВМРО, која секогаш претставувала објект на интересирање со кој најмногу било преокупирано Кралството на СХС. Тие податоци во голем дел биле веродостојни и најмногу се должеле на различното влијание на српско-бугарските односи. Според српскиот дипломатски претставник во Софија таквата криза во ВМРО била директна последица и на внатрешната состојба во Бугарија која упатувала на потребата од некакво решение за македонското прашање што би предизвикало нормализирање на односите со Кралството на СХС. Српскиот дипломат во Софија колку бил изненаден од кризата во "една цврста и дисциплинирана организација како што е Македонската Внатрешна Револуционерна Организација, која во

---

[532] ДАРМ, фонд МНК, кут.4, Съюзъ на македонските емигрантски организации бр.158, 6 02 26 София до господина министръ председателя и председателъ на министерския съветъ, стр.1.

[533] ДАРМ, фонд Васил Сеизов, кут.1, оп.1, а.е.13, Драги Сашо, стр.47.

[534] Ibidem, 50.

односите кон нас(се мисли на Кралството на СХС, н.ж.)секогаш се одликувала со крајност", уште повеќе бил затечен од истата во редовите на целокупната македонска емиграција во Бугарија.[535]

Околу дејствувањето на организацијата ВМРО се забележувале три различни гледишта поврзани со решавање на македонското прашање и тактиките и борбите во полза на таа цел. Според првата струја, Македонија не требала да бара самостоен или автономен статус, туку да остане во рамките на државните граници на Кралството на СХС. Застапниците на оваа теза сметале дека ВМРО треба да престане со нејзините нелегални вооружени акции, да се прогласи амнестија од властите во Белград и Македонците да добијат рамноправен статус во троименото Кралство. Сето тоа би создало услови за легално политичко дејствување на македонски претставници во државните институции на Кралството на СХС што би овозможило во догледно време, по мирен пат Македонците во Вардарска Македонија да се изборат за отворање на училишта, цркви и право за користење на македонскиот јазик во секојдневниот живот. Според српски сознанија предводник на таквата политичка опција бил членот на ЦК на ВМРО, Ѓорѓи Поп Христов.[536] Во тие услови со тоа решение на македонското прашање поради фактот што не се барало промена на границите на штета на Кралството на СХС, делумно и молчешкум се согласувале и властите во Белград.

Втората струја во ВМРО, според српскиот дипломатски претставник во Софија, ја предводеле Ванчо Михајлов и Александар Протоѓеров и таа и понатаму останувала поборник за продолжување на четничките акции во Вардарска Македонија. Но, интересно е тврдењето на овој дипломат дека оваа група во ВМРО преку вооружените методи на борба сега инсистирала на територијални отстапки само на оние региони што се наоѓале од левата страна на реката Вардар. Според овие разузнавачки податоци, откажувањето од аспирации кон целата територија на Македонија се должело на нивната убеденост дека Србија во никој случај нема да ја отстапи економски и геостратегиски важната Вардарска долина која претставувала природен излез

[535] АСЦГ, фонд 334, кут.бр.8, а.е.28, Министарству иностраних дела, Генералној политичкој дирекцији, Београд, Пов.118, стр.260.

[536] Ibidem, 261.

на Егејското и Средоземното море.[537] Третата група во ВМРО биле оние дејци кои биле уморни и разочарани од долгогодишните неуспешни борби за ослободување на Македонија и барале враќање на родните огништа и лојалност кон тамошните режими со што би се спасиле останатите делови на Македонија под грчка и српска власт од целосно етничко чистење на македонскиот народ. Ваквото различно расположение на македонската емиграција кон прашањето на Македонија се должело на слабите резултати од четничката акција и тешката економска состојба во која се нашле бегалските маси во Бугарија.[538]

Во текот на 1927 година владата на Кралството на СХС започнала да го менува својот приод кон македонското прашање, обидувајќи се преку разни ветувања за остварување на некои минимални права, да придобие на своја страна некои кругови од македонската емиграција во Бугарија. Тие тенденции на Кралството на СХС, но и поврзаноста на некои луѓе од македонското револуционерно движење со бугарската влада се согледуваат и во писмото од 7 јули 1927 година, испратено од Крсто Станчев до генералот Александар Протогеров. Во писмото авторот ставил акцент на, според него, обидите на владата на Кралството на СХС да ја неутрализира бугарската политика кон Македонија и македонското прашање. Според мислењето на Станчев намерата на српската политика била да ги уништи Македонците со што фактички ќе се решел целиот проблем. За начинот на кој требало да се затвори македонското прашање, Крсто Станчев понатаму истакнал: " Денес србите(така стои во оригиналот, н.ж.) не се далеку од намерата да дадат привремено извесни правдини на Македонија, но да ја завладеат слободна Бугарија, би претпочитале во прво време преку свои орудија-бугари, несакајќи непосредно. Готови се, да ја отстапат за извесно време Македонија на македонствујушчите, но да го зафатат здраво слободниот дел од нашата татковина во свои раце. Тука е провидна политиката на Маринковиќ (српски политичар и министер за надворешни работи н.ж.) Тие сакаат да ги откинат македонските револуционери од Бугарија по секоја цена. После тоа веќе ќе можат да ја уништат и Македонија и македонците(во оригиналот, н.ж.). Нема да имаме ни

[537] Ibid, 261.
[538] Ib.

царство(се мисли на Бугарија, н.ж.), ни Македонија....Значи наместо Софија да го исползува револуционерното движење во Македонија, тоа го вршат србите- за себе си и против македонското дело. Никогаш Софија немала толку некадарна политика".[539]

Кон крајот на 20-тите и почетокот на 30-тите, југословенско-бугарските односи имале се поголемо влијание врз внатрешната состојба и погледите кон македонското прашање на различните субјекти во македонското националноослободително движење. Особено предмет на интересирање на владите во Белград и Софија биле меѓусебните физички елиминации во внатрешните редови на ВМРО и обидите таквата состојба да се искористи во полза на едната или другата држава. Бугарското општествено мислење се повеќе ги губело симпатиите кон ВМРО поради нејзините своеволија и теророт што оваа организација го спроведувала во "македонските расправии и прашања". И во редовите на бугарската армија каде ВМРО отсекогаш имала голема подршка се гледало со недоверба.[540] Поради таквото расположение на бугарското општество кон ВМРО, нејзината власт во Пиринска Македонија била во голем обем ограничена, иако единствено уште царскиот двор ја подржувал оваа организација, но поради констелацијата на политичките сили во Бугарија, тоа го правел тајно. Таквиот однос кон ВМРО најмногу се должел на изместеноста на целите на оваа организација поради што и се сугерирало таа да пронајде нови методи и тактики на борба по македонското прашање. Враќањето на т.н. петиционери од Женева, Шалев, Анастасов и Илиев и нивните разговори со раководството на ВМРО биле во тој правец.

Незадоволството од начинот на дејствување на ВМРО се покажало и при изборот на новото раководно тело на Македонската кооперативна банка каде влијанието на оваа македонска организација сеуште било многу големо. Но и покрај тоа што листата на ВМРО никој не смеел да ја оспори, сепак при гласањето на изборното собрание имало околу 580 гласови против што претставувало израз на едно крајно незадоволство.[541] Во исто време додека ВМРО се обидувала да ја врати довербата кај македонскиот народ во

---

[539] ДАРМ, фонд Александар Протоѓеров, кут.4, Многоуважаеми и скъпий ми Гос. Генералъ, стр.225.

[540] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Македонски работи!, стр.87.

[541] Ibidem, 88.

Пиринска Македонија, петиционерите Шалев и Анастасов оствариле средба со бугарскиот премиер Андреј Љапчев за да побараат поддршка во решавањето на македонското прашање на седниците на Друштвото на Народите. Тие се сретнале и со Петар Дрвингов којшто тогаш бил еден од посредниците во решавањето на вооружените судири помеѓу протогеровистите и михајловистите. Околу нивната активност во Женева го известиле Дрвингов дека ја имале поддршката од Унгарија и некои други европски држави и дека се чувствувале како вистински претставници на Македонија, но "се пожалиле од желбата на луѓето на ВМРО да го монополизираат раководењето на македонското прашање".[542] Одговорот на Дрвингов до Шалев и Анастасов бил дека тие треба да дејствуваат посебно од ВМРО и на тој начин да ги застапуваат македонските интереси. Но особено значајно, според искусниот македонски деец било тие да го зачуваат југословенското државјанство и освен непријателскиот однос кон Југославија, да бидат "умни македонски политичари" и да бараат контакт не само со југословенски средини кои дејствуваат во правец на растурање на државата, туку и со такви политички сили кои имале сознание дека преку југословенската идеја се остварувале истите цели што ги заговарале и петиционерите.[543]

Југословенските дипломати во Бугарија веднаш се заинтересирале за оваа идеја и му наложиле на нивниот доверлив човек Лука Поповиќ(Лазо Поповски, н.ж.) од македонско потекло, да оствари средба со овие структури од македонската емиграција. За да не биде погрешно сфатен и веројатно обвинет за просрпска активност, Дрвингов сметал дека контактот со "југословените" не треба да се оствари по секоја цена, туку само со искрено убедување дека би бил од корист за македонскиот народ. Поради ваквите стремежи да и се одземи приматот околу македонското прашање, во раководството на ВМРО се појавило едно течение кое пропагирало нова вооружена акција во Југославија за да се покажело дека "организацијата сеуште е страшна сила". Српската дипломатско-разузнавачка мрежа во Бугарија веднаш дошла до информација дека за таквите планови на ВМРО не

[542] Ib.
[543] Ib., 89.

постоела подршка и расположение во владата на Љапчев која во тој момент се наоѓала во длабока политичка криза.[544]

Токму во моментите кога и бугарската влада се повеќе се дистанцирала од политиката на ВМРО кон Македонија, српските безбедносни служби се обидувале да придобијат Македонци од оваа организација кои требало да го продлабочат крвавиот конфликт. Српските разузнавачки служби се обидувале да стапат во контакт и да го придобијат и протоѓеровистот Мишо Шкартов, но не било познато колку успеале во таа намера. Нив особено ги радувал податокот што "во македонските кругови владее полн распад кое нашите другари го користат во цел на создавање на уште поголем раздор".[545] Приврзаниците на српските безбедносни служби од македонско потекло во Бугарија уште од властите во Белград барале да им испорачаат околу 50 револвери и да им гарантираат по 500 долари месечна парична издршка за да продолжат со нивната расколничка политика. Тие уште ги известувале властите во Југославија дека во редовите на михајловистичката ВМРО се очекувала уште поголема диференцијација во ЦК и тоа помеѓу Караџов од една страна и Ванчо Михајлов и Страхил Развигоров од друга страна. Во однос на Караџов и Ѓорѓи Поп Христов, дипломатско-разузнавачката на Југославија сметала дека тие не можат да бидат искористени во полза на српската кауза, бидејќи биле "неспособни".[546]

Околу југословенската државна стратегија кон Македонија се планирало да се засилат и внатреполитичките сили во Бугарија, како Земјоделскиот сојуз, кои претставувале традиционални пријатели на властите во Белград. Но обидите за инфилтрација во внатреполитичкиот живот на Бугарија не застанувале тука. "Пријателите" на српскиот разузнавач Лука Поповиќ во однос на "македонските работи" не полагале толку голема надеж во придобивањето на протоѓеровистите или на михајловистите. Нивните планови оделе во правец да успеат да навлезат во редовите на бугарската војска и тоа преку придобивање на што подобри резервни офицери. Крајната

[544] Ibid.
[545] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Драги, стр.275.
[546] Ibidem, 275.

цел на оваа група била да извршат еден државен преврат во Бугарија откако целосно ќе ги стабилизираат своите позиции во војската.[547]

Обидите на југословенската власт за придобивање на што повеќе Македонци во корист на нивните "македонски" планови особено биле насочени кон припадниците на федералистите и членовите на протоѓеровистичката ВМРО. Владата во Белград веќе отпорано го имала на своја страна Славе Иванов кој не ја криел таквата соработка. Југословенските безбедносни служби преку Иванов се обидувале да привлечат и други припадници од македонското револуционерно движење. Дури, како доверлив човек, тие не ретко се повикувале на неговите проценки за одредени личности од кои српските служби ги користеле услугите поврзани со разузнавачко-шпионска работа. Таков бил случајот со Лазар Поповски-од македонско потекло кој бил бугарски дипломатски претставник во Тирана и еден временски период близок до ВМРО на Ванчо Михајлов. Федералистот Славе Иванов ги уверувал југословенските власти дека Поповски би можел да биде корисен за нив затоа што бил голем приврзаник на идејата за подобрување на односите помеѓу Југославија и Бугарија.[548] Иванов уште успеал да дознае од Поповски дека идејата за зближување помеѓу двете балкански држави имала голем број на приврзаници во Бугарија.

Противниците на таквата политика биле една група што била предводена од царот Борис која немала некоја изразена подршка на бугарската политичка сцена во тој момент. Од страна на Лазар Поповски како превентивна мерка за таа антијугословенска политичка група се предлагало извршување на државен преврат и протерување на царот Борис од Бугарија.[549] Околу таквиот радикален потег се барала подршката од Југославија за политичката групација "Звено" која се посочувала како главна движечка сила на превратот. За да созреат поволни политички услови за една таква акција, Поповски сугерирал преку Иванов до власта во Белград да води една пофлексибилна политика и да им даде права на "малцинствата во Македонија". Бугарскиот дипломат од македонско потекло во тој правец исто така барал од

[547] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, 26 ноември 1930 год, стр.300.
[548] АСЦГ, фонд14, кут.бр.28, Кратко изложение по пребиването на г. Поповски в Белград, стр.749.
[549] Ibidem, 749.

југословенската власт по секоја цена да ја потпомогне и протоѓеровистичката ВМРО чијашто активност била во полза на бугарско-југословенското зближување.[550]

Периодот од средината на 20-тите години до почетокот на 1930 година го карактеризирале интензивните влијанија на Југославија и Бугарија врз различните сегменти од македонското револуционерно и ослободително движење. Југословенските безбедносни служби во голем дел го искористиле расколот во ВМРО, за кои и тие имале голема "заслуга", за да го наметнат српското влијание врз некои македонски емигрантски средини во Бугарија. Српскиот интерес бил насочен кон македонските федералисти и членовите на протоѓеровистичката ВМРО, за кој владата на Југославија започнала да испраќа финансиски средства и во почетокот симболична воена помош. Плановите на српските безбедносни структури кои биле охрабрени од успехот во придобивањето на бивши македонски револуционери во полза на нивната кауза, оделе до таму што тие сакале да привлечат и одредени бугарски политички фактори, со цел извршување преврат во Бугарија.

Бугарските државни планови кон Македонија се наоѓале во подредена улога пред силниот налет на српската пропаганда која во тие моменти ги спроведувала своите услови околу македонското прашање. Владата на Југославија, посебно нејзиниот српски дел, сеуште страхувале од оние поединци и групи во македонското револуционерно движење кои не се откажувале од вооружените методи на борба и барале создавање на независна македонска држава. За да ги неутрализира таквите барања, српската власт дури дозволувала претпоставка да дојде до создавање на некаква автономна форма на управа во Вардарска Македонија, но во никој случај интегрално решавање на македонското прашање. Бугарската пропаганда се обидувала да и се спротивстави преку пробугарските кругови во македонското револуционерно и ослободително движење кои испраќале писмени барања до Друштвото на Народите за остварување на "бугарските малцински права" во Македонија под српска власт. Владата во Белград немала намера да ги спроведе таквите барања од причина што се плашела дека може засекогаш да ја изгуби геостратегиски важната Вардарска долина.

[550] Ibid, 749a.

## 6.5. Македонски национално-државни пројави на поединци и организации во македонското национално ослободително и револуционерно движење

Покрај претставници на македонската емиграција во Бугарија кои што ја гледале Југославија како сојузник во решавањето на македонското прашање, во почетокот на 30-тите години се активирале и голем број Македонци во Бугарија кои биле противници на таквата политика. Во многубројните весници на македонските организации се повеќе излегувале статии кои ја критикувале попустливата политика на Бугарија околу положбата на Македонците во Кралството Југославија. Д-р Христо Татарчев кој бил еден од основачите на организираното македонско револуционерно движење уште од крајот на 19 век остро се спротивставил на "пасивноста и миролубивоста" на бугарската влада кон македонското прашање. Татарчев заклучил дека поради тој факт, Југославија постојано ја сметала бугарската држава за одговорна околу секое дејствување на македонскиот народ во правец на остварување на неговите културни и национални права. Затоа и сите српски планови биле насочени во правец на уништување на подршката што некои бугарски влади им ја давале на одредени македонски емигрантски организации во Бугарија. Но Христо Татарчев како искусен македонски деец резимирал дека "српските напори во таа насока ќе бидат секогаш безрезултатни, зошто бугарската власт не е, ниту некоја земска сила, којашто би можела да го отклони македонскиот народ од неговите праведни барања".[551]

Ваквата јасно изразена македонска национална свест во тој период не била инцидентна појава на дел од македонските дејци кои правилно ја сфатиле суштината на македонското прашање, туку и на најголемиот дел од македонските емигрантски кругови кои веќе цврсто ги дефинирале своите ставови околу државниот и национален статус на Македонија. Во сличен стил и со уште поголемо дистанцирање од бугарската државна политика, по само неколку недели Татарчев повторно го осудил обидот за зближување на

[551] "*Пансръбската идея и македонския народ*", "Заря", год.8, бр.2624, София, 3 07 1930, стр.2.

Бугарија со Кралството Југославија кои бил на штета на македонските интереси, бидејќи во духот на таквата политика владата во Софија прибегнала кон "брутални мерки спрема Македонците".[552] Прviolот претседател на ЦК на ВМРО од 1893 година уште се осврнал и на обвинувањата што од Кралството Југославија биле упатувани до бугарската влада за нејзината евентуална поддршка на некои сегменти од македонското револуционерно движење. Таквите српски констатации биле отфрлени од Татарчев затоа што "македонскиот народ, коишто од четири десетлетија наваму води револуционерна борба за слободата на Македонија, е надвор од пределите на Бугарија и, согласно тоа, не може да биде објект на нејзино влијание".[553] Југословенско-бугарското зближување според овие припадници на македонското револуционерно движење требало да се оствари на сметка на ново прекројување на етногеографската територија на Македонија, во замена на што Бугарија морала да се откаже од нејзините понатамошни претензии кон другите делови од неа. Таквото становиште, според Татарчев кој бил предводник на оваа група, можело да биде прифатливо за бугарските политичари, но "бугарскиот народ, специјално македонскиот-ќе ја претпочита сегашната положба, отколку да станат отворени соучесници во такво безправно и бесчовечно разрешување на македонското прашање".[554]

Иако и Татарчев како и многу други македонски дејци во Бугарија сеуште не можеле да се ослободат од впечатокот дека Бугарија како држава треба да игра пресудна улога околу прашањето на Македонија, сепак може да се забележи се почестото нагласување на посебноста и независноста на македонското прашање. Затоа со право заклучил и самиот Христо Татарчев дека македонскиот народ, меѓу другото, во своето организирано револуционерно движење се борел и за "зачувување на неговото постоење како нација со свои специфични потреби и култура".[555]

Ако за периодот на 20-тите години главна карактеристика било мешањето на владите во Белград и Софија во внатрешните работи на

---

[552] "*Българската външна политика и македонския въпрос*", "Заря", год.8, бр.2653, София, 17 07 1930 и бр.2654, 18 07 1930, стр.2.
[553] Ibidem.
[554] "*По сръбско-българското сближение*", "Македония", год.5, бр.1325, София, 20 03 1931, стр.1-2.
[555] Ibidem.

македонското револуционерно движење што секако било од пресудно значење за различните ставови на последното кон решавањето на македонското прашање, во доцните 30-ти години имаме сосема спротивна ситуација. Македонските интелектуалци и општествени дејци се повеќе излегувале со јасни и прецизни ставови околу македонското прашање, без да се осврнуваат на притисоците и влијанијата што доаѓале од владите на Кралството Југославија и Бугарија.

На 1 ноември 1938 година бил составен еден проглас за целите и борбата на македонскиот народ под кој се потпишале Туше Делииванов, д-р Павел Шатев и пратеникот во бугарското народно собрание Божин Проданов. За целите и стремежите на организираната македонска емиграција во Бугарија, тие во прогласот меѓу другото истакнале: "**слободна и независна Македонија** со еднакви права на сите Македонци, без разлика на вера и народност-ги здружи против себе си, не само Цариградската султанска власт, но и официјалната политика на Белград, Атина и Софија".[556] Понатаму во прогласот потписниците јасно потенцирале дека за идејата за создавање на независна македонска држава, македонскиот народ 50-тина години водел организирана револуционерна борба. Затоа тие го предупредиле светското јавно мислење дека доколку не сакаат Балканот да биде исправен пред ново Судетско прашање(македонското, н.ж.), македонскиот народ да биде подржан во следните негови барања: 1. ставање крај на неподносливата асимилаторска политика во Македонија, 2. остварување на правото на Македонците да се третираат како самостојна народносна единица, 3. право и слобода Македонците легално да се пројавуваат и воспитуваат во духот на традициите на својата полувековна борба, 4. обласно самоопределување на одделните делови на Македонија и 5. полна амнестија на сите Македонци-политички затвореници.[557]

И покрај обидите за влијание врз македонските емигрантски организации и наметнување на свои ставови по македонското прашање што во континуитет траело со децении, во почетокот на 40-тите години имаме се

[556] ДАРМ, фонд Васил Сеизов, оп.1, а.е.162, Изложение отъ македонската общественостъ до световното обществено мнение, стр.120.
[557] Ibidem.

позачестени независни гледишта и обиди за целосно отргнување од влијанието на бугарската државна политика кон Македонија. Југословенската дипломатско-разузнавачка мрежа обидувајќи се да се наметне како посилен фактор во македонското револуционерно и националноослободително движење, внимателно ги следела сите настани што се случувале во Бугарија. Така била проследена и прославата по повод 37 годишнината од Илинденското востание помеѓу македонската емиграција во Бугарија во 1940 година. Главен организатор на одбележувањето била Илинденската организација при што бил одржан помен за загинатите во востанието и тоа во соборната црква "Св.Недела", на кој присуствувале и претставници на македонските братства и други организации и граѓани-поединци од Бугарија. За време на манифестацијата не биле одржани никакви други јавни собирања, ниту пак биле држани јавни говори. Единствена забележлива активност била излепувањето на еден плакат на голем број на јавни објекти, меѓу кои и зградата на дипломатското претставништво на Југославија во Софија, на кој била испишана паролата: "Илинден....слобода за Македонија".[558] Југословенските дипломати во Софија забележале дека по повод тој јубилеј од македонската историја бил издаден и посебен печатен број наречен "Илинденски лист" во коишто свои прилози напишале голем број на македонски дејци од емиграцијата во Бугарија.

Државните органи на Југославија кои се занимавале со проучување и анализа на тој сегмент од надворешната политика биле цврсто убедени дека пишаните ставови на "македонствујушчите" ги одразувале бугарските државно-политички гледишта по однос на македонското прашање, што значи присоединување на етногеографската територија на Македонија кон Бугарија.[559] Но веќе следниот извештај што југословенските дипломати по само еден или два дена го испратиле од Софија ги негирал претходните тврдења и дефинирал поинакви квалификации за барањата на организираната македонска емиграција во Бугарија. Директорот на оделението за печат во Бугарија во врска со овој проблем му изложил сосема поинакви податоци на

[558] АСЦГ, фонд 138, кут.4, Посланство Краљевине Југославије у Бугарској пов.бр.2003, предмет: прослава "Илиндена"-Министарству иностраних послова, политичком оделењу, Београд, стр.183.
[559] Ibidem, 184/185.

југословенскиот дописник во Софија. Тој го уверувал својот колега од Југославија дека од сигурни извори дознал за тенденцијата на Македонците да се дистанцираат од политиката на Италија, откако ја увиделе опасноста што за "македонската работа" доаѓала од таквиот чин.[560] Таквиот страв на Македонците се должел на нивниот страв дека со таква политика Македонија би можела да стане "втора Албанија". Затоа бугарскиот директор на оделението за печат со дипломатски речник му објаснил на дописникот Иванковиќ дека тој дошол до сознанија за новиот став на Македонците-тие подобро да останат во составот на југословенската држава, отколку да потпаднат под власта на Италија. Само мал број на македонски емигранти според таквите сознанија останале доследни на барањето подршка од Италија за решавање на македонското прашање. Во тој временски период кај Македонците во Бугарија се повеќе се зацврстувало мислењето дека и Советска Русија би можела да ја потпомогне слободата на словенските народи на Балканот.[561]

Како се наближувал почетокот на Втората светска војна на балканските простори, се интензивирале различните предлози за решавање на македонското прашање. Во текот на 1940 година особено активна била македонската емиграција во Бугарија која формулирала неколку гледишта околу евентуалниот статус на Македонија. Југословенската дипломатија од Софија ја известила нејзината влада дека во август 1940 година од страна на повеќе македонски организации во Бугарија била испратена декларација до претседателот на владата Богдан Филов во која се барало присоединување на сите делови на Македонија кон бугарската држава.[562] Меѓутоа со ваквите барања не се согласувале припадници на распуштената ВМРО и емигранти блиски до неа кои се залагале за создавање на "слободна и независна Македонија". Владата на Филов и бугарските националистички кругови се спротивставиле на овој предлог и отцениле дека таквото барање на ВМРО

---

[560] АСЦГ, фонд 138, кут.бр.4, Посланство Краљевине Југославије у Бугарској пов.бр.2004, предмет: г. Мечкаров, Директор одељења за штампу о македонствујушчим-Министарству иностраних послова, политичком одељењу, Београд, стр.186.

[561] Ibidem, 186.

[562] АСЦГ, фонд 138, кут.бр.4, Посланство Краљевине Југославије у Бугарској стр.Пов.бр.2026, Господине Министре, стр.203.

било "максималистичко и спротивно на бугарските државни интереси".[563] Поради тоа бил извршен притисок врз оваа група на македонски емигранти да се откажат од таа идеја и да го прифатат ставот на останатите организации кои се залагале за присоединување на Македонија кон Бугарија. Според сознанијата на југословенскиот дипломат во Софија, поранешните припадници на ВМРО под притисок го промениле првобитниот став, но под услов да се изврши присоединување на целата етногеографска територија на Македонија кон Бугарија. Ако по некој случај Македонија би останала да биде разделена, тогаш ВМРО го задржувала правото да се врати на првобитната идеја и да се бори за создавање на самостојна македонска држава.[564]

Веднаш по ова делегација на ВМРО го посетила претседателот на бугарската влада и министерот за надворешни работи Попов за да се запознае со тоа што направила владата во Софија околу македонското прашање. Откако тие не добиле никаков одговор од највисоките органи на бугарската влада, побарале прием кај царот Борис на кого му ги поставиле истите прашања. Во делегацијата на ВМРО се наоѓале поранешни раководни личности, меѓу кои биле Асен Татарчев и новинарот од весникот "Зора", Никола Коларов. Незадоволни од ангажираноста на бугарската влада околу решавањето на македонското прашање, дел од дејците на македонската емиграција во Бугарија, предводени од д-р Александар Станишев се обратиле за помош кај владата на фашистичка Германија која им ветила негово разрешување, но во интерес на бугарските национални интереси.[565]

Во предвечерието на Втората светска војна и нејзините борбени дејствија и на Балканскиот полуостров се повеќе се актуелизирало решавањето на државниот и национален статус на Македонија. Македонските организации, пред се во Бугарија, не успеале да изградат еден заеднички став околу тоа прашање и под влијание на различни политички и државни фактори, излегле со неколку решенија. Околу таквите нивни ставови по македонското прашање повторно голем интерес пројавило Кралството Југославија поради тоа што бил засегнат статусот и на Вардарска Македонија што се наоѓала во

563 Ibidem, 203.
564 Ibid.
565 Ib., 204.

неговите државни граници. Во август 1940 година, безбедносните служби на Југославија регистрирале три различни ставови на македонските емигрантски организации во Бугарија.

Тие денови се очекувало публикување на еден Меморандум од припадниците на михајловистичката ВМРО кој требало да ги содржи нивните гледишта околу македонското прашање. Михајловистите биле против секакво распарчување на Македонија и апелирале таа да се изгради како самостојна и независна држава. За да се гарантира безбедноста на таквата македонска држава, овој дел од македонската емиграција предлагал таа да се стави под протекторат на Италија, а Советска Русија целосно да се исклучи од решавањето на проблемот.[566] Спротивно на ова барање, македонските братства, Илинденската организација, Македонскиот научен институт и Македонскиот женски сојуз упатиле декларација до германското и италијанското дипломатско претставништво во Софија со апел нивните влади да издејствуваат присоединување на целата територија на Македонија кон Бугарија.[567]

Третата група од македонското националноослободително и револуционерно движење ја сочинувале припадниците на протоѓеровистичката ВМРО, македонските комунисти и македонската емиграција во Америка која излегла со дијаметрално спротивни ставови од другите две групи околу македонското прашање. Во Меморандумот што го составиле бил изнесен историјатот на македонското прашање и фазите и периодите низ кое тоа поминало. Оваа групација го сметала СССР како најповикана држава која можела правилно да го постави и реши македонското прашање. Протагонистите на овој дел од македонското револуционерно движење ја отфрлале можноста Германија и Италија да ја решаваат судбината на Македонија која како државна единица ја гледале во составот на една Балканска федерација на рамноправни држави и народи. Под текстот на овој програмски документ се потпишале голем број на македонски дејци: Туше Делииванов, Павел Шатев, Божин Проданов, Тодор Павлов, Петар Шанданов

---

[566] АСЦГ, фонд 138, кут.бр.4, Посланство Краљевине Југославије у Бугарској Стр.Пов.Бр.2182, предмет: акције македонствујушчих у три правца-Министарству иностраних послова, Политичком оделењу-Београд, стр.227.

[567] Ibidem, 227.

и Пецо Трајков.[568] Српските безбедносни служби преку нивни извори дознале дека Шанданов кој веќе бил убеден приврзаник на идејата за југословенска федерација, се потпишал под овој документ за да ги добие комунистите како сојузници во борбата против михајловистите. Меморандумот не го потпишал и водачот на македонските федералисти д-р Филип Атанасов поради тоа што тој се залагал во текстот да се наведе дека македонското прашање ќе се реши со создавање на "независна Македонија во рамките на федеративна Југославија", што не било прифатено како забелешка од другите потписници.[569] Овој последен став на Атанасов најмногу и одговарал на владата на Кралството Југославија, бидејќи на тој начин Србија како нејзин најдоминантен дел и понатаму ќе задржела извесна контрола врз конечната разврска на статусот на Македонија. Но, во целата таа ситуација во август 1940 година, тоа што најмногу ја плашело владата на Кралството Југославија било подготвувањето на Меморандумот на михајловистите кој се косел со српските интереси околу македонското прашање. Доверливиот човек на Југославија од Софија, извесниот Милан, преку дипломатскиот претставник Милановиќ ги алармирал српските безбедносни фактори дека во текстот на тој документ се зборувало за "големите жртви кои македонскиот народ ги поднел за своја слобода" со напомена дека е спремен за нови жртви до извојување на неговото конечно ослободување. Припадниците на расформираната михајловистичка ВМРО упорно стоеле на нивните гледишта и барале идната самостојна македонска држава да биде под протекторат на некоја од фашистичките држави.[570]

Од 30-тите години македонското прашање во програмите на различните македонски организации имало не само државен карактер, туку и силно изразена национална компонента. Манифестирањето на македонски национални појави веќе не претставувало само поединечна појава, но стратегија на отворено дејствување на организации и групи во македонското ослободително и револуционерно движење. Во таквите јасно формулирани ставови, голем број на македонски револуционери правеле јасна дистинкција на македонското прашање од државните политики на Бугарија и Југославија

[568] Ibid.
[569] Ib., 228.
[570] Ib., 228.

односно Србија. Во апелите и декларациите што биле потпишувани од македонски дејци без оглед на нивната идеолошка определеност, од владите на Југославија и Бугарија, но и соодветните меѓународни институции се барало создавање на независна македонска држава во која носител на државноста би бил македонскиот народ. Зад таквото решавање на македонското прашање застанале и некои традиционално пробугарски определни македонски емигрантски кругови, кои во предвечерието на Втората светска војна се обидувале да се отргнат од сферите на влијанија на бугарската државна политика. Единствената разлика помеѓу македонските организации биле нивните гледишта за тоа која светска сила би застанала зад стремежите за создавање на независна Македонија. Десничарските организации, групи и поединци како сојузници ги гледале фашистичка Италија и Германија, додека припадниците на македонската левица и комунистите сметале на моралната и материјална поткрепа на СССР. За српските и бугарските претензии кон Македонија не била прифатлива ниту една од овие опции затоа што тие трајно би го изгубиле влијанието на овој дел од Балканот.

## 6.6. Српско-бугарското влијание врз расцепот во ВМРО 1928 година и ставовите на протоѓеровистите и михајловистите кон македонското прашање

Настаните во редовите на ВМРО, што по убиството на членот на ЦК на ВМРО, Александар Протоѓеров, во јули 1928 година довеле до нови поделби во редовите на Организацијата, имале свој одраз и во југословенско-бугарските односи, а со самото тоа и кон македонското прашање. Фракцијата што се приклонила кон убиениот Протоѓеров или т.н.протоѓеровисти во своите политички ставови се приближиле кон сменетиот бугарски премиер Александар Цанков, кој во својата политика се повеќе почнал да се ориентира кон приближување на Бугарија со соседна Југославија. Таквиот развој на настаните како и се почестите контакти на протоѓеровистите со левичарската македонска организација ВМРО(об), придонеле за постепено менување на ставот кон македонското прашање од страна на истите. Новите погледи кон македонското прашање оделе во правец на постепено признавање на фактот

дека постоењето на македонскиот народ било една историска неминовност и дека неговото суштествување е одделно од тоа на бугарскиот народ. Ваквите свои ставови пред македонските емигранти и пред целата бугарска општествено-политичка јавност припадниците на протоѓеровистичкото крило на ВМРО најчесто ги изразувале преку соопштенија, декларации, но и преку статии во весникот "Слобода или смрт", а по расцепот во ВМРО, преку новиот печатен орган"Револуционерен лист".

На друга страна се наоѓале привrзаниците на Иван Михајлов, коишто во тие меѓусебни пресметки успеале да надвладеат внатре во Организацијата и воопшто, да се наметнат како моќен и позначаен фактор меѓу македонската емиграција и бугарскиот политички живот. Михаиловистичкото крило на ВМРО се поврзало со владата на Андреј Љапчев, а на надворешен план остро се спротивставувало на секакво приближување на Бугарија со Југославија, која од страна на Михајлов и неговите привrзаници, била сметана како непријател број еден за ВМРО и на македонското прашање. Организацијата на Иван Михајлов македонското прашање не го гледала како национално, туку како географско, бидејќи сметала дека Македонците се дел од бугарскиот народ иако во државно-правна смисла се залагале за создавање на посебна држава Македонија. Своите ставови по однос на македонското прашање тие ги изразувале во нивниот орган "Слобода или смрт".

Еден од водачите на протоѓеровистичкото крило на ВМРО, Петар Шанданов во една статија на нивниот печатен орган, на многу интересен начин се осврнал на бугарската државна политика кон македонското прашање. Својот однос кон македонското прашање таа го условувала од политичките ставови на водачите на владеачките политички партии, но никогаш од интересите на самото население во Македонија, ниту пак од интересите на една широка национална политика. И во остварувањето на таа "ситна" и осудена политика, бугарските државници прибегнувале до сите дозволени и недозволени средства. Според Шанданов, кога тие наоѓале меѓу водачите на ВМРО спремност за компромиси, влегувале во пријателски врски со нив, така што на тој начин дел од неуспесите на таа политика, останувале за сметка на "македонскиот народ", во лицето на неговите водачи. Кога бугарските државници се судирале со водачите на ВМРО, кои не подлегнувале на

компромиси, тогаш тие, според Шанданов, влегувале во конфликт со тие македонски општественици и ги подложувале на уништување или пак разединување.[571] Други причини, кои според Шанданов, довеле до трагични конфликти во редовите на ВМРО биле самите водачи на ВМРО. Кога последните се разочарувале од крајниот успех на борбата на ВМРО со угнетувачите на Македонија, тие се сојузувале со други надворешни фактори за сметка на целосен раздор помеѓу самите борци. Но имало, според Шанданов и водачи на Организацијата кои се сојузувале со странски фактори, само да си ја задоволат својата амбиција, без да водат сметка дека продавале многу "вредности" на ВМРО. Многу малку биле интервалите "за време на кои ВМРО, се радувала на самостојна политика и дејност".[572]

Во сличен контекст била и статијата од истиот весник, која се осврнала на пишувањето на чешкиот клерикален весник "Вечерник" од 26 август 1928 година, а што било поврзано со македонското прашање. Во тоа пишување се констатирало дека по убиството на Протоѓеров, бугарската влада имала шанса да ги распушти македонските организации, но, пишувал весникот, со тоа немало да се реши македонското прашање. Големите сили се стремеле да ја помогнат Југославија во однос на овој проблем, додека во Бугарија македонското прашање предизвикало владеачка криза и власта била немоќна во борбите против македонските самоистребувања. Понатаму, во однос на решавањето на овој проблем како модел се нудел и посочувал примерот со Словачка, која ги имала сите услови за најширок културен развој и зачувување на самостојноста.[573] Дури и при посетата на некои хрватски политичари на чело со Павел Радиќ, им било предложено од некои меродавни политички личности во Прага да го имаат во своите барања словачкиот пример за автономија. Ваквиот модел би придонел и кон разрешување на македонското прашање, сметал чешкиот весник.[574] Овој весник, но и весникот "Македонија" сметале дека официјален Белград би можел да го употреби моделот на ваквата автономија на одделни области на чешкословачката република(Чешка, Моравија и Шлезија) и на примерот со Југославија, со што би се разрешиле

---

[571] ДАРМ, фонд 1265, ВМРО, кут.3, оп.1, а.е.38 "Свобода или смъртъ", бр.79, *Главните причини за македонските междуособици,* стр.49.

[572] Ibidem, стр.50.

[573] ДАРМ, фонд 1265 ВМРО...op.cit.,56.

многу внатрешно-политички тешкотии во државата и би се отстранило многу тешкото македонско прашање, кое било постојана пречка за југословенската политика, со што би исчезнале македонските организации, бидејќи македонското население би можело да се организира по легален пат.[575]

Со аналитички погледи кон македонското прашање се занимавале и припадниците на михајловистичката ВМРО, преку коментари, статии и изјави во нивниот печатен орган "Слобода или смрт". Според авторот на статијата со псевдоним Лавров во бугарското општествено мислење постоеле две гледишта кон македонското прашање. Првото мислење, кое го застапувал актуелниот министер во владата Буров, било согласност со новонастанатата положба, добри меѓусоседски односи и статус кво на границите на Балканот. Второто мислење, застапувано од поголем дел од бугарската општествено-политичка јавност било, дека Бугарија не требала да се откаже од своите "национални" идеали и во тој правец се барало ревизија на мировните договори, односно решавање на македонското, добруџанското, тракиското и прашањата за Босилеградско и Царибродско.[576] Поборниците на првото гледиште се повикувале на фактот дека бугарската држава имала свои врховни интереси и дека треба да има "полно дезинтересирање од сите иницијативи, во тој правец и разрешувањето на македонскиот проблем".[577]

Застапниците на второто гледиште, според весникот, сметале дека "едно реско разграничување меѓу бугарски и македонски интереси не треба да се прави, затоа што историски и национално во големиот комплекс на бугарските прашања, македонското прашање се сметало секогаш органски поврзано".[578] Според овој став македонското прашање од бугарско државно гледиште, требало да биде поставено пред сите меродавни институции за негово решавање, бидејќи било поврзано со "утрешната судбина на Бугарија".[579] Понатаму во статијата се вели дека "искованата пасивност на бугарскиот народ би го довела до многу понижувања, ако будниот македонски

[574] Ibidem, 56.
[575] Ibid, 56/57.
[576] Ib., "*Двеѿе йолиѿики на България и Македонскоѿо революционно движение*", стр.129.
[577] Ib.
[578] Ib.
[579] Ib.

елемент, уште од првите месеци по катастрофата, не беше издигнал глас против големата неправда на насилниот мир, преку коишто се заробуваше одново една таква голема бугарска земја, населена со векови со бугари-македонци".[580] Според Лавров, македонското револуционерно движење и паролата автономна Македонија, не биле само реакција на ропскиот режим во Македонија, но и протест против белградската официјална политика да се одрекува "бугарско-македонско малцинство во Југославија".[581]

Токму по однос на македонското прашање протоѓеровистите во нивниот орган во една статија на 15 декември 1928 година го опишуваат оригиналниот став кон истото. Авторот на статијата (псевдоним Катон, Георги Баждаров, н.ж.) истакнал дека за ВМРО не постоеле, не важеле договорите во Букурешт и Неј и дека Македонија претставува географска целина, заокружена, во која живеат" бугарската, грчката, албанската, турската народност."[582] Македонија била нешто како Швајцарија, со таа разлика што споменатите народности не се територијално разграничени, туку разместени насекаде. Според авторот, Македонија немала еднородно население, иако "бугарите се мнозинство", но тие никогаш не им го одрекувале правото на постоење на другите народности.[583] Целта на ВМРО, според Катон(Георги Баждаров), била секоја етничка група да се зачува и сите тие политички да образуваат една целина. Така историскиот и географскиот термин Македонија ќе станел и политички.[584] Народностите, како културно-историски типови се формирале со векови и затоа секоја народност претставувала жив организам. Во таа смисла, сметал авторот, Бугарија, Турција, Албанија и Романија не можеле да не се интересираат за денационализацијата што се вршела врз "бугарите", албанците, турците и власите во Македонија.[585]Во заклучокот од статијата Катон вели дека "Македонското прашање како политичко е во надлежност на самите македонци: тие ќе кажат, кога ќе се задоволни и следствено, кога ќе го сметаат прашањето за разрешено".[586]

---

[580] Ib.
[581] Ib., 130.
[582] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.5, 1.1265.5.28"Свобода или смърть" бр.82, 15 12 1928"*Чий е македонскиятъ въпросъ*", стр.143.
[583] Ibidem, 143.
[584] Ibid.
[585] Ib.
[586] Ibid, 144.

За да излезат од инфериорната положба во која се нашле во тој момент, протоѓеровистите влегле во преговори и со бугарскиот премиер Андреј Љапчев, за што сведочи писмото на Христо Коцев до Георги Баждаров, еден од водачите на протоѓеровистичката ВМРО, при што Коцев нагласил дека не треба да се продава независноста на ВМРО, ниту за милијарди, дека тој што дава(се мисли на бугарската влада н.ж.) ќе сакал да командува, а тоа значело да се откажат од револуционерната борба "и да ставиме крст на ВМРО".[587] Според него времено можеле да подзапрат акциите на четите за да се успокојат Србите и Грците и да заборават "дека Бугарија ја подржува ВМРО".[588] Бидејќи, според Коцев, не успеал Љапчев да ги стави на своја страна и во своја полза Протоѓеров и Баждаров, тој успеал да го привлече Иван Михајлов. Преку тоа "голобрадо момче"кое го зел на своја страна, Андреј Љапчев решил да ја потчини и да ја разруши таа "непокорна и злобна ВМРО".[589] Според Христо Коцев, откако Љапчев не успеал да ги придобие старите револуционери(протоѓеровисти н.ж.), тоа го постигнал преку Михајлов на кого не му дал милиони, туку му ја распалил амбицијата за лидерство во Организацијата.

Пред да започнат меѓусебните убиства во редовите на ВМРО, Ванчо Михајлов се сретнал со генерал В'лков, од кого што добил ветување за материјална и финансиска помош. И додека Иван Михајлов ја шетал Европа со парите од касата на ВМРО, според Христо Коцев, "Љапчев се насмевнуваше под мустаќи и им кажуваше на Цанков, Буров и Молов: Оставете ги да се убиваат, ако сакате да не добивате ноти и границите на Бугарија да бидат зачувани".[590] Меѓусебните убиства биле вина на Љапчев и Иван Михајлов, кој според Христо Коцев, се раководеле со девизата:"Или јас сум во право или без мене смрт и на Македонија и на ВМРО".[591]

На таа средба на протоѓеровистот Коцев со Андреј Љапчев, тој успеал да го дознае ставот на бугарскиот премиер не само кон македонското

---

[587] ДАРМ, фонд 1247, Христо Коцев, кут.1, Новъ животъ (ракопис од Христо Коцев), стр.102.
[588] Ibidem, 102.
[589] Ibid, 103.
[590] Ib.
[591] Ib., 104.

револуционерно движење, туку и кон македонското прашање. Средбата помеѓу нив двајцата веројатно била испланирана и поради тоа што првиот бил близок со ВМРО и требало да ги пренесе размислувањата и гледиштата на Љапчев на нејзините раководители. На разговорите Андреј Љапчев ја истакнал неподносливата положба во Петричко предизвикана од многубројните државни давачки, но и тие од ВМРО(се мисли на михајловистичката ВМРО која била помоќна, н.ж.) и за нејзината поставеност како држава во држава во Пиринска Македонија. Во однос на ваквите состојби тој истакнал: "Така не може да продолжи: ние сите треба пред се да ја чуваме Бугарија, а не поради Македонија да ја изгубиме и Бугарија".[592] Понатаму во разговорот тој истакнал дека било потребно да престане навлегувањето на т.н. тројки и петорки на ВМРО во Србија(Кралство на СХС, н.ж.) и Грција, како и собирањето на даноци од оваа организација во Петричко, поради престижот на Бугарија како држава. Дури Љапчев се обврзал да и отстапи и парична сума на Организацијата, онолку колку што и била потребна. "Разберете дека Македонија нема да се ослободи со чети и атентати! Јас сум дури и против тие права на малцинствата"-рекол тој. Ако Кралството на СХС и дозволело евентуални малцински права на македонскиот народ, бугарскиот премиер Андреј Љапчев се прашувал: " Кој македонец(во оргиналот со мали букви, н.ж.) ќе биде луд да ги праќа децата во бугарско училиште и да влезе во очите на србите?".

Во понатамошниот разговор на бугарскиот претседател на владата со Христо Коцев во однос на македонското прашање, тој на претставникот на протоѓеровистите му предочил дека ништо не очекувал од црквите и училиштата, ниту пак од интелегенцијата, во тој поглед. Јазикот и народноста во врска со ова прашање, според него биле истрошени монети, коишто ја немале старата цена. Положбата на народот во Македонија под српска власт ќе се подобрела кога ќе се нормализирале односите помеѓу Бугарија и Србија(Кралството на СХС, н.ж.), а тоа ќе се случело" само кога ќе се склучи една царинска унија".[593]

---

[592] Ib., фонд 1247 Христо Коцев...op.cit., 101.
[593] Ib., 102.

Во текот на 1928 година по повод дефинитивниот расцеп на ВМРО на две теченија се поактуелни биле меѓусебните вербални и вооружени судири на двете групации, но од аспект на извлекување полза од македонското прашање на некоја од заинтересираните страни: Бугарија и Кралството на СХС или подоцна Југославија. Така весникот "Слобода или смрт", близок до михајловистичката ВМРО, известувал дека пукотниците и убиствата што се случиле во Софија на 12 октомври 1928 година, биле дело на припадниците на протоѓеровистичката струја на ВМРО, Пецо Трајков и Крстан Поп Тодоров. Во жестоките обвинувања на весникот се обвинувал Поп Тодоров дека во неговиот "коцкарски дом" во Софија се коцкал извесниот Ѓорѓевиќ-раководител на српската разузнавачка служба во Бугарија и чиновник на српското пратеништво во Софија. Во последно време, според весникот, Ѓорѓевиќ почнал да "губи" стотици илјади левови, кои ги "спечалувал" Крстан Поп Тодоров, а кои пари ја финансирале протоѓеровистичката ВМРО за борба против приврзаниците на Иван Михајлов.[594]

Во прилог на ова одат и сознанијата што извесниот Никола Спиридонов Велев од Софија ги добил од протоѓеровистот Атанас Томалевски, кој му се доверил дека по убиството на Протоѓеров, помеѓу бугарскиот политичар Георги Димитров-Гемето и приврзаниците на покојниот Протоѓеров, Петар Шанданов и Крстан Поп Тодоров, биле воспоставени врски и тие секој месец од Гемето добивале по 200 000 лева за издршка на нивната терористичка група, која за возврат ги продолжила македонските самоистребувачки убиства по улиците на Софија и другите бугарски градови. Томалевски исто така му признал на Велев дека и тој секој месец добивал пари од Шанданов и Поп Тодоров. Според убедувањата на истиот, Гемето ги добивал тие пари од југословенскиот конзул во Софија, Ѓорѓевиќ, човекот што ја раководел југословенската разузнавачка служба во Бугарија. Крајната цел била да се подржуваат македонските братоубиства и крвопролевања по софиските улици, како и да се оцрнат симпатиите во Бугарија кон македонските ослободителни

[594] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.5, 1. 1265.5.24, "Свобода или смъртъ", бр.80, 20 10 1928 "*Кървавото произшествие въ София*", стр.103.

борби и кон ВМРО, а со тоа да се создаде убедување кај пошироката јавност за несигурноста на човечкиот живот во Бугарија.[595]

Спротивно на доказите за српско-протоѓеровистичката поврзаност, истакнати раководители на оваа струја во ВМРО пред јавноста истапиле со обвинувања за врски и "пазарења" по однос на македонското прашање на релацијата ВМРО на Михајлов-бугарска влада на Андреј Љапчев. Истакнатиот публицист и идеолог на протоѓеровистите, Георги Кулишев, од позиција на народен пратеник се обидел да стапи во директна врска со бугарскиот премиер Љапчев, со цел да издејствува апсење на убијците на Александар Протоѓеров, на што наишол на негативен одговор. Дури премиерот го обвинил Кулишев и неговите другари (протоѓеровистите н.ж.) дека му се заканувале и настојувале да го скараат со царот и да предизвикаат граѓанска војна.[596] Георги Кулишев во 1928 година успеал да разговара и со царот Борис III, кој по однос на македонските состојби изразил жалење "дека се убиваат македонците, кои се ...најпатриотските бугари".[597] По убиството на протоѓеровистот Наум Томалевски во 1930 година, царот во една прилика им порачал на двајцата пратеници од Македонската парламентарна група во бугарското собрание, д-р Владимир Руменов и Георги Кулишев, да престанат меѓусебните македонски убиства, со што се потврдила директната вмешаност и на самиот цар во тие настани.[598]

За внатрешните поделби и расцепот во редовите на ВМРО, голем интерес покажувале и државните служби на Кралството Југославија кои располагале со прецизни податоци за соодносот на силите помеѓу спротивставените фракции. Според тие податоци, по убиството на Протоѓеров, неговите најблиски следбеници-Ѓорѓи Поп Христов, Томалевски, Баждаров, Прличев и Петар Шанданов располагале со парична сума од 500 000 лева која била депонирана во т.н.македонска кооперативна банка. Освен тоа Томалевски и Поп Христов имале депозит од околу 70 000 швајцарски франци на приватна сметка во Берн, Швајцарија и Петар Шанданов на иста таква

---

[595] ДАРМ, фонд Тодор Александров, кут.1, Материјал приготвен од Методија Јанчулев од раскажувањето на Никола Спиридонов Велев од Софија, стр.3.
[596] ДАРМ, фонд 1198 -Георги Кулишев, оп.1. а.е. 11, стр.9.
[597] Ibidem, 10.
[598] Ibid, 11.

сметка околу 300 000 левови или вкупно заедно протоѓеровистите располагале со околу 2 600 000 левови. Кон оваа сума на пари можеле да се додадат и 200 000 лева што биле собрани во коцкарницата "Интер Клуб" во Софија, сопственост на Крстан Поп Тодоров, кои овие финансиски средства ги дал во форма на заем.[599]

Спротивно на нив, финансиската состојба на михајловистичката ВМРО била десетици пати подобра. Покрај 22 милиони левови кои биле дополнително добиени од Италија, Ванчо Михајлов со посредство на некои свои истомисленици успеал да ја приграби главната благајна на ВМРО во која затекнал уште околу 20 милиони левови. На оваа огромна сума на пари, српските разузнавачки служби го додавале и паричниот износ што требало да се добие од продажбата на тутунот во Пиринска Македонија којшто исто така се слевал во касата на михајловистичката ВМРО. Внимателните пресметки укажувале дека таа година вкупната реколта на тутунот изнесувала некаде околу 4 милиони килограми така што ако се знаело дека од секој килограм во благајната на ВМРО се исплаќале по 6 лева, вкупната сума што оваа организација ја инкасирала само од оваа земјоделска гранка изнесувала околу 22-24 милиони левови. Кон оваа бројка уште се додавале и околу 1 милион лева редовни придонеси и влогови и од богатите Евреи во Бугарија.[600]

Кога ќе се споределе овие две износи на пари со кои располагале двете спротивставени македонски организации, станувало повеќе од јасно дека групацијата на Михајлов се наоѓала во огромна предност и надмоќ. Токму во врска со тоа својата можност за вмешување во конфликтот ја гледале и државните фактори во Белград, коишто сакале да ја исползуваат таа ситуација за да извршат свое влијание врз некоја од овие македонски организации. Тие за свој сојузник во решавањето на македонското прашање од српски државни позиции решиле да ги придобијат припадниците на послабата организација-протоѓеровистичката ВМРО. Од страна на државно-безбедносните структури во Белград веднаш била издадена наредба, без оглед на големината на

---

[599] АСЦГ, фонд 334, кут.бр.8, а.е.28, Министарство иностраних дела Краљевине Срба Хрвата и Словенаца, Пов.бр. 1445, Циркуларно-А. Припремање акције македонствујушчих из Бугарске, стр.527; Поопширно: *Петар Шанданов, Спомени*, предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2002.

[600] Ibidem, 528; Поопширно: Димитър Тюлеков, *Обречено родолюбие-ВМРО в Пиринско 1919-1934,* Благоевград, 2001.

финансиските средства, да се стапи во контакт со протогеровистите. Во таквите напори, особено значајна била помошта на водачот на федералистите Славе Иванов, кој ја советувал владата во Белград да не се избрзува, бидејќи следбениците на Протогеров имале уште сила за борба против Иван Михајлов.[601] Во исто време Славе Иванов во координација со српските безбедносни служби го подготвувал теренот за состанок со видни личности од протогеровистичката ВМРО. По извесно време, во 1932 година била остварена средба во Братислава помеѓу Славе Иванов и Петар Шанданов. На средбата Иванов му ги пренел на Шанданов условите за соработка што ги предлагале југословенските власти во Белград што од претставникот на протогеровистите биле прифатени. По завршените разговори Славе Иванов и Петар Шанданов заминале во Виена каде на Шанданов му била предадена почетната сума на пари и биле договорени условите на кој начин ќе се извршува понатамошната финансиска помош од Белград.[602] На тој начин од страна на југословенската влада била придобиена уште една македонска организација во нејзините обиди да го сврти решавањето на македонското прашање во правец на српската кауза.

Во меѓусебните вербални обвинувања по однос на тоа кој има "историско право" врз македонското прашање, но и околу вооружените физички ликвидации, поголемиот дел од македонската емиграција во Бугарија ги осудил таквите акти и поголема наклонетост покажал кон протогеровистичката ВМРО. Во еден таков проглас, македонската емиграција од градот Пловдив го обвинила Михајлов дека ги узурпирал сите права и слободи во однос на македонското прашање. Во однос на меѓусебните физички елиминации, Македонците од овој град истакнале дека населението било подложено на "инквизиторски мачења" од "кокошкарските чети на Ванче...".[603] Михајловистичката ВМРО, според прогласот била обвинета и дека се залагала за присоединување на Македонија кон Бугарија и создавање на Голема Бугарија на Балканскиот полуостров или со други зборови

[601] АСЦГ, фонд 37, кут.бр.22, Још една порука из Београда, стр.336/336а.
[602] АСЦГ, фонд 37, кут.бр.22, Делатност из Београда против ВМРО и хрватски "Усташа", 336а.
[603] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.1, *Македонскиѿе убийсѿва и думаѿа на емиграцияѿа въ ḡр.Пловдивъ,* стр.155.

"обединување на бугарското племе во границите на Симеонова Бугарија".[604] Од составувачите на прогласот михајловистите исто така биле осудени за нивните тези дека полицијата, министри и цели началства соработувале со протоѓеровистите, кои уште биле нарекувани "србо-болшевички" и "московски агенти".[605] Македонските емигранти во Пловдив сметале уште дека "само умствени инвалиди можат да го нарекуваат претседателот на владата на Бугарија, претседателот на народното собрание, целата бугарска полиција во лицето на својот шеф-министерот за внатрешни работи, Србо-болшевички агенти".[606]

Во однос на сите овие состојби во редовите на македонското национално-ослободително движење, делбите, неединството, како и разликите по однос на гледиштата за решавање на македонското прашање и вмешаноста на бугарските политичко-воени фактори во истото, многу илустративно и пластично се одсликани во изјавата на еден македонски револуционер, кој тогаш се наоѓал во Бугарија:" Софија нé јаде. Софија е опасна за сите револуционери. Додека не бев одел во Софија душата ми беше чиста и спокојна. Сигурно, и сите, коишто како мене, работеле многу години по ред во внатрешноста, кога одат во Софија, се променуваат".[607]

Во текот на 1929 година во печатените органи на двата противнички табори на ВМРО, можеле да се најдат и конфузни статии по однос на македонското прашање, кои можат да се должат на непознавањето на македонската историја, но можат да се толкуваат и како обид, макар и срамежлив, за поинакво толкување на етногенезата на македонскиот народ. Така во весникот "Слобода или смрт" од 15 декември 1929 година, бил поставен интересен став по многу нешта во однос на македонското прашање, каде се менуваат неколку термини и квалификации во однос на него. Авторот на статијата се вратил назад во историјата, каде се осврнал на српско-грчките обиди за асимилација на Македонија, при што истакнал дека "српските учители, коишто беа отишле да ги преобратат македонците во срби, пред да

---

[604] Ibidem.
[605] Ibid, 156.
[606] Ib.
[607] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.5, 1.1265.5.48 "Свобода или смъртъ", бр.107, 15 12 1929 "*Всеки на своите позиции*", стр.338.

помине едно поколение беа конечно преобратени во ....бугари. Од кого? Тогаш немаше ниту Егзархија, ниту бугарска влада, ниту ВМРО. Тогаш имаше само еден прост, првобитен, **непритворен** и откриен **македонски народ**, коишто со своето минато и со своето настојување, со своите традиции, со борбите, со обичаите, со самобитноста си беше создал национална крепост...".[608] Меѓутоа авторот на текстот веќе неколку редови подолу навлегува во контраверзи со тоа што го употребил терминот"македонски бугарин", а за да биде барањето на националниот идентитет уште позаплетено, пак се употребуваат термините "Македонец" и "македонски народ".[609]

Во текот на 1929 година продолжиле дискусиите помеѓу двете спротивставени групи по однос на начинот на решавањето на македонското прашање и дилемите за тоа кој треба да го покрене истото и во чија полза треба да биде неговото решавање. Авторот на статијата во весникот "Слобода или смрт" од 10 01 1929 година, веројатно близок до протоѓеровистичката ВМРО, се задржал на исказот на бугарскиот политичар Александар Цанков, којшто тврдел дека македонското прашање било прашање на бугарската држава, а не на организација. Обвинувањата за сметка на Цанков биле затоа што тој не се изјаснил дека македонското прашање, според сфаќањата на "македонците", не е прашање на бугарската државна политика и дека македонските општественици се одделуваат од барањата на бугарската државна политика. Според ова мислење, недозволено било македонски народен претставник од македонската емиграција, македонските позиции да ги поистоветува со бугарската држава, парламент, влада и да се стигне до нешто коешто во македонскиот менталитет сеословувало со терминот **врховизам**, кој според авторот, се оформувал околу луѓето на Иван Михајлов.[610] На крајот се истакнувало: "Можеби е тешко да се прави разлика меѓу македонски општественик и бугарски, но сепак треба да се прави".[611]

Спротивно на нивните противници, идеолозите и главните раководители на ВМРО на Иван Михајлов се обидувале тежиштето на проблемите по однос на македонското прашање да го префрлат кај дел од бугарскиот политички

[608] Ibidem, 335.
[609] Ibid, 335-337.
[610] Ibid, "*Нещо за неовърховизма*", стр.167.
[611] Ib.

фактор и во политиката на Југославија. Во тој правец размислувањето на Сребрен Поп Петров, македонски деец близок до Михајлов, било дека поразителен е фактот што Македонците се прогонувале поради борбата за слободата на Македонија од страна на официјалната српска политика. Уште потешко му паѓала, како што истакнал, предавничката политика на "дружбашката тајфа", која уште опстојувала во Бугарија "со предавничка глава во Југославија".[612] Поп Петров се залагал за полна неутралност кон работите на бугарските влади и партии во Бугарија од страна на сите македонски организации и пројавени македонски фактори, но со тоа се налагала и полна неутралност на првите кон работите на македонските организации, доколку тие немале цел да и наштетат на надворешната и внатрешната политика на Бугарија.[613]

Според Сребрен Поп Петров главниот збор во овие настани требало да го има судската власт и во тие моменти кога се вршеле меѓусебните убиства на Македонците, кон нив требало да се однесува како кон сите убиства на бугарска територија, без да се попречува развојот на македонското национално ослободително движење. Бидејќи тие заемни убиства "до некаде ги радуваа Србите", бугарската извршна власт не презела прогонување на тие што ги вршеле убиствата, а кога се појавила дејност на една нелегална организација внатре во Србија, се преземало "гонење на легални Македонци".[614] Според Поп Петров, со тоа прогонување на Македонците не се постигнувал дипломатско политички успех, бидејќи дотогашните историски факти покажале дека Србија сакала да ја избрише Бугарија од картата на земјата.[615]

Македонското прашање како такво било присутно и на седниците на бугарскиот Парламент. Претставникот на Народната партија, Стајнов, истакнал дека тој ќе се залага за излез на Бугарија на Егејското море, зближување со соседите, пред се Србија, како и полн суверенитет на

[612] ДАРМ, фонд 1246, Сребрен Поп Петров, кут.1 "Позив към Македонският извънреден конгрес, великият освободителенъ Македонски идеал над всички Македонци и надъ всичко лично", стр.439.
[613] Ibidem, стр.439/440.
[614] Ibid, 440.
[615] Ib.

бугарската држава на нејзината територија.[616] Пратеникот Падарев се заложил пак за немешање во работите на "македонската револуционерна акција во Македонија", што не можело да се допадне само на оние коишто пропагирале дека македонското прашање е само на бугарската држава. Сепак Падарев, инаку пратеник од владините партии, истакнал дека македонската емиграција во Бугарија е под ингеренција само на бугарската држава, бидејќи тие на нејзината територија веќе биле бугарски поданици.[617] Пратеникот Данаилов докажувал дека македонското прашање после војните влегло во доменот на прашањата за малцинствата и тоа, според него, можело да се реши само со учество на бугарската држава.

Единствено пратеникот Харизанов го поставил суштински македонското прашање. Според него, идејата за автономија од која се вдахновувало македонското ослободително движење, не била тактички лозунг кој требало да се приспособи кон односите со европските сили, и тоа не било модификација на бугарските планови за експанзија. Според Харизанов "Македонија претставува една географска и стопанска целина, којашто не може да се дели".[618] Во тој контекст истакнал: "Одете на југ, сретнете се со последниот пирински колибар којшто престојува во пиринскиот масив, и вие ќе видите во тажниот поглед на тој трудбеник, насочен кон течението на Струма, дека се лелее една мечта за пазарите на Сер".[619] На крајот Харизанов заклучил дека бугарската држава не треба да се меша во независноста на македонското национално ослободително движење и тоа да си остане независно. Вакво гледиште за македонското прашање немала дури ни т.н. Македонска парламентарна група, која била должна да ја поддржува идејата за самостојна Македонија. Според пратеникот Иван Каранџулов од оваа парламентарна група, македонската борба се поистоветувала со борбата за јазик и македонското прашање се вклучувало во прашањето за правата на малцинствата.[620]

---

[616] ДАРМ, фонд 1265 ВМРО, кут.5 "Свобода или смъртъ", бр.84, "*Македонскиятъ въпросъ въ българския парламентъ*", стр.179.

[617] Ibidem.

[618] ДАРМ, фонд 1265 ВМРО...op.cit., 179.

[619] Ibidem.

[620] Ib.

Според извештајот за дискусиите по однос на оваа проблематика во "Слобода или смрт", едно време бугарската социјалдемократска партија проповедала правилно становиште по однос на македонското прашање-автономија за Македонија и самостојност на македонското револуционерно движење. Нејзиниот пратеник во парламентот Сакзов, меѓутоа изрекол поинаков став кон истото кога повикал на средба на бугарските партии "заедно со Македонците", за да се усогласеле дејствијата на двете страни. На тоа комунистичкиот пратеник Калајџиев му одговорил: "Најдобро е да се остави тоа прашање на самите Македонци да го разрешуваат".[621]

Во почетокот на 30-те години започнале да се случуваат промени во однос на ставот по македонското прашање и кај двете крила на ВМРО, што било условено од новонастанатата политичка ситуација и во Бугарија и во Југославија. Се поизразените обиди за "затоплување" на односите меѓу нив, влијаеле и врз нивните односи и врски што тие ги имале со поодделни фактори од редовите на македонското национално ослободително движење. Тоа значи дека во односите помеѓу Југославија и Бугарија, во двете држави, доминантни станале оние воено-политички фактори, што во интерес на добрососедските односи сакале не да го решат, туку едноставно да го отстранат македонското прашање во сите негови облици, од очите на јавноста. Во таа смисла биле и обидите за отстранување на сите македонски организации, без разлика на нивната политичка провиниенција, кои на било кој начин го држеле отворено македонското прашање.

Авторот на една статија во весникот "Слобода или смрт" издадена во бројот од 1 април 1930година, близок до михајловистичката струја на ВМРО се обидел да даде свое објаснување за најновите аспекти на македонското прашање. Тој заклучил дека има односи меѓу бугарската држава и Југославија и на второ место односи на југословенската држава кон Македонија, македонската емиграција и ВМРО.[622] Во однос на овие односи, ВМРО изјавувала дека никогаш не се мешала во внатрешниот живот на Бугарија и во политиката на бугарските влади. Понатаму меѓу другото се истакнувало дека

621 Ib., 180.
622 ДАРМ, фонд ВМРО, кут.3, оп.1, а.е.38 "Свобода или смъртъ", бр.114, 1 април 1930, "*Конвенциите съ Югославия и ВМРО*", стр.315.

"од гледиште на нашето револуционерно движење, нас не не интересира принципиелното прашање за односите меѓу Југославија и Бугарија. Но и по него ние имаме свој определен поглед. Ние секогаш сме сметале, дека односите меѓу Белград и Софија никогаш нема да се подобрат".[623] Како пречка за развојот на тие односи меѓу Бугарија и Југославија "историски и неизбежно се издига трнливото македонско прашање, а главно затоа што господаречката раководна и основна идеја на Белградската политика е да ја зацврсти српската хегемонија на Балканот, да се потчини морално, економски и политички Софија на Белград".[624] Во понатамошниот дел се истакнува дека Југославија кон Македонија, македонската емиграција и ВМРО водела политика и односи што "се карактеризираат со решителна волја на Белград да уништи од лицето на земјата се македонско и тоа со сите средства на една неспоредлива инквизиција".[625] Каде се одговорите, се запрашал авторот на статијата. Според него тие не биле ниту во Бугарија, ниту во легалните средства на македонската будна совест во лицето на илјадната македонска емиграција, ниту кај ВМРО. Тие се наоѓале во "чекмеџињата на Жика Лазиќ, кадешто се сокриваат безбројните тајни заповеди за убивањето на побудните легални граѓани во Македонија...", одговорите биле во тајните архиви на српскиот главен штаб, каде биле тајните заповеди за утврдување на границата, во архивите на духовните и просветните власти кои ги затвориле сите "бугарски" цркви и училишта во Македонија.[626]

Ваквите тенденции ги потврдува и податокот на Георги Кулишев, изваден од една статија во локален весник во Женева, посветена на меѓусебните убиства во редовите на ВМРО. Главниот уредник на весникот, Вилијам Мартен, меѓу другото во неговиот коментар додал дека "убиствата и однесувањето на бугарската власт ја користат само југословенските управници, коишто и милиони да беа дале, не би можеле да посакаат нешто позгодно и радосно за себе си".[627] Таа статија се појавила во моментот кога претседателот на бугарската влада Никола Мушанов се наоѓал во Женева на

---

[623] Ibidem, стр.316.
[624] Ibid.
[625] Ib.
[626] Ib., 317.
[627] ДАРМ, фонд 1198 Георги Кулишев, оп.1, а.е.11, Срещи с Григор Анастасов и Димитър Шалев, стр.20/21.

едно од заседанијата на Друштвото на народите, кој откако ја видел бил многу растревожен.[628]

Против меѓусебните физички ликвидации коишто биле поттикнувани од државни фактори и во Бугарија и Кралството Југославија, својот глас го кренал неутралниот дел од македонската емиграција во Бугарија. Тие повикувале на прекин на сите меѓусебни убиства кои го уништувале здравото ткиво на македонското револуционерно движење. Според нивните статистички податоци од 1918 година, во период од околу 13-14 години во крвавите македонски братоубиства загинале околу 4 000 четници, војводи и терористи на ВМРО и вистинската суштина на тие неповратни жртви била што "паднаа далеку од полето на вистинската македонска борба".[629] Затоа овие македонски дејци и интелектуалци повикувале дека било крајно време да се престане со таквиот вооружен конфликт, потсетувајќи ги Македонците во Бугарија дека слободата на Македонија не може да се извојува од "суво и топло", туку преку беспаќата на Огражден, Али Ботуш и снежните врвови на Шар планина. Се апелирало до сите македонски организации дека борбата за слобода била во внатрешноста, среде поробеното население затоа што никој не можел да одрече дека "тиранијата што доаѓа од Софија е помала од таа на Белград или Атина" и дека "нејзините железни мрежи, заштитувани од врховистите, не се повисоки и победливи од тие расположени по границите на Македонија".[630] Затоа оваа група од македонската емиграција сметала дека бил дојден часот "да ја спасуваме Македонија од Македонците, да ја спасуваме од измешаните сметки на бугарските влади". Тие исто така посочувале дека ослободувањето на Македонија не можело да се очекува од луѓе што наместо со револуционерна дејност се занимавале со градење на луксузни куќи и профитабилни банки со што го затвориле патот на слободата и оставиле на страдања и уништување "два милиони македонски народ".[631] Ваквите стремежи и цели на делови на организираното македонско револуционерно движење излегувале надвор од бугарските и српски планови околу македонското прашање што ги принудувало владите во Белград и Софија да преземаат

---

[628] Ibidem.
[629] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Един апелъ, стр.312.
[630] Ibidem, 312.
[631] Ibid.

соодветни мерки против тоа. Во тие години видливи биле променетите погледи на бугарската влада кон различните македонски организации на нејзина територија затоа што тие граделе независни политички ставови и околу државноста на Македонија, но и околу националната посебност на македонскиот народ.

Постојаните вооружени престрелки по софиските улици кои однеле многу човечки жртви создавале се поголемо незадоволство среде бугарското јавно мислење. Затоа се повеќе се засилувал притисокот и кон централната бугарска власт, конечно да го разреши конфликтот во редовите на ВМРО кој поради неговата жестокост создавал негативна слика и за самата Бугарија кај пошироката меѓународна јавност. Околу конечниот крај на непријателствата помеѓу двете спротивставени страни лично се ангажирал и бугарскиот цар Борис кој се обидел да биде посредник во смирувањето на состојбите. Кон крајот на 1930 година на приемот на претставници на политичките партии се појавиле и членовите на завојуваните страни од ВМРО. Бугарскиот цар во исто време се поздравил со народниот пратеник, протоѓеровистот Георги Кулишев и д-р Руменов кој припаѓал на михајловистите и исто така бил член на бугарскиот парламент. Притоа бугарскиот владетел им ги зел рацете и ги привлекол еден кон друг што требало да претставува и дефинитивно помирување и симбол дека непријателствата прекинуваат.[632] Таквиот акт и дефинитивно ја покажал длабоката вмешаност на највисокиот бугарски државен врв во внатрешните работи на организацијата ВМРО која претставувала еден сегмент од македонското революционерно движење.

По иницијатива на бугарската влада веднаш била формирана и една помирителна комисија во која влегле генералот Бојаџиев, народниот пратеник д-р Руменов, Никола Стајнов-началник на државните долгови, Христо Силјанов-пратеник, Димитар Михајлов и Петар Дрвингов.[633] Членовите на оваа комисија веднаш започнале да остваруваат средби со највисоките раководители на михајловистите и протоѓеровистите со укажувања да дојде до надминување на недоразбирањата во интерес на македонската кауза. Главната намера на овие неутрални македонски дејци била да ги убедат различните

---

[632] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Akcija za izmirenje Makedonstvujusćih, стр.315.
[633] Ibidem.

авторитети во ВМРО да се отргнат од влијанието на бугарските државно-политички фактори и повторно да се вратат на изворните принципи на македонското револуционерно движење.

Српските безбедносни служби во чекор ги следеле ваквите активности на македонската емиграција во Бугарија и успеале да дознаат дека еден таков состанок бил одржан на 28 декември 1930 година во куќата на пратеникот Таско Стоилков во селото Кочариново.[634] На состанокот на иницијатива на Петар Дрвингов се појавиле трите члена на ЦК на михајловистичката ВМРО, Караџов, Ванчо Михајлов, Страхил Развигоров како и Михаил Монев. Во најголем дел од времето зборувал Дрвингов кој ја нагласил потребата од внатрешно единство во редовите на ВМРО и повторно обединување на спротивставените страни и воедно го искритикувал Централниот Комитет затоа што станал "орудие на фактори и цели кои се туѓи на македонското ослободително движење".[635] Тој во отценките за општата неповолна ситуација во која западнало македонското револуционерно движење, отишол до тој степен што ја потенцирал "омразата и незадоволството на бугарскиот народ" поради крвопролевањата по улиците на бугарските градови. Дури при едно анкетирање на бугарски граѓани од Татар Пазарџик, тие во однос на ова изјавувале дека "ако бидат испратени против Србите не би отишле, но против Македонците би кренале со најголема омраза", поради што Петар Дрвингов им порачал на водачите на михајловистичката ВМРО да се дистанцираат од соработката со власта и да престанат со издавањето на нелегалниот печат што само им создавал непријатности.[636]

Променетиот однос на бугарската власт кон ВМРО на Иван Михајлов и воопшто кон македонското прашање резултирале со критики упатени на нејзина адреса во весникот "Слобода или смрт". Во статијата посветена на ова прашање биле нападнати и жестоко критикувани обидите на бугарската власт да ја разруши мрежата на ВМРО во Пиринска Македонија. Отворено била нападната "бугарската партизанштина", која била опасна за Македонија, исто колку и нејзините поробители. Според весникот, цел на тие напади биле

[634] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Luka-9 01 1931, Dragi, стр.318.
[635] Ibidem.
[636] Ibid.

"македонската емиграција во Бугарија и населението на Македонија под бугарска власт, коишто се под непосредно влијание на политичкиот живот во слободната бугарска држава".[637] Имало многу обиди за рушење на организациската мрежа на ВМРО во Петричко, но тие не успевале. Во таквите обиди посебно се истакнал тогашниот министер за внатрешни работи Александар Гиргинов и неколку луѓе околу него. Намерата била да се создадат партиски ограноци, организации на бугарски политички партии во Пиринска Македонија и да се уништи организациската поставеност на ВМРО.[638]

Во 1932/33 година се почесто било вмешувањето и на Југославија во внатрешниот крвав конфликт во ВМРО, со тоа што оваа држава започнала да остварува контакти со протоѓеровистите и да им дава финансиска помош. По атентатите врз Симеон Ефтимов и пратеникот Филипов кои биле поврзани со двете спротивставени страни во ВМРО, царот Борис во 1932 година го повикал претседателот на резервните офицери, генерал Сирманов да посредува за прекинување на непријателствата. Но наместо тоа, веројатно без знаење на царот Борис, преку печатениот орган на бугарските резервни офицери му било овозможено на српскиот агент Лука Поповиќ(Лазо Поповски, н.ж.) да интервенира со статија во која ја нападнал михајловистичката ВМРО и индиректно застанал на страна на протоѓеровистите.[639] Со тоа владата на Југославија на еден начин ја разоткрила својата "врска" со протоѓеровистичката ВМРО што се обидувала по секоја цена да ја држи во тајност за да не ги компромитира односите со Бугарија. Оттаму бил и стравот на припадниците на протоѓеровистичката ВМРО да не бидат доведени во релација со "комунисти и Срби" и да ја изгубат и делумната соработка што ја имале и со некои воено-политички фактори во Бугарија. Дури, откако и бугарските безбедносни служби дознале за соработката на протоѓеровистите со владата во Белград, Лука Поповиќ бил повикан во министерството за војна и тоа лично од началникот на бугарската разузнавачка служба-полковникот Маринов, со кого се познавале од порано. Маринов и Поповиќ разговарале за "македонските убиства" така што ставот на српскиот разузнавач околу тоа

---

[637] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.5, а.е.51 "Свобода или смъртъ", бр.140, 1933 год. "*Нема да дозволим никоīа*", стр.544.

[638] Ibidem.

[639] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Македонски работи!, стр.199/200.

прашање веднаш му бил пренесен на бугарскиот министер за војна, со што де факто биле промовирани барањата на протоѓеровистите во тој внатрешен вооружен конфликт во ВМРО.[640]

Поради таквиот развој на настаните кој го вмешувал официјален Белград во конфликтот на интереси во ВМРО, од страна на српските државно-безбедносни органи се препорачувала поголема претпазливост за да не се открие пред бугарската јавност поврзаноста и финансиската помош што и се давала на протоѓеровистичката ВМРО. Бугарската влада која веќе знаела за таквата соработка од своја страна се обидела да го реши проблемот поради тоа што многубројните убиства по софиските улици создавале лош впечаток кај меѓународната јавност за безбедносната состојба во Бугарија. Имено како трајно решение од нејзина страна се предлагало заминување на протоѓеровистите од Бугарија со тоа што им се нудела парична сума од 10 милиони левови за нивна егзистенција, но и како обештетување за нивните загинати членови и нивните семејства.[641] Таквата понуда, според српските државни фактори била одбиена, но овој податок секако имал за цел да ја оправда финансиската помош што владата во Белград и ја испраќала на поединци од раководството на протоѓеровистичката ВМРО.

Меѓутоа колку и да се обидувала југословенската власт да се огради од соработката со протоѓеровистичката ВМРО, резултатите на истата излегувале пред очите на јавноста поради тоа што строго доверливи податоци од безбедносните служби на Југославија дошле и до бугарските безбедносни фактори. Како посредник за соработка со протоѓеровистите од српска страна во 1933 година бил искористен бугарскиот земјоделски емигрант Коста Тодоров. Тој се поврзал со претставникот на српската земјоделска партија Коста Крајсумовиќ преку кого испорачале 20 револвери на протоѓеровистите, но тоа не би било воопшто зачудувачки доколку сознанието не било објавено во печатените југословенски гласила. Со тоа целосно била обелоденета југословенско-протоѓеровистичката врска што неколку години наназад се држела во најголема тајност.

[640] Ibidem, 202.
[641] Ibid, 204.

Југословенскиот агент од македонско потекло, Лазар Поповски за сите детали од разговорот со Тодоров го запознал српскиот разузнавач, полковникот Танасије Диниќ, којшто долги години бил длабоко навлезен во тајните на овој сегмент од македонското прашање. Во соработка со српските безбедносни служби, овие неколку личности планирале парична сума од околу 2 000 000 левови кои требало да им се достават на раководните структури на протоѓеровистите. Покрај финансиската помош било испланирано и материјална подршка од околу 200 револвери, машински пушки и експлозивни направи.[642] Коста Тодоров како претставник на бугарската земјоделска партија понатамошната врска за финансиска и материјална помош на протоѓеровистите требало да ја остварува преку генералите Александар Димитријевиќ и Јечмениќ. За понатамошниот тек на соработката на протоѓеровистите со владата во Белград, во Виена разговарале и Танасије Диниќ и Крстан Поп Тодоров, но и констатирале дека контактите веќе не биле тајност и за бугарските државни служби кои доверливите информации ги дознале преку политичките приврзаници на Тодоров во Софија. Во контактите со Диниќ и српските безбедносни служби бил упатен и Петар Шанданов кој преку една преписка со Поп Тодоров исто така открил дека и бугарскиот весник "Пладне" бил со парична издршка од Југославија на чија сметка доаѓале финансии и за потребите на ВМРО-протоѓеровистичка.[643]

Најодговорни за спроведувањето на сите постапки околу поврзаноста со протоѓеровистите и приврзаниците на бугарската земјоделска партија биле југословенското министерство за надворешни работи кое давало парична помош, а министерството за војна им доставувало оружје. За да се сврти вниманието на јавноста од откривањето на овие контакти, искусниот српски

---

[642] АСЦГ, фонд 14, кут.бр.28, Rezultat omogucene saradnje Koste Todorova sa protogerovistima, стр.439.

[643] Ibidem, 440. За соработката на протоѓеровистите и владата во Белград, свои видувања имал и Петар Шанданов. Според него, по добиените писмени инструкции од Славе Иванов, Шанданов и Мишо Шкартов заминале на средба со претставник на српските безбедносни служби во Братислава. Преговорите за соработка и финансиска помош што се воделе со српскиот разузнавач Танасије Диниќ се префрлиле во Виена, а на разговорите присуствувал и Славе Иванов. Од страна на Диниќ, на Шанданов и Шкартов им била ветена финансиска помош која требало да изнесува 80 до 100 000 лева месечно, за возврат на што, протоѓеровистите требало да ја продолжат борбата против ВМРО на Иван Михајлов. Во подигнувањето на паричните средства посредувал Лазар Поповски преку југословенската амбасада во Софија. (Петар Шанданов, *Спомени,* op. cit. стр.253/254.)

разузнавач Танасије Диниќ им предложил на државните органи да се прекине каналот за соработка преку Коста Тодоров затоа што тој се покажал како индискретен. Околу транспортирањето на оружје за оваа македонска организација Диниќ искажал мислење дека тоа било непотребно затоа што со парите што југословенската влада им ги испраќала на протоѓеровистите, тие сами се снабдувале од извори во Бугарија. Со сите овие забелешки, српскиот разузнавач во пензија уште еднаш потенцирал дека Коста Тодоров требало да се отстрани од мрежата за соработка затоа што неговата улога била контрапродуктивна.[644]

Поради негативниот курс на бугарската власт кон македонското прашање и кон македонските организации во Бугарија во тој период, на Големиот собор на македонската емиграција во Горна Џумаја (Благоевград) во февруари 1933 година, а под организација на ВМРО на Михајлов, дошло до преформулирање на барањата во однос на решавањето на македонското прашање. Овие нови барања биле само потврда на новиот програмски лозунг на михајловистичката ВМРО, заземен на нејзиниот конгрес одржан во 1932 година. Од соборот била издадена декларација во која се потенцирало дека крајната цел на македонската борба било создавање на **независна македонска држава.** Според декларацијата трите балкански народи бугарски, грчки и српски, би се уништиле во долгиот процес на борби помеѓу себе, ако Македонија не стане независна држава. Но, се вели понатаму, "ако мегаломаните од Белград, Атина и Софија попречат за реализирањето на слободната македонска држава, тогаш нашите зборови за лошата судбина, којашто ќе ја има Балканскиот полуостров, ќе бидат оправдани".[645] Во однос на македонското прашање се истакнало и дека "идните поколенија и во трите сегашни балкански држави еден ден ќе го признаат правото на ВМРО, против којашто денес се борат Белград и Атина и на којашто не малку попречуваат и бугарските влади и многу општествени софиски фактори".[646]

Освен декларативните настапи за создавање на независна македонска држава, на овој собор повторно бил потенцирано традиционалното

[644] Ibid, 441.
[645] ДАРМ, фонд ВМРО, кут.5...op.cit., 521.
[646] Ibidem, 522.

антисрпско расположение на македонската емиграција, посебно на оној нејзин дел што бил под влијание на михајловистичката ВМРО. Распламтените антисрпски чувства оделе до таму што се нагласувало дека "Србија и Македонија се вековни непријатели" и дека "Македонија ја презира Србија", а нападите продолжувале во стилот дека се што било српско било туѓо за Македонците и за "македонската душа". На крајот од овој настап, присутните емигранти на соборот заклучиле дека омразата на Македонците кон Србија датирала уште од периодот на турското владеење и дека подоцнешната српска власт во Македонија била извор на постојана опасност од воени судири на Балканот, поради што "бугари и срби неможат ниту да си говорат спокојно. Тие се мразат".[647]

Поради се почестото поставување на решавањето на македонското прашање и од двете фракции во ВМРО, за нивното дејствување голем интерес пројавувала и југословенската влада, особено во почетокот на 30-тите години. На 28 април 1933 година српскиот дипломатски претставник во Софија, Вукчевиќ го известил официјален Белград за моменталната состојба помеѓу спротивставените страни и неуспешниот тек на преговорите за нивно помирување и запирање на меѓусебните физички елиминации. Како доказ дека уличните вооружени пресметки продолжуваат, Вукчевиќ го навел податокот дека во Софија пристигнале голем број на терористи и од двете непријателски групи.[648] Според мислењето на Вукчевиќ, протоѓеровистичката ВМРО ги имала симпатиите кај поголем дел од бугарското јавно мислење и кај некои структури во воено-офицерската организација. Југословенскиот дипломат исто така успеал да дојде до сознанија дека една извесна група на "угледни и влијателни Македонци" која била неутрална, се обидувала да биде посредник во смирувањето помеѓу протоѓеровистите и михајловистите и доколку тоа не се случело, тие се подготвувале да создадат нова емигрантска организација, што на радост на Вукчевиќ, ќе предизвикало уште поделби во редовите на "македонствујушчите".[649] Но најголем интерес кај Вукчевиќ привлекувало

[647] Ibid, 526.

[648] АСЦГ, фонд 74, кут.бр.50, Посланство Краљевине Југославије у Бугарској пов.бр. 611(предмет: односи у ВМРО-у) министарству иностраних послова-политичком оделењу, стр.84.

[649] Ibidem.

незадоволството, внатре во редовите на михајловистичката ВМРО, што во основа ги тангирало српските интереси во однос на македонското прашање. Имено се работело за различните гледишта во раководството на оваа организација по однос на резолуцијата за создавање на независна Македонија што била усвоена на соборот на македонската емиграција во Горна Џумаја. Југословенскиот дипломат сметал дека зад идејата за создавање на независна Македонија не стоел Ванчо Михајлов, туку лично самиот бугарски цар Борис кој во тоа гледал опстојување на теоријата за интегрална Југославија, но преуредена на федеративна основа. Царот Борис дури бил спремен да го отстапи Петричкиот округ (Пиринска Македонија, н.ж.) кон новоформираната независна македонска држава, со надеж дека таа во догледно време повторно би станала составен дел на Бугарија.[650]

Внатрешните превирања и судирите во ВМРО претставувале значаен сегмент во македонското прашање поради што заземале важно место во политичките стратегии на Бугарија и Југославија. Раслојувањето и меѓусебните физички елиминации во редовите на ВМРО претставувале суштински интерес за бугарската и српската влада затоа што тоа ги слабеело позициите на Организацијата и ги правело невозможни нејзините вистински програмски определби во поглед на македонското прашање. По дефинитивниот расцеп и формирањето на две посебни организации со името ВМРО, владите на Југославија и Бугарија се обиделе да ги придобијат нивните раководства околу своите планови кон Македонија. Ставовите што протоѓеровистите и михајловистите ги протежирале во однос на македонското прашање најчесто биле израз на моменталната српска и бугарска политика, иако раководствата на овие македонски организации се обидувале да дејствуваат и независно. Српските безбедносни служби успеале да воспостават контакти со протоѓеровистичката ВМРО и преку финансиски средства да придобијат некои нејзини членови. Михајловистичката ВМРО и понатаму одржувала цврсти врски со бугарската влада, која преку Иван Михајлов гледала можност за остварување на контрола врз поголемиот дел од македонската емиграција во Бугарија.

650 Ibid, 84.

Всушност политиката на Србија и Бугарија по македонското прашање во значителен дел се пресликала врз судирот помеѓу двете завојувани страни во македонското револуционерно движење, што оставило сериозни последици поради многубројните атентати и убиства. Во тој вооружен конфликт, ВМРО на Михајлов имала понадмоќна позиција поради што и нејзините гледишта кон македонското прашање биле поагресивно наметнати кај Македонците во Бугарија. Протогеровистите под српско влијание започнале да прифаќаат и парцијално решавање на македонското прашање во рамките на некаква југословенска федерација, додека привржаниците на Михајлов се повеќе започнале да го застапуваат ставот за независна македонска држава. Ваквите позиции по македонското прашање ја изненадиле и бугарската влада која започнала да го подготвува теренот за укинување на сите македонски организации на нејзината државна територија. Во 1934 година со извршениот преврат во Бугарија на власт дошла политичката групација Звено на чело со Кимон Георгиев. Тогаш било со закон забрането дејствувањето на двете струи на ВМРО, но и постоењето на другите македонски емигрантски организации во Бугарија. Тоа е период кога македонското прашање во односите меѓу Југославија и Бугарија било ставено на самите маргини.

# ЗАКЛУЧОК

Во периодот помеѓу двете светски војни, Македонија со својата поволна географска положба, во нејзините етнички, економски и историски граници заземала централно место во политиката на балканските држави. За неа индиректен интерес покажувале и големите светски сили преку нивното влијание врз балканските држави што биле најмногу заинтересирани за Македонија. Во целиот тој сплет на интереси, во најотворено конфронтирање и судир на сферите на влијанија кон овој дел од Балканскиот полуостров се нашле Кралството на СХС и неговиот најдоминантен дел Србија и Бугарија. Односите помеѓу овие две балкански држави во меѓувоениот период од 23 години речиси постојано биле детерминирани од нивните ставови и гледишта околу Македонија. Всушност, нерешеното македонско прашање што со целата своја комплексност се појавило по Версајската мировна конференција, го одредувало интензитетот на српско-бугарските меѓудржавни односи и се рефлектирало врз нивната надворешна политика. Македонското прашање со сите негови аспекти, од неговата национална, државна, географска и економска гледна точка во тој период постојано било присутно во дипломатските преписки, официјални преговори, тајни заткулисни договарања и во политичко-државните стратегии кои ги одредувале српско-бугарските планови кон него. Интензитетот на неговата поставеност бил различен во зависност од општествено-политичките услови во Кралството на СХС и Бугарија и политичките фактори што се наоѓале на власт.

Поставеноста на македонското прашање во односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија може да се подели во неколку периоди, во зависност од неговиот интензитет и сегментите што најмногу биле застапени. Од 1919 до 1923 година биле направени најмногу обиди на државно-политичките фактори во двете држави за надминување на спротивностите околу македонското прашање. Во Бугарија на власт се наоѓала левичарската земјоделска влада на Александар Стамболиски кој под притисок на српските владеачки партии-Радикална и Демократска, а и поради неповолната меѓународна позиција, се обидувала да направи компромис и отстапки кон

Кралството на СХС околу тоа прашање. Карактеристика на српско-бугарските односи во тие години било подобрувањето на односите и во тој поглед се барале најсоодветни формулации за дефинирање на македонското прашање што би ги задоволило и двете страни. Владата на Стамболиски се откажувала од остварувањето на правата на "бугарското малцинство" во Македонија под српска власт во знак на што добивала поддршка од државните органи на Кралството на СХС за нејзината "јужнословенска политика". Ако од таквата политика на "затоплени" односи биле задоволни српските владеачки фактори во троименото Кралство, причина за спротивно расположение имало кај огромната македонска емиграција во Бугарија која преку своите организации имала големо влијание во бугарскиот политички живот.

Отстапките што бугарската влада ги правела кон Кралството на СХС, од страна на голем дел македонски емигрантски организации во Бугарија биле отценети како непријателска политика кон македонското прашање. Пројугословенски ориентираниот Стамболиски се нашол пред силен притисок од возобновената организација ВМРО на Тодор Александров и Александар Протоѓеров, кој во антисрпската кампања биле подржани и од опозициските воено-офицерски кругови во Бугарија. Од тој момент, навлегувањето на комитските чети на ВМРО во Вардарска Македонија под српска власт, станал главниот сегмент во македонското прашање што имал пресудно влијание врз односите помеѓу владите во Белград и Софија. Оваа македонска организација, потпомогната од други емигрантски организации што се наоѓале под нејзино влијание и објавила "војна" на бугарската земјоделска влада и таквите непријателски односи траеле се до насилното сменување на Стамболиски во 1923 година. Бугарската земјоделска власт иако настојувала да ја уништи организациската мрежа на ВМРО и преземала мерки во тој правец, постојано била напаѓана од владата на Кралството на СХС заради тоа што Пиринска Македонија под бугарска власт претставувала база за навлегување на македонски чети во Вардарска Македонија под српска власт. Таквите обвинувања од српска страна предизвикале повторно влошување на односите помеѓу двете соседни држави и покрај постојаните декларативни изјави за надминување на разликите околу македонското прашање.

За надминување на затегнатата ситуација, бугарскиот премиер Стамболиски и неколку министри од неговата влада заминале во официјални посети на Кралството на СХС каде се обидувале да дадат цврсти гаранции во пријателската политика на Бугарија кон нејзиниот западен сосед. Александар Стамболиски и министерот за внатрешни работи Димитров давале изјави пред српските весници дека Бугарија нема територијални ревандикации кон Вардарска Македонија и дека нејзините власти ќе се пресметаат со ВМРО која не ги признавала новите европски версајски граници. Во правец на таквата политика, владите на Кралството на СХС и Бугарија започнале официјални преговори во Ниш каде била склучена спогодба која требала да осигури поголема безбедност на границите во делот кон Македонија и конечно уништување на организациската и четничка мрежа на ВМРО во Пиринска Македонија. Нишката спогодба од 1923 година не успеала да го реши четничкиот сегмент од македонското прашање кое останало да претставува главна тема во дипломатските преписки помеѓу двете држави, со меѓусебни обвинувања околу тоа од каде доаѓала главната подршка на ВМРО. Во септември 1923 година односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија ескалирале до тој степен што се заканувале да предизвикаат воен конфликт со несогледливи последици. Српската влада и упатила ултимативно барање на Бугарија дека доколку не престанат комитските напади во Вардарска Македонија, таа ќе изврши окупација на Пиринска Македонија која ја сметала за организациска база на четите на ВМРО. Во спречување на воениот судир, значајна улога одиграле и дипломатските посредувања на некои европски држави, кои интервенирале и привремено ги смириле тензиите.

По 9-то јунскиот преврат 1923 година, српско-бугарските односи и нивниот однос кон македонското прашање влегол во друга фаза. Во Кралството на СХС на власт се наоѓале политички структури во кои главно влијание имале големосрпските елементи, додека во Бугарија со насилна промена на власта дошла една политичка групација составена од крупнограѓански партии на чело со професорот Александар Цанков. Поради фактот што српските владеачки структури се сомневале дека новата бугарската власт била востановена благодарение на помошта на "македонствујушчите", дошло до заладување на односите. Во следните

неколку години интензитетот на македонското прашање го одредувале четничките акции на ВМРО во Вардарска Македонија. Настаните добивале на драматичност со најавите на српските весници дека раководителите на ВМРО подготвувале масовно вооружено востание во Македонија под српска власт. Критичната безбедносна положба на границата во делот кон Македонија уште повеќе ја зголемувале пограничните вооружени инциденти во кои покрај комитските чети, учествувале и регуларната бугарска и српска војска и полиција.

Владата на Кралството на СХС упатила голем број на протестни ноти до бугарската влада и посебно до министерството за надворешни работи со обвинување дека четничката акција на ВМРО била потпомогната од официјална Софија. Од друга страна владата на Александар Цанков ги отфрлувала таквите тврдења со оправдување дека нејзината армија ја контролира целата гранична линија и не дозволува уфрлување на вооружени групи од нејзината територија. И додека траеле дипломатските надмудрувања, бугарската власт се обидувала да го "дисциплинира" раководството на ВМРО со цел да престанат нејзините четнички акции во Вардарска Македонија. Таквата политика на владата на "Демократскиот зговор" ги влошило односите на релација Тодор Александров-Александар Цанков, по што водачот на ВМРО отворено се заканил со свртување на оружјето на оваа македонска организација против институциите на бугарската власт како и во времето на Стамболиски. Спротивностите околу македонското четничко прашање ги надминало границите на двете балкански држави и во разрешувањето на проблемот се вклучиле и традиционалните сојузници на Кралството на СХС т.е. Србија, Франција и Англија. Тие преку дипломатски канали, особено во Друштвото на Народите во Женева, извршиле притисок врз Бугарија за да се ослободи од "услугите" на ВМРО, со закана дека ќе и бидат укинати сите одобрени меѓународни заеми за излез од тешката економска криза. На тој начин македонското прашање постепено излегувало од неговите балкански граници и неговото решевање се префрлувало и во меѓународните институции. Дипломатските активности на Бугарија и Кралството на СХС биле насочени кон прикажување на "аргументи" во полза на нивните планови околу Македонија и македонското прашање. Во еден момент и интерегнум простор,

владите на Кралството на СХС и Бугарија и успеале да постигнат "примирје" околу своите сфери на влијанија во Македонија, отстапувајќи место на "резервната" стратегија околу прашањето. Имено, чувствувајќи дека ги губат позициите кај Македонците во Егејска Македонија, српските и бугарските дипломати се договориле да се потпомагаат помеѓу себе во обидите за истиснување на грчкото влијание. Владата на Кралството на СХС се обврзала да ги помогне бугарските претензии за излез на Егејското море, додека официјална Софија ги признала српската ингеренција врз Вардарската долина и плановите за излез на Солунското пристаниште. Во интерес на заедничките планови во Егејска Македонија, српските и бугарските власти си признале помеѓу себе дека "словенското население" во тие краишта не било ниту со бугарско, а уште помалку со српско национално чувство. Тоа "примирје" траело кратко време затоа што двете државни пропаганди директно се судриле на теренот во Егејска Македонија околу нивните обиди за србизирање и бугаризирање на тамошното македонско население.

Во 1926 година настанале неколку промени на политичките сцени во Бугарија и Кралството на СХС кои создавале претпоставки за нормализирање на меѓусебните односи по прашањето за Македонија. Таа година починал Никола Пашиќ кој бил претставник на политичкиот модел за доминација на Србија во троименото Кралство и непризнавањето на националните прашања во државата, додека во Бугарија од власта си заминал контраверзниот професор Цанков за чиешто владеење се случиле многу политички убиства, востанија и акти на тероризам. По овие настани не се случиле некои радикални пресврти во надворешните политики на двете држави. Новиот бугарски премиер Љапчев кој бил со македонско потекло ги алармирал државните органи на Кралството на СХС, затоа што сметале дека тој ќе ја помага македонска организација ВМРО. Затоа напорите на српската дипломатија биле насочени во правец на докажување на "немакедонскиот" карактер на оваа организација, која според властите во Белград била производ на ревизионистичките планови на бугарската држава кон Македонија под српска власт. Во врска со тоа српските државни стратези се обидувале да востановат некои фашизоидни теории за постоењето на некоја посебна нација "македонствујушчи", која според нив била мешавина од Македонците и

Бугарите и претставувала главно јадро на организацијата ВМРО. Наспроти ова и новата бугарска власт барала исполнување на меѓународните договори за заштита на "бугарското малцинство" во Вардарска Македонија, како во контактите со српската влада, така и пред органите на Друштвото на Народите во Женева. Бугарските теории за карактерот на македонското прашање биле поткрепувани и од некои меѓународни организации кои имале значително влијание врз тековите на светската политика. Така бугарската кауза околу ова прашање била подржана и од т.н. Балкански комитет со седиште во Лондон, организација што ја сочинувале политичари, англиски општественици и интелектуалци. Овој комитет во поглед на националната припадност на Македонците го застапувал истото гледиште со официјалната бугарска политика, но околу статусот на Македонија сметал дека таа треба да претставува посебна државна единица. Спротивно на ова, српската државна политика со нејзините ставови околу македонското прашање имала голема подршка од нејзиниот традиционален сојузник и пријател, Франција, која како држава можела сериозно ја создава или менува меѓународната политика за овој балкански проблем.

Кон крајот на 20-тите години, Кралството на СХС поради непрекинатите четнички акции на ВМРО во Вардарска Македонија, откако не вродиле со плод сите дипломатски акти, преписки и меѓународни притисоци, преминало кон спроведување на радикални мерки. Српската влада во знак на протест целосно ја затворила својата граница во делот кон Бугарија. Овој чекор на властите во Белград се заканувал дека ќе предизвика комплетна парализа на српско-бугарските дипломатски преговори околу четничкиот сегмент од македонското прашање. Бугарската влада веднаш побрзала за тоа да ги извести големите европски сили преку органите на Друштвото на Народите, но нивните укажувања за непопуларноста на мерката не ја разубедиле владата на Кралството на СХС. Во 1929 година со потпишаните Пиротски договори помеѓу двете влади, иако била поставена на дневен ред безбедноста на границата, прашањето со дејствувањето на ВМРО повторно било одложено. Состојбата дополнително се влошила со воведувањето на шестојануарската диктатура во Југославија кога новите владеачки структури спровеле укинување на сите форми на парламентаризам и целата политичка

моќ ја концентрирале во рацете на српското кралско семејство Караѓорѓевиќ. Новата влада на Кралството Југославија ја продолжила политиката на негирање на постоењето на македонското прашање во сите негови форми и во поглед на истото во односите со Бугарија настапувала од позиција на поголема моќ. Согласно таквата политичка концепција, српските владеачки кругови блиски до кралскиот двор предлагале сите нерешени балкански прашања, а со тоа и македонското кое не го признавале, да се решат преку создавање на една југословенско-бугарска федерација со доминантна позиција на Србија. За да се прикрие српскиот плашт на таа државна творба, државните стратези во Белград создале една нова вештачка политичка формула за решавање на националните прашања, т.н. теорија на интегрално југословенство. Поборниците на т.н. југословенство се обидувале да ја наметнат идејата дека во државата не постојат посебни националности, но единствена југословенска нација. Таквата политичка доктрина преку групи на интелектуалци била спроведувана и во Вардарска Македонија каде поради огромното незадоволство на Македонците требала да го неутрализира антисрпското расположение. Српската теорија за интегрално југословенство била пренесена и во Бугарија каде тамошните власти ја сметале како обид за наметнување на властите во Белград, да го решаваат македонското прашање во нивна полза. Во одбрана на таквата српска политика околу македонското прашање застанала и кралската династија Караѓорѓевиќ која иницирала неколку средби со бугарскиот цар Борис во почетокот на 30-тите години. Во разговорите помеѓу двајцата монарси исто така се разгледувале некои сегменти од македонското прашање. Српскиот крал Александар Караѓорѓевиќ барал уништување на македонската организација ВМРО, додека царот Борис го поставувал прашањето за правата на "бугарското малцинство" во Вардарска Македонија.

Од средината на 30-тите години се појавиле тенденции за маргинализација на македонското прашање во југословенско-бугарските односи. Таквиот развој на надворешната политика на двете балкански држави бил условен од неколку настани што се случувале на политичката сцена. Во 1934 година во Бугарија се случил преврат во кои на власт дошла политичката групација "Звено" која со закон ги распуштила македонските организации

меѓу кои и ВМРО, што претставувало значаен момент за подобрување на односите со Југославија. По атентатот врз кралот Александар Караѓорѓевиќ, новата влада на Милан Стојадиновиќ исто така настојувала да ги подобри односите со Бугарија, а за тоа секако многу важен услов било распуштањето на ВМРО. Затоплувањето на односите се манифестирало и со подготвувањето на еден меѓудржавен договор кој засекогаш требало да го затвори прашањето со безбедноста на границата, посебно во делот кон Македонија. Како резултат на таквите напори било потпишувањето на т.н. договор за вечно пријателство кој како куриозитет содржел само еден единствен член. Обидите за маргинализација на сите сегменти на македонското прашање биле видливи и во неколкуте меѓудржавни средби на највисоко ниво на кој доминирале заложбите, статусот на Македонија да остане непроменет и да престанат бугарските тенденции за промена на Версајските граници.

Овие декларативни заложби не соодветствувале со реалните состојби на политичките сцени во двете балкански држави. Во Бугарија започнале да се појавуваат организации и движења со фашистичка идеологија кои директно или индиректно барале територијални ревандикации во делот кон Македонија под српска власт. Јавното мислење во Југославија дополнително се алармирало и со сознанијата на српските безбедносни служби кои укажувале на обиди за возобновување на организациската мрежа на ВМРО на бугарска територија. Конфронтациите се зголемувале и со зајакнувањето на радикалните националистички кругови во Југославија кои спроведувале сурова денационализаторска политика врз македонскиот народ во Вардарска Македонија за зачувување на "српството" во тој најјужен дел од државата. И покрај таквите мерки во извештаите што српските државни чиновници ги испраќале од Македонија до централната власт во Белград се констатирал пораз на таквата политика и засекогаш изгубени позиции на српската кауза во тие краишта. Во опсежните анализи за неповолните позиции на српската политика во Македонија, сега виновникот не била организацијата ВМРО, туку се појасно дефинираните барања за создавање на македонска национална држава, која како идеја ја протежирале и поранешни доверливи луѓе на режимот во Белград. Во едни вакви поставени позиции на македонското прашање во Југославија и Бугарија, неговото решавање постепено се

префрлувало во тајните кабинети каде се подготвувале опсежни државни стратегии за тоа во кој правец ќе се насочат српската и бугарската национална политика.

Државните аналитичари во Бугарија и понатаму сметале дека важен сегмент за бугарските планови околу Македонија била организацијата ВМРО, за која сметале дека треба да се реактивира со помош на државно-безбедносните служби. Новата поставеност на ВМРО во бугарското општество требала да создаде впечаток кај меѓународната јавност дека официјална Софија нема ништо заедничко со дејствувањето на оваа организација. Бугарските познавачи на македонското прашање исто така укажувале дека тоа мора да се решава во неколку етапи за да конечно се поклопи со државно-националните планови на политичките фактори во бугарската држава. Според овие аналитичари, бугарското општество воопшто не требало да се плаши и од се почестите појави на македонска национална свест, која како процес им конвенирала само на оние политички сили што создавале македонофобија во државата. Во однос на зачестените барања на организациите во македонското ослободително и револуционерно движење за создавање на независна македонска држава, овие бугарски политички сили повикувале на воздржаност. Тоа тие го објаснувале од причина што помеѓу решението за независна Македонија и Македонија под српска власт, за бугарската држава секако поприфатливо гледиште било првото. На идејата за независна македонска држава, бугарските државни стратези гледале како на интеррегнум простор, за во едно догледно време Македонија да се присоедини кон Бугарија.

Од друга страна, српските државно-безбедносни фактори не се занимавале со државниот аспект на македонското прашање. Тие повеќе биле зафатени со тезата за докажување на немакедонскиот карактер на организациите на "македонствујушчите" во Бугарија кои со своето егзистирање го оставале отворено македонското прашање. Српските креатори на нивната политика во Македонија тврделе дека македонските емигрантски организации во Бугарија и посебно ВМРО, се спроводници на бугарската политика за повторно завладување на Вардарска Македонија што била во состав на Југославија. Таквата теза требало да го оправда ставот на српските

теоретичари за ингеренциите на владата во Белград кон македонското прашање.

Државните политики на владите на Југославија и Бугарија најмногу биле ориентирани кон обидите за превласт во различните македонски организации. Преку влијанијата во нив и двете држави сакале да го канализираат решавањето на македонското прашање според плановите на нивните државни стратегии. Организацијата ВМРО како најмоќен субјект во македонското револуционерно движење била место каде се судирале сферите на влијанија на бугарската и српската пропаганда. Таквото српско и бугарско мешање во внатрешните работи на оваа организација предизвикало судири и меѓусебни пресметки што оставиле сериозни последици во македонското револуционерно и ослободително движење. Во програмските определби на ВМРО и другите македонски организации се испреплетувале различни гледишта кон македонското прашање, во зависност од влијанието на бугарските и српските државно-безбедносни фактори. Бугарската влада, со различен интензитет, најголем интерес пројавувала кон ВМРО каде во одредени временски интервали имало најсилна рефлексија на државните ставови кон македонското прашање. Таквиот притисок условил кај дел од програмските документи на ВМРО да се манифестира бугарски национален карактер на македонското прашање, додека во поглед на државноста и покрај вмешаноста на бугарската политика, ставот на оваа организација бил дека тоа има самостоен македонски карактер. Понекогаш силното влијание на бугарските воено-државни фактори произведувало и конфузни ставови на ВМРО кон македонското прашање, што било и разбирливо во недостатокот на сојузници и подржувачи од големите светски сили. Но и покрај тоа раководството на ВМРО се обидувало да настапува и со самостојни македонски национални и државни гледишта на македонското прашање што не одело во прилог на бугарската државна политика.

Југославија и Србија како главна државна компонента успеала да се наметне врз федералистите во македонското ослободително и револуционерно движење. Српската власт ја искористила длабоката идеолошка поделеност и пресметките во македонските организации и преку огромни финансиски средства придобила поединци и групи кои ги употребила во своите планови

кон Македонија. Подоцна кога се случил внатрешен расцеп во ВМРО во 1928 година, српските безбедносни служби успеале да се поврзат и со поединци од протогеровистичката ВМРО, ветувајќи им оружје и парични средства против организацијата на Ванчо Михајлов. Овие луѓе биле искористувани и во разузнавачки активности на српските безбедносни служби во Бугарија. Под силно српско влијание овој дел од македонското револуционерно движење ја прифатил т.н. југословенска рамка за решавањето на државниот статус на Македонија, согласно идејата за интегрално југословенство. Но најглавната цел на српската власт била овие Македонци да бидат употребени како орудие во меѓусебните физички елиминации на завојуваните фракции и струи во организација ВМРО, во што и се успеало. И српските и бугарските државни структури ги поттикнувале македонските братоубиства, со свесна умисла, за да ги оттргнат од главните програмски определби на македонското револуционерно и ослободително движење. Меѓусебните вооружени пресметки во пресудните години што доаѓале го слабееле здравото ткиво на македонските организации, кои и покрај таквите слабости и пресликани бугарски и српски државни ставови кон Македонија, го одржале отворено македонското прашање и во предвечерието на Втората светска војна.

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## Необјавени извори

### Државен архив на Република Македонија (ДАРМ)

1. фонд Александар Протоѓеров;
2. фонд Васил Сеизов
3. фонд ВМРО
4. фонд Георги Кулишев
5. фонд Македонски Национален Комитет(МНК)
6. фонд Постојана кралска делегација на Кралството Југославија во Друштвото на Народите во Женева(микрофилмови 2032, 2034, 2035 и 2036)
7. фонд Сребрен Поп Петров
8. фонд Тодор Александров
9. фонд Христо Коцев

### Централен државен архив на Република Бугарија(ЦДА)

1. фонд 176-Министерство на външните работи
2. фонд 252-Андреј Љапчев
3. фонд 369-Христо Калфов
4. фонд 396-ВМРО

### Архив Србије и Црне Горе (АСЦГ)

1. фонд 14-Министарство унутрашњих послова Краљевине Југославије
2. фонд 37-Милан Стојадиновиќ
3. фонд 74-Краљев двор
4. фонд 138-Министарски савет Краљевине Југославије

5. фонд 334-Министарство иностраних послова Краљевине Југославије-политичко оделење.

## Објавени извори


1. Македонија во меѓународните договори (1913-1940), том први, избор редакција и коментар Михајло Миноски, Скопје, 2006.
2. Тодор Александров-Се за Македонија, документи 1919-1924, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје, 2005.
3. Убийството на Тодор Александров (изследване и документи), предговор и редакција Кирил Прличев, София, 2002.
4. Тодор Александров, живот легенда, съставител Цочо В. Билярски, София, 1991.
5. Тодор Александров, Непубликувани спомени, документи и материали, подготвил Цочо В.Билярски, София, 2002.
6. Documents and materials on the history of the bulgarian people, Sofia, 1969.


## Литература


1. Avramovski Živko, Makedonsko pitanje u jugoslovensko-bugarskim odnosima od 1918 do 1925 godine, Jugoslovensko-Bugarski odnosi u XX veku, zbornik radova I, Beograd.
2. Андонов Христо-Полјански, Македонското прашање, Скопје, 1990.
3. Андоновски Вероључ, Сто години сегашност, Скопје, 2003.
4. Апостолов Александар, Злетовска област, географско-историски осврт, Скопје, 1974.
5. Апостолов Александар, Колонизацијата на Македонија во Стара Југославија, Скопје, 1966.
6. Banac Ivo, The National Question in Yugoslavia-origins, history, politics, London.
7. Бугарска под црном руком Македонског комитета, доживљаји бившег функционера ВМРО адвоката Димитрија Илића-написи М.Брашића, објављени у "Време", Београд, 1933.
8. Блен Арно, Шалиан Жерар, История на тероризма от Античността до Ал Кайда, София, 2005.

9. "Българската външна политика и македонския въпрос", "Заря", год.8, бр.2653.
10. Българско-германски отношения и връзки-изследвания и материали, том први, София, 1972.
11. Vanku Milan, Mala Antanta 1920-1938, Titovo Užice, 1969.
12. Василев Васил, Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения, София, 1991.
13. Галев Димитар, Белиот терор во југоисточна Македонија 1910-1941, том втори, Штип, 1991.
14. Генов П.Г., Ньойският договор и България, София, 2000.
15. Генчев Николай, Външната политика на Бъгария 1938-1941, София, 1998.
16. Георгиев Величко, Протоколите от заседанията на смесената българско-сърбо-хърватско-словенска комисия в Ниш 1-17 март 1923 година, Известия на държавните архиви 67, София, 1994.
17. Гошева Вера, Илинденската организација (1921-1947), Скопје, 2004.
18. Груев Стефан, Корона от тръни, царуването на Борис III 1918-1943, София, 1991.
19. Добринов Дечо, Последният цар на планините, София, 1992.
20. Добринов Дечо, Тодор Александров и македонското революционно движение "Векове", год. IX, кн.1, София, 1980.
21. Евтимовъ Симеонъ, Македонците и политическите борби въ България, София, 1926.
22. Ивановъ Славе, Тодоръ Александровъ и македонското освободително движение, Виена, 1924.
23. История на Българите, Българската дипломация от древността до наши дни, том IV, София, 2003.
24. Jovanovič Vladan, Jugoslovenska država i Južna Srbija 1918-1929, Makedonija, Sandzak, Kosovo i Metohija u Kraljevini SHS, Beograd, 2002.
25. Казасовъ Димо, Въ темнините на заговора, София, 1925.
26. Катарџиев Иван, Борба до победа, том II, Скопје, 1983.
27. Катарџиев Иван, Време на зреење I, Скопје, 1977.

28. Катарџиев Иван, Македонија спроти Втората светска војна(Летопис за политиката на денационализација на македонскиот народ), Скопје, 1999.
29. Катарџиев Иван, Соседите и Македонија-вчера, денес, утре, Скопје, 1997.
30. Косев Димитър, Външната политика на България при управлението на Андрей Ляпчев 1926-1931, София, 1995.
31. Krizman Bogdan, Vanjska politika Jugoslovenske države 1918-1941, Diplomatsko-historijski pregled, Zagreb, 1975.
32. Кузманова Антонина, Италия, България и Балканите (1919-1927), София, 2003.
33. Кушевски Д.Воислав, Македонското прашање во Друштвото на Народите, Скопје, 2001.
34. Манчев Кръстьо, История на балканските народи(1918-1945), София, 2000.
35. Манчев Кръстьо, Югославия и международните отношения на Балканите 1933-1939, София, 1989.
36. Мемоари на Димитар Влахов, Скопје, 1970.
37. Михайловъ Иванъ, Избрани произведения, София, 1993.
38. Михайловъ Иванъ, Македония: Швейцария на Балканите, въведение отъ Професоръ Джанъ Бейклесъ, Indianapolis, USA.
39. Михайловъ Иванъ, По трънливия път на македонското освободително дело, София, 1998.
40. Михайловъ Иванъ, Спомени, том II, Белгија, 1965.
41. Михайловъ Иванъ, Спомени IV Освободителна борба 1924-1934(продължение), USA, Indianopolis, Indiana, 1973.
42. Национално-освободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, том 4, София, 2003.
43. Палешутски Костадин, Вътрешната македонска революционна организация 1918-1924, Благоевград, 1983.
44. Палешутски Костадин, Македонското освободително движение след Първата световна война(1918-1924), София, 1993.
45. Палешутски Костадин, Македонското освободително движение 1924-1934, София, 1998.

46. Палешутски Костадин, Македонският въпрос в буржоазна Югославия 1918-1941, София, 1983.
47. Пансръбската идея и македонския народ, Заря, год.8, бр.2624, София.
48. По сръбско-българското сближение, Македония, год.5, бр.1325.
49. Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение споредъ данни на ВМРО, 1923.
50. Премрежињата на македонското револуционерно движење-Спомени, Христо Калајџиев, Крсто Лазаров, Крум Петишев, Атанас Џолев, Мирчо Кикиритков, предговор и редакција Зоран Тодоровски, Скопје, 2003.
51. Пърличев Кирил, 36 години във ВМРО, София, 1999.
52. Пърличев Григоров Кирил, Сръбските жестокости в Македония (1912-1915), София, 2001.
53. Речта на войводата Панче Михайлов в Кюстендил-Защо дойдохме?, София, 1999.
54. Споменица двадесетпетогодишњице ослобођења Јужне Србије 1912-1937, Скопље, 1937.
55. Stojadinović M.Milan, Ni rat ni pakt-Jugoslavija izmedgu dva rata, Buenos Aires, 1963.
56. Todorović Desanka, Jugoslovensko-bugarski odnosi u drugoj polovini 1923(Kriza u septembru), Jugoslovensko-bugarski odnosi u XX veku, zbornik radova I, Beograd.
57. Todorović Desanka, Jugoslavija i balkanske države 1918-1923, Beograd, 1979.
58. Тодоровски Зоран, ВМРО 1924-1934, Скопје, 1997.
59. Троебст Штефан, ВМРО+100=ПЈРМ?, зборник Македонската историска наука-достигнувања и проблеми, Прилози од научниот собир одржан во Скопје на 17-19 ноември 1998 година, Скопје, 2000.
60. Троебст Штефан, Фашистичка Италија и ВМРО, зборник 100 години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание(Прилози од научен собир одржан на 21-23 октомври 1993), Скопје, 1994.
61. Цанков Александър, България в бурно време-спомени, 1998.
62. Цветковска Надежда, Македонското прашање во југословенскиот парламент меѓу двете светски војни, Скопје, 2000.

63. Цветковска Надежда, Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1919 година, Скопје, 1990.
64. Ципушев Коце, Спомени-19 години в сръбските затвори, София, 1943.

## Периодика

1. Свобода или смъртъ
2. Заря, София, 1930
3. Македония, София, 1931.
4. Революционнен лист, София.